РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1210

Скопје, 1 март 2020 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**Првиот број на Билтенот е објавен во мај 1957 година**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
***проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор***

**Уредник на Билтенот:**
***Илија Богоевски***

**Лектор:**
***Весна Илиевска-Цветановска***

Бр. ___________
5.8.2013
Скопје

**Предмет***: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ*

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги доставaт на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘г’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘`’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ - Ректорат**

Изготвил:Т.Б.

Одобрил:К.М.

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1210 ОД 1 МАРТ 2020 ГОДИНА


**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Експериментално и теориско истражување на влијанието од крутоста на јазлите кај Вирендeлови носачи од затворени профили** од **м-р Миле Партиков,** пријавена на Градежниот факултет – Скопје........................................................................................................8-12

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во наставно-научно звање редовен професор во научните области економска теорија и применета економија, по предметите **Основи на економијата** и **Управување со системи** (**проф. д-р Предраг Трпески**)............13-26
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области економска теорија и применета економија, по предметите **Економија на социјалната држава** и **Национални сметки** на Економскиот факултет – Скопје (**доц. д-р Билјана Ташевска**)........................................................................................................27-40
3. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област финансии по предметите **Јавни финансии** и **Локални финансии** на Економскиот факултет – Скопје (**д-р Сузана Макрешанска Младеновска**)..........41-50
4. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област применета економија, по предметите **Статистика за бизнис и економија** и **Квантитативни методи во финансии**, на Економскиот факултет – Скопје (**вонр. проф. д-р Драган Тевдовски**)..........................................................................51-66
5. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област меѓународна економија, по предметите **Европски економски интеграции** и **Единствен пазар на ЕУ** на Економскиот факултет – Скопје (**д-р Елена Макревска Дисоска**)........................................................................................................67-79
6. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област бизнис-менаџмент, по предметите: **Менаџмент на мал бизнис** и **Организациско однесување**, на Економскиот факултет – Скопје (**доц. д-р Александра Јанеска-Илиев**)........................................................................................................80-95
7. Рецензија на ракописот **Внатрешен пазар на ЕУ** од авторот **доц. д-р Елена Макревска Дисоска**........................................................................................................96-101
8. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијанието на социјалните мрежи во стратегиското управување со човечките ресурси: случај на процесот на регрутација во Република Косово** (**студија на случај: косовските претпријатија**) од **м-р Блерим Драгуша,** пријавена на Економскиот факултет – Скопје................102-106

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Координирано кооперативно управување на активните автомобилски системи за подобрување на стабилноста и безбедноста на возилата** од **м-р Васе Јорданоска**, пријавена на Машинскиот факултет – Скопје........................................................................................................107-111

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Идентификација, антимикробна осетливост и молекуларна типизација на *Clostridioides difficile*** од **ас. д-р Кирил Михајлов,** пријавена на Медицинскиот факултет – Скопје..................................112-118
2. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**д-р Розјана Николова Јанева**)........................................................................................................119

3. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**Катерина Маркоска, Анжелика Караџова Стојаноска, Димитар Вељановски, Билјана Костовска, Жанита Јовановска Спасова, Гани Чеку**)............................................120

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: (1) развојна психологија, по предметот **Развојна психологија**, задолжителен предмет на групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик, (2) психологија на образование и воспитување, по предметот **Педагошка психологија**, задолжителен предмет на групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик, (3) општа психологија, по предметот **Психички процеси**, изборен предмет на групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик, и (4) психологија на личноста, по предметите: **Психологија на личноста,** изборен предмет на групите одделенска настава, предучилишно воспитание и библиотекарство, на македонски наставен јазик; **Психологија на интелигенцијата и умствените способности**, изборен предмет на групата одделенска настава, на македонски наставен јазик; **Психологија на хуманите односи меѓу половите**, изборен предмет на групата предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик; и **Психологија на личниот развој**, изборен предмет на групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје (**д-р Зоран Михајловски**)........................................................................121-136
2. Реферат за избор во наставно-научно звање – редовен професор во научната област методика и екологија, за предметите: **Методика на природно-научното и општественото подрачје** 1 (задолжителен предмет), за студиските групи одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик; **Методика на природно-научното и општественото подрачје** 2 (задолжителен предмет), за студиските групи одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик; **Креативна работилница за природно-научното и општественото подрачје** (изборен предмет), за студиската група одделенска настава на албански наставен јазик; **Еколошко воспитание** (изборен предмет), за студиските групи одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје (**д-р Леонора Јегени**)..........................................................................................................137-156
3. Рецензија на ракописот **Еколошко воспитание** од авторот **проф. д-р Леонора Јегени**..........................................................................................................157-163

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област право на Европска унија на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје (**доц. д-р Илина Ценевска**)..............................................................................................164-180
2. Рецензија на ракописот **Судско право** од авторите **академик проф. д-р Владо Камбовски, проф. д-р Бобан Мисоски** и **проф. д-р Дивна Илиќ Димоски**......181-195
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Приватност и заштита на личните податоци во дигиталната ера** од **м-р Нора Османи** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје...........................................................................196-201

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од наставно-научните области математика и применета математика и математичко моделирање на

Природно-математичкиот факултет – Скопје (**доц. д-р Анета Гацовска-Барандовска**)........................................................................................202-217
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Радмила Илиеска, Јовица Тодоров, Елена Балшиќевска**)..........................................................218
**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**
1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**Александар Јаневски**)..........................................................................................................219
**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Ангела Милевска, Теа Тевева, Сандра Петрушевска, Кристијан Велјановски, Кристина Георгиевска**)..........................................................................................................220
**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО**
1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика и од наставно-научното поле математика област 10900 математика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје (**д-р Наташа Илиевска**)..........................................................................................................221-238
2. Реферат за избор на наставник во наставно-научно звање редовен професор во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје (**вонр. проф. д-р Гоце Арменски**).239-259
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Марија Јанева, Ристе Попоски, Маја Костоска, Благоја Јанкоски, Софија Петроска, Јасна Коцева, Љубица Панова, Дејан Стаменов, Милица Филипоска, Ненад Георгиев, Владимир Николовски, Божидар Станишковски, Изабела Аќимоска**).................................260
4. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**Венера Красниќи, Неслихан Адеми, Даниела Мечкароска**)....................................................................261
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Александра Ќурчиевска, Марина Димитровска**)....................................................................262
2. Преглед на одобрени теми за изработка на специјалистички трудови (**Сенад Јакупи, Инџи Јусуф**)..........................................................................................................263
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини) англистика (**Граматика на англискиот јазик – Морфологија 1 и 2**) и фонетика и фонологија (**Граматика на англискиот јазик – Фонетика и фонологија 1 и 2**) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје (**доц. д-р Анастазија Киркова-Наскова**)......................................................................264-284
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Овоштарската лексика на албанските говори во Македонија** од **м-р Хана Дарлишта,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје..........................................285-288
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Трансформација на идентитетот и егзилот во делата на Луан Старова** од **м-р Сејхан Муртезан Ибрахими,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје........................................289-299
**ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**
1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Дејноста на албанските клубови во Косовскиот и Битолскиот вилает (крајот на XIX – почеток на XX век)** од кандидатот

**м-р Ардиан Лимани,** пријавена на Институтот за национална историја – Скопје........................................................................................................................300-302

**ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“**

1. Реферат за избор во научно звање за работното место: истражувач на вокално-инструменталната народна музика во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ (**д-р Велика Стојкова Серафимовска**)..............................................................................303-315

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЕКСПЕРИМЕНТАЛНО И ТЕОРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕТО ОД КРУТОСТА НА ЈАЗЛИТЕ КАЈ ВИРЕНДЕЛОВИ НОСАЧИ ОД ЗАТВОРЕНИ ПРОФИЛИ” ОД М-Р МИЛЕ ПАРТИКОВ, ПРИЈАВЕНА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет, донесена на неговата 485. седница одржана на 29.1.2020 година, беше именувана Комисија за преглед и оцена на докторската дисертација под наслов „Експериментално и теориско истражување на влијанието од крутоста на јазлите кај Вирenделови носачи од затворени профили“, изработена од кандидатот м-р Миле Партиков, дипл. град. инж. Комисијата беше именувана во состав: проф. д-р Петар Цветановски, дипл. град. инж., проф. д-р Николај Рангелов дипл. град. инж., проф. д-р Душко Лучиќ, дипл. град. инж., проф. д-р Зоран Богатиноски, дипл. маш. инж., и вон. проф. д-р Сергеј Чурилов, дипл. град. инж.

Комисијата, по извршениот преглед на доставената докторска дисертација, на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет му го доставува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на кандидатот м-р Миле Партиков под наслов „Експериментално и теориско истражување на влијанието од крутоста на јазлите кај Виренделови носачи од затворени профили“ е изложена на 199 страници. Трудот содржи 11 глави, 1 прилог и кратко резиме на македонски и на англиски јазик. Како користена литература наведени се 75 библиографски единици. Во дисертацијата се презентирани 70 табеларни прегледи, 86 слики и 180 дијаграми, со кои се објаснуваат постапките на истражувањето и се презентираат добиените резултати.

### 1. Предмет на истражувањето

Виренделовиот носач за прв пат бил предложен од Arthur Vierendeel во 1896 година. Овој носач е составен од појаси (Chord members) и исполна (Brace members) составена од елементи кои скоро секогаш се под агол од 90$^{o}$ во однос на појасите. За разлика од класичните решеткасти носачи (составени од вертикална и дијагонална исполна) кај кои јазлите се однесуваат речиси зглобно при гранична состојба на носивост и во исполната се јавуваат само аксијални сили на притисок или затегање, јазлите од Виренделовите носачи можат да бидат крути или полукрути, а во елементите од исполната се јавува значителен момент на свиткување, како и аксијални и трансверзални сили.

Со претпоставување на однесувањето на јазлите како идеално зглобни, или апсолутно крути, се врши значително поедноставување на процедурата за пресметување. Полукрутите јазли кај Виренделовите носачи имаат значително влијание врз распределбата на нормалните напрегања, интензитетот на деформациите, критичните товари, извивањето и сопствените фреквенции.

Рамнински јазли составени од квадратни (SHS) и правоаголни (RHS) профили, товарени со момент на свиткување во рамнина на јазелот, истражувани се од Duff (1963), Redwood (1965), Cute et al. (1968), Mehrotra и Redwood (1970), Lazar и Fang (1971), Wardenier (1972), Mehrotra и Govil (1972), Staples и Harrison, Brockenbough (1972), Korol et al. (1977), Korol и Mansour (1979), Kanatani et al. (1980), Korol et al. (1982), Korol и Mirza (1982), Mang et al. (1983), Davies и Panjeh Shahi (1984), Szlendak и Brodka (1985, 1986a, 1986b), Szlendak (1986,1991), Kanatani et al. (1986), и Yeomans и Giddings (1988).

Еврокод 3 Дел 1-8 (EN 1993-1-8, 2005) дава изрази за определување на носивоста на јазлите од затворени SHS и RHS профили натоварени со аксијална сила и со моменти во и надвор од рамнината на јазелот, но не се дадени изрази за определување на крутосните карактеристики.

Предмет на истражување на докторската дисертација се ефектите од геометриските карактеристики на Т-јазлите врз глобалното однесување на Вирենделовите носачи од затворени квадратни (SHS) и правоаголни (RHS) профили.

Во извршените анализи варирани се параметрите: односот на ширината и дебелината на појасот ($2\gamma=b_0/t_0$), односот на ширините на појасот и исполната ($\beta=b_1/b_0$) и односот на ширината на појасот и висината на исполна ($\eta=b_0/h_1$). За секој модел на Виренделов носач со полукрути јазли, разгледуван е ист таков модел со апсолутно крути јазли кој служи за определување на односот на реалните уклони на носачите и добиените уклони со еластична анализа.

## 2. Цел на истражувањето

Најпрецизен метод за моделирање на јазлите е со користење на тродимензионални конечни елементи, кој директно го вклучува влијанието од геометријата на јазелот. Овој метод за анализа е прилично обемен и сложен и не е прикладен за користење во секојдневната инженерска практика. Друг метод за моделирање е со помош на линиски елементи, така што појасите се моделират како еден континуиран линиски елемент, а исполната се поврзува со помош на т.н. „федери“ (спринг елементи) со кои се моделира крутоста на полу-крутите јазли. Со овој метод на моделирање може да се утврди прераспределбата на нападните моменти, трансверзалните и аксијалните сили во елементите. Трет метод за моделирање на глобалното однесување на носачите е со модифицирани должини на елементите од исполната. Со овој апроксимастивен метод, се врши модифицирање на главната дијагонала на матрицата на крутост.

Истражувањето во дисертацијата е поделено во две фази. Во првата фаза се разгледуваат поединечни јазли и се определуваат нивните карактеристики, носивост и крутост преку зависноста момент-ротација (*„M-Φ“*). За таа цел изработени се сложени аналитички модели со конечни елементи чијашто точност е споредена со експериментални лабораториски истражувања на соодветни модели.

Добиените карактеристики на јазлите се искористени во аналитичкото моделирање на Виренделови носачи, а со цел да се утврди влијанието од јазлите врз глобалното однесување на носачите. Точноста на овие аналитички модели на Виренделови носачи е споредена со експериментално лабораториско испитување на соодветни Виренделови носачи во реален размер.

За добиените крутосни карактеристики на јазлите преку аналитичко тродимензионално моделирање со конечни елементи спроведена е линеарна математичка регресија со која е дадена математичка зависност помеѓу геометриските карактеристики на јазлите и нивната крутост. Со оваа математичка зависност за различни геометриски параметри може да се прогнозира зависноста момент-ротација на јазлите од затворени профили.

Со цел да се добијат поголем број на податоци, анализирани вкупно 48 различни комбинации на геометриските параметри на Т-јазлите и исто толкав број на Виренделови носачи од кои е изведена зависноста помеѓу реалните и еластичните уклони.

## 3. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација е поделена во 11 глави и 1 прилог.

Во воведната глава, кандидатот го претставува разгледуваниот проблем, а во втората глава ги елаборира предметот и целта на истражувањето.

Во третата глава е даден краток опис на појавата и производството на затворените профили, како и преглед на нивните механички и геометриски карактеристики. Прикажани се предностите на затворените профили во однос на отворените профили. Исто така, потенцирана е предноста за примена на профили со затворен попречен пресек од аспект на: носивост на притисок, носивост на торзија, коефициент на облик, можности за антикорозивна и пожарна заштита.

Четвртата глава ги опфаќа основните поими и параметри на јазли од затворени профили. Опишани се моделите на лом што се појавуваат кај овие јазли и даден е преглед на сите аналитички модели кои служат за определување на носивоста на

јазлите. Исто така, презентирана е и важноста на ефектите од полукрутите јазли во анализата на конструкциите.

Во петтата глава е опишана целокупната постапка за лабораториското испитување на Т-јазли. На почетокот е даден преглед на испитните примероци на јазлите и нивните геометриски карактеристики, како и определувањето на механичките и геометриските карактеристики на профилите. Јазлите се поделени во три серии зависно од параметарот 2γ. Овој параметар е избран во согласност со препораките за овој тип на јазли од Еврокод 3 Дел 1-8 и CIDECT Design Guide 3, при што за долна граница е земено да биде 20 (серија J5) со цел јазелот да спаѓа во групата на полукрути јазли (2γ>16), а за горна граница е избрана максимално дозволената вредност за јазли од затворени профили, која изнесува 33.3 (серија J3) за квалитет на челик S235. Третата серија на јазли е J4, која има вредност 2γ=25. Секоја од наведените серии се состои од четири примероци со кои се врши варирање на параметарот 0.4≤β≤0.7. Вредноста за β=0.4 е избрана како најмала дозволена, а β=0.7 е избрана како горна граница до која јазелот спаѓа во групата на полу-крути, бидејќи за соодноси поголеми од 0.85 се смета дека јазлите се однесуваат како крути. Во продолжение, детално е опишана процедурата на испитувањето на јазлите и користената мерна техника. На крајот од оваа глава се дадени резултатите од испитувањето во форма на дијаграми момент-ротација („*M-Φ*“).

Шестата глава го опфаќа процесот на моделирање на Т-јазлите и усвојувањето на финалниот модел со конечни волуменски елементи во софтверскиот пакет SOFiSTiK. Даден е преглед на материјалниот модел на јазлите, геометријата на јазелот во математичкиот модел, влијанието на мрежата од конечни елементи, начинот на моделирање на заварот, влијанието на граничните услови на потпирање, како и влијанието на типот на анализата. Резултатите добиени со аналитичкиот модел се споредени со резултатите добиени со лабораториските испитувања.

Во седмата глава е даден процесот на лабораториските испитувања на Вирënделовите носачи. Исто како и кај поединечните Т-јазли, носачите се поделени во три серии зависно од вредностите на параметарот 2γ, и тоа: серија VN3 со 2γ=33.3, серија VN4 со 2γ=25 и серија VN5 со 2γ=20. Од секоја серија испитани се по два носача со различна исполна со која е вариран параметарот β. Вредностите на овој параметар кај разгледуваните носачи изнесува 0.5 и 0.7. Резултатите од испитувањето на носачите се прикажани во форма на дијаграми сила-поместување („*P-δ*“) за точки во средина и L/4 од распонот.

Во осмата глава е дадена процедурата за калибрирање на тродимензионалниот модел со волуменски конечни елементи, слично на моделот на Т-јазелот во шестата глава. Особено внимание е посветено на калибрирањето на рамнинскиот модел со линиски „Beam“ елементи со посебен осврт на начинот на моделирање на геометријата и материјалната нелинеарност како и воведување на реалниот дијаграм момент-ротација за однесувањето на јазлите. Резултатите од анализите се прикажани како сумарни дијаграми сила-поместување („*P-δ*“), каде што е направена споредба на резултатите добиени со лабораториските испитувања, тродимензионалниот модел со волуменски конечни елементи и рамнинскиот модел со „Beam“ елементи и карактеристиката момент-ротација за однесување на јазелот. Дополнително, направена е анализа за ефектите на полукрутите јазли и нивното влијание врз однесувањето на Виренделовите носачи во поглед на уклоните, распределбата на нападните моменти и аксијалните сили во појасот како и влијанието на полукрутите јазли врз динамичките карактеристики на конструкцијата. На крајот од оваа глава, даден е предлог за поедноставен трилинеарен модел на „*M-Φ*“ зависноста на јазелот со модифицирање на препораките дадени во Еврокод 3 Дел 1-8.

Во деветтата глава е даден преглед на една сеопфатна анализа на Т-јазлите и Виренделовите носачи со варијација на параметрите на јазелот β, 2γ и η. Со резултатите од анализираните јазли направена е линеарна математичка регресија со што се дадени поедноставени изрази за прогнозирање на крутоста на Т-јазлите зависно од овие параметри. На крај, дадени се резултатите од анализираните Виренделови носачи како

сумарни дијаграми сила-поместување („$P$-$\delta$“) каде е направена споредба на резултатите добиени со калибрираниот тродимензионален модел со волуменски конечни елементи и рамнинскиот модел со „Beam“ елементи со реални „*М-Ф*“ дијаграми (добиени од калибрираните модели со конечни елементи) и оние добиени со предложените изрази од математичката регресија.

Во десеттата глава се изнесени заклучоци изведени од извршеното експериментално и аналитичко истражување презентирано во докторската дисертација, како и предлог препораки за понатамошни истражувања во конкретната област.

Во единаесеттата глава, кандидатот дава преглед на 75 наслови од домашна и странска литература која е користена при изработката на докторската дисертација.

Во прилогот, кандидатот ја презентира практичната примена на заклучоците и препораките од оваа докторска дисертација. Даден е преглед на нивото на напрегањата и пластичните дилатации во анализираниот Виренделов носач за товари што одговараат на гранична состојба на носивост (ULS) и гранична состојба на употребливост (SLS).

## 4. Придонес на докторската дисертација

Научниот придонес на докторската дисертација на кандидадот м-р Миле Партиков може да се лоцира во две области. Во првиот дел, кандидадот дава еден опширен преглед на однесувањето на поединечните Т-јазли од затворени профили. Со оглед на недостатокот од релевантни податоци за прогнозирање на реалната крутост на полукрутите јазли, оваа докторска дисертација ги анализира сите параметри кои имаат релевантно влијание врз резултатите добиени со тродимензионални модели со конечни елементи и дава препораки за нивно моделирање. Исто така, даден е предлог на поедноставен три-линеарен модел на однесувањето на Т-јазлите во кој е вметната соодветна корекција во однос на моделот што е предвиден во Еврокод 3 Дел 1-8, а кој се однесува на заварени, или јазли со завртки изведени кај отворени профили. Исто така, даден е предлог на изрази кои се во функција од геометриските параметри на Т-јазлите, $\beta$, $2\gamma$ и $\eta$. Со помош на овие изрази се врши добро прогнозирање на почетната (тангентна) крутост $S_{j,ini}$ и на редуцираната крутост $S_{j,red}$ со кои се формира три-линеарниот дијаграм момент-ротација на Т-јазлите од затворени профили. Така формираниот дијаграм момент-ротација може да се користи во секојдневната инженерска пракса за добивање на реален одговор не само кај Виренделови носачи, туку и кај ординарни рамовски конструкции изведени од затворени профили со директно заварување на елементите.

Во вториот дел од докторската дисертација прикажан е ефектот на полу-крутите јазли врз глобалното однесување на Виренделовите носачи. Од особена важност се прикажаните разлики во однесувањето на носачите зависно од начинот на моделирање на јазлите. Разгледувани се сите можни случаи, зглобни врски на јазлите, апсолутно крути врски и полукрути јазли со реално однесување добиено преку тродимензионални модели со конечни елементи и со предложените изрази. Со моделирањето на зоната на јазелот со конечни елементи, согласно на препораките од актуелната литература, најлесно можат да се земат во предвид ефектите од микролокацијата на јазлите, но тоа е сложен процес неприкладен за примена во секојдневната инженерска практика. Во докторската дисертација се даваат препораки за поедноставен начин на моделирање на Виренделовите носачи од затворени профили со вклучување на ефектите од микролокацијата на Т-јазлите кои се добиени со помош на предложените изрази.

## ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација на кандидатот м-р Миле Партиков, „Експериментално и теориско истражување на влијанието од крутоста на јазлите кај Виренделови носачи од затворени профили“, претставува една актуелна проблематика, тесно поврзана со проектирањето и примената на Виренделовите носачи, решеткасти носачи и јазли кај конструкции од затворени профили.

Кандидатот во својата докторска дисертација спроведува едно опсежно експериментално и аналитичко истражување на модели во полн размер и презентира резултати кои имаат значаен придонес во развојот на научната мисла и практичната примена на овој вид конструктивни решенија.

Со користење на една реална диспозиција на Виренделов носач, преку употреба на детали кои одговараат на однесувањето на статичкиот систем, кандидатот добива релевантни експериментални вредности за параметрите на однесувањето на јазлите, како и нивното влијание во глобалното однесување на конструктивниот систем. Експерименталните резултати се основа за споредба со соодветните вредности кои се добиваат со стандардизираните постапки за проектирање.

Од посебна важност се експерименталните резултати за квантификација на позитивните ефекти од параметрите на попречните пресеци врз однесувањето на конструктивните системи.

Врз основа на горенаведеното, можеме да констатираме дека докторската дисертација, изработена од кандидатот м-р Миле Партиков, ги исполни предвидените цели и воедно презентира резултати кои имаат научен и практичен придонес во истражувањето, проектирањето и практичната примена на Виренделовите носачи.

Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, да ја усвои позитивната оценка на Рецензентската комисија на поднесената докторска дисертација со наслов „Експериментално и теориско истражување на влијанието од крутоста на јазлите кај Виренделови носачи од затворени профили“, изработена од кандидатот м-р Миле Партиков, и да ја спроведе натамошната постапка за нејзина одбрана.

*Напомена: Членовите на Комисијата кои се од странство го разбираат македонскиот јазик и го потпишуваат овој Извештај.*

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Вонр. проф. д-р Сергеј Чурилов - претседател,**
**Градежен факултет - УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Петар Цветановски - ментор,**
**Градежен факултет – УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Николај Рангелов,**
**Градежен факултет - УАСГ, Софија, Р.Бугарија, с.р.**
**Проф. д-р Душко Лучиќ,**
**Градежен факултет - УЦГ, Подгорица, Р.Црна Гора, с.р.**
**Проф. д-р Зоран Богатиноски,**
**Машински факултет – УКИМ, Скопје, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ЕКОНОМСКА ТЕОРИЈА И ПРИМЕНАТА ЕКОНОМИЈА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОСНОВИ НА ЕКОНОМИЈАТА И УПРАВУВАЊЕ СО СИСТЕМИ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет - Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“, од 4.2.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области економска теорија и применета економија, по предметите основи на економијата и управување со системи и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-303/7, донесена на 14.2.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: акад. Таки Фити, акад. Гоце Петрески и проф. д-р Владимир Филиповски.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области економска теорија и применета економија, по предметите основи на економијата и управување со системи, во предвидениот рок се пријави кандидатот проф. д-р Предраг Трпески.

1. **БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот проф. д-р Предраг Трпески е роден на 11.7.1976 година, во Гостивар. Средно образование завршил во средното економско училиште во Гостивар со континуирано одличен успех. Со високо образование се стекнал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет - Скопје. Дипломирал во 1999 година на департманот финансиско сметководствен менаџмент, со просечен успех 9,42.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2001/2002 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Економскиот факултет – Скопје, на насоката економски развој и меѓународни финансии. Студиите ги завршил во 2005 година, со просечен успех 9,88. Во април 2005 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Новата кејнзијанска економија.*

Докторска дисертација пријавил на Економскиот факултет – Скопје во 2008 година. Дисертацијата на тема: *Релевантноста на новата кензијанска економија за пазарот на труд во Република Македонија,* ја одбранил во октомври 2010 година, пред Комисија во состав: акад. Таки Фити (ментор), акад. Гоце Петрески, проф. д-р Владимир Филиповски, проф. д-р Методија Стојков и проф. д-р Димитрија Новачевски. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на економски науки.

Во декември 2010 година е избран во звањето доцент на Економскиот факултет – Скопје (билтен бр. 997 од 1.12.2010 година).

Во моментот е вонреден професор на Економскиот факултет - Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1103 од 1.7.2015 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во билтени бр. 997 од 1.12.2010 година и 1103 од 1.7.2015 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. **НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Економски факултет - Скопје, кандидатот проф. д-р Предраг Трпески изведува настава по предметите основи на економијата и управување со системи на прв циклус студии, додека на втор циклус студии на студиската програма корпоративен финансиски менаџмент го предава предметот економска анализа за

бизнис лидери, а на студиската програма управување во јавниот сектор ги предава предметите управување со промени и современи предизвици во управувањето со локалните јавни финансии. Во изведувањето на наставата кандидатот е целосно посветен на пренесување на знаењето на студентите, се користи со современи наставно – образовни методи, успешно ги организира и реализира предавањата и има отворена и постојана комуникација со студентите. Во функција на наставата, кандидатот е ангажиран со консултации со студенти од прв, втор и трет циклус на студии, менторира изработка и презентација на проектни задачи, дипломски и магистерски трудови. Кандидатот исто така учествува во изготвување на испитни прашања, организирање и спроведување на испити и колоквиуми по своите предмети.

Кандидатот бил ментор на 64 дипломски трудови, а учествувал и како член во Комисија за оцена и одбрана на 64 дипломски, 5 магистерски трудови и на 8 докторски дисертации.

Кандидатот е коавтор на рецензиран учебник под наслов Законитости во управувањето со системите во економијата.

Конкретните активности од наставно – образовната дејност во детали се наведени во Анекс 1 Посебни услови за избор на наставно – научно, научно и наставно – стручно звање од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, научни, наставно стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Д-р Предраг Трпески има објавено повеќе научни трудови од полето на економските наули и областите во кои работи и за кои се избира, меѓу кои би ги издвоиле следниве:

1. Три научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание) индексирани во Thompson Reuters и SCOPUS:
   - Filipovski, V., Trpeski, P. and Bogoev, J. (2018), "Business Cycle Synchronization of a Small Open EU-Candidate Country's Economy with the EU Economy", *Panoeconomicus* (Web of Science);
   - Trpeski, P., Verica, J., Lozanovska, J. and Cvetanoska, M. (2017), "Unemployment and a Stock – Flow Model on the Labour Market in the Republic of Macedonia", *Economic studies* (SCOPUS);
   - Trpeski, P. and Tevdovski, D. (2015), "NAIRU estimates in a transitional economy with an extremly high unemployment rate: The case of the Republic of Macedonia", *Economic annals* (SCOPUS).
2. Девет труда со оригинални научни резултати, објавени во научни списанија кои немаат импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кои се индексирани во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank и сл.
3. Еден труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број членови.
4. Шест труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку 3 земји.
5. Еден труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир.
6. Четири труда во зборник на трудови на високообразовна институција.
7. Учество во изработка и публикување на две научни монографии од областа на економијата.

Кандидатот има едно пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество, едно секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество, едно учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација) и има објавено апстракт на труд во зборник на меѓународна конференција.

Д-р Предраг Трпески, како член, учествувал во еден национален научен проект.

Кандидатот бил ментор на 2 магистерски и 3 докторски труда.

Останатите конкретни активности од научно – истражувачката дејност во детали се наведени во Анекс 1 - Посебни услови за избор на наставно–научно, научно и наставно–стручно звање од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно–научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Предраг Трпески активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Економскиот факултет во Скопје. Учествувал во 9 комисии преку кои се остварувале промотивни активности на факултетот, како и во 21 комисија формирани на Економскиот факултет во Скопје.

Кандидатот учествувал како член во уредувачкиот одбор за издавање на Годишник на Економски факултет – Скопје, член бил на уредувачкиот одбор на 2 меѓународни научни списанија, бил член на организационен или програмски одбор на 6 меѓународни научни/стручни собири, како и претседател на организациски и програмски одбор на 1 научен/стручен собир.

Д-р Предраг Трпески активно е вклучен во работата на Комисијата за настава на УКИМ.

Во периодот февруари 2015 - февруари 2019 бил продекан за настава на Економскиот факултет во Скопје, а од август 2019 година е и декан на истоимената институција.

Конкретните активности на проф. д-р Предраг Трпески од областа на стручно-апликативната дејност се наведени во Анекс 1 - Посебни услови за избор на наставно–научно, научно и наставно–стручно звање од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно–научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот проф. д-р Предраг Трпески, во периодот додека бил вонреден професор, има добиено позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Економскиот факултет во Скопје, за секоја поодделна учебна година.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на проф. д-р Предраг Трпески.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес (вкупно пресметани 204,24 поени, од кои во наставно - образовната дејност – 65,84 поени, во научно-истражувачката дејност – 103,40 поени и во стручно-апликативната дејност – 35,00 поени), Комисијата заклучи дека д-р Предраг Трпески поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во научните области економска теорија и применета економија, по предметите: Основи на економијата и Управување со системи.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Предраг Трпески да биде избран во звањето редовен професор во научните области економска теорија и применета економија, по предметите: Основи на економијата и Управување со системи.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Акад. Таки Фити с.р.**
**Акад. Гоце Петрески с.р.**
**Проф. д-р Владимир Филиповски с.р.**

## ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Предраг Здравко Трпески
Институција: Економски факултет - Скопје
Научни области: економска теорија и применета економија

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР

| Ред. Број | Општи услови | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9.42<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9.88<br>Просечниот успех изнесува 9.65 за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: економска теорија и применета економија, поле економски науки, подрачје општествени науки. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1/1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: *Panoeconomicus*<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Наслов на трудот: Business Cycle Synchronization of a Small Open EU-Candidate Country’s Economy with the EU Economy.<br>4. Година на објава: 2018 | ДА |
| 3.1/2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование.<br>1. Назив на научното списание: *Economic studies*<br>2. Назив на електронската база на списанија: SCOPUS<br>3. Наслов на трудот: Unemployment and a Stock – Flow Model on the Labour Market in the Republic of Macedonia<br>4. Година на објава: 2017 | ДА |

| | | |
|---|---|---|
| 3.1/3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: *Economic annals*<br>2. Назив на електронската база на списанија: SCOPUS<br>3. Наслов на трудот: NAIRU estimates in a transitional economy with an extremly high unemployment rate: The case of the Republic of Macedonia<br>4. Година на објава: 2015 | ДА |
| 3.2/1 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1.Назив на зборникот: *Proceedings of FEB Zagreb 10th International Odyssey Conference on Economics and Business*<br>2.Назив на меѓународниот собир: Odyssey conference<br>3.Имиња на земјите: Хрватска, Унгарија, САД, Словенија, Австрија, Германија и др.<br>4. Наслов на трудот: Gross fixed capital formation and productivity in Southeastern Europe<br>5. Година на објава: 2019 | ДА |
| 3.2/2 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1.Назив на зборникот: Book of Proceedings of the 49th International Scientific Conference on Economic and Social Development “Building Resilient Society”<br>2.Назив на меѓународниот собир: Economic and Social development, 49th International Scientific Conference on Economic and Social Development “Building Resilient Society”, Zagreb<br>3.Имиња на земјите: Хрватска, Австралија, Португалија, Турција и др.<br>4. Наслов на трудот: Physical Capital Investments and Labour Productivity Across Countries – Panel Approach<br>5. Година на објава: 2019 | ДА |
| 3.2/3 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1.Назив на зборникот: *Proceedings of VI Scientific Conference with International Participation Jahorina Business Forum 2017*<br>2.Назив на меѓународниот собир: *Strategic Choice and Sustainable Development of Toursit Destinations*<br>3.Имиња на земјите: Босна и Херцеговина, Хрватска, Германија, Словенија и др.<br>4. Наслов на трудот: Real convergence of labour market outcomes in selected South Eastern European Countries in the process of accession to the European Union<br>5. Година на објава: 2017 | ДА |
| 4. | Објавен рецензиран учебник, монигрефија, практикум или збирка задачи од научната областо од која се избира<br>1. Наслов на учебникот: *Законитости во управување со системите во економијата* | ДА |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. Место и година на објава: Скопје 2014 | |
| 5. | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор: 31.8.2015 (одлука на ННС бр. 0202-16-42/7 од 2.9.2015).<br>Рецензентски извештај објавен во Билтен бр. 1103 од 1.7.2015. | ДА |
| 6. | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

**Членови на Комисијата**

**Акад. Таки Фити с.р.**
**Акад. Гоце Петрески с.р.**
**Проф. д-р Владимир Филиповски с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 2**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Проф. д-р Предраг Трпески**
**Институција: Економски факултет - Скопје**

**Научна област: економска теорија и применета економија**

**Проф. д-р Владимир Филиповски, претседател с.р.**
**Акад. Таки Фити, член с.р.**
**Проф. д-р Трајко Славески, член с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИИ И ЛОКАЛНИ ФИНАНСИИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 4.2.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област финансии, по предметите: Јавни финансии и Локални финансии, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-303/6, донесена на 14.2.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Горан Петревски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, претседател, д-р Владимир Филиповски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, член и д-р Ѓорѓи Гоцков, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област финансии, по предметите: Јавни финансии и Локални финансии, во предвидениот рок се пријави една кандидатка, д-р Сузана Макрешанска Младеновска.

### 5. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Сузана Макрешанска Младеновска е родена на 26.9.1981 година, во Скопје. Средно образование завршила во гимназијата „Никола Карев“ во Скопје, на природно-математичката насока, со одличен успех. Со високо образование се стекнала на Економскиот факултет во Скопје. Дипломирала на департманот економија во 2004 година, со просечен успех 9,81.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик и има основни познавања од германскиот јазик.

Во учебната 2004/2005 година се запишала на втор циклус студии по монетарна економија на Економскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила во 2011 година, со просечен успех 10. На 7.4.2011 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Фискална децентрализација“, со што се стекнала со научниот степен магистер на економски науки.

Докторска дисертација пријавила на 27.4.2012 година на Економскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: „Фискалната децентрализација и макроекономските перфроманси во земјите од Југоисточна Европа“ ја одбранила на 6.4.2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Михаил Петковски, претседател на Комисијата, проф. д-р Горан Петревски, ментор, проф. д-р Љубе Трпески, член, акад. Таки Фити, член и проф. д-р Владимир Филиповски, член. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на економски науки.

На 31.8.2015 година е избрана во звањето доцент по економски науки на Економскиот факултет во Скопје, во наставно-научната област финансии, по предметот Локални финансии. Рефератот за избор е објавен во Билтен бр. 1103 од 1.7.2015 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. бр. 893 од 15.3.2006 година, бр. 964 од 15.5.2009 година, бр. 1011 од 1.7.2011 година, бр. 1080 од 1.7.2014 година и бр. 1103 од 1.7.2015 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 6. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Економскиот факултет во Скопје, кандидатката д-р Сузана Макрешанска Младеновска изведува настава и вежби на прв циклус студии на студиската програма Финансиски менаџмент, по предметите: Јавни финансии и Локални финансии и на втор циклус студии на студиската програма Монетарна економија, финансии и банкарство, по предметите: Јавни финансии, Јавни финансии 1 и Јавни финансии 2. Кандидатката е ангажирана на трет циклус студии по Економски науки, на предметната програма Јавни финансии.

Д-р Сузана Макрешанска Младеновска била ментор на 17 дипломски и на 5 магистерски труда и била член во комисија за оцена и одбрана на 53 дипломски и 20 магистерски труда и на 1 докторска дисертација.

Конкретните активности од наставно-образовната дејност се наведени во табелата во Образец 2, дадена како прилог кон извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Сузана Макрешанска Младеновска, од последниот избор до денот на пријавата, има објавено вкупно 9 научни труда од областа финансии, од кои 2 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 1 труд во научно списание со меѓународен уредувачки одбор, 2 труда во зборници од научни собири со меѓународен уредувачки одбор и 4 труда во научни списанија и зборници од домашни високо образовни установи.

Д-р Сузана Макрешанска Младеновска била раководител на 1 национален научен проект и е коавтор на 1 научна монографија. Рецензент била на 5 научни труда објавени во домашни и меѓународни научни списанија и зборници.

Називите на трудовите, проектите и другите активности од научноистражувачката дејност се наведени во табелата во Образец 2, дадена како прилог кон извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Сузана Макрешанска Младеновска активно е вклучена во работата на 10 стручни комисии и работни групи на Економскиот факултет во Скопје и е секретар на Катедрата за финансии на Економскиот факултет во Скопје.

Кандидатката членувала во организациски одбори на 2 меѓународни научни конференции и во уредувачки одбори на 1 научна монографија и 1 зборник од меѓународен научен собир.

Конкретните активности се наведени во табелата во Образец 2, дадена како прилог кон извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Сузана Макрешанска Младеновска, во сите учебни години пред изборот, на предметните програми Јавни финансии (2018/2019 и 2019/2020) и Локални финансии (2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019), има добиено позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Економскиот факултет во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Сузана Макрешанска Младеновска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Сузана Макрешанска Младеновска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област финансии, по предметите: Јавни финансии и Локални финансии.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, д-р Сузана Макрешанска Младеновска да биде избрана во звањето **вонреден професор** во научната област финансии, по предметите: Јавни финансии и Локални финансии.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горан Петревски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Филиповски, член, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорѓи Гоцков, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ***Сузана Сетислав Макрешанска Младеновска***
(име, татково име и презиме)
**Институција: Економски факултет - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** ***ФИНАНСИИ (ЕКОНОМСКИ НАУКИ)***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9.81<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10<br>Просечниот успех изнесува 9.905 за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: финансии, поле економски науки, подрачје општествени науки. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1/1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Post-Communist Economies<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>9. Наслов на трудот: Decentralisation and income inequality in Central and Eastern European countries<br>10. Година на објава: 2019 | |
| 3.1/2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Hacienda Pública Española / Review of Public Economics | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Наслов на трудот: Fiscal Decentralisation and Government Size: Evidence from a Panel of European Countries<br>4. Година на објава: 2019 | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1.Назив на научното списание: Journal of Contemporary Economic and Business Issues<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (26): Macedonia (3), Serbia (4), UK (2), USA (2), Albania (2), Slovenia (4), Monaco (1), Croatia (4), Kosovo (1), Spain (1), Romania (1), Australia (1)<br>3. Наслов на трудот: Factors driving the gross public debt dynamics: The case of Republic of Macedonia<br>4. Година на објава: 2019 | |
| 3.5/1 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1.Назив на зборникот: Economic and Social Development - "Building Resilient Society"<br>2.Назив на меѓународниот собир: 49th International Scientific Conference on Economic and Social Development - "Building Resilient Society"<br>3.Имиња на земјите: Croatia, Portugal, Australia, Russia, Turkey, Brasil, Romania, India, Nigeria, Serbia, Poland, Albania, Switzerland, Czech Republic, Slovenia, Latvia, USA, Slovakia, China, Canada, Lithuania, Hungary,...<br>4. Наслов на трудот: The Impact of Fiscal Decentralization on Economic Growth in the CEE Countries<br>5. Година на објава: 2019 | |
| 3.5/2 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1.Назив на зборникот: The Changing Role of Finance in Today’s Global Economy<br>2.Назив на меѓународниот собир: International Conference on The Changing Role of Finance in Today’s Global Economy<br>3.Имиња на земјите: Macedonia, Slovenia, Austria, Serbia, Netherlands<br>4. Наслов на трудот: Real Convergence in Central and Eastern Europe: An Empirical Analysis<br>5. Година на објава: 2019 | |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен:<br><br>1.7.2015 година, бр.1103 | ДА |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Сузана, Светислав, Макрешанска Младеновска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Економски факултет – Скопје**
(назив на факултетот)
**Научна област: финансии (Економски науки)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава**<br>[неделен број на часови * број на работни недели во семестар * бодување * години на изведување на настава]<br><u>Прв циклус студии</u><br>▪ Јавни финансии (6 x 15 x 0,04 x 2 = 7,2)<br>▪ Локални финансии (4 x 15 x 0,04 x 4 = 9,6)<br><u>Втор циклус студии</u><br>▪ Јавни финансии (40 x 0,05 x 3 = 6) | 22,8 |
| | **Одржување на вежби**<br>[неделен број на часови * број на работни недели во семестар * бодување * години на изведување на вежби]<br>Прв циклус студии<br>▪ Локални финансии (2 x 15 x 0,03 x 4 = 4,5) | 3,6 |
| | **Консултации со студенти**<br>[број на студенти * бодување]<br><u>Прв циклус студии</u><br>▪ Јавни финансии (514*0,002 = 1,028 )<br>▪ Локални финансии (990 x 0,002 = 1,98)<br><u>Втор циклус студии</u><br>▪ Јавни финансии (78 x 0,002 = 0,156 ) | 1,184 |
| | **Ментор на дипломска работа**<br>[број на менторства * бодување 0,2]<br>17 x 0,2 = 3,4 | 3,4 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат**<br>[број на комисии * бодување 0,7]<br>1 x 0,7 = 0,7 | 0,7 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд**<br>[број на комисии * бодување 0,7]<br>20 x 0,3 = 6 | 6 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа**<br>[број на комисии * бодување 0,1]<br>53 x 0,1 = 5,3 | 5,3 |
| | **<u>Интерна скрипта од предавања</u>**<br><u>Прв циклус студии</u><br>Локални финансии (4 поени) | 4 |
| | **<u>Пакет материјали за одреден предмет</u>**<br><u>Прв циклус студии</u><br>Јавни финансии (1 поен) | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Втор циклус студии<br>Јавни финансии 1 (1 поен)<br>Јавни финансии 2 (1 поен) | |
| | **Вкупно** | **49,984** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Ментор на магистерски труд**<br>5 x 2 = 10 | 10 |
| | **Раководител на национален научен проект**<br>„Економско-финансиски ефекти на локалните финансии: компаративна анализа помеѓу Р. Македонија и земјите од Југоисточна Европа“, носител на проектот Економски факултет – Скопје, 2018/2019 година | 6 |
| | **Монографија**<br>Макрешанска Младеновска, С., и други, (2019) *„Економско-финансиски ефекти на локалните финансии: компаративна анализа на Р. Македонија и земјите од Југоисточна Европа*”, Економски факултет – Скопје<br>8 x 0,6 = 4,8 | 4,8 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование**<br>▪ Makreshanska Mladenovska, S., and Petrevski. G., (2019) “Fiscal Decentralisation and Government Size: Evidence from a Panel of European Countries” *Hacienda Pública Española / Review of Public Economics*, 229 (2/2019), pp. 33-58<br>DOI 10.7866/HPE-RPE.19.2.2<br>Impact factor 0,143<br>(8 + 0,143) x 0,9 = 7,329<br>▪ Makreshanska Mladenovska, S., and Petrevski. G., (2019) “Decentralisation and income inequality in Central and Eastern European countries” *Post-Communist Economies*, Vol.31 No.1, pp. 123-136,<br>DOI: 10.1080/14631377.2018.1461526<br>Impact factor 0,541<br>(8 + 0,541) x 0,9 = 7,687 | 15,016 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научнопопуларно списание со меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | 2,7 |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ Gockov, Gj., and Makreshanska Mladenovska, S., (2019) “Factors driving the gross public debt dynamics: The case of Republic of Macedonia“, *Journal of Contemporary Economic and Business Issues*, Vol.6, No.1, 2019, p.59-73<br>(3 x 0,9 = 2,7 поени) | |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание**<br>▪ Петковски, М., Ќосевски, Ј., и Макрешанска Младеновска, С., (2018), “Ефектите на јавниот долг врз економскиот раст – емпириска панел анализа за новите земји членки на ЕУ”, Прилози XLIX 1-2 2018, Македонска Академија на науките и уметностите, Скопје, 2019 година<br>(3 x 0,8 = 2,4 поени)<br>▪ Makreshanska Mladenovska, S., and Petrevski, G., (2018), “Budget Deficits and Fiscal Decentralization: Evidence from Central and Eastern Europe”, Прилози XLIX 1-2 2018, Македонска Академија на науките и уметностите, Скопје, 2019 година<br>(3 x 0,9 = 2,7 поени) | 5,1 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**<br>▪ Makreshanska Mladenovska, S., and Tashevska, B., (2019) “The Impact of Fiscal Decentralization on Economic Growth in the CEE Countries” објавен во зборник од трудови од 49th International Scientific Conference on Economic and Social Development - "Building Resilient Society", Загреб, Хрватска, Декември 2019 година<br>(5 x 0,9 = 4,5 поени) | 4,5 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**<br>▪ Gockov, Gj., Makreshanska Mladenovska, S., Petrevski, G., and Trpeski, Lj., (2016) “Real Convergence in Central and Eastern Europe: An Empirical Analysis” објавен во зборник на трудови од International Conference on The Changing Role of Finance in Today’s Global Economy, Економски факултет – Скопје, 2019 година<br>(3 x 0,6 = 1,8 поени) | 1,8 |
| | **Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. установа**<br>▪ Makreshanska Mladenovska, S., and Petrevski, G., (2018) “Decentralization and Government Size: Evidence from Europe”, Годишник на Економски факултет – Скопје, том 53 (2018), стр. 49-58<br>(2 x 0,9 = 1,8 поени) | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ Petrevski, G., and Makreshanska Mladenovska, S., (2017) “Decentralization and macroeconomic performance: Evidence from developed European economies“, Годишник на Економски факултет – Скопје, том 52 (2017), стр. 345-384<br>(2 x 0,9 = 1,8 поени) | |
| | **Рецензија на научен/стручен труд**<br>▪ Рецензент на научен труд за Environment and Planning A: Economy and Space, 2020 година<br>▪ Рецензент на научен труд за Urban Studies, 2019 година<br>▪ Рецензент на научен труд за Годишник на Економски факултет – Скопје, 2018 година<br>▪ Рецензент на научен труд за Годишник на Економски факултет – Скопје, 2017 година<br>▪ Рецензент на научен труд за Годишник на Економски факултет – Скопје, 2016 година<br>(5 x 0,2 = 1 поен) | 1 |
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација)**<br>▪ Меѓународна научна конференција 49th International Scientific Conference on Economic and Social Development - "Building Resilient Society" во организација на Varazdin Development and Entrepreneurship Agency, Varazdin, Croatia и University North, Koprivnica, Croatia, декември 2019 година<br>▪ Меѓународна научна конференција Transforming the business for future: Building a modern HR organization”, Економски факултет – Скопје, октомври 2018 година<br>▪ Меѓународна научна конференција The Changing Role of Finance in Today’s Global Economy, Економски факултет – Скопје, Септември 2016 година<br>▪ Меѓународна научна конференција International Balkan And Near Eastern Social Sciences Conference IBANESS Conference Series, Економски факултет во Прилеп, октомври 2016 година<br>(4 x 1 = 4 поени) | 4 |
| | **Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција**<br>▪ Gockov, Gj., and Makreshanska Mladenovska, S., “Factors driving the gross public debt dynamics: The case of Republic of Macedonia“, објавен во зборник од меѓународна научна конференција со наслов “Transforming the business for future: Building a modern HR organization”, Економски факултет – Скопје, 4/5.10.2018 година<br>(1 x 0,9 = 0,9) | 0,9 |
| | **Вкупно** | **59,416** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Учество во промотивни активности на Факултетот** | 2,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ Учество во промотивни активности „Отворени денови на Економски факултет - Скопје“ и посета и презентации по средни училишта во Скопје, во периодот 2015-2020 година (5 x 0,5 = 2,5 поени) | |
| | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**<br>▪ Член на Организациски одбор на меѓународна научна конференција под наслов “The Changing Role of Finance in Today’s Global Economy”, Економски факултет – Скопје, септември 2016 година (1 поен)<br>▪ Член на Организациски одбор на меѓународна научна конференција под наслов “First International Conference on Economic and Business Trends Shaping the Future”, Економски факултет – Скопје, што ќе се одржи во ноември 2020 година (1 поен) | 2 |
| | **Член на факултетска комисија**<br>▪ Член на Библиотечен одбор, Економски факултет – Скопје, 2019 година (0,5 поени)<br>▪ Член на поткомисија за самоевалуација на студиската програма по финансии, Економски факултет – Скопје, 2019 година (0,5 поени)<br>▪ Член на Комисија за спроведување на постапката за избор на членови на Комисијата за самоевалуација на Економски факултет – Скопје, 2019 година (0,5 поени)<br>▪ Член на Комисија за спроведување на постапката за избор на демонстратори на Катедрата за финансиски менаџмент, Економски факултет – Скопје, 2019 година (0,5 поени)<br>▪ Член на Комисијата за спроведување Анкета за односот на наставниците и соработниците кон наставата на УКИМ, Економски факултет – Скопје, во периодот 2015 – 2017 година (3 x 0,5 = 1,5 поени)<br>▪ Учество во активности за упис на студенти на прв циклус студии на Економскиот факултет во Скопје, во периодот 2015-2020 (5 x 0,5 = 2,5 поени) | 6 |
| | Секретар на Катедрата за финансии (1 x 0,5 = 0,5) | 0,5 |
| | **Вкупно** | **11** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **49,984** |
| **НАУЧНОСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **59,416** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **11** |
| **Вкупно** | **120,4** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Горан Петревски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Филиповски, член, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорѓи Гоцков, член, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТА ЕКОНОМИЈА, ПО ПРЕДМЕТИТЕ СТАТИСТИКА ЗА БИЗНИС И ЕКОНОМИЈА И КВАНТИТАТИВНИ МЕТОДИ ВО ФИНАНСИИ, НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” од 4.2.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област: применета економија, по предметите: Статистика за бизнис и економија и Квантитативни методи во финансии, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-303/10, донесена на 14.2.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Калина Треневска Благоева, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, д-р Владимир Филиповски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје и д-р Гордана Билбиловска, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област применета економија, по предметите: Статистика за бизнис и економија и Квантитативни методи во финансии, во предвидениот рок се пријави вонр. проф. д-р Драган Тевдовски.

### 7. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот вонр. проф. д-р Драган Тевдовски е роден на 21.1.1979 година, во Скопје. Средно образование завршил во природно-математичката гимназија „Раде Јовчевски – Корчагин” во Скопје. Со високо образование се стекнал на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Дипломирал на отсекот за деловна (бизнис) економија, насока: менаџмент во 2002 година.

Во учебната 2002/2003 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии по статистичка анализа на Економскиот факултет при Универзитетот во Белград, Република Србија. Студиите ги завршил со просечен успех 10,0. На 14.12.2016 година го одбранил магистерскиот труд, со што се здобил со диплома за завршени постдипломски студии и се стекнал со академскиот степен магистер на статистички науки.

Докторска дисертација пријавил на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, во 2007 година. Дисертацијата на тема: „Предвидување и портфолио оптимизација на хартии од вредност од Македонската берза” ја одбранил на 17.2.2010 година. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на економски науки.

На 17.6.2015 година е избран во звањето вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје по економски науки, по предметите: Статистика за бизнис и економија и Квантитативни методи во финансии. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.1101 од 1.6.2015 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

### 8. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на Економскиот факултет во Скопје, при УКИМ, кандидатот д-р Драган Тевдовски изведува настава на прв циклус студии по предметите:

Статистика за бизнис и економија и Квантитативни методи во финансии, а од летниот семестар на учебната 2019/2020 година започна со настава и по предметот Економска статистика. На вториот циклус на студиската програма Статистички методи за бизнис и економија изведува настава по предметот Анализа на временски серии, а е дел и од наставниот тим по предметот Демографски методи. На третиот циклус студии е еден од координаторите на предметот Статистичка анализа, кој е дел од генеричките предмети на повеќе студиските програми, а дополнително на студиската програма Статистички методи за бизнис и економија е координатор на предметот Анализа на временски серии. Во изведувањето на наставата, кандидатот е целосно посветен на пренесување на знаењето на студентите, користи современи наставно-образовни методи, успешно ги организира и ги реализира предавањата и има отворена и постојана комуникација со студентите. Во функција на наставата, кандидатот е ангажиран со консултации со студенти од прв, втор и трет циклус студии и менторира изработка на проектни задачи, дипломски и магистерски трудови.

Кандидатот бил ментор на дванаесет дипломски трудови. Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена и одбрана на шест дипломски и на четири магистерски трудови.

Кандидатот, во коавторство, објавил изменето и дополнето издание на учебник под наслов: „Статистика за бизнис и економија”, петто издание, во 2016 година.

Конкретните активности од наставно-образовната дејност се наведени во Образецот 2, со датуми и други релевантни податоци.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Д-р Драган Тевдовски има објавено осумнаесет научни трудови од областа на применетата економија, од кои шест труда во научни списанија со импакт-фактор, два труда во научни списанија индексирани во Scopus, два труда во научни списанија кои имаат меѓународен уредувачки одбор, два труда во монографии објавени во странство, еден труд во зборник од научен собир и пет труда објавени во зборник на трудови на високообразовна установа. Тоа се следниве трудови:

1. “The effects of macroeconomic policies under fixed exchange rates: A Bayesian VAR analysis,” *Ekonomska istrazivanja - Economic Research,* 32(1): 2138-2169, 2019. Taylor and Francis (во коавторство со Горан Петревски и Јане Богоев). Импакт-фактор: 1,381.
2. “The impact of crisis on the innovation systems in Europe: Evidence from the CIS10 Innovation Survey?,” *European Review,* 27(4): 543-562, 2019. Cambridge University Press (во коавторство со Катерина Тошевска-Трпчевска, Елена Макревска Дисовска и Виктор Стојкоски). Импакт-фактор: 0,316.
3. “Evidence of innovation performance in the period of economic recovery in Europe,” *Innovation: The European Journal of Social Science Research*, 2018. Taylor and Francis (во коавторство со Елена Макревска Дисовска, Катерина Тошевска-Трпчевска и Виктор Стојкоски). Импакт-фактор: 1.055.
4. “What is the role of innovation in productivity growth in Central and Eastern European countries?,” *Economics of Transition*, 25(3): 527-551, 2017. Wiley (во коавторство со Катерина Тошевска-Трпчевска и Елена Макревска). Импакт-фактор: 1,064.
5. “Fiscal and Monetary Policy Effects in Three South Eastern European Economies,” *Empirical Economics*, 50(2): 415-441, 2016. Springer (во коавторство со Горан Петревски и Јане Богоев). Импакт-фактор: 0,645.
6. “The transmission of foreign shocks to the South Eastern European economies: A Bayesian VAR approach,” *Economic Systems*, 39 (4): 632-643, 2015. Elsevier (во коавторство со Горан Петревски, Питер Екстеркејт и Јане Богоев). Импакт-фактор: 0,701.
7. “Trade Facilitation Indicators and their Potential Impact on Trade between the Countries of South-eastern Europe,” *Scientific Annals of Economics and Business* 63(3): 347-362, 2016. De Gruyter (во коавторство со Катерина Тошевска-Трпчевска).
8. “Nairu Estimates in Transitional Economy with Extremely High Unemployment Rate: The Case of Republic of Macedonia,” *Economic Annals*, Vol. LX, No.206, 2015. Faculty of Economics – Belgrade (во коавторство со Предраг Трпевски).

9. “Income Inequality in Macedonia: Mechanisms and Solutions” *CEA Journal of Economics* 10(2): 57-66, 2015. Center for Economic Analyses.
10. “Decent Work for the Western Balkans Country Stuck in the Neo-liberal Doctrine: The Case of the Republic of Macedonia,” *Global Labour Journal*, 6(2): 203-220. McMaster University.
11. “Stock market efficiency in South Eastern Europe: Testing Return Predictability and Calendar Effects,”, in Sergi, B., Fidanoski, F., Ziolo, M., Naumovski, V. eds. “*Regaining Global Stability after the Financial Crisis”*, 2018. IGI Global (во коавторство со Владимир Филиповски).
12. ”A coherent growth policy for Macedonia” In Max Brandle and Michael Weichert eds. “*A new economic agenda for Southeast Europe*,” 2018, pp. 107-118. Fridrich Ebert Stiftung.
13. “Trade Facilitation Indicators and Their Potential Impact on Trade Between the Countries of South-Eastern Europe,” Proceedings from the International Conference: Economic Recovery in the Post-Crisis Period, edited by Vladimir Filipovski, 2015, pp. 113-124. Faculty of Economics – Skopje (во коавторство со Катерина Тошевска Трпчевска).
14. „Улогата на услугите во просторот на производи во меѓународната трговија”, *Годишник на Економски факултет – Скопје*, Том 54, стр. 253-262, 2019 (во коавторство со Виктор Стојкоски).
15. „Улогата на производствената структура во економскиот раст на државите од Југоисточна и Централна Европа ”, *Годишник на Економски факултет – Скопје*, Том 53, стр. 453-466, 2018 (во коавторство со Виктор Стојкоски).
16. „Финансиски развој и економски раст во Југоисточна и Централна Европа: Доказ за панел коинтеграција”, *Годишник на Економски факултет – Скопје*, Том 52, стр. 395-409, 2017 (во коавторство со Виктор Стојкоски и Кристина Попова).
17. „Кои се причините за заедничките екстремни позитивни движења на берзите на хартии од вредност од Југоисточна Европа?”, *Годишник на Економски факултет – Скопје*, Том 51, стр. 411-423, 2016.
18. „Дали се уште постојат календарските аномалии на приносите на МБИ10 индексот?”, *Годишник на Економски факултет – Скопје*, Том 50, стр. 513-527, 2015.

Д-р Драган Тевдовски презентирал свои трудови на шест научни собири со реферат: (1) “5th Conference of the LSEE Research Network for Social Cohesion in South East Europe,” Белград, Србија (21-22 ноември 2019); (2) “Economic modeling in economics and finance,” Белград, Србија (29-30 октомври 2019); (3) “13th International Conference Developments in Economic Theory and Policy,” Билбао, Шпанија (23-24 јуни 2016); (4) “3rd International Conference in Applied Theory, Macro and Empirical Finance,” Солун, Грција (21-22 април 2017); (5) “2rd International Conference in Applied Theory, Macro and Empirical Finance,” Солун, Грција (6-7 мај 2016); и (6) “Social democracy in Europe and the concept of good society,” Белград, Србија (20-21 ноември 2015). Кандидатот одржал и две предавања на престижни универзитети во САД: „Градење на капитализам за сите во Југоисточна Европа” на Stigler Center for the Study of Economy and the State, University of Chicago Booth School of Business, во Чикаго, САД (10 октомври 2019); и „Прогресот на Република Северна Македонија и зошто тој е важен за Западот", Bush School of Government and Public Service, A&M University, во Тексас, САД (10 април 2019).

Кандидатот бил ментор на пет магистерски трудови.

Останатите релевантни детали од научноистражувачката дејност се наведени во Образецот 2.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Кандидатот д-р Драган Тевдовски објавил четири стручни трудови и една книга од стручна област:

1. “Social Cohesion at the Centre: A New Initiative for Stability and Prosperity in the Western Balkans” 2015. Friedrich Ebert Stiftung (во коавторство со Svetlana Cenic, Ardian Hackaj, Amer Kapetanovic, Maria Eleni Koppa, Gazmend Qorraj, Dusan Spasojevic и Daliborka Uljarevic).
2. „Реформи за праведно оданочување,” 2016. Фондација „Фридрих Еберт” и Институт за социјална демократија „Прогрес” (во коавторство со Павле Гацов, Ѓорги Гоцков, Горан Петревски, Никола Поповски, Ванчо Узунов и Владимир Филиповски).

3. „Програма за минимален приход во Македонија,” во: Нови перспективи за економски и социјален развој во Република Македонија, 2016, стр. 171-186. Фондација „Фридрих Еберт”.
4. „Како да се намали нееднаквоста во Западниот Балкан?,” во: Социјалната демократија во Европа и концептот на доброто друштво, 2016, стр. 173-182. Фондација „Фридрих Еберт”.
5. „Патот напред: колумни за економски раст и социјална кохезија во Македонија,” 2017. Институт за социјална демократија „Прогрес”.

Кандидатот остварил повеќе предавања надвор од Универзитетот, меѓу кои можат да се издвојат предавањата на Академијата за банкарство и информатичка технологија и Политичката академија за социјална демократија, обуката за статистичка анализа за вработените од УНИ банка, како и обуката за буџетска писменост и мониторинг на буџетите од страна на граѓанските организации во рамки на UN Women.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Во 2016 година, д-р Драган Тевдовски бил избран за најдобар научник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” за 2015 година, за научното подрачје на општествените науки.

Бил член на извршно тело на две COST-акции кои поддржуваат научно-истражувачка дејност. Бил вклучен и во работата на две комисии на Економскиот факултет во Скопје, и тоа: Комисија за избор на најдобар дипломски труд и Комисија за евалуација на Факултетот. Исто така, бил член и на една рецензентска комисија за избор на лица во наставно-научно звање.

Д-р Драган Тевдовски бил министер за финансии во Владата на Република Северна Македонија во периодот од јуни 2017 до јуни 2019 година. Во овој период, тој активно учествувал во изработка на стратегии, закони и национални програми.

Дополнителни информации од стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот, може да се најдат во Образецот 2.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Драган Тевдовски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Драган Тевдовски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во научната област применета економија, по предметите: Статистика за бизнис и економија и Квантитативни методи во финансии.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, д-р Драган Тевдовски да биде избран во звањето редовен професор во научната област применета економија, по предметите: Статистика за бизнис и економија и Квантитативни методи во финансии.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Калина Треневска Благоева, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Филиповски, с.р.**
**Проф. д-р Гордана Билбиловска, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 1**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР / НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК**

**Кандидат: Драган Стојче Тевдовски**

**Институција: Економски факултет – Скопје**

**Научна област: применета економија**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,2<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,0 | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: применета економија, поле економски науки, подрачје општествени науки. | да |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1/1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: European Review<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Наслов на трудот: The impact of crisis on the innovation systems in Europe: Evidence from the CIS10 Innovation Survey?<br>4. Година на објава: 2019 | да |
| 3.1/2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Empirical Economics<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science | да |

| | | |
|---|---|---|
| | 3. Наслов на трудот: Fiscal and Monetary Policy Effects in Three South Eastern European Economies<br>4. Година на објава: 2016 | |
| 3.1/3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Economic Systems<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Наслов на трудот: The transmission of foreign shocks to the South Eastern European economies: A Bayesian VAR approach<br>4. Година на објава: 2015 | да |
| 3.1/4 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Scientific Annals of Economics and Business<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: Trade Facilitation Indicators and their Potential Impact on Trade between the Countries of South-eastern Europe<br>4. Година на објава: 2016 | да |
| 3.1/5 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Economic Annals<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: Nairu Estimates in Transitional Economy with Extremely High Unemployment Rate: The Case of Republic of Macedonia<br>4. Година на објава: 2015 | да |
| 3.2/6 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: CEA Journal of Economics | да |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупен број членови 10; 3 од САД, 2 од Македонија, 2 од Хрватска, 1 од Велика Британија, 1 од Италија и 1 од Словенија.<br>3. Наслов на трудот: Income Inequality in Macedonia: Mechanisms and Solutions<br>4. Година на објава: 2015 | |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 1.6.2015, број 1101 | да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Калина Треневска Благоева, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Филиповски, с.р.**
**Проф. д-р Гордана Билбиловска, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 2**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **д-р Драган Тевдовски**

**Институција:** **Економски факултет - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје**

**Научна област:** **применета економија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава 7,2+7,2+4,0=18,4<br>- од прв циклус студии<br>Статистика за бизнис и економија (2015/2016, 2016/2017 и 2018/2019) 4*15*0,04*3= 7,2<br>Квантитативни методи во финансии (2015/2016, 2016/2017 и 2019/2020) 4*15*0,04*3 = 7,2<br>- од втор циклус струдии<br>Анализа на временски серии (2018/2019 и 2019/2020) 4*10*0,05*2 = 4,0 | **18,4** |
| 2. | Одржување на вежби<br>- од прв циклус студии 1,8+2,7=4,5<br>Статистика за бизнис и економија (2015/2016 и 2016/2017) 2*15*0,03*2= 1,8<br>Квантитативни методи по финансии (2015/2016, 2016/2017 и 2019/2020) 2*15*0,03*3 = 2,7 | **4,5** |
| 3. | Консултации со студенти 2,9+0,3+0,03=3.2<br>- од прв циклус студии<br>Статистика за бизнис и економија (2015/2016, 2016/2017 и 2018/2019) 582*0,002+600* 0,002+292*0,002= 2,9<br>Квантитативни методи во финансии (2015/2016, 2016/2017 и 2019/2020) 72*0,002+ 32*0,002+39*0,002 = 0,3<br>- од втор циклус струдии<br>Анализа на временски серии (2018/2019 и 2019/2020) 8*0,002+7*0.002 =0, 03 | **3,2** |
| 4. | Ментор на дипломска работа 12*0,2 =2,4<br>1. Јоана Мацовска, Влијание на цената на нафтата на избрани макроекономски променливи: SVAR модел, 2016.<br>2. Симона Станоевска, Календарски ефекти на македонската берза, 2016.<br>3. Петар Пренцов, Квантифицирање на нееднаквоста, 2016.<br>4. Костадин Ристовски, Анализа на големите еднодневни приноси на компаниите од S&P 500 индексот, 2016.<br>5. Иван Трајков, Определување на Минималната плата во Република Македонија, 2016.<br>6. Божана Здравеска, Определување на фискалниот мултипликатор во Република Македонија, 2016. | **2,4** |

| | | |
|---|---|---|
| | 7. Александра Атанасова, Анализа на варијанса: два објаснети примери, 2016.<br>8. Сања Давидовска, Анализа на анкетата на работна сила на Република Македонија, 2016.<br>9. Росана Антони Которчевиќ, Истражување на преференците на македонските милениумци, 2016.<br>10. Ана Штрковска, Анализа на волатилност и календарски ефекти кај Eonia преку ARIMA-GARCH и ANOVA модел,2016.<br>11. Дијана Петровска, Моделирање на девизниот курс евро-долар, 2016.<br>12. Наташа Димитриевска, Детерминанти на доходовната нееднаквост во земјите на Балканот, 2016. | |
| 5. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд 4*0,3 = 1,2<br>1. Сандра Буровска, Примена на ВАР методологија во утврдување на макроекономските детерминанти за развој на пазарот на капитал во земјите од Југоисточна Европа, Економски факултет – Скопје, 2019 година.<br>2. Катерина Богоеска, Влијанието на јавните институции врз продуктивноста на трудот и економскиот раст во Република Македонија - коинтеграциски пристап, Економски факултет – Скопје, 2017 година.<br>3. Татјана Дранговска, Детерминанти на иновациите и нивното влијание врз продуктивноста на деловните субјекти во Република Македонија, Економски факултет – Скопје, 2016 година.<br>4. Билјана Ристеска, Економска анализа на класите на неживотното осигурување во Република Македонија, Економски факултет – Скопје, 2015 година. | **1,2** |
| 6. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа<br>6*0,1 = 0,6 | **0,6** |
| 7. | Изменето или дополнето издание на учебник 1*3=3<br>- коавтор<br>1. Статистика за бизнис и економија, петто издание, Култура, Скопје, 2016 година (во коавторство со Славе Ристески). | **3,0** |
| | **Вкупно** | **33,3** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на магистерски труд 5*2=10<br>1. Мартин Мајсторов, Ефектот на денот во неделата и ефектот на месецот во годината во приносите на берзите на хартии од вредност во Македонија, Србија и Бугарија, Економски факултет – Скопје, 2015 година.<br>2. Ѓорѓи Пројковски, Меѓународната трговија и нејзиното значење во емпириските модели на економскиот раст, Економски факултет – Скопје, 2016 година.<br>3. Виктор Стојкоски, Врската помеѓу растот и економската комплексност: доказ од СИЦ Европа, Економски факултет – Скопје, 2016 година. | **10,0** |

| | | |
|---|---|---|
| | 4. Ксенија Поповиќ, Оценување на фискалните мултипликатори во мали отворени економии, Економски факултет – Скопје, 2016 година.<br>5. Славица Тодоровска, Квантитативна анализа на даночните системи во Централна и Југоисточна Европа, Економски факултет – Скопје, 2016 година. | |
| 2. | Дел од монографија објавен во странство 5,4+6,0=6<br>1. “Stock market efficiency in South Eastern Europe: Testing Return Predictability and Calendar Effects,”, in Sergi, B., Fidanoski, F., Ziolo, M., Naumovski, V. eds. Regaining Global Stability after the Financial Crisis, 2018. Hershey: IGI Global (во коавторство со Владимир Филиповски). 6*0,9=5,4<br>2. ”A coherent growth policy for Macedonia” In Max Brandle and Michael Weichert eds. “A new economic agenda for Southeast Europe,” 2018, pp. 107-118. Sarajevo: Fridrich Ebert Stiftung. 6*1=6 | **11,4** |
Кандидатката д-р Александра Јанеска-Илиев е родена на 18.8.1983 година, во Охрид. Средно образование завршил во Гимназијата „Св. Климент Охридски“ во Охрид со одличен успех на природно-математичката насока. Во 2002 година се запишала на Економскиот факултет во Скопје, на департманот по менаџмент. Во 2005 година, по навременото завршување на третата година од студиите го продолжила образованието на Универзитетот за професионална едукација „Фонтис“ во Ајндховен, Холандија, каде што и дипломирала во јануари 2007 година. Во февруари 2007 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на МБА – менаџмент на Економскиот Факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. По положувањето на предвидените испити, на 3.10.2008 година магистрирала на тема: ,,Договор со странски партнери како стратегија за настап во меѓународен бизнис без вложување на капитал” и се здобила со научен степен-магистер на економски науки од областа на МБА менаџмент. Докторската дисертација на тема ,,Деловни стратегии за развој на малите бизниси” ја пријавила во 2009 година, а успешно ја одбранила на 13.2.2015 година со што се стекнала со научен степен доктор на економски науки.

По дипломирањето зела учество во неколку различни пракси во реномирани компании во Република Македонија, каде што се здобила со првите апликативни и стручни искуства од бизнис-секторот. Во јули 2008 била иницијално ангажирана на позицијата даночен советник во реномираната консултантска куќа “Ернст и Јанг”во Скопје, при што извршувала најразлични задачи, а во 2012 година во рамките на компанијата истовремено ја ангажирале и во делот на маркетинг, бизнис администрација, односи со клиентите и управување на портфолиото на клиентите. Тоа дополнително овозможува да се надгради и искуството во делот на аплицирање проблематиката поврзана со различните аспекти на бизнисот и менаџментот. Истовремено, во рамките на својот професионален развој, партиципира на различни работилници, во земјата и во странство, поврзани со здобивање на најразлични вештини и способности.

Во декември 2012 година, кандидатката е избрана на Катедрата за менаџмент, на Економскиот факултет во Скопје, како помлад асистент по група предмети од областа на менаџментот, каде што е ангажирана на поголем број предмети од областа на менаџментот.

На 31.8.2015 година е избрана во звањето доцент на Економскиот факултет во Скопје во областа бизнис-менаџмент на предметот Организациско однесување. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр.1104 од 15.7.2015.

Кандидатката течно ги зборува англискиот и германскиот јазик, а се служи и со холандскиот и италијанскиот јазик. Во 2011 година се здобива со DAF сертификатот издаден од Гете Институтот во Бон, Германија, а поседува и неколку меѓународни сертификати за познавање на англискиот јазик.

Во изминатиот период, кандидатката имала голем број активности во различни насоки, при што постојано се усовршувала, објавила голем број на научни трудови и учествувала на голем број меѓународни и домашни конференции, семинари, обуки и работилници. Покрај тоа, д-р Александра Јанеска-Илиев во периодот од минатиот избор до сега била вклучена во меѓународни проекти кои дополнително ѝ овозможиле да се здобие со искуства во делот на научниот, стручниот, и наставнообразовниот контекст.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот 1104/2015, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата и подготовката на овој извештај, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 12. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Економски факултет во Скопје, кандидатката д-р Александра Јанеска-Илиев изведува настава и вежби на прв циклус студии по предметите: Менаџмент на мал бизнис и Организациско однесување; на втор циклус студии по предметот Менаџмент на мал бизнис на студиските програми МБА-менаџмент и Стратегиски менаџмент на човечки ресурси, како и по предметот Финансирање на претприемачки бизниси на студиската програма Корпоративен финансиски менаџмент. Кандидатката д-р Александра Јанеска-Илиев има учествувано во конципирањето на новововедениот предмет на втор циклус студии Финансирање на претприемачки бизниси. Истовремено, во рамките на програмите со меѓународен карактер има работено на материјали за предметите Одржливо лидерство и Ефективно тимско работење.

Во изведувањето на наставата, кандидатката интегрира соодветни наставно-образовни методи, практични симулации и онлајн алатки за активно учество на студентите во изведувањето на наставата, со што успешно ја организира и ја спроведува наставата. Редовно студентите изработуваат проектни задачи, работат на вежби и учествуваат во симулации во контекст на полесно разбирање и совладување на наставната материја. Покрај предавањата, кандидатката секојдневно е ангажирана во процесите на консултации со студенти од прв, втор и трет циклус студии, како и во процесите на изработка и менторирање проектни задачи, дипломски трудови, магистерски трудови и сл. Дополнително, кандидатката е вклучена во подготовка, спроведување и оценка на испитни прашања и испити/колоквиуми по соодветните предмети.

Кандидатката д-р Александра Јанеска-Илиев била ментор на 18 дипломски трудови.

Кандидатката д-р Александра Јанеска-Илиев учествувала како член во комисии за оцена/или одбрана на 47 дипломски и 17 магистерски труда и на 3 докторски дисертации.

Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 1 од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Александра Јанеска-Илиев има објавено вкупно 18 научни трудови од областа на бизнис–менаџментот од последниот избор до нејзиното пријавување на конкурсот за избор објавен на 4.2.2020 год. Од објавените трудови, три во меѓународни научни списанија индкесирани во Scopus, седум во меѓународни научни списанија индексирани во Ebsco, еден труд во списание со меѓународен уредувачки одбор, пет труда во годишник на Економски Факултет во Скопје и два труда со објавени апстракти во зборници. Кандидатката партиципирала во 4 меѓународни истражувачки проекти,при што во рамките на GLOBE дополнително ќе следат меѓународни стручни публикации во 2020. Учествувала и во меѓународниот научен проект Joint Program for Sustainability Leadership, одобрен во рамки на програмата Erasmus+, потпрограма КА2; Неодамна беше заокружен проектот насловен “Quality Management and Competitiveness” кој е соработка со Јапонската Агенција за меѓународна соработка (JICA), Универзитет од Нагасаки, Јапонија, Универзитетот за национално и светско стопанство (UNWE), Софија, Бугарија и Економскиот Факултет во Скопје, УКИМ, а има најава и за негово продолжување во наредниот период. Кандидатката е дел од тимот кој работи на проектот “Organizing acceleration for high-potential innovative SME’s”,“Gazelle”-(interreg v-b) balkan mediterranean 2014-2020.

Во продолжение е дадена листата на објавени трудови од областа на бизнис-менаџментот:

1. “Entrepreneurial intention and effective integration of young people with lower economics status in inclusive business models”, Janeska-Iliev,A., Debarliev, S.(2020), *Management Research and Practice,* Volume 12, Issue 1
2. “HR branding and the potential value: Empirical evidence and practical implications”, Debarliev, S., Brzovska, E. and Janeska–Iliev, A. (2019), *Dynamic Relationship Management Journal,* Vol.8, No 1, pp.41-53 doi:10.17708/DRMJ.2019.v08n01a04
3. “Small business growth in the context of tourism”, Drakulevski, L. and Janeska-Iliev, A., (2018), *The Proceedings of the Faculty of Economics in East Sarajevo - Journal of Economics and Business,* Vol.1,No.15, pp.63-71.
4. “A Story on Leadership Styles from Macedonian Companies: Components of Transformational vs. Transactional Leadership Influenced by Aspects of Emotional Intelligence”, Drakulevski, L., Debarliev, S., Janeska-Iliev, A. and Taneva-Veshovska, A., (2017), *Ecoforum Journal,* Vol. 6, Issue 2(11), pp.1-12.
5. “Influence of Market Values of Enterprise on Objectivity of the Altman Z-Model in the Period 2006-2012: Case of the Republic of Macedonia and Republic of Serbia”, Postolov, K., Milenkovic, , Milenkovic, D. and Iliev, A.J., (2016), *Journal of Central Banking Theory and Practice,* Vol.5, No.3, pp.47-59. =
6. “The impact of small and medium sized enterprises in the development of health tourism in Macedonia”, Magdinceva Sopova, M., Postolov, K., Janeska-Iliev, A. and Josheski, D., 2017. *Economic outlook* –Vol.19, No.1, pp.69-79.
7. ”Establishing Balance between Professional and Private Life Of Generation Z”, Ivanovska L., P., Kiril, P., Iliev, J.A. and Magdincheva Shopova, M., (2017), *Research In Physical Education, Sport & Health,* Vol.6, No.1, pp.3-10.
8. “E-learning in the hands of generation Y and Z” Postolov, K., Magdinceva Sopova, M., Janeska Iliev, A. (2017), *Poslovna izvrsnost*, Vol.11, No.2, pp.107-119.
9. “Antecedents of entrepreneurial intention: Evidence from developing country”, Debarliev, S., Janeska-Iliev, A., Bozinovska, T. and Ilieva, V. (2015), *Business and Economic Horizons*, Vol.11, Issue 3.
10. “Factors affecting growth of small business: The case of a developing country having experienced transition”, Janeska-Iliev, A. and Debarliev, S. (2015), *European Scientific Journal*, Vol.11, No.28, pp.1-28.

11. “Generational differences in achieving work-life balance”, Iliev, A.J., Postolov, K. and Sopova, M.M.,(2018) *MEST Journal* Vol.7, pp.7-15.
12. “Карактеристики на планирањето кај малите бизниси во Република Македонија”, Јанеска-Илиев, А. (2015), Економски факултет, Годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 50, Скопје, стр.139-157.
13. “Импликациите на трансакционото и трансформационото лидерство во компаниите во Република Македонија”, Јанеска-Илиев, А., (2016), *Годишник на Економски факултет – Скопје* том 51, Скопје.
14. “Влијанието на емоционалната интелигенција врз лидерството во македонските компании, Јанеска-Илиев (2017), *Годишник на Економски факултет –Скопје* том 52, Скопје.
15. “Како едукацијата и работното искуство влијаат на претприемачките намери на студентите?”, Јанеска–Илиев, А., (2018), *Годишник на Економски факултет-Скопје, Економски факултет-Скопје*, том 53,Скопје.
16. “Фузијата и реструктурирањето – можни алтернативни механизми за подобро распоредување на здравствените ресурси”, Јанеска –Илиев , А., Блажески, Д, (2019), *Годишник на Економски факултет- Скопје, Економски факултет-Скопје*, том 54, Скопје.
17. “Building synergy between universities and Confucius institutes to strengthen the human capital capacities for the one belt one road cooperation - empirical evidence from Macedonia”(2017), Petkovski,V., Drakulevski, Lj., Janeska-Iliev, Damoska-Sekuloska, J.3rd China-CEE conference-The role of human capital in the one belt one road cooperation , 6-7 October ,2017, Ohrid
18. „Предизвиците на менаџментот во решавањето на современите економски проблеми - Management challenges in solving the contemporary economic problems“, меѓународна научна конференција Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет - Скопје, во чест на одбележување на 25 години од дејствување на МБА менаџмент програмата на II циклус (Silver Jubilee Conference of the 25th Anniversary of the MBA Management Master Studies:„Management Challenges in Solving the Contemporary Economic Problems“),17- 18 ноември 2017, Скопје.

Д-р Александра Јанеска-Илиев била учесник на четири меѓународни проекти и партиципирала на три стручни собири со меѓународно учество. Посебно може да се истакне учеството на сесијата “Understanding the Inclusive Organization", Getting Down to the-Bottom-Up: Researching Ecosystems as if Entrepreneurs Mattered, AOM 2019 презентација и панел дискусија со повеќе од 15 релевантни експерти од областа на претприемачките екосистеми.

Кандидатката е ментор на пет магистерски труда. Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот (називите на трудовите, проектите и сл.), наведени се во табелата во Анекс 1(член 3) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**<u>Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Во рамките на стручноприменувачките активности може да се истакне дека кандидатката д-р Александра Јанеска-Илиев остварила неколку експертски активности. Притоа, два пати како член на национален експертски тим во рамки на Проект за развој на вештини и поддршка на иновации, еднаш во делот на техничките науки и второ во Проект за развој на вештини и поддршка на иновации, еднаш во делот на економија и право каде што насоката била кон унапредување на предметните програми за претприемништво и бизниси за средните училишта. Исто така, учествувала во комисија за верификација на програма (2017) - развој на менаџерски и лидерски вештини кај инженерите.

Д-р Александра Јанеска-Илиев, исто така, реализирала мобилност во периодот од 28 јануари до 3 февруари 2018, што вклучувало наставни активности за предметот

Одржливо претприемништво за групата која ја следи програмата на Економскиот факултет во Љубљана. во рамките на меѓународниот Erasmus + проект PoSsibLe.

Согласно со нејзината стручност, била член на повеќе организациони или програмски одбори меѓу кои:

- член на Одборот за организација на настани поврзани со 70 годишнината на Економскиот факултет во Скопје;
- член на Одборот за организација на меѓународната научна конференција MHRO18-JUBILEE CONFERENCE OF THE 5th ANNIVERSARY OF THE STRATEGIC HUMAN RESOURCES, организирана во чест на одбележување на 5 години од постоењето на студиската програма од II циклус Стратегиски менаџмент на човечки ресурси;
- Член на Одборот за организација на меѓународната научна конференција „Предизвиците на менаџментот во решавањето на современите економски проблеми - Management challenges in solving the contemporary economic problems“, организирана во чест на одбележување на 25 години од дејствување на МБА менаџмент на студиската програма од II циклус (2017);
- член на Одборот за организација на меѓународната летна школа на Економскиот факултет во Скопје, 2016;
- член на Одбор за организација на меѓународната летна школа на Економскиот факултет во Скопје, 2017;
- член на Одбор кој го издава Годишникот на Економски факултет во Скопје, (2017,2018,2019);
- член на Редакцискиот одбор за брошура за ЕУи,, Центар за податоци и информации на ЕУ, 2017.

Кандидатката била дел од активностите на една универзитетска комисија како член на комисија за поддршка на процесот на стратегиско планирање на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј”, во Скопје. Истовремено може да се истакне дека д-р Александра Јанеска-Илиев активно е вклучена во работата на бројни комисии на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и тоа:

- член на поткомисија за самоевалуација на Економскиот факултет во Скопје, 2019;
- Заменик член на Комисијата која ја спроведува анкетата за односот на наставниците и соработниците кон наставата, 2019;
- sекретар на Катедрата за менаџмент, 2019;
- член на избирачките одбори за претставници на Факултетско собрание и на претседател, 2019;
- член на Комисија за изработка на Елаборат за повторна реакредитација на студиската програма Организациски науки и управување (менаџмент), трет циклус студии 2019;
- член на Комисија за обработка на податоци за упис на нови студенти во прва година во учебната 2016/2017/2018/2019година;
- член на Одборот за издавање Библиографија на научно–стручни трудови во рамки на прославата на 65годишнината на Економскиот факултет во Скопје, 2015.

Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-применувачката дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот, наведени се во табелата во Анекс 1 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**ОЦЕНКА ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА**

Кандидатката д-р Александра Јанеска-Илиев, во периодот од последниот избор во звањето доцент, заклучно со учебната 2019/2020 година, континуирано добива позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Економскиот факултет во Скопје, и тоа: по предметот Менаџмент на мал бизнис, вкупна просечна оценка од 9,66, по предметот Организациско однесување, вкупна просечна оценка од 9,5. Ова дополнително го потврдува нејзиниот капацитет и спремност за ангажман во наставнообразовна дејност.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и нејзината севкупна работа и ангажман, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Александра Јанеска-Илиев.

Рецензентската комисија е целосно убедена дека пријавената кандидатка на конкурсот, д-р Александра Јанеска-Илиев, во целост ги исполнува општите услови за избор во наставно–научно звање – вонреден професор, како и посебните услови за избор во наставно - научни, научни и наставно-стручни звања, во согласност со Законот за високото образование, како и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје;

Според горeизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, д-р Александра Јанеска-Илиев да биде избрана во звањето **вонреден професор** во научната област бизнис-менаџмент по предметите Менаџмент на мал бизнис и Организациско однесување.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Љубомир Дракулевски с.р.**
**Проф. д-р Леонид Наков с.р.**
**Проф. д-р Стојан Дебарлиев с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 1**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Кандидат: Александра Ѓорѓи Јанеска-Илиев
(име, татково име и презиме)
Институција: Економски факултет - Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: бизнис-менаџмент

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| Ред. Број | Општи услови | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: бизнис-менаџмент, поле:организациони науки и управување (менаџмент), подрачје:општествени науки. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1/1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование:<br>1. Назив на научното списание: Dynamic Relationship Management Journal Vol.8, No 1, pp.41-53 doi:10.17708/DRMJ.2019.v08n01a04,<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: “HR branding and the potential value: Empirical evidence and practical implications”<br>4. Година на објава: 2019 | ДА |
| 3.1/2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: The Proceedings of the Faculty of Economics in East Sarajevo - Journal of Economics and Business, 1(15), pp.63-71.<br>2. Назив на електронската база на списанија: (Ebsco)<br>3. Наслов на трудот:”Small business growth in the context of tourism”<br>4. Година на објава: 2018 | ДА |
| 3.1/3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една | ДА |

| | | |
|---|---|---|
| | електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Journal of Central Banking Theory and Practice, 5(3), pp.47-59.<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: "Influence of Market Values of Enterprise on Objectivity of the Altman Z-Model in the Period 2006-2012: Case of the Republic of Macedonia and Republic of Serbia"<br>4. Година на објава: 2016 | |
| 3.1/4 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Business and Economic Horizons, Vol.11, Issue 3<br>2. Назив на електронската база на списанија: (Scopus)<br>3. Наслов на трудот: Antecedents of entrepreneurial intention: Evidence from developing country<br>4. Година на објава 2015 | ДА |
| 3.1/5 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: European Scientific Journal, Vol.11, No.28, pp.1-28.<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>3. Наслов на трудот: Factors affecting growth of small business: The case of a developing country having experienced transition<br>4. Година на објава: 2015. | ДА |
| 4. | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: 15.7.2015, Билтен бр. 1104 | |
| 5. | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Љубомир Дракулевски с.р.**
**Проф. д-р Леонид Наков с.р.**
**Проф. д-р Стојан Дебарлиев с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 2**

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

Кандидат: Александра Ѓорѓи Јанеска-Илиев
Институција: **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје**
Научни области: **50603 бизнис- менаџмент,**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста (наставно-образовна):** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување настава**<br>**Прв циклус(0.04)=15.6**<br>*2016/2017*<br>Организациско однесување<br>4*15*0.04=2.4<br>Менаџмент на мал бизнис<br>4*15*0.04=2.4<br>*2017/2018*<br>Организациско однесување<br>4*15*0.04=2.4<br>Менаџмент на мал бизнис<br>4*15*0,04=2,4<br>*2018/2019*<br>Организациско однесување<br>4*15*0.04*=2,4<br>Менаџмент на мал бизнис<br>6*15*0,04=3,6<br>**Втор циклус(0,05)=9**<br>*2016/2017*<br>Менаџмент на мал бизнис<br>40*0.05=2<br>*2017/2018*<br>Менаџмент на мал бизнис<br>40*0.05=2<br>*2018/2019*<br>Финансирање претприемачки бизниси<br>20*0.05=1<br>Менаџмент на мал бизнис<br>40*0.05=2<br>*2019/2020*<br>Менаџмент на мал бизнис<br>40*0.05=2 | 24.6 |
| 2. | **Настава во летни школи и работилници**:<br>- Предавање на тема VIта меѓународна летна школа, 2016 , „Направи разлика-стани лидер со унапредување на регионалната соработка преку царинска модернизација“ (Make a difference –Become a leader in Enhancing Regional Cooperation through Customs Modernization), 8–13 август, Охрид, Република Македонија, тема: “How to take your | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | company global? Mapping the main dimensions of strategy in an international context“<br>- Предавање на тема VIIта меѓународна летна школа, 2017, „Направи разлика - стани млад лидер во справување со новите економски предизвици на патот кон ЕУ“ (Make a difference-become a young leader on dealing with new economic challenges on the path to the EU).,6– 13 август, Охрид, Република Македонија, на тема “Entrepreneurs & Small business owners: The greatest challenges of building a new business in a dynamic world”. | |
| 3. | **Одржување на вежби (0.03)**<br>• Меѓународен менаџмент: 2 (часа неделно)*15 (недели)*0,03 (поени за часови вежби)* 3 (семестра 2017/2018/2019) = 2.7 поен<br>• Организациско однесување: 2 (часа неделно)*15 (недели)*0,03 (поени за часови вежби)* 3 (семестра 2017/2018/2019) = 2.7 поени | 5.4 |
| 4. | **Подготовка на нов предмет(1)**<br>Финансирање претприемачки бизниси (втор циклус, корпоративен финансиски менаџмент) | 1 |
| 5. | **Консултации со студенти (0.002):**<br>2016/2017 летен семестар=**1.774 поени**<br>• Организациско однесување: 737 (студенти во семестар)*0.002(бодување)* = 1.474 поени<br>• Менаџмент на мал бизнис: 150 (студенти во семестар)*0.002 (бодување) = 0.3 поени<br>2017/2018 летен семестар =**2.456**<br>• Организациско однесување: 1088(студенти во семестар)*0.002(бодување)* = 2.176 поени<br>• Менаџмент на мал бизнис: 140 (студенти во семестар)*0.002 (бодување) = 0.28 поени<br>2018/2019 летен семестар=**1.926 поени**<br>• Организациско однесување: 730(студенти во семестар)*0.002(бодување)* = 1.46поени<br>• Менаџмент на мал бизнис: 233 (студенти во семестар)*0.002 (бодување) = 0.466 поени | 6.156 |
| 6. | **Ментор на дипломска(0.2)**<br>18*0.2=3.6 | 3.6 |
| 7. | **Член за оцена и одбрана на докторски(0.7)**<br>3*0.7=2.1 | 2.1 |
| 8. | **Член за оцена и одбрана на магистерски (0.3)**<br>17*0.3=5.1 | 5.1 |
| 9. | **Член за оцена и одбрана на дипломска(0.1)**<br>47*0.1=4.7 | 4.7 |
| 10. | **Пакет материјали за предмет(1)**<br>• Одржливо лидерство (Possible Проект К2 финансиран од Еразмус) | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | • Ефективно тимско работење (Quality Management and Competitiveness”, во соработка со Јапонската Агенција за меѓународна соработка (JICA), универзитет од Нагасаки, Јапонија, Универзитетот за национално и светско стопанство (UNWE), во Софија, Бугарија и Економскиот Факултет – Скопје, УКИМ | |
| | Вкупно | 56.656 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. . | Ментор на магистерски труд(2)<br>**2017: 3**<br>**2018:1**<br>**2019:1** | 10 |
| 2. | Учесник во меѓународни научен проекти (5)<br>• меѓународен научен проект: GLOBE2020 (The global leadership and organizational behavior effectiveness project) CCI(Country co-investigator);<br>• меѓународен научен проект: Joint Program for Sustainability Leadership, одобрен во рамки на програмата Erasmus+, потпрограма КА2 – Cooperation for Innovation and the Exchange of Good Practices: Strategic partnerships in higher education, 2016;<br>• меѓународен научен проект: (Quality Management and Competitiveness”, во соработка со Јапонска Агенција за меѓународна соработка (JICA)), Универзитет од Нагасаки, Јапонија, Универзитетот за национално и светско стопанство (UNWE) во Софија, Бугарија и Економскиот факултет во Скопје, УКИМ;<br>• Меѓународен научен проект:“Organizing acceleration for high-potential innovative SME’s”,“Gazelle”-(Interreg v-b) balkan mediterranean 2014-2020; | 20 |
| 3. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во која трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија достапна на интернет(5)**<br>1. “Entrepreneurial intention and effective integration of young people with lower economics status in inclusive business models”, Janeska-Iliev,A., Debarliev, S.(2020), *Management Research and Practice* Volume 12, Issue 1(5*0.9=4.5) (Ebsco)<br>2. “HR branding and the potential value: empirical evidence and practical implications”, Debarliev, S., Brzovska, E. and Janeska–Iliev, A. (2019), *Dynamic Relationship Management Journal* Vol.8, No 1, pp.41-53 doi:10.17708/DRMJ.2019.v08n01a04, (5*0.8=4)(scopus)<br>3. “Small business growth in the context of tourism”, Drakulevski, L. and Janeska-Iliev, A., (2018), *The Proceedings of the Faculty of Economics in East Sarajevo* | 40.5 |

<table>
<tr><td></td><td>- Journal of Economics and Business,, Vol.1,No.15, pp.63-71.(5*0.9=4.5) (Ebsco)<br>4. “A Story on Leadership Styles from Macedonian Companies: Components of Transformational vs. Transactional Leadership Influenced by Aspects of Emotional Intelligence”, Drakulevski, L., Debarliev, S., Janeska-Iliev, A. And Taneva-Veshovska, A., (2017). Ecoforum Journal, Vol. 6, Issue 2(11), pp.1-12.(0.6*5=3) (Ebsco)<br>5. “Influence of Market Values of Enterprise on Objectivity of the Altman Z-Model in the Period 2006-2012: Case of the Republic of Macedonia and Republic of Serbia”, Postolov, K., Milenkovic, , Milenkovic, D. and Iliev, A.J., (2016), Journal of Central Banking Theory and Practice,Vol.5,No.3, pp.47-59. .(0.6*5=3)(scopus)<br>6. “The impact of small and medium sized enterprises in the development of health tourism in Macedonia”, Magdinceva Sopova, M., Postolov, K., Janeska-Iliev, A. and Josheski, D., 2017. Economic outlook –Vol.19No.1, pp.69-79. (0.6*5=3)(Ebsco)<br>7. “Establishing Balance Between Professional And Private Life Of Generation Z”, Ivanovska L., P., Kiril, P., Iliev, J.A. and Magdincheva Shopova, M., (2017), Research In Physical Education, Sport & Health,Vol.6, No.1, pp.3-10. (0,6*5=3) (ebsco)<br>8. “E-learning in the hands of generation Y and Z” Postolov, K., Magdinceva Sopova, M., Janeska Iliev, A. (2017), Poslovna izvrsnost,Vol.11, No.2, pp.107-119. (5*0.8=4)(Ebsco)<br>9. “Antecedents of entrepreneurial intention: Evidence from developing country”, Debarliev, S., Janeska-Iliev, A., Bozinovska, T. and Ilieva, V. (2015), Business and Economic Horizons, Vol.11, Issue 3. (0,6*5=3) (Scopus)<br>10. “Factors affecting growth of small business: The case of a developing country having experienced transition”, Janeska-Iliev, A. and Debarliev, S. (2015), European Scientific Journal, Vol.11, No.28, pp.1-28, (0,9*5=4,5)(Ebsco)<br>Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор(5)<br>11. “Generational differences in achieving work-life balance”, Iliev, A.J., Postolov, K. and Sopova, M.M.,(2018) MEST Journal Vol.7,pp.7-15, (5*0.8=4)</td><td></td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. институција(2)<br>1. Јанеска-Илиев, А. (2015), “Карактеристики на планирањето кај малите бизниси во Република Македонија”, Економски факултет, Годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 50, Скопје, стр.139-157.(2)<br>2. Јанеска-Илиев, А., (2016) “Импликациите на трансакционото и трансформационото лидерство во компаниите во Република Македонија”, Годишник на Економски факултет –Скопје, том 51, Скопје.(2)</td><td>9.8</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | 3. Јанеска-Илиев (2017) "Влијанието на емоционалната интелигенција врз лидерството во македонските компании, *Годишник на Економски факултет –Скопје*, том 52, Скопје.(2)<br>4. Јанеска –Илиев , А.,(2018), "Како едукацијата и работното искуство влијаат на претприемачките намери на студентите?", *Годишник на Економски факултет- Скопје, Економски факултет-Скопје*, том 53, Скопје.(2)<br>5. Јанеска –Илиев , А., Блажески, Д, (2019), "Фузијата и реструктурирањето – можни алтернативни механизми за подобро распоредување на здравствените ресурси" *Годишник на Економски факултет- Скопје, Економски факултет-Скопје*, том 54, Скопје.(1.8) | |
| 5. | **Рецензија на научен/стручен труд (0.02)**<br>• Рецензија на труд декември 2019 за Economic Research-Ekonomska Istraživanja.<br>• Рецензија на труд во *Годишник на Економски факултет - Скопје, Економски факултет - Скопје*, том 53, 2018.<br>• Рецензија на труд во *Годишник на Економски факултет – Скопје* том 52, 2017. | 0.6 |
| 6. | **Апстракти објавени во Зборник на меѓународна конференција(1)**<br>• Апстракт објавен во зборник на трудови под наслов: "Building synergy between universities and Confucius institutes to strengthen the human capital capacities for the one belt one road cooperation - empirical evidence from Macedonia"(2017), Petkovski,V., Drakulevski, Lj., Janeska-Iliev, Damoska-Sekuloska, J.3rd China-CEE conference-The role of human capital in the one belt one road cooperation , 6-7 October ,2017, Ohrid<br>• Апстракт објавен во зборник трудови под наслов: „Предизвиците на менаџментот во решавањето на современите економски проблеми - Management challenges in solving the contemporary economic problems“, меѓународна научна конференција Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет - Скопје, организирана во чест на одбележување на 25 години од дејствување на МБА менаџмент на студиската програма од II циклус (2017).<br>• (Silver Jubilee Conference of the 25th Anniversary of the MBA Management Master Studies: „Management Challenges in Solving the Contemporary Economic Problems“,17- 18 ноември 2017, Скопје. | 2 |
| 7. | **Секциски предавања на научен/ стручен собир со меѓународно учество(2)**<br>• Academy of Management со наслов "Understanding the Inclusive Organization", Getting Down to the Bottom-Up: Researching Ecosystems as if Entrepreneurs Mattered, AOM 2019 , 09-13 Август 2019, Бостон,Масачусец САД.Презентација и панел дискусија со повеќе од 15 релевантни експерти од областа на претприемачки екосистеми | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | • “The status quo bias and re-framing as a strategic intervention towards debiasing,” New Developments in Entrepreneurial Process Research, University of Seville (Faculty of Economics and Business Sciences University of Seville) and ECSB (European Council for Small Business and Entrepreneurship, 22-23 април 2019, Севиља, Шпанија<br>• “Can we make a difference in finding the path towards entreprenurship?A cross-cultural study of entrepreneurial intentions”, Debarliev,S., Janeska – Iliev, A., Stripeikis, O., Zupan, B.,(2018), Coginitive perspectives & entrepreneurship, IPAG Businesss School, Париз, Франција | |
| | Вкупно | 88.9 |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Експертски активности(1):**<br>• член на Национален експертски тим во рамки на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации - Развој и дизајн на концепцијата за четиригодишно техничко образование, 2019-економија и право;<br>• член на Национален експертски тим во рамки на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации - Развој и дизајн на концепцијата за четиригодишно техничко образование, 2019-технички науки;<br>• учество во Комисија за верификација на програма (2017) - развој на менаџерски и лидерски вештини кај инжeнерите, при Јавна Установа Центар за образование на возрасни – Скопје. | 3 |
| 2. | **Учество во промотивни активности на факултетот/институтот(0.5):**<br>• промоција на Економскиот факултет во Скопје, 2016;<br>• промоција на Економскиот факултет во Скопје 2017;<br>• промоција на Економскиот факултет во Скопје, 2018;<br>• модератор на настан поврзан со Денови на кариера кои се ребрендираа во “Pitch Please”, во 2018;<br>• промоција на Економскиот факултет во Скопје, 2019. | 2.5 |
| 3. | **Студиски престој во странство**<br>(до три месеци 0,5 поени)*0,5<br>Реализирана мобилност, 28 јануари до 3 февруари 2018, што подразбираше наставните активности за предметот Одржливо претприемништво за групата која ја следи програмата на Економскиот факултет во Љубљана, во рамките на меѓународниот Erasmus + проект PoSsibLe. | 0.5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 4. | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир(1)**<br>1. Член на Одборот за организација на настани поврзани со 70годишнината на Економскиот факултет во Скопје(1)<br>2. Член на Одборот за организација на меѓународната научна конференција „MHRO18 - Jubilee Conference of the 5th | 9 |

| | | |
|---|---|---|
| | Anniversary of the Strategic Human Resources“, организирана во чест на одбележување на 5 години од постоење на студиската програма од II циклус- Стратегиски менаџмент на човечки ресурси; (1)<br>3. Член на Одборот за организација на меѓународна научна конференција „Предизвиците на менаџментот во решавањето на современите економски проблеми - Management challenges in solving the contemporary economic problems“, организирана во чест на одбележување на 25 години од дејствување на МБА менаџмент студиската програма од II циклус (2017) ; (1)<br>4. Член на Редакциски одбор за брошура за ЕУи,, Центар за податоци и информации на ЕУ, 2017; (1)<br>5. Член на Одборот за организација на меѓународната летна школа на Економскиот факултет во Скопје, 2017 ;(1)<br>6. Член на Одборот за организација на меѓународната летна школа на Економскиот факултет во Скопје, 2016;(1)<br>7. Член на Одборот за издавање на Годишник на Економски факултет – Скопје, (2017) ;(1)<br>8. Член на Одборот за издавање на Годишник на Економски факултет – Скопје, (2018) ;(1)<br>9. Член на Одборот за издавање на Годишник на Економски факултет – Скопје, (2019) ;(1) | |
| 5. | **Член на универзитетска комисија (1)**<br>1. Член на Комисија за поддршка на процесот на стратегиско планирање на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје. | 1 |
| 6. | **Член на факултетска комисија (0.5),**<br>1. Член на поткомисија за самоевалуација на Економскиот факултет во Скопје, 2019;<br>2. Заменик Член на Комисијата која ја спроведува анкетата за односот на наставниците и соработниците кон наставата, 2019;<br>3. Секретар на Катедрата за менаџмент, 2019;<br>4. Членови на избирачките одбори за претставници на Факултетско собрание и на Претседател, 2019;<br>5. Член на комисија за изработка на Елаборат за повторна реакредитација на студиската програма по Организациски науки и управување (менаџмент), трет циклус студии 2019;<br>6. Член на Комисија за обработка на податоци за упис на нови студенти во прва година во учебната 2019/2020;<br>7. Член на Комисија за обработка на податоци за упис на нови студенти во прва година во учебната 2018/2019;<br>8. Член на Комисија за обработка на податоци за упис на нови студенти во прва година во учебната 2017/2018;<br>9. Член на Комисија за обработка на податоци за упис на нови студенти во прва година во учебната 2016/2017;<br>10. Член на Одборот за издавање Библиографија на научно – стручни трудови во рамки на прославата на 65 годишнината на Економскиот факултет–Скопје. 2015; | 5 |
| | **Вкупно** | 21 |

| | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **56,656** |
| **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **88,9** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **21** |
| **Вкупно** | **166,556** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Љубомир Дракулевски с.р.**
**Проф. д-р Леонид Наков с.р.**
**Проф. д-р Стојан Дебарлиев с.р.**

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ВНАТРЕШЕН ПАЗАР НА ЕУ “ ОД АВТОРОТ
**ДОЦ. Д-Р ЕЛЕНА МАКРЕВСКА ДИСОСКА**

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, донесена на седница одржана на 6.2.2020, бр. 02-68/3, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Внатрешен пазар на ЕУ“ од авторот: Елена Макревска Дисоска, наменет за студентите на Економскиот факултет во Скопје, за предметот Единствен пазар на ЕУ, избрани се: проф. д-р Ирена Кикеркова и проф. д-р Тони Дескоски.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. ОПШТ ДЕЛ

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Внатрешен пазар на ЕУ |
| **Назив на предметната програма:** | Единствен пазар на ЕУ |
| **Назив на студиската програма:** | Надворешна трговија |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | **90 часови, 8 кредити** |
| Предметот Единствен пазар на ЕУ на Економски факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 90, број на ЕКТС-кредити 8 и се слуша во 6-ти (летен) семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 270 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 7 (седум) поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 4 слики, 13 табели и 12 графици. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Ирена Кикеркова с.р.**
**Проф. д-р Тони Дескоски с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот: Проф. д-р Ирена Кикеркова

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот под наслов „Внатрешен пазар на ЕУ“ од д-р Елена Макревска Дисоска е модерен универзитетски учебник изготвен според урнекот на универзитетските учебници по кои оваа материја се изучува на престижните универзитети во ЕУ. Текстот во учебникот го објаснува концептот на заедничкиот пазар како сложена форма на регионално интегрирање преку четирите слободи - слободно на движење на стоки, на услуги, на капитал и на работна сила. – на примерот на внатрешниот пазар на ЕУ. Сложената регулатива и правилата на функционирањето на четирите слободи на внатрешниот пазар на ЕУ се презентирани преку случаите од судската практика на Европскиот суд, кои понатаму се користат за уредување на правилата на однесување на економските оператори и на физичките лица на овој економски простор што покрива пазар од околу 580 милиони жители.<br>Учебникот има шест поглавја. На почетокот, во првото поглавје, даден е вовед во регулативата врз основа на која е формирана царинската унија, а потоа и заедничкиот пазар, неговото доофромување, основните извори на правото што го уредуваат овој економски простор, правилата на хармонизација меѓу земјите членки и најнакрај, формирањето на монетарната унија.<br>Второто поглавје се однесува на слободното движење на стоките во рамките на Внатрешниот пазар на ЕУ. Ова поглавје започнува со разгледување на третманот на царините и на мерките со еквивалентен ефект, потоа ги разгледува даноците, квантитативните мерки и мерките со еквивалентен ефект, останатите мерки со ограничувачки ефект за пристап на пазарот и исклучоците од воспоставените правила на внатрешниот пазар.<br>Наредното поглавје се однесува на слободното движење на капиталот на внатрешниот пазар на ЕУ. Овде детално се проучува опсегот и влијанието на членот 63 од ДФУ, со посебен акцент на правилата за поседување на златна акција од страна на државит членки, купувањето недвижен имот, воспоставените ограничувања за јавните институции, дискриминацијата во поглед на оданочувањето и, секако, исклучоците од општите правила во областа.<br>Четвртото поглавје го третира слободното движење на физичките лица според правилата на Шенген-зоната, со јасно раздвојување на правилата за престој и за работа на економски активните од економски неактивните лица од ЕУ и од трети |

| | |
|---|---|
| | земји. Ова поглавје го дефинира поимот работник во ЕУ и се осврнува на правото за стекнување на социјални бенифиции, како и на правилата за дискриминација во областа.<br>Петтото поглавје се однесува на слободното движење на услугите. Овде најпрвин се дефинира поимот услуга според регулативата на ЕУ, а потоа се разгледува правната рамка преку основните директиви на ЕУ за слободно движење на услугите на внатрешниот пазар. Посебно се третирани јавните и здравствените услуги, како и т.н. неморални или нелегални активности како услуги и ограничувањата и исклучоците од правната регулатива во областа.<br>Последното, шесто поглавје ги разгледува ефектите од слободното движење на стоки, услуги, капитал и физички лица во рамките на внатрешниот пазар на ЕУ. Поглавјето завршува со потенцирање на можностите за продлабочување на регионалната интеграција од аспект на фунционирањето на внатрешниот пазар и можноста за воведување на единствен дигитален пазар на ЕУ.<br>Во референци се наведени 90 статии, учебници и книги, од кои најголемиот број се<br>од англиското говорно подрачје и датираат по 2005 година. Веднаш потоа е дадена листа на 286 веб-страници, од кои биле користени податоци за потребите на учебникот. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Предложениот текст за учебник во целост е усогласен со акредитиранта предметна програма по предметот Единствен пазар на ЕУ на Економскиот факултет во Скопје при УКИМ. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Минимални технички подобрувања на текстот. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот за учебник под наслов „Внатрешен пазар на ЕУ“ од д-р Елена Макревска Дисоска покрива исклучително сложена правно регулирана материја, со силни економски импликациии во и надвор од најсложената регионална интеграција на денешницата – Европската Унија. Авторката успеала оваа сложена материја да ја преточи во текст целосно приспособен за студентите од трета студиска година, лесно читлив и разбирлив, при што се испочитувани сите академски стандарди за изработка на учебник. Преку правилната селекција на бројните примери од богатата практика на ЕУ и нивно соодветно презентирање и толкување, авторката д-р Дисоска го прави овој учебнички материјал интересен не само за студентите, туку и за пошироката академска јавност што се занимава со оваа материја или покажува интерес за неа. Текстот е изработен според најсовремените стандарди, а како дополнување на бројните |

| | |
|---|---|
| | примери и збогатување на појаснувањата вои учебникот, во текстот се поместени повеќе боксови. Значењето на предложениот ракопис за учебник е уште поголемо кога се знае дека во земјава до сега не е објавено слично четиво ниту во форма на учебник или монографија, ниту во која и да е друга форма. |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 270 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во **7 (седум)** поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 4 слики, 13 табели и 12 графици. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Единствен пазар на ЕУ, примарно наменет за студентите на Економскиот факултет.

Во Скопје, 12.2.2020 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Ирена Кикеркова с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Тони Дескоски

| | |
|---|---|
| Краток опис на содржината: | Ракописот со наслов „Внатрешен пазар на ЕУ“ од авторката Елена Макревска Дисоска има за цел да го потенцира значењето на внатрешниот пазар на ЕУ, како најголемото достигнување во процесот на регионално интегрирање на Унијата. Тоа е територија без внатрешни граници каде што стоките, услугите, лицата и капиталот се движат слободно, во согласност со член 26 од Договорот за функционирање на Европската Унија (ДФЕУ). Процесот на создавање на внатрешниот пазар, начинот на неговото функционирање и предизвиците со што тој се соочува се предмет на анализа на оваа книга.<br>Текстот е структуриран во седум поглавја (вклучувајќи ја литературата). Првото поглавје го опфаќа процесот на регионално интегрирање на Унијата и правната рамка со која се регулира неговото функционирање. Второто поглавје го опфаќа слободното движење на стоки во ЕУ, како една од основните слободи на внатрешниот пазар што е обезбедена преку отстранување на царините и квантитативните ограничувања, како и мерките што имаат еквивалентен ефект. Третото поглавје го опфаќа слободно движење на капиталот во ЕУ. Уште со Договорот од Рим, на граѓаните на ЕУ им е гарантирана слободата на движење во рамките на Унијата, што е опфатено во четвртото поглавје. Ова поглавје ги обработува користите од мобилноста на работна сила од теоретски аспект, правната рамка на слободно движење на лица, вклучувајќи ги економски активните лица и економски неактивните лица, како и исклучоците од правото на слободно движење лица.<br>Во петтата глава се зборува за односот помеѓу правото на основање и слободата на движење на услуги, како и за секое право одделно, додека шестото поглавје ги сумира ефектите од формирањето на внатрешниот пазар. Авторката укажува дека доминатното место како моќна економска сила во светот, Унијата го има обезбедено преку процесот на регионално интегрирање и активно учество во тргувањето со стоки, услуги и капитал на меѓународниот пазар. Оттука, внатрешниот пазар е столбот на ЕУ и стожер на нејзиниот раст.<br>Ракописот е пишуван на коректен македонски јазик и е лесно читлив и разбирлив. Истовремено, потполно се почитувани стандардите на цитирање на богато користената, пред сè странска литература (преку 100 библиографски единици, како и двојно повеќе веб-страници од кои се користени најнови податоци). Податоците се преточени во слики, графикони и табели и се тесно поврзани со третираната проблематика.<br>Она што претставува главен квалитет на ракописот е фактот дека неговата содржина излегува надвор од рамките на економската анализа, и навлегува во правото на ЕУ. Создавањето на внатрешниот пазар е континуиран процес, што се создавал и надоградувал |

| | |
|---|---|
| | преку дополнување на правото на ЕУ, како и преку практиката на решавање на правни случаи на Европскиот суд на правдата. Авторката значително ги користи одлуките на Судот (во т.н. боксови) со цел да ги потенцира практичните проблеми во функционирањето на внатрешниот пазар, процесот на негово креирање, грешките направени во процесот на регионалното интегрирање и конечно, предизвиците со кои тој се соочува денес. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е потполно усогласен со предметната програма, при што мора да се напомене дека вклучувањето на т.н. „боксови“ во текстот, на истиот му додаваат вредност и претставуваат негов главен квалитет. Ова посебно од причина што примерите се сумирани одлуки на Европскиот суд на правда. Оттаму, токму преку овие и слични примери, ракописот пред студентите ги поставува секогаш актуелните прашања и дилеми поврзани, од една страна со придобивките од постоечкото законодавство, а од друга со недостатоците на актуелната правна рамка и потребата од нејзино надополнување. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Незначителни технички корекции. |
| **Оцена на ракописот:** | Од сето погоре кажано може да се оцени дека авторката, во својот текст, сосема коректно и повикувајќи се на најнови информации ја истакнува суштинската цел на постоењето и функционирањето на внатрешниот пазар на ЕУ. Авторката успева преку правна анализа да извлече заклучоци што ја објаснуваат економската логика во функционирањето на внатрешниот пазар на ЕУ. |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 270 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 7 (седум) поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 4 слики, 13 табели и 12 графици. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Единствен пазар на ЕУ, примарно наменет за студентите на Економскиот факултет.

Во 10.2.2020 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Тони Дескоски с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ВО СТРАТЕГИСКОТО УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ: СЛУЧАЈ НА ПРОЦЕСОТ НА РЕГРУТАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА КОСОВО ( СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ : КОСОВСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА )“ ОД М-Р БЛЕРИМ ДРАГУША, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование (Сл. весник на Р. Македонија бр.82/18), одредбите од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии на УКИМ (Универзитетски гласник бр. 245/13), а согласно со предлогот на студиската програма по Организициски науки и управување (менаџмент), Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, во рамките на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата седница одржана на 31.1.2020, не’ определи за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Блерим Драгуша на тема: ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ВО СТРАТЕГИСКОТО УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ: СЛУЧАЈ НА ПРОЦЕСОТ НА РЕГРУТАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА КОСОВО (СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: КОСОВСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА).
По прегледувањето на трудот, Комисијата, пред членовите на Наставно-научниот совет, го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на кандидатот м-р Блерим Драгуша, на тема: **ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ВО СТРАТЕГИСКОТО УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ: СЛУЧАЈ НА ПРОЦЕСОТ НА РЕГРУТАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА КОСОВО (СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: КОСОВСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА)“**, содржи 198 страници основен текст, 18 страници користена литература и 26 страници прилози. Материјата во докторската дисертација е структурирана во шест дела, според следниов редослед:

Прво поглавје: Развој и еволуција на традиционалниот процес на регрутирање во електронската регрутација, кое содржи: Појавата и еволуцијата на електронското регрутирање, Дефиниција на електронското регрутирање, Видови електронско регрутирање, Важноста на електронското регрутирање, Иднината и предизвиците на електронското регрутирање.

Второ поглавје: Унапредувањето на социјалните мрежи и нивниот придонес во постапката за регрутирање во Република Косово, кој содржи: Преглед на литература, Содржината на информациите од социјалните мрежи и нивното влијание врз постапката за регрутирање, Користење на социјалните мрежи во постапката за регрутирање, Предности на социјалните мрежи во постапката за регрутирање, Недостатоци на социјалните мрежи во постапката за регрутирање, Ограничувања на социјалните мрежи за лицата кои бараат работа, Ограничувања на социјалните мрежи за работодавците, Препораки дадени преку социјалните мрежи и нивното восприемање, Почитување на правните проблеми при користењето на социјалните мрежи за време на постапката за регрутирање.

Трето поглавје: Традиционални методи за регрутирање и постапката за регрутирање, кој содржи: . Вовед, Историја на интервјуа, Важноста на процесот на селекција

Стратешко управување со постапката за регрутирање, Важноста на биографијата (CV) во постапката за регрутирање, Споредба меѓу информацијата добиена од CV и интервју, Важноста на референците - препораките во постапката на регрутирање.

Четврто поглавје: Методологијата на студијата, кој содржи: Природа на студијата, Избран модел, Мерење на варијаблите, Инструменти и алатки за статистичка анализа на податоци, Сигурност на истражувањето, Постапка за прибирање податоци, Дизајнирање на истражувањето, Прашалник, Етички размислувања.

Петто поглавје: Анализа на резултатите од истражувањето - влијание на социјалните мрежи на постапката за регрутирање кој содржи: Вовед, Описна статистика, Наодите од истражувањето на традиционалните методи за регрутирање (ТМР), Наодите од истражувањето за електронско регрутирање, Наодите од истражувањето за влијанието на социјалните мрежи врз постапката за регрутирање, Анализа на резултатите, Дискусии, Заклучок, Препорака, Референци.

Во продолжение, ќе коментираме само делови од истражувањето на кандидатот м-р Блерим Драгуша кои се однесуваат на влијанието на социјалните мрежи во управувањето со човечките ресурси во процесот на регрутација, почнувајќи од традиционалните методи, па се до примената на современите методи преку користењето на информациски технологии.

Во Република Косово, постапката за регрутирање се одвива според традиционални методи, но тие не се доволни за привлекување талентирани кандидати. Причините се што традиционалното регрутирање се фокусира на мала, ограничена група потенцијални кандидати и не ѝ дава на организацијата пристап до талентот на многу пасивни кандидати. Процедурите за регрутирање и селекција во Република Косово функционираат на стандардизиран начин, при што овој стандард е утврден со закон што е подготвен од јавни услуги или според посебни регулативи на организации.

Во традиционалното регрутирање, првите информации работодавците ги добиваат од социјалните мрежи, иако тоа не е по службена должност. Традиционалните весници и списанија се првите места каде што работодавците објавуваат огласи за работа. Но, развојот на интернет технологиите го смени овој пристап. Користењето на ИКТ овозможува достава на кратките биографии по електронски пат, со што значително се подобрува постапката за регрутирање со зголемување на ефикасноста, брзината, транспарентноста и доверливоста. Постои тренд апликацијата да не ја добиваат на хартија. Многу извори укажуваат дека постапката за регрутирање е сменета од традиционалното регрутирање во електронско регрутирање за да не се удвојуваат апликациите. Но, некои сегменти на традиционалните методи - саемите за работни места сè уште остануваат успешни и незаменливи во постапката за регрутирање. Личното поврзување помеѓу кандидатот и работодавецот е од суштинско значење за успехот на апликацијата. Заклучоците кои кандидатот ги презентира во ова истражување докажува дека социјалните мрежи не можат да го заменат традиционалното регрутирање, но тие можат да помогнат во овој процес на различни начини.

Анализата на кандидатот Драгуша покажува дека управувањето со човечките ресурси е фундаментална организациска функција што дава значаен придонес во постигнувањето на целите не само во постапката за регрутирање, туку во сите сфери на активности за човечките ресурси. Квалитетот на човечкиот капитал, особено интелектуалниот, е главен фактор за постигнување квалитетни резултати. Со глобализацијата и развојот на информатичката технологија, функцијата на човечките ресурси доби поголема важност и стратешка улога во постапката за регрутирање. Меѓународниот аспект на управување со човечки ресурси го става човечкиот ресурс во стратешка позиција и како клучен елемент за успехот на организацијата. Стратешкото управување со човечки ресурси е актуелен и иден предизвик за реалноста на Косово. Тековните практики за човечки ресурси и перцепциите за функциите на човечките ресурси ја сменија динамиката на постигнувањето на постапката за регрутирање. Денес ова се повеќе се прави со електронско регрутирање, објаснува во своето излагање кандидатот. Електронското регрутирање е еден од најважните процеси на управување со човечките ресурси, што е ефикасно решение за вистинските луѓе на соодветно место и во соодветно време. Социјалните мрежи како вид на електронско регрутирање може

да бидат корисен вид електронско регрутирање бидејќи ги имаат главните придобивки: ниска цена, навременост, ефикасност и погодност за вработувачи и баратели на работа.

Во оваа студија, кандидатот се обидува да ја објасни тековната состојба на постапката за регрутирање во Република Косово, како и влијанието на социјалните мрежи на традиционалните методи за регрутирање како и во унапредувањето на овој важен сегмент на човечките ресурси. Кандидатот доаѓа до заклучок дека влијанието на социјалните мрежи се значајни и помагаат да се подобри и ја продлабочи постапката за регрутирање.

Конкурентните предности што ги нудат социјалните мрежи овозможуваат управувањето со човечките ресурси да помогнат во реализација на стратегија за регрутирање што значително ја подобрува постапката за регрутирање. Претпријатијата имаат за цел да постигнат конкурентна предност на пазарот преку луѓе, така што клучното прашање во обласста на стратешкото управување со човечки ресурси е како фирмите постигнуваат и одржуваат конкурентна предност на пазарот. Како главна цел на овој труд се поставува прашањето дали конкурентската предност може да се постигне преку користење на социјалните мрежи во стратешкото управување со човечки ресурси, што е претставено во концептуална рамка која претходно не била разработена и адаптирана на пазарот за кој се истражува. Оваа цел беше постигната од страна на кандидатот м-р Блерим Драгуша преку прибирање на податоци за косовските претпријатија (n = 317) и нивна анализа за стратешкото управување со човечките ресурси.

Истражувањето во оваа дисертација го разјаснува односот помеѓу социјалните мрежи и традиционалните методи во постапката за регрутирање. Кандидатот во истражувањето, заклучува дека младите под 30-годишна возраст имаат поголема веројатност да ја користат социјалната мрежа како и во малите и средните претпријатија, така и во секторот трговија и производство. Но, според позициите во претпријатието, кандидатот, заклучува дека раководителите на пониско и средно ниво веројатно ќе ги користат социјалните мрежи многу повеќе за регрутирање на повисоко ниво.

Анализата на кандидатот открива дека социјалните мрежи не можат да ги заменат традиционалните методи на регрутирање. Малку е веројатно дека традиционалните методи ќе влијаат на конкурентската предност. Нема значителна разлика во Велика Британија за традиционалните методи кои нудат конкурентна предност. Слично, нема значителна промена за понудите за регрутирање на социјалните мрежи за конкурентни предности и стратегија за управување со човечки ресурси, но резултатите покажуваат дека повеќето учесници реагираат дека социјалните мрежи за регрутирање се рентабилни, заштедуваат време и нудат поширок избор на кандидати и квалификувани кандидати. Постои значителна разлика во користењето на социјални мрежи за регрутирање помеѓу возрасните групи каде што новите раководители / сопственици под 30-годишна возраст имаат поголема веројатност да ги користат социјалните мрежи за цели на регрутирање. Според кандидатот косовскиот народ повеќе се потпира на традиционалните методи затоа што овие методи се докажани и се опфатени веќе долго време. Откриено е дека нема значителна промена во користењето на социјалните мрежи од страна на малите и средните претпријатија. Но, дури и секторите трговија, производство и услуги немаат значителна промена во користењето на социјалните мрежи за регрутирање. Користењето на социјалните мрежи при регрутирање по раководни позиции прави значајна разлика затоа што пониските менаџери ги користат почесто. Постои значителна разлика во употребата на социјални мрежи за регрутирање од страна на менаџерите со универзитетска диплома кои ги користат социјални мрежи за регрутирање како стратешка алатка.

Во продолжение, кандидатот м-р Блерим Драгуша дава солидна и издржана статистичката анализа на варијаблите, перцепциите на учесниците за регрутирање на социјалните мрежи откриле дека практиките за регрутирање на социјалните мрежи имаат значителни разлики помеѓу нивото на менаџери (занимање), формално образование и категорија на испитаници (возрасни групи). Позитивно е влијанието на

социјалните мрежи за регрутирање врз времето и поширокиот избор на кандидати, сепак, влијанието на методот на времето за регрутирање врз трошоците и квалитетот на кандидатите е релативно слабо. Истражувањето исто така, покажува дека важноста на квалитетот на кандидатите, поширокиот избор на кандидати, трошоците и времето вклучени во постапката имаат значително влијание кај возрасната група испитаници.

Техниката за прибирање или испитување на податоците која кандидатот ја користи е методот лице в лице за косовските претпријатија (n = 317). Од сите испитаници (n = 317), 71% (n = 225) биле мажи, а само 29% (n = 92) биле жени. Ваквата различност во родовата структура на испитаниците укажува на тоа дека раководните нивоа на Косово веројатно се повеќе мажи отколку жени. Врз основа на резултатите од анкетите, кандидатот открива дека само 10,41% (n = 33) од испитаните претпријатија ја оценуваат постапката на управување со човечки ресурси како стратегија за долгорочно регрутирање на вработените. Додека пак 89,58% (n = 284) од испитаниците делумно или не. Врз основа на резултатите од истражувањата, откриено е дека само 12,30% (n = 39) од испитаните претпријатија користат форма на информации на социјални мрежи за постапката за регрутирање. Додека пак 87,69% (n = 278) од испитаниците делумно или не.

## ОПШТА ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Блерим Драгуша, на тема: **ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ВО СТРАТЕГИСКОТО УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ: СЛУЧАЈ НА ПРОЦЕСОТ НА РЕГРУТАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА КОСОВО (СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: КОСОВСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА)**, обработува вонредно значајна економска проблематика од областа на човечките ресурси и информациски технологии. Темата ги анализира, ги сублимира и ги споредува предностите и недостатоците на социјалните мрежи во постапката за регрутирање и стратегијата на човечките ресурси.

Овие цели беа тестирани со давање теоретски и практични одговори на некои од прашањата што произлегуваат од главното истражување и главната цел на студијата. Улогата на социјалните мрежи е јасно аргументирана во меѓународната литература и емпириското истражување, но исто така може да се провери во пракса во самото истражување на кандидатот.

Темата има висока релевантност за сите современи национални економии, бидејќи **информатичката** технологија, особено интернетот, брзо го менува начинот на соработка на поединците во реалниот свет на пазарот на трудот. Социјалните мрежи, како Фејсбук, Ликедин, Твитер и слични влегоа во нашиот секојдневен живот. Управувањето со човечки ресурси исто така има својот удел во овие измени. Работодавците ги користат социјалните мрежи за да добијат информации за кандидатите за работа. Информациите од социјалните мрежи за личниот и професионалниот живот на потенцијалните кандидати за работа ги направија социјалните мрежи важна алатка за работодавците. Во Република Косово социјалните мрежи не се официјален дел од постапката на селекција, но нивното влијание врз постапката за регрутирање според истражувањето на кандидатот е многу јасно.

Овие проблеми се предмет на детална анализа на докторската дисертација на м-р Блерим Драгуша. Истражувањето во овој докторски труд е сосредочен на две главни теми кои се однесуваат на промената на начинот на управување со човечките ресурси во процесот на регрутација: Влијанието на социјалните мрежи на постапката за регрутирање и употреба на традиционални методи за регрутирање и постапката за регрутирање. Претходно, во овој извештај, пошироко се елаборирани најзначајните прашања што се предмет на истражување на докторската дисертација на кандидатот м-р Блерим Драгуша. Во продолжение, Комисијата за оцена и одбрана на оваа докторска дисертација, во сублимирана форма, ги изнесува квалитативните карактеристики на трудот и областите во кои тој претставува научен придонес.

Прво, анализата на проблематиката е коректно и солидно изведена преку дедуктивен пристап – воопштување, синтетизирање, особено преку анализа на проблематиката на глобално ниво, преминувајќи кон поединечна анализа на косовските претпријатија, поткрепена со бројни и добро селектирани статистички податоци.

Второ, гледано повторно од методолошки аспект, истражувањето кандидатот го спроведува со менаџери на ниско ниво, менаџери на средно ниво, менаџери на највисоко ниво и сопственици на компаниии кои ја водат и следат постапката за регрутирање во организациите. Податоците се собрани преку директно интервју и одговарање на прашалник, а за да се обезбеди повисок степен на поврат, информаците беа добивани преку истражувања лице во лице. Следно, сондажот е спроведен во главните градови на Република Косово, а тоа се: Приштина, Митровица, Пеќа Ѓаковица, Призрен, Гњилане и Урошевац. Во оваа студија, кандидатот, преку телефон анкетира 604 организации, од кои 328 се согласија да бидат интервјуирани и да го пополнат прашалникот лице во лице. Ваквиот пристап во голема мера ја олеснува и ја овозможува споредбената анализа помеѓу двата различни начина на регрутирање, односно традиционалнот и со користење на социјалните мрежи.

Трето, ваквиот методолошки пристап му овозможил на кандидатот м-р Блерим Драгуша, јасно да идентификува, да селектира и да презентира како социјалните мрежи влијаат на постапката за регрутирање и во споредба со примена на традиционални методи за регрутирање и постапката за регрутирање.

Комисијата за оцена и одбрана на оваа докторска дисертација, низ опстојно проучување на трудот, дојде до уверување дека се работи за квалитетна докторска дисертација која е резултат на евидентен научноистражувачки напор на кандидатот во испитувањето на оваа комплексна материја и дека кандидатот ги исполнил основните цели и задачи на истражувањето дефинирани уште со чинот на пријавување на дисертацијата.

При проверката во системот за плагијаризам, докторската дисертација на м-р Блерим Драгуша покажува низок процент на совпаѓање на зборови со други документи од 6,28%, што укажува на коректно исполнување на критериумот за оригиналност на трудот.

*****

Имајќи го предвид гореизнесеното, Комисијата за оцена на докторската дисертација им предлага на членовите на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, да го прифатат Извештајот за докторската дисертација на кандидатот м-р Блерим Драгуша на тема: **ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ВО СТРАТЕГИСКОТО УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ: СЛУЧАЈ НА ПРОЦЕСОТ НА РЕГРУТАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА КОСОВО (СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: КОСОВСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА)**, и да дозволат јавна одбрана на трудот.

Скопје, 24.2.2020 година

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска с.р.**
**Проф. д-р Димитар Јовевски с.р.**
**Проф. д-р Сашо Јосимовски с.р.**
**Проф. д-р Љупчо Ефтимов с.р.**
**Проф. д-р Пеце Митревски с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КООРДИНИРАНО КООПЕРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ НА АКТИВНИТЕ АВТОМОБИЛСКИ СИСТЕМИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СТАБИЛНОСТА И БЕЗБЕДНОСТА НА ВОЗИЛАТА” ОД М-Р ВАСЕ ЈОРДАНОСКА, ПРИЈАВЕНА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 6.2.2020 година, со Одлука бр. 02-223/3 формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Васе Јорданоска со наслов „Координирано кооперативно управување на активните автомобилски системи за подобрување на стабилноста и безбедноста на возилата”, во состав: проф. д-р Игор Ѓурков (претседател), проф. д-р Дарко Данев (ментор), проф. д-р Милан Ќосевски (член), проф. д-р Лазе Трајкоски (член) и проф. д-р Весна Ангелевска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Васе Јорданоска, со наслов „Координирано кооперативно управување на активните автомобилски системи за подобрување на стабилноста и безбедноста на возилата”, содржи 181 страница, во која се вклучени 120 слики, 17 табели, 3 фусноти и 105 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси. Прилогот на трудот е даден на две страници и во него се вклучени 12 дијаграми. Вклучувајќи ги прилогот, листите на слики, табели, кратенки и номенклатура, дисертацијата е презентирана на 205 страници.

Трудот е структуриран во 6 (шест) глави, вклучувајќи вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатот укажува на значењето на безбедноста на сите учесници во сообраќајот, врз која големо влијание во позитивна насока има воведувањето на активните системи кај возилата и нивното координирано и кооперативно дејствување.

По воведот, **втората глава** од докторската дисертација е насловена „Преглед на достигнувањата во областа”. Во неа е даден преглед и анализа на управувачките автоматизирани системи кај возилата, независните и координираните кооперативни управувачи, како и структурата на управување која се користи во возилата. Понатаму, за потребите за градење на моделот на возило и управување со неговата динамика, направена е анализа на моделите на возила и пневматици кои се користени во истражувањата. Во таа насока, даден е и преглед на видовите автоматско управување кои најчесто се користат кај активните системи во возилата, со посебен осврт на системите за управување со моментот на пливање преку контролирано селективно кочење на тркалата, активното управување со динамиката на возилото преку системот за управување и активното управување на нормалната сила на тркалата во системот за потпирање. За овие три активни системи е даден детален преглед на достигнувањата, како за самостојните системи, така и за координираното кооперативно или за интегрираното управување на парови системи.

Во **третата глава** со наслов „Градење на динамички модел на возило и моделирање на управувањето на стабилноста” е објаснет процесот на градење на моделот на возилото и на моделите на управувачи за активните системи образложени во Глава 2. Најнапред, дадена е математичката интерпретација на моделот на цело возило со 14 степени на слобода кој ќе се користи за претставување на возило без активни системи (основно возило), а кај останатите модели ќе се управува со дел од големините кои го карактеризираат неговото движење. Во овој дел се дадени и параметрите на возилото употребени во моделот, а кои одговараат на *SUV*-изведба

на возило. Со цел да се добијат посакуваните вредности во однос на кои управувачот ги прави пресметките за параметрите на дејствување, усвоен е референтен линеарен модел со три степени на слобода. Во следните три потточки од Глава 3, даден е процесот на математичко моделирање на управувачките алгоритми за системот за управување со моментот на пливање преку селективно кочење на тркалата, системот за активно управување на предните тркала и системот за активно управување на нормалната сила на тркалата во системот за потпирање. За добивање квалитативно и квантитативно подобрено однесување на излез од системот, кај сите три активни системи е употребена *fuzzy* логика. На крајот од Глава 3 дадени се резултатите од симулацијата на трите возила со трите различни активни системи за управување со динамиката на возилото, односно неговата стабилност, во споредба со возило без активен систем. Симулациите се направени за три утврдени карактеристични маневри според литературата, и тоа: маневар влегување во кривина, единечна промена на коловозната лента и маневар „јадица”. Маневрите се спроведени со брзина од 130 km/h. Иако нивото на подобрување на одзивот на возилото е различен, сепак сите возила опремени со активен систем покажуваат подобри резултати од основното возило кое нема ниту еден активен систем.

**Четвртата глава** го опфаќа моделирањето на координирани кооперативни управувачки системи и стратегии за паровите системи: а) електронски систем за стабилност со селективно кочење на тркалата и систем за активно управување на предните тркала, б) систем за активно управување на предните тркала и систем за активно управување на нормалната сила и в) електронски систем за стабилност со селективно кочење на тркалата и систем за активно управување на нормалната сила. Кон ова, во продолжение, моделирана е стратегија на координирано кооперативно управување на сите три системи. Во истата глава се дадени и споредбени резултати од симулациите на паровите координирани управувачи во однос на независните управувачи, а потоа и споредбени резултати на трите пара координирани управувачи и координираниот управувач за сите три системи. Резултатите се добиени со симулација на трите дефинирани маневри во претходната глава.

Анализата на резултатите од симулациите на координираното кооперативно управување со стабилноста на возилото е претставена во **петтата глава**. Анализата е правена за сите релевантни големини од интерес за напречната динамика, која пак има најголемо влијание врз стабилноста на возилата, а со тоа и на нивната безбедност. Големините чии резултати се анализираат се аголната брзина на пливање, напречното забрзување, аголот на пролизгување во тежиштето, аголот на навалување на каросеријата, а дополнително, дадени се и аглите на подведување на пневматиците, траекторијата на движење, како и корективните големини: моменти на кочење, корективни нормални сили и агол на корекција на завртеност на управувачките тркала. Анализите покажуваат дека возилата со паровите активни системи даваат подобри резултати од основното возило, од возилата со независни активни системи, со исклучок на комбинацијата систем за активно управување на предните тркала и систем за активно управување на нормалната сила.

Во последната, **шеста глава**, сумирани се заклучоците од анализата на расположливата литература и заклучоците што произлегуваат од резултатите на спроведените симулации. Посочени се подобрувањата и слабите страни кои произлегуваат од примената на креираните модели за управување со динамиката на возилото. Согласно со заклучоците од резултатите, дадени се и препораки за продолжување и проширување на истражувањето.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Предмет на истражување во дисертацијата е динамиката на возилата, со фокус на хоризонталната динамика, односно динамиката на возилата во рамнината на патот, во услови на координирано кооперативно дејствување на различни комбинации на активни системи со цел за нејзино подобрување. Напречната динамика на возилата е од посебен интерес во истражувањето, бидејќи нејзините параметри имаат значајно влијание врз стабилноста и управливоста на возилата, а тоа директно влијае врз безбедноста на движењето на возилата.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Динамиката на возилата е истражувачка област во која од аспект на градбата и управувањето на автоматизираните системи може да се каже дека го доживува својот зрел период. Сепак, истражувачката работа не е завршена и во моментов брз развој и усовршување имаат

мехатроничките системи кај возилата. Секој од основните системи кај возилата е веќе автоматизиран и има своја управувачка стратегија. Потесната област во која работат автомобилските инженери и истражувачите се унапредување на активните системи, како и системите за асистенција на возачот, но едновремено и координирање на работата на активните системи. Бидејќи секој активен систем од возилото има своја цел на дејствување, а возилото е подложено на сложени оптоварувања во процесот на движење, не смее да дојде до конфликт во управувачките цели на системите. Токму затоа тековните истражувања се во насока на креирање координирано кооперативно управување на активните системи и со тоа постигнување на подобар динамички одзив на возилата, што значи подобрена стабилност, управливост и безбедност при нивното движење.

**Опис на применетите методи**

За остварување на поставените цели, неопходно е да се примени методот на анализа на расположливата литература од областа, за да се дојде до сознанија за својствата на динамичките модели кои се користат во истражувањата во виртуелна околина, со цел избор на најсоодветен динамички модел на возило, како и избор на стратегија на автоматско управување кај секој од активните системи кои се обработуваат во дисертацијата.

Од сумираните сознанија, по пат на синтеза избрани се методите и видовите на управување за креирање на модели на возила со активно управувани системи, кои низ симулациски пристап ќе се проверуваат во однос на стабилноста при дадени маневри на движење во рамнината на патот.

При градбата на моделот на возило, како и моделите на управувачи за различните активни системи користено е математичкото моделирање. Математичките модели преку графичко, односно шематско програмирање се имплементирани во софтверскиот пакет MATLAB/ Simulink и резултатите се добиени преку нумерички симулации.

**Опис на резултатите од истражувањето**

Во рамките на истражувањето, со сублимирањето на податоците од литературата и резултатите од симулациите на креираните модели може да се заклучи дека:

- Без разлика дали е употребен независен управувач за одреден систем од возилото или координиран управувач кој опфаќа повеќе системи, одзивот на возилото е подобар отколку кај возило кое нема активен управувачки систем за неговата динамика. Возилата со активно управување покажуваат подобра стабилност и управливост, а тоа ги прави побезбедни.
- Со координираното кооперативно управување се надминуваат евентуалните слабости и ограничувања на независните управувачи, но само доколку претходно е направена соодветна анализа на целите и опсегот на дејствување на секој од активните системи. Несоодветното координирање на активните системи може да доведе и до спротивен ефект, односно дестабилизација на возилото.
- Најдобар одзив во однос на задржувањето на стабилноста даваат системите каде што во комбинацијата на координирано управување е вклучен активниот систем за стабилност преку селективно кочење на тркалата. Тоа покажува дека управувањето со подолжните сили во контактот на пневматиците со патот имаат поефикасен учинок од системите што дејствуваат врз нормалната сила во контактната површина.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Васе Јорданоска, со наслов „Координирано кооперативно управување на активните автомобилски системи за подобрување на стабилноста и безбедноста на возилата”, претставува истражување во научното подрачје на техничко-технолошките науки, област: машинство, потесна област: моторни возила (21411, според меѓународната Фраскатиева класификација). Изработената тема на оваа докторска дисертација ги исполнува поставените цели, односно таа дава подобрени резултати за големините кои ги карактеризираат однесувањето и стабилноста на возилата преку координирано кооперативно управување на два и повеќе активни системи во однос на основното возило без такви системи. Исто така, симулациски е покажано кои комбинации на координирано

кооперативно управување на активните системи имаат поголемо влијание врз задржувањето на стабилноста на возилото. Научниот придонес на трудот е во насока на проширување и унапредување на знаењата и практиката за моделирање на управувањето на активните системи на возилата и координирање на нивното коректно дејствување. Дејствувањето на споменатите системи е со цел поместување и проширување на границите на управливо и стабилно однесување на возилото, кое брзо и на посакуван начин ќе реагира во специфични услови и критични возни ситуации.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Васе Јорданоска, со наслов „Координирано кооперативно управување на активните автомобилски системи за подобрување на стабилноста и безбедноста на возилата”, според мислењето на Комисијата за оцена на докторската дисертација, ги исполнува барањата и стандардите за подготовка на докторски труд и претставува квалитетен придонес во современите научни истражувања од областа на динамиката на друмските возила.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. **Jordanoska V.**, Gjurkov I. ,Danev D.: „Comparative analysis of car following models based on driving strategies using simulation approach”, објавен: Mobility & Vehicles Mechanics Journal, Vol. 44, No. 3, (2018), pp. 1- 11, e-ISSN 2334-9891.

[2]. **Jordanoska V.**, Danev D., Kostikj A.: „Identification of vehicle and road parameters towards traffic modelling in network environment”, објавен: Proceedings JUMV-SP-1701 Automotive Engineering for Improved Safety within the scope of the XXVI International Automotive Conference “Science and Motor Vehicles 2017”, Belgrade, NMV17SAF09 – 1 / 9 (pp. 217 – 225).

[3]. **Jordanoska V.**, Danev D., Kostikj A.: „ Potential risks of use of Liquefied Petroleum Gas as a fuel in motor vehicles, Professional counseling”, објавен: Traffic-technical expertise as a basis for quality resolving of litigation, Bureau of Court Expertise - Skopje, 6-7th May, 2016.

[4]. **Jordanoska V.**, Danev D., Kocarev Lj.: „Theory of network related research of vehicles dynamics in urban environment”, објавен: Proceedings JUMV-SP-1501 Automotive Engineering for Improved Safety within the scope of the XXV International Automotive Conference “Science and Motor Vehicles 2015”, Belgrade, NMV15AL02 – 1 / 7 (pp. 370 – 376).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главниот научен придонес е унапредување на знаењето и пристапот при моделирање на активни управувачки системи за динамиката на однесување на возилото, креирање на модел на координиран кооперативен управувач кој го подобрува динамичкиот одзив на возилото при ненадејни остри команди од страна на возачот, со што се добива постабилно, управливо возило, кое брзо реагира во насока на стабилизирање како резултат на корективните дејства наложени од управувачот.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: можностите на физичките компоненти кај активните системи (мехатронички системи) да остварат одреден број промени во единица време, во однос на брзината со која работат електронските управувачи. Друг параметар како ограничување кој се очекува да се јави при реална примена е максималната брзина на движење на возилото при која системот ја остварува својата функција успешно.

Понатамошните истражувања можат да одат во насока на истражување на влијанието на обработените активни системи и врз вертикалната динамика на возилото, споредба на употребената *fuzzy* управувачка логика со друг вид стратегија на управување кај истите системи, испитувања како промената на коефициент на прилепување со патот влијае врз перформансите на системите, надополнување на координираниот кооперативен систем од три активни системи со систем за управување на погонските сили на тркалата, како и користење на алтернативен софтвер за симулација на динамиката на возилата за споредба на резултатите.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Васе Јорданоска со наслов **Координирано кооперативно управување на активните автомобилски системи за подобрување на стабилноста и безбедноста на возилата.**

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Игор Ѓурков, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Дарко Данев, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Милан Ќосевски, член, с.р.**
**Проф. д-р Лазе Трајкоски, член, с.р.**
**Проф. д-р Весна Ангелевска, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИДЕНТИФИКАЦИЈА, АНТИМИКРОБНА ОСЕТЛИВОСТ И МОЛЕКУЛАРНА ТИПИЗАЦИЈА НА *Clostridioides difficile* “ ОД АС. Д-Р КИРИЛ МИХАЈЛОВ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 26.12.2019 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација со наслов: **Идентификација, антимикробна осетливост и молекуларна типизација на *Clostridioides difficile*** од кандидатот ас. д-р Кирил Михајлов, во состав: проф. д-р Никола Пановски (претседател), проф. д-р Елена Трајковска Докиќ (ментор), проф. д-р Милена Петровска (член), проф. д-р Снежана Стојковска (член) и проф. д-р Весна Велиќ Стефановска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот ас. д-р Кирил Михајлов, со наслов „Идентификација, антимикробна осетливост и молекуларна типизација на *Clostridioides difficile*“, содржи 128 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со проред 1,15 и големина на букви 12 со 337 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 8 глави, почнувајќи со вовед на што се надоврзува мотивот на истражувањето со целите на докторската дисертација, потоа материјалот и методите, резултатите, дискусијата, заклучоците и на крај користената литература. На почетокот е приложено резиме на македонски и англиски јазик. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во воведот на трудот, на 29 страници, во почетокот се зборува за историските податоци и рекласификација на бактеријата *C.difficile* од родот *Clostridium* во родот *Clostridioides*, за микро и макроморфологијата на бактеријата и за вируленцијата и патогенезата на инфекциите предизвикани од неа. Посебно внимание е посветено на двата токсина на, *C.difficile* А и Б, потоа на бинарниот токсин и на другите фактори на вируленција. Во истиот контекст се нагласува значењето на хипервирулентните соеви и продукцијата на спори. Во продолжение се пишува за епидемиологијата, трансмисијата и превенцијата на *C.difficile* инфекциите (CDI). Трансмисијата на оваа бактерија настанува, пред сè, преку спорите, а ретко преку вегетативните форми на бактеријата. Значајно е што спорите ги исфрлаат и асимптоматските носители, а исфрлањето може да трае и до 4 недели по инфекцијата. Посебно се нагласува проблемот со воздушното ширење на спорите. Во превенцијата на оваа инфекција во болниците, особено значајни се изолацијата на заболениот, елиминацијата на спорите со механико чистење и спроцидни дезинфицинси и, посебно важно, рестрикцијата во препишување на антибиотици.

Следниот дел од воведот е посветен на дијагнозата на CDI, посебно лабораториската, која е во директна врска со самото истражување, пред сè за одредување на ензимот глутамат дехидрогеназа, потоа токсините А и Б со имуноензимски или имунохроматографски методи, директно од фекален примерок. Во однос на култивирањето, овие методи се побрзи и поевтини, особено имунохроматографските, но со релативно ниска сензитивност и специфичност. Култивирањето овозможува детекција на *C.difficile* и неговите токсини. Култивирање без можност на изолираниот сој да му се испита токсичноста е инсуфициентно, бидејќи постојат значителен процент на нетоксични соеви кои се фактички невирулентни. Култивирањето трае најмалку 48 часа, но овозможува испитување на вируленција на сојот, типизација и осетливост кон

антимикробни средства. Неодамна се развиени и молекуларни методи кои ги одредуваат токсините преку детекција на нивните гени. Овие тестови се брзи и со висока сензитивност и специфичност. Во посебен дел е образложен третманот на CDI, прво антимикробниот третман со метронидазол, ванкомицин, а разгледани се и алтернативните опции со рифаксимин, нитозоксанид, фидаксомицин, линезолид, фузидинска киселина и тигециклин. Потоа третман со пробиотици и фекална трансплатација и можностите за имунотерапија со вакцина, интравенозни хиперимуни глобулини и инактиватор на токсините (телевамер).

На крајот од воведот детално е опишан геномот на *C.difficile* и методите за типизирање. Наведени се 16 фенотипски и генотипски методи, а последната, која воедно е и призната за златен стандард, е ПВР-риботипизацијата. Со неа досега се дефинирани преку 100 риботипови. Риботипизацијата е главната метода кој е употребена во студијата во остварувањето на целта за молекуларна типизција на соевите изолирани во нашата земја.

**Воведот е коректно подготвен, со користење на податоци од современата медицина, и одејќи од општото кон посебното, нè воведува кон целта на испитувањето.**

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена „Материјал и методи“ и содржи 9 страници текст. Во неа се анализирани материјалите и методите на истражувањето кое е спроведено во периодот 01. 01. 2015-01. 01. 2019 на 1380 фекални примероци, добиени од пациенти суспектни за *C. difficile*-инфекција. На детекцијата на *C. Difficile,* како и на неговите токсини директно во фекалните примероци се надоврзува изолацијата на истата бактерија со користење на стандардни класични методи. Добиените изолати потоа се користени за испитување на нивната антимикробна осетливост кон најчесто користените антибиотици во терапија на *C. difficile*-инфекцијата, како и кон антибиотиците за кои е познато дека се моќни ризик-фактори за нејзино развивање. Целокупната обработка на примероците е изведувана во Лабораторијата за цревни инфекции при Институтот за микробиологија и паразитологија, при Медицинскиот факултет, УКИМ во Скопје, освен типизирањето на добиените изолати на *C. difficile* кое е направено во Националната лабораторија за здравје, околина и храна во Марибор, Словенија. За целокупната обработка на фекалните примероци, како и на изолатите на *C. difficile,* дадени се детални описи на протоколите и наведена е користената апаратура и методологија: CCFA агар (Oxoid, UK); VITEK 2 Compact (Biomerieux, Франција); GDH (Mascia Brunelli, Италија); *C. difficile* токсини А/Б (Mascia Brunelli, Италија); Е-тестови (Biomerieux, Франција) за 8 антибиотици, агарозен гел (Bio-Rad, USA), прајмери опишани од Bidet и сор., биокамера (BioDocAnalyze Darkhood, Analytik Jena, Германија), софтвер за анализа (BioNumerics, Applied Maths,Франција).

**Оваа глава завршува со опис на статистичките методи употребени за анализа на добиените резултати, а за чија цел биле користени: Pearson Chi Square test, Yates corrected, Fischer exact тест и Fisher Feemen Halton exact тест, Mann-Whitney U test, Kruskal-Wallis H test, Difference test. Користен е програмот SPSS software package, version 22.0 for Windows. Нивото на значајност е одредувано како P< 0,05.**

**Втората глава** ги прикажува резултатите од трудот на 46 страници, во 412 табели и 22 графика. Најнапред се изнесени резултатите кои се однесуваат на застапеноста на *C. difficile* во испитуваните примероци, на што се надоврзува процентот на лабораториски дијагностицирана *C. difficile*-инфекција. Прикажана е дистрибуцијата на добиените изолати на *C. difficile* според местото од каде што се испратени примероците, според полот и возраста на пациентите, според присуството на *C. difficile* токсините А/Б, како во фекалните примероци така и во културата. Прикажани се добиените риботипови на *C. difficile,* како и нивната осетливост, т.е. резистенција кон испитуваните антибиотици.

**Третата глава** се однесува на дискусијата во однос на резултатите од трудот и споредбата со резултатите на други истражувачи. Изложена на 15 страници. Се споредува и се дискутира застапеноста на *C. difficile* според потеклото на сојот, возраста и полот, како и според токсичноста, антимикробната осетливост и риботиповите. Во однос на најдобрата дијагностика на CDI, според Здружението на клиничките микробиолози и инфектолози

на Европа (ESCMID), нагласено е дека не е доволен само еден тест, туку комбинација на неколку тестови. Врз база на овој став, со цел за рационална дијагностика, презентиран е алгоритам  кој почнува со прв чекор, тест на сензитивност со 99%. Само позитивните се обработуваат понатаму во втор чекор, но сега со тест со висока специфичност. При негативен резултат со овој тест, се изведува култура или молекуларен тест во третиот чекор. Друг алгоритам, според кој е работена и оваа студија, е почеток со два сензитивни теста, и истражувањето се продолжува само ако едниот тест е позитивен, а другиот негативен. Најчестиот риботип кој доминира убедливо кај нас, 001/072, 40% од сите риботипови, е втор по честота во Европа, со 11% во однос на сите останати риботипови, по риботипот 027 со 19%. Риботипот 001/072 е доминантен и во Бугарија, Шпанија, Финска и Словачка. Во продолжение се дискутира осетливоста на соевите, а особено се нагласува податокот што кај нас, за среќа, иако сме регион со мултирезистентни бактерии, сепак до сега не е пронајден сој на *C. difficile* резистентен кон метронидзаол и ванкомицин. Осетливост кон другите антибиотици не се разликува многу во однос на онаа во другите земји.

**Во заклучните согледувања** извлечени се 17 заклучоци, од кои позначајни и групирани за потреба на овој извештај се следниве:

1. Лабораториското дијагностицирање на CDI треба да се заснова на дводелниот алгоритам кој вклучува детекција на ГДХ и на токсините А и Б на *C.difficile,* директно во фекалните примероци. Дополнителното испитување на токсините од културата на *C. difficile* незначително го намалува бројот (%) на лажно негативните резултати.
2. Кај 93% од токсогените изолати биле докажани и двата токсина (А и Б), а кај 7% само токсинот Б. Присуство на токсин А, без присуство на токсин Б не било докажано кај ниту еден изолат.
3.Риботипизацијата на сите 80 изолати на *C. difficile* покажала дека тие припаѓаат на 20 различни риботипови. Доминантен риботип бил 001/072, на кој припаднале 32 (40%) од изолатите. Најголем број од изолатите од риботипот 001/072 потекнувале од пациенти кои биле хоспитализирани на хируршките клиники.  Присуството на риботипот 001/072 на хируршките клиники било за 3,69, 16 и 10,6 пати поголемо во однос на интерните клиники, Клиниката за детски болести и на Клиниката за инфективни болести, следствено.
4. Двата токсина (А и Б) биле докажани кај сите изолати од сите риботипови, со исклучок на сите изолати од риботипот 017, каде што бил докажан само токсинот Б и сите изолати од риботиповите SLO 046 и SLO 047 кои биле нетоксогени.
5. Сите осумдесет изолати на *C.difficile* во оваа студија покажале добра осетливост кон ванкомицин и метронидазол, што значи дека овие антибиотици би требало да останат прва опција за терапија на CDI. Процентите на резистенција на изолатите на *C.difficile* кон тетрациклин, клиндамицин, еритромицин, имипенем, ципрофлоксацин и моксифлоксацин биле: 1,25%, 49%, 55%, 57 %, 100% и 45% соодветно. Ова укажува дека терапијата со овие антибиотици (со исклучок на тетрациклинот) може да се смета за ризик-фактор за добивање на CDI. Посебно висок ризик има кај пациентите кои примаат ципрофлоксацин.
6. Горенаведените резултати укажуваат на постоење поврзаност помеѓу риботиповите и антибиотската резистенција кај *C. difficile.* Стекнувањето на резистенција кон антибиотици е еден од главните фактори за дистрибуцијата и движењето на риботиповите, пред сè во болничката средина, но и за појавата на нови типови. Следењето на овие генотипски и фенотипски карактеристики на изолатите може да биде од големо епидемиолошко значење.

**Предмет на истражување**

Главен мотив за изработка на трудот се оскудните податоци за застапеноста и дистрибуцијата на CDI во нашата земја, антимикробната осетливост на бактеријата, како и за најчестите риботипови. Би се добиле почетни резултати за постоење или не на резистенција кон метронидазол и ванкомицин (веќе опишана и детектирана во Европа),

за најчестите риботипови кај нас и нивната поврзаност со потеклото на сојот, токсичноста и видот на токсинот и со антимикробната осетливост.

**Цели на трудот се следниве:**
1. да се испита застапеноста на *C. difficile* во примероци од пациенти суспектни за CDI;
2. да се одреди токсичноста на соевите и видот на токсините директно од примерокот и од пораснатите култури;
3. да се испита генотипската припадност на добиените изолати на. *C. difficile;*
4. да се одреди антимикробната осетливост на соевите на *C. difficile* кон клинички значајните антимикробни средства, како и кон антибиотици кои се сметаат за најзначаен ризик-фактор за развивање на оваа инфекција;
5. да се испита фенотипската и генотипската поврзаност меѓу добиените изолати на *C. difficile*, врз база на токсичноста и видот на токсинот, антибиотската осетливост/резистенција кон повеќе антимикробни агенси и постоењето на одредени риботипови.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Антибиотик-асоциранаата дијареа и најтешките компликации од неа: псевдомембранозен колитис, фулминантен колитис, токсичен мегаколон, перфорација на колонот и перитонитис, се детално опишани, бидејќи смртноста од овие компикации е висока. Релапсот кај CDI е доста чест и изнесува 7-35%. Како ризик-фактори за развиток на CDI се наведени и анализирани: антибиотската терапија, инхибиторите на протонската пумпа, возраста, престој во болница и имуниот одгвор. Оваа болест е најчеста причина за нозокомијална дијареа во развиените земји, а посебно процентот на CDI се зголемува од 2003 година наваму, пред сѐ поврзано со појавата и ширењето на повирулентниот риботип 027. Во минатата деценија, во Европа и во Северна Америка се воспоставени системи, мрежи и групи за следење на CDI и подигнување на свесноста за овој многу важен јавноздравствен проблем, пред сѐ во болниците. Од особена важност се дијагностичките постапки, особено лабораториските, одредување на токсините А и Б, култивирањето и молекуларните методи. Големо епидемиолошко значење имаат методите на типизација на соевите, посебно одредувањето на риботиповите.

**Краток опис на применетите методи**

Трудот е дизајниран како ретроспективно-проспективна студија во која се вклучени 80 изолати на *C. difficile* кои потекнуваат од хоспитализирани пациенти со клинички симптоми на CDI, упатени од различни клиники при Универзитетскиот клинички комплекс “Мајка Тереза”, и од амбулантите во Скопје. Наведени се критериумите за вклучување или исклучување на соевите во и од студијата. Соевите се чувани во Феликсов длабок агар и на памучен брис (како спори) на собна температура за понатамошни испитувања. За секој сој се водела документација за неговото потекло (пол и возраст на пациентот, клиника или амбуланта). Во продолжение, детално се опишани техниките за изведување на следниве методи: кутивирање, идентификација на изолатите со автоматизиран систем, VITEK 2 Compact, имунохроматографско одредување на глутамат дехидрогеназа антиген во фецес, детектирање на токсините А и Б поодделно, директно од фекален примерок и од култура, со брз имунохроматографски тест, испитување на антибиотскта осетливост со Е-тест и ПВР риботипизација. Антибиотската осетливост е испитувана со одредување на минимални инхибиторни концентрации кон следниве антимикробни средства: метронидазол и ванкомицин, како главни лекови за третман на CDI и клиндамицин, ципрофлоксацин, моксифлоксацин, еритромицин, тетрациклин и имипенем, како главни ризик-фактори за појава на CDI. Методата риботипизација е изведена во Националната лабораторија за здравје, околина и храна, во Марибор, Словенија, а останатите методи во Лабораторијата за цревни инфекции при Институтот за микробиологија и паразитологија, Медицински факултет, УКИМ, Скопје.

**Во испитувањето се употребени следниве статистички методи: Pearson Chi Square test, Yates corrected, Fischer exact тест и Fisher Feemen**

**Halton exact тест, Mann-Whitney U test, Kruskal-Wallis H test, Difference test. Користен е програмот SPSS software package, version 22.0 for Windows. Нивото на значајност е одредувано како P< 0,05.**

Краток опис на резултатите од истражувањето

Од 1380 примероци, испратени во период 4 години (2015-2019), изолирани биле 182 соеви на *C. difficile* (13%). Најголем број на примероци, 32%, потекнувале од Клиниката за инфективни болести, 30% од Клиниката за детски болести, 19% од интерните клиники, 5% од хируршките клиники и 14% од остантатите клиники и амбуланти. Процентите на позитивни наоди се движеле од 31,4% на хируршките клиники, до 1,7% на Клиниката за детски болести. Од 182 изолати, селектирани биле 80 за понатамошни испитувања, според претходно наведените критериуми за исклучување од студијата. Анализата за застапеноста на *C. difficile* според возраста и полот, не покажала сигнификантна асоцијација. Најголем број од пациентите биле на возраст над 60 години. Во однос на местото од каде е испратен примерокот, 31 (38,8%) потекнувале од интерните клиники, а 22 (27,5%) од хируршките клиники. Од остантите, бројот бил 10 или помал.

Во однос на токсичноста на соевите, директно од фекален примерок, 14 соеви биле нетоксични, кај 61 биле најдени двата токсина, А и Б, а кај 5 бил најден само Б. Од култура, бројот на токсичните соеви изнесувал 74, од кои 69 ги содржеле двата токсина, а 5 соеви го содржеле само токсинот Б. Нетоксични биле 6 соеви. Иако од кутура се докажани поголем број на соеви со токсин, 74, во однос на директната детекција од фекален примерок, 66, оваа разлика не била статистички значајна. Анализата на токсичноста на изолатите во однос на пол и возраст, не покажала сигинификантна асоцијација, освен во случајот кај мажите во однос на жените, и тоа само од тестот изработен директно од фекален примерок.

Со риботипизацијата, биле докажани 20 различни риботипови, од кои 32 (40%), припаѓале на риботипот 001/072, 10 на 014/020, по 5 на риботиповите 002, 017, 027, по 3 на 005, 225/258, SLO 046, SLO 047 и по 1 од остантите 11 риботипови. Во однос на анализата според возраст и пол, не е најдена статистичка значајност во нивната дистрибуција. Во однос на токсичноста, интересен е податокот дека сите 5 соеви со риботипот 017, го лачеле токсинот Б, односно другите риботипови или ги лачеле двата токсина, или биле нетоксични. Во однос на поврзаноста на риботипот на соевите со нивното потекло, најдена е сигинификантна разлика во однос на типот 001/072 и останатите риботипови. Овој риботип е за 3,7, за 10, 7 и за 16 пати е почест кај изолатите со потекло од хируршките клиники во однос на интерните клиники, Клиниката за инфективни болести и Клиниката за детски болести, следователно.

Осетливоста на соевите кон ванкомицин и метронидазол изнесувала 100%. 3 соеви биле интермедиерно осетливи кон тертрациклин, а 1 резистентен. 39 соеви биле резистентни кон клиндамицин, а 21 бил интермедиерно осетлив. 44 соеви биле резистентни кон еритромицин, а кон имипенем 46 биле резистентни, а 13 интермедиерно осетливи, односно само 21 биле осетливи. Сите соеви биле резистентни кон ципрофлоксацин, а кон моксифлоксацин, 36 биле резистентни и еден бил интермедиерно осетлив. Во продолжение е прикажана осетливоста на соевите со риботипови детектирани во 5 или повеќе изолати, како и анализа на осетливоста на риботипот 001/072 (32 изолати) и сите останати прикажани како група (48 изолати) според потеклото на соевите. Со статистичка анализа, докажано е дека осетливоста кон еритромицин и моксифлоксацин сигнификантно се зголемува со припадноста на риботипот во групата на други риботипови, односно се намалува во изолатите од типот 001/072. Разликите во однос на осетливоста на риботипот 001/072 и другите риботипови кон останатите антибиотици била статистички незначајна. На крајот е анализирана и поврзаноста на антибиотската осетливост на изолатите со возраста на пациентот од кој се изолирани. Со зголемување на возраста несигнификантно се намалува осетливоста кон антибиотици.

Изводокот, напишан на 1,5 страница, коректно е преведен на англиски јазик, и претставува резиме на студијата. Вклучени се 4 клучни зборови: *Clostridioides difficile* инфекција, *C. difficile*, антибиотска осетливост, риботипизација.

Комисијата имаше неколку сугестии и забелешки, кои во согласност со кандидатот и менторот беа во целост прифатени и коригирани.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација со наслов „Идентификација, антимикробна осетливост и молекуларна типизација на *Clostridioides difficile* “, од кандидатот ас. д-р Кирил Михајлов, претставува истражување во базичната медицина/медицинска микробологија. Докторската дисертација обработува еден многу актуелен проблем, кој е предмет на огромен број на студии во светот за влијанието на нормалата микрофлора врз голем опсег на аспекти врз човековото здравје. Морбидитетот и високиот мораталитет, како резултат на нејзината редукција, на сметка на размножувањето на токсичниот *Clostridioides difficile*, е еден од најголемите докази дека човечкиот микробиом е од витално значење. Резултатите од оваа студија даваат податоци за застапеноста на оваа бактерија кај нас, за нејзината токсичност и антимикробна осетливост. Посебен белег на оваа студија се риботиповите, значајни за епидемиолошки студии, како и за пополнување на мапата на риботипови во Европа, посебно на Балканот. Целите се јасни и подредени по логичен редослед. Бројот на соевите кои се користат во студијата е репрезентативен, а методите се јасно опишани и се лесно репродуцибилни. Резултатите се прикажани реално, јасно, без потценување или преценување на некои податок. Дискусијата и заклучоците се изведени од резултатите на трудот, и се во врска со целите на студијата.

Докторската дисертација со наслов „Идентификација, антимикробна осетливост и молекуларна типизација на *Clostridioides difficile“*, од кандидатот ас. д-р Кирил Михајлов, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[5]. Mihajlov K, Trajkovska Dokic E. Raising Awareness of *Clostridium Difficile* Infection and Its Prevalence in Hospitalized Patients; Phisioacta 2018 : vol 12 N.3; 11-18.

[6]. Mihajlov K, Andreska A, Ristovska N, Grdanoska T, Trajkovska-Dokic E. Distribution of *Clostridium Difficile* Ribotypes in Macedonian Patients and their Antimicrobial Susceptibility. Open Access Maced J Med Sci. 2019 Jun 30; 7(12):1896-1899.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придонеси на кандидатот се: увид во застапеноста на CDI во скопскиот регион, проценка за корисноста на одредување на токсинот директно од примерок, можностите за епидемиолошко мапирање на риботиповите и следење на антимикробната осетливост на соевите на *C.difficile*.

Подрачјето на примена е: оптимизирање на лабораториската дијагностика на *C.difficile* инфекцијата. Ограничувањата се во недостиг на финансиски ресурси на болниците за да испраќаат примероци за овој тип испитувања.

Можните понатамошни истражувања се: воведување на риботипизацијата на изолатите во Македонија, проценка на најдобриот алгоритам за дијагностика на оваа состојба адаптирана на нашите домашни можности.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација со наслов „Идентификација, антимикробна осетливост и молекуларна типизација на *Clostridioides difficile*“, од кандидатот ас. д-р Кирил Михајлов.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Никола Пановски, претседател с.р.**
**Проф. д-р Елена Трајковска Докиќ, ментор с.р.**
**Проф. д-р Милена Петровска, член с.р.**
**Проф. д-р Снежана Стојковска, член с.р.**
**Проф. д-р Весна Велиќ Стефановска, член с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот |
|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | |
| 1. | Д-р Розјана Николова Јанева | "Улогата на абнормалната вагинална флора и должината на цервикалниот канал како предиктори на исходот на бременоста" | „The role of the abnormal vaginal flora and the length of the cervix as predictors of pregnancy outcome “ | Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска |

# П Р Е Г Л Е Д

## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ/ИНСТИТУТ

### 1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Катерина Маркоска | "Уринарни протеомски биомаркери асоцирани со подобрување на проценетата гломеруларна филтрациска рата (пГФР) кај пациенти со хронична бубрежна болест (ХББ)" | „Urinary proteomic biomarkers associated with improvement in estimated Glomerular Filtration Rate (eGFR) in patients with Chronic Kidney Disease (CKD)“ | Проф. д-р Харалд Мишак | 25.02.2020 0905-865/14 |
| 2. | *Анжелика Караџова Стојаноска* | "Можни предиктори за одговор на терапија и токсичност при третман со метотрексат кај ревматоиден артритис" | „Possible predictors of response to therapy and toxicity during methotrexate treatment in rheumatoid arthritis“ | Проф. д-р Соња Генадиева Ставриќ | 25.02.2020 0905-865/15 |
| 3. | *Димитар Вељановски* | "Ефективноста на перирадикуларната терапија водена со компјутеризирана томографија кај пациенти со хронична лумбална болка и радикулопатија" | „Efficiency of CT guided periradicular therapy in patients with chronic lumbal pain and radiculopathy“ | Проф. д-р Дијана Никодијевиќ | 25.02.2020 0905-865/16 |
| 4. | *Билјана Костовска* | "Компарација на параметрите на видната острина и диоптријска јачина по оперативен третман на средна до висока миопија со примена на ласер ин ситу кератомилеуза и имплантација на факични леќи" | „Comparison of visual acuity patameters and dioptric level after surgical treatment of moderate to high myopia with laser in situ keratomileuzis and phakic lensis“ | Проф. д-р Јасмина Плунцевиќ Глигоровска | 25.02.2020 0905-865/17 |
| 5. | *Жанита Јовановска Спасова* | "Презервација VS елективна дисекција на илиоингвиналниот нерв кај ингвинална херниопластика по методата на Lichtenstein со употреба на полипропилен меш" | „Preservation VS elective dissection of the ilioinguinal nerve in inguinal hernioplasty following the Lichtenstein method by using polypropylene mesh“ | Проф. д-р Маја Сланинка Мицеска | 25.02.2020 0905-865/18 |
| 6. | *Гани Чеку* | "Споредба на ендоскопскиот наспроти отворениот хируршки пристап во третманот на везикоуретералниот рефлукс" | „Comparison of the endoscopic method versus open surgery of the vesicoureteral reflux“ | Проф. д-р Миле Петровски | 25.02.2020 0905-865/19 |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗАИЗБОРНА НАСТАВНИК ВОСИТЕНАСТАВНО-НАУЧНИЗВАЊАВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: (1) РАЗВОЈНА ПСИХОЛОГИЈА, ПО ПРЕДМЕТОТРАЗВОЈНА ПСИХОЛОГИЈА, ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПРЕДМЕТ НА ГРУПИТЕ ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА И ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ, НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, (2) ПСИХОЛОГИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТУВАЊЕ,ПО ПРЕДМЕТОТ ПЕДАГОШКА ПСИХОЛОГИЈА, ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПРЕДМЕТ НА ГРУПИТЕ ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА И ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ, НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, (3)ОПШТА ПСИХОЛОГИЈА, ПО ПРЕДМЕТОТ ПСИХИЧКИ ПРОЦЕСИ, ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТНА ГРУПИТЕ ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА И ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ, НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, И (4) ПСИХОЛОГИЈА НА ЛИЧНОСТА, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ПСИХОЛОГИЈА НА ЛИЧНОСТА, ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ НА ГРУПИТЕ ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА, ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ И БИБЛИОТЕКАРСТВО, НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК; ПСИХОЛОГИЈА НА ИНТЕЛИГЕНЦИЈАТА И УМСТВЕНИТЕ СПОСОБНОСТИ,ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ НА ГРУПАТА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА, НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК; ПСИХОЛОГИЈА НА ХУМАНИТЕ ОДНОСИ МЕЃУ ПОЛОВИТЕ,ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ НА ГРУПАТА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ, НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК; И ПСИХОЛОГИЈА НА ЛИЧНИОТ РАЗВОЈ, ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТНА ГРУПИТЕ ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА И ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ, НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, НАПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВОСКОПЈЕ

ВрзоснованаконкурсотнаУниверзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“,објавен вовесниците„Нова Македонија“и„Коха“од21/22. 12. 2019година,за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: (1) РАЗВОЈНА ПСИХОЛОГИЈА, по предметот Развојна психологија, задолжителен предмет на групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик, (2) ПСИХОЛОГИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТУВАЊЕ, по предметот Педагошка психологија, задолжителен предмет на групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик, (3) ОПШТА ПСИХОЛОГИЈА, по предметот Психички процеси, изборен предмет на групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик, и (4) ПСИХОЛОГИЈА НА ЛИЧНОСТА, по предметите: Психологија на личноста, изборен предмет на групите одделенска настава, предучилишно воспитание и библиотекарство, на македонски наставен јазик; Психологија на интелигенцијата и умствените способности, изборен предмет на групата одделенска настава, на македонски наставен јазик; Психологија на хуманите односи меѓу половите, изборен предмет на групата предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик; иПсихологија на личниот развој, изборен предмет на групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик, иврзоснованаОдлукатанаНаставно-научниотсовет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“,бр. 02-65/6,донесенана22.1.2020 година, формиранае Рецензентска комисија во состав:

д-р Зоран Стојановски, редовен професор во пензија на Филозофскиот факултет во Скопје, претседател;

д-рМирослава Николоска,редовен професор во пензијанаПедагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“во Скопје, член;

и

д-р Татјана Котева Мојсовска,редовен професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, член.

КакочленовинаРецензентскатакомисија, попрегледувањетонадоставенатадокументацијагоподнесувамеследниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Наобјавениотконкурсзаизборнанаставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: (1) развојна психологија, по предметот Развојна психологија, (2) психологија на образование и воспитување, по предметот Педагошка психологија, (3) општа психологија, по предметот Психички процеси, и (4) психологија на личноста, по предметите: Психологија на личноста, Психологија на интелигенцијата и умствените способности, Психологија на хуманите односи меѓу половите, и Психологија на личниот развој, вопредвидениотроксепријави д-р Зоран Михајловски.

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот д-рЗоран Михајловскиероден на 27.8.1963 година во Куманово. Средннообразованиезавршил во гимназијата „Гоце Делчев“ воКуманово, во 1982 година. Со високо образование се стекнал на Филозофскиот факултет во Скопје, на Институтот за психологија. Дипломирал во 1989година, со просечен успех 9,95.

Кандидатот течно зборува и пишува нaанглиски и делумно нафранцуски јазик.

Во учебната1996/1997сезапишалнавтор циклус (магистерски) студиина Филозофскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршил во 2000година, со просеченуспех 9,80. Во 2003година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Конативно-мотивациски особини на личноста и успехот кај ученици од средно музичко училиште“, под менторство на проф. д-р Зоран Стојановски.

Докторскадисертацијапријавил во 2006 година на Филозофскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема „Особини на личноста кај поединци професионално определени за музичка уметност“ јаодбранилна25.5.2010година, пред Комисија во состав: проф. д-р Виолета Арнаудова (ментор), проф. д-р Зоран Стојановски, проф. д-р Благоја Јанаков, проф. д-р Елена Ачковска Лешковска и проф. д-р Мирослава Николоска. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки во научната област психолошки науки.

На18.10.2010година е избран во звањетодоцентна Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, во областапсихолошки науки.На 30.6.2015 година е избран во звањето вонреден професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, во областа психолошки науки.

Во моментот е вонреден професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.1102 од 15 јуни 2015 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1102 од 2015 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот, во периодот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација од важност за изборот.

**НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ворамкитенанаставно-образовнатадејностнаУКИМ,Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, кандидатот д-рЗоран Михајловскиизведуванастава (предавања ивежби)напрвциклусстудиинастудиските програмиОдделенска настава, Предучилишно воспитание и Библиотекарство на македонски наставен јазик,на втор циклус студии на студиските програми Одделенска настава,Предучилишно воспитание и Библиотекарство, и на трет циклус студиина студиските програми Образование на наставници (за примарното образование) и Рано детско воспитание и образование.

Во назначениот временски период, кандидатот бил ментор на 4 дипломскитруда.

Кандидатот учествувал како членвокомисијазаоцена иодбрана на вкупно15 дипломски и на 5 магистерски труда.

*Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 1(член 2) од Посебните услови за избор во научно-наставно, научно и наставно-стручно звање, со точни називи, временски одредници и други релевантни податоци.*

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Д-р Зоран Михајловски, од последниот избор (2015) до денес, има објавено вкупно 11наслови на научни трудовиод научната област за која е избран, од кои 2 научни труда во научно списание со импакт-фактор (индексирани во базата на податоци Web of Science), а 8трудаво зборници од научни собири на кои зел учество.

Д-р Зоран Михајловскибил раководител во изготвувањето и реализацијата на1 националеннаучноистражувачки проект и на1 научноистражувачки проект во рамките на факултетските истражувачки активности.

Во назначениот период, д-р Зоран Михајловски бил ментор на 2 магистерски труда.

*Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 1 (член 3) од Посебните услови за избор во научно-наставно, научно и наставно-стручно звање, со точни називи, временски одредници и други релевантни податоци.*

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Д-р Зоран Михајловски билособено активен во подрачјето на стручно-апликативните дејностиод својата научно-стручна област.

Во периодот од последниот избор до денес реализирал:

5 рецензии на научноистражувачки трудови за потребите на референтно (со импакт-фактор) научно списание од странство, со меѓународен уредувачки одбор;

2 рецензии на научноистражувачки трудови за потребите на научно списание од странство,со меѓународен уредувачки одбор;

1 рецензија на авторезиме од докторски дисертации на универзитети во РМ;

Кандидатот д-р Зоран Михајловски бил член на организационите одбори на 3 меѓународни стручни собири, како имодератор на секција на 3 меѓународни стручни собири.

Особена активност кандидатот покажал во дејностите од поширок интерес. Во текот на целиот временски период од последниот избор, активно бил вклученво работата на стручни комисии и работни групи при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, и тоа:

- Одбор за соработка и доверба со јавноста (претседател во учебните 2015/16, 2016/17, 2017/18 и 2018/19 г.);
- Дисциплинска комисија (претседател во учебните2015/16, 2016/17, 2017/18, 2018/19 и 2019/20 г.);
- Комисија за јавни набавки (претседател или член, 2015-2017 г.);
- Комисија за самоевалуација (член во учебните 2015/16, 2016/17, 2017/18, 2018/19 и 2019/20 г.);
- Комисија за утврдување на списанија со импакт-фактор (2015 г.);
- член на редакциски одбор за изготвување на Информатор за втор циклус на студии за студиската програма библиотекарство (2015);
- член на работна група за изработка на Елаборат и Програма за работа на Центар за педагошки истражувања и анализи (2017 г.);
- член на тим за спроведување на функционална анализа на работењето на Педагошкиот факултет (2019 г.).

*Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 1 (член 5) од Посебните услови за избор во научно-наставно, научно и наставно-стручно звање, со точни називи, временски одредници и други релевантни податоци.*

ОЦЕНКА ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

Кандидатот д-р Зоран Михајловски, на самоевалуацијата за учебните 2015/16, 2016/17, 2017/18и 2018/19 година,има добиено висока просечна оценка (9,22) од анонимно спроведената анкета на студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката истручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Зоран Михајловски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Зоран Михајловски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставно-стручни звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професорво научните области:развојна психологија, психологија на образование и воспитување, општа психологија и психологија на личноста.

Според претходноизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, д-р Зоран Михајловски да биде избран во звањето **редовен професор**во наставно-научните области: развојна психологија, по предметот Развојна психологија, психологија на образование и воспитување, по предметот Педагошка психологија, општа психологија, по предметот Психички процеси, и психологија на личноста, по предметите: Психологија на личноста, Психологија на интелигенцијата и умствените способности, Психологија на хуманите односи меѓу половите и Психологија на личниот развој.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Зоран Стојановски, с.р.**
**Проф. д-р Мирослава Николоска, с.р.**
**Проф. д-р Татјана Котева Мојсовска, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО,НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:Зоран Ранко Михајловски**

**Институција:Педагошки факултет ,,Св. Климент Охридски", Скопје**

**Научна област:развојна психологија, психологија на образование и воспитување, општа психологија и психологија на личноста.**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус*<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,80<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: / | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област**: Развојна психологија.**Поле: Општествени науки.Подрачје:Психологија.<br>Назив на научната област: **Психологија на образование и воспитување.**Поле: Општествени науки.Подрачје:Психологија.<br>Назив на научната област: **Општа психологија.**Поле: Општествени науки.Подрачје:Психологија.<br>Назив на научната област: **Психологија на личноста.**Поле: Општествени науки.Подрачје:Психологија. | |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1.Назив на научното списание: Croatian Journal of Education<br>2.Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Наслов на трудот: *"Musician as a Distinctive Personality Structure – Yes or No?"* | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 4. Година на објава: 2016<br><br>1. Назив на научното списание: Croatian Journal of Education<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Наслов на трудот:*“Musician from a Developmental Perspective”*<br>4. Година на објава: 2017 | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1. Назив на зборникот: Proceedings of The 10th IBES<br>2. Назив на меѓународниот собир: The 10th International Balkan Education and Science Conference: Education and Globalization<br>3. Имиња на земјите: Croatia, Bulgaria, Turkey, Macedonia<br>4. Наслов на трудот:*“Parents’ Personality as a Factor of Aggressiveness of Eight Grade Pupils”*<br>5. Година на објава: 2015<br><br>1. Назив на зборникот: Proceedings of The 11th IBES<br>2. Назив на меѓународниот собир: The 11thInternational Balkan Education and Science Conference: The Future of Education and Education for the Future<br>3. Имиња на земјите: Croatia, Bulgaria, Turkey, Macedonia<br>4. Наслов на трудот:*“Intelligence, Self-Esteem and Physical Attractiveness in Students of Preschool and Primary Education”*<br>5. Година на објава: 2016<br><br>1. Назив на зборникот: Proceedings of The 12th IBES<br>2. Назив на меѓународниот собир: The 12th international Balkan Education and Science Conference: Education for Life, Work and Well-being<br>3. Имиња на земјите: Croatia, Bulgaria, Turkey, Macedonia<br>4. Наслов на трудот:*“Do Future Teachers Demographic Characteristics Influence Their Attitudes about the Nature, Learning and Achievement in Mathematics?”*<br>5. Година на објава: 2017<br><br>1. Назив на зборникот: Proceedings of The 13th IBES<br>2. Назив на меѓународниот собир: The 13th international Balkan Education and Science Conference<br>3. Имиња на земјите: Croatia, Bulgaria, Turkey, Macedonia<br>4. Наслов на трудот:*“Prospective Teachers’ Demographic Characteristics and Their Beliefs about Their Preparedness to Teach Mathematics”*<br>5. Година на објава: 2018 | |

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 15.6.2015, број 1102 | да |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Републиа Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

**За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните трудови ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Зоран Стојановски, с.р.**
**Проф. д-р Мирослава Николоска, с.р.**
**Проф. д-р Татјана Котева Мојсовска, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Зоран Ранко Михајловски**

**Институција:Педагошки факултет ,,Св. Климент Охридски”, Скопје**

**Научна област:развојна психологија, психологија на образование и воспитување, општа психологија и психологија на личноста.**
**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Настава прв циклус студии: *204 ЗПОН Педагошка психологија.* Одделенска настава(3+2), задолжителен предмет. Учебни години: 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020. *Предавања:* (3x15x0,04) x 5 семестри = 9 | 9 |
| 2. | Настава прв циклус студии: *204 ЗПОН Педагошка психологија.* Одделенска настава(3+2), задолжителен предмет.Учебни години: 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020. *Вежби:* (2x15x0,03) x 5 семестри = 4,5 | 4,5 |
| 3. | Настава прв циклус студии: *114 ЗПОН Развојна психологија.* Одделенска настава(4+2), задолжителен предмет. Учебни години: 2017/2018, 2018/2019. *Предавања:* (4x15x0,04) x 2 семестри = 4,8 | 4,8 |
| 4. | Настава прв циклус студии: *114 ЗПОН Развојна психологија.* Одделенска настава(4+2), задолжителен предмет. Учебни години: 2017/2018, 2018/2019. *Вежби:* (2x15x0,03) x 2 семестри = 1,8 | 1,8 |
| 5. | Настава прв циклус студии: *106ИПОН Психологија на личноста.* Одделенска настава (2+1), изборен предмет. Учебни години: 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020. *Предавања:* (2x15x0,04) x 3 семестри = 3,6 | 3,6 |
| 6. | Настава прв циклус студии: *106 ИПОНПсихологија на личноста.* Одделенска настава (2+1), изборен предмет. Учебни години: 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020. *Вежби:* (1x15x0,03) x 3 семестри = 1,35 | 1,35 |
| 7. | Настава прв циклус студии: *215ИПОНПсихологија на интелигенцијата и умствените способности*. Одделенска настава (2+1), изборен предмет. Учебни години: 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019. *Предавања:* (2x15x0,04) x 4 семестри = 4,8 | 4,8 |
| 8. | Настава прв циклус студии: *215ИПОН Психологија на интелигенцијата и умствените способности*. Одделенска настава (2+1), изборен предмет. Учебни години: 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019. *Вежби:* (1x15x0,03) x 4 семестри = 1,8 | 1,8 |
| 9 | Настава прв циклус студии: *107 ИПОН Психички процеси.* Одделенска настава(2+1), изборен предмет. Учебни години: 2015/2016, 2016/2017. *Предавања:* (2x15x0,04) x 2 семестри = 2,4 | 2,4 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 10. | Настава прв циклус студии: *107 ИПОН Психички процеси.* Одделенска настава (2+1), изборен предмет. Учебни години: 2015/2016, 2016/2017.<br>*Вежби:* (1x15x0,03) x 2 семестри = 0,9 | 0,9 |
| 11. | Настава прв циклус студии: *208 ЗППВ Педагошка психологија.*Предучилишно воспитание(3+2), задолжителен предмет. Учебни години: 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019.<br>*Предавања:* (3x15x0,04) x 4 семестри = 7,2 | 7,2 |
| 12. | Настава прв циклус студии: *208 ЗППВ Педагошка психологија.*Предучилишно воспитание(3+2), задолжителен предмет. Учебни години: 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019.<br>*Вежби:* (2x15x0,03) x 4 семестри = 3,6 | 3,6 |
| 13. | Настава прв циклус студии: *203 ЗППВРазвојна психологија.*Предучилишно воспитание(4+2), задолжителен предмет. Учебни години: 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020.<br>*Предавања:* (4x15x0,04) x 3 семестри = 7,2 | 7,2 |
| 14. | Настава прв циклус студии: *203 ЗППВРазвојна психологија.*Предучилишно воспитание(4+2), задолжителен предмет. Учебни години: 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020.<br>*Вежби:* (2x15x0,03) x 3 семестри = 2,7 | 2,7 |
| 15. | Настава прв циклус студии: *105ИППВ Психологија на личноста.* Предучилишно воспитание(2+1), изборен предмет. Учебни години: 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020.<br>*Предавања:* (2x15x0,04) x 3 семестри = 3,6 | 3,6 |
| 16. | Настава прв циклус студии: *105 ИППВ Психологија на личноста.* Предучилишно воспитание(2+1), изборен предмет. Учебни години: 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020.<br>*Вежби:* (1x15x0,03) x 3 семестри = 1,35 | 1,35 |
| 17. | Настава прв циклус студии: *217 ИППВ Психологија на хуманите односи меѓу половите.* Предучилишно воспитание(2+1), изборен предмет. Учебни години: 2015/2016, 2016/2017.<br>*Предавања:* (2x15x0,04) x 2 семестри = 2,4 | 2,4 |
| 18. | Настава прв циклус студии: *217 ИППВПсихологија на хуманите односи меѓу половите.* Предучилишно воспитание(2+1), изборен предмет.Учебни години: 2015/2016, 2016/2017.<br>*Вежби:* (1x15x0,03) x 2 семестри = 0,9 | 0,9 |
| 19. | Настава прв циклус студии: *106 ИППВ Психички процеси.*Предучилишно воспитание(2+1), изборен предмет. Учебни години: 2015/2016, 2016/2017.<br>*Предавања:* (2x15x0,04) x 2 семестри = 2,4 | 2,4 |
| 20. | Настава прв циклус студии: *106 ИППВ Психички процеси.*Предучилишно воспитание(2+1), изборен предмет. Учебни години: 2015/2016, 2016/2017.<br>*Вежби:* (1x15x0,03) x 2 семестри = 0,9 | 0,9 |
| 21. | Настава прв циклус студии: *ИПБ 106м Психологија на личноста.* Библиотекарство(2+1), изборен предмет.Учебни години: 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020.<br>*Предавања:* (2x15x0,04) x 5 семестри (2012-2014) = 6 | 6 |
| 22. | Настава прв циклус студии: *ИПБ 106м Психологија на личноста.* Библиотекарство(2+1), изборен предмет. Учебни години: 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020. | 2,25 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | *Вежби:* (1x15x0,03) x 5 семестри = 2,25 | |
| 23. | Настава прв циклус студии (ангажиран професор): *ФЛУ-13-ПС-1 Психологија 1*. Факултет за ликовни уметности, сите насоки (2+0), задолжителен или изборен предмет (според насоката).Учебни години: 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020. *Предавања:* (2x15x0,04) x 5 семестри = 6 | 6 |
| 24. | Настава прв циклус студии (ангажиран професор): *ФЛУ-13-ПС-2 Психологија 2*. Факултет за ликовни уметности, сите насоки (2+0), задолжителен или изборен предмет (според насоката).Учебни години: 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019. *Предавања:* (2x15x0,04) x 4 семестри = 4,8 | 4,8 |
| 25. | Педагошка доквалификација: *Психологија*. Задолжителен предмет. Учебни години: 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020. | 3,0 |
| 26. | Ментор на дипломска работа: 4x0,2 | 0,8 |
| 27. | Член на комисија за одбрана на дипломска работа: 15x0,1 | 1,5 |
| 28. | Консултации со студенти (9 семестри) ПФСКО | 2,7 |
| 29. | Консултации со студенти (9 семестри) ФЛУ | 0,45 |
| 30. | Настава втор циклус студии: *Група и групна динамика*. Задолжителен предмет. Предучилишно воспитание. Учебни години: 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020. | 4,5 |
| 31. | Настава втор циклус студии: *Конструирање и оценување со тестови на знаење*. Изборен предмет. Одделенска настава. Учебни години: 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020. | 4,5 |
| 32. | Настава втор циклус студии: *Психологија на учењето*. Изборен предмет. Одделенска настава, предучилишно воспитание. Учебни години: 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020. | 4,5 |
| 33. | Настава втор циклус студии: *Основи на инференцијалната статистика*. Изборен предмет. Библиотекарство Учебни години: 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020. | 4,5 |
| 34. | Член на комисија за оценка на магистерскаработа (5x0,3) | 1,5 |
| 35. | Член на комисија за одбрана на магистерскаработа (5x0,3) | 1,5 |
| 36. | Настава трет циклус студии,листа на Предмети за стекнување на генерички знаења и вештини за истражување: *Мултидисциплинарни истражувачки приоди во образованието*. Изборен предмет. Учебни години: 2018/2019. | 2 |
| 37. | Настава трет циклус студии,потпрограма Образование за наставници (за примарното образование) во подрачјето на општествените науки: *Когнитивен развој*. Изборен предмет. Учебни години: 2018/2019. | 2 |
| 38. | Настава трет циклус студии,потпрограма Образование за наставници (за примарното образование) во подрачјето на општествените науки: *Психологија на учењето, помнењето и мислењето*. Изборен предмет. Учебни години: 2018/2019. | 2 |
| 39. | Настава трет циклус студии,потпрограма Образование за наставници (за примарното образование) во подрачјето на општествените науки: *Половите разлики во когнитивните способности*. Изборен предмет. Учебни години: 2018/2019. | 2 |
| | **Вкупно** | **123,70** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на магистерска работа: *Очекувања од идната професија, преферирани стилови на живот и академските достигања кај студентите од педагошки факултет*. Кандидат: Беким Мамути, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје (2015). | 2 |
| 2. | Ментор на магистерска работа: *Употребата на Фејсбук како функција на себепочитувањето, емоционалната зрелост и математичкото заклучување*. Кандидат: Клементина Спасовска, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје (2019). | 2 |
| 3. | Раководител во изготвувањето и реализацијата на национален (финансиран од УКИМ) научноистражувачки проект, со наслов:*Интелектуалната способност, академските постигања и видот на студии кај студентите од УКИМ како можни фактори на навиките, преференциите и очекувањата во користењето на социјалните мрежи (2018).* | 6 |
| 4. | Раководител во изготвувањето и реализацијата на интерен (финансиран од Педагошки факултет) научноистражувачки проект, со наслов:*Просоцијалното однесување и емоционалната зрелост како индикатори на преференциите и навиките во користењето на социјалните мрежи кај ученици од петто одделение (2019).* | 4 |
| 5. | Учесник во реализацијата на интерен (финансиран од Педагошки факултет) научноистражувачки проект, со наслов*Трендови во уверувањата на идните одделенски наставници и воспитувачи за природата на знаењата, учењето и поучувањето математика*. Раководител на проектот: проф. д-р Слаѓана Јакимовиќ (2018). | 2 |
| 6. | Труд со оригинални научни резултати, презентиран (реферат) и објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br>Zoran Mihajlovski (2015). *Parents’ Personality as a Factor of Aggressiveness of Eighth Grade Pupils*. The 10$^{th}$ International Balkan Congress of education and science: Education and Globalization. Pedagogic faculty “St. KlimentOhridski” – Skopje. Ohrid, September 17-19$^{th}$, 2015.<br>2 (реферат) + 3 (зборник, интегрален труд) = 5 | 5 |
| 7. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно(со импакт-фактор) научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:<br>Zoran Mihajlovski (2016). *Musician as a Distinctive Personality Structure – Yes or No?* Croatian Journal of Education (ISSN: 1848-5650). Vol. 18, Sp.Ed. No. 2/2016, pp.125-143.<br>8 (публикување) + 0,094 (импакт-фактор за 2016) = 8,094 | 8,094 |
| 8. | Труд со оригинални научни резултати, презентиран (реферат) и објавен во зборник на апстракти од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br>Zoran Mihajlovski(2016). *Emotional Warmth and Rejection as Parental Styles, Facebook Usage and Self-Esteem in Fifth-grade Pupils*. The 3$^{rd}$ International Conference “Education across Borders”. Education and Research across Time and Space. University St Clement of Ohrid, Bitola, Faculty of education. Bitola, October 6-7$^{th}$,2016.<br>2 (реферат) + 1 (зборник на апстракти) = 3 | 3 |
| 9. | Труд со оригинални научни резултати, презентиран (реферат) и објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: | 5 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | Zoran Mihajlovski, SlagjanaJakimovic, Svetlana Kamdzijas, Maja RaunikKirkov (2016). *Intelligence, Self-Esteem and Physical Attractiveness in Students of Preschool and Primary Education.* The 11$^{th}$ International Balkan Education and Science Conference: The Future of Education and Education for the Future. University of Zagreb, Faculty of teacher education. Poreč (Croatia), October 12-14$^{th}$,2016.<br>2 (реферат) + 3 (зборник, интегрален труд) = 5 | |
| 10. | Труд со оригинални научни резултати, презентиран (реферат) и објавен во зборник на апстракти од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br>Zoran Mihajlovski (2016). *Musical Temperament from a Developmental Perspective.* The 11$^{th}$ International Balkan Education and Science Conference: The Future of Education and Education for the Future. University of Zagreb, Faculty of teacher education. Poreč (Croatia), October 12-14$^{th}$,2016.<br>2 (реферат) + 3 (зборник, интегрален труд) = 5 | 5 |
| 11. | Труд со оригинални научни резултати, презентиран (реферат) и објавен во зборник на апстракти од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br>SlagjanaJakimovic, Vesna Nedanovska, Zoran Mihajlovski, PeceNedanovski (2016). *Picture Books in the Clasroom – Making Provisions for the Learning of Mathematics.* The 11$^{th}$ International Balkan Education and Science Conference: The Future of Education and Education for the Future. University of Zagreb, Faculty of teacher education. Poreč (Croatia), October 12-14$^{th}$,2016.<br>2 (реферат) + 3 (зборник, интегрален труд) = 5 | 5 |
| 12. | Труд со оригинални научни резултати, презентиран (реферат) и објавен во зборник на апстракти од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br>Teuta Rasimi, Zoran Mihajlovski (2017). *Level of Hearing Impairment of Children and Parents as a Factor of Semantic Skills in Children with Hearing Impairment.* The 5$^{th}$ Professional and Scientific Conference with international participation: News in Education and Rehabilitation of People with Disabilities in Development. Resource Center for Special Education, Belgrade, Serbia. Valjevo (Serbia), May 19-21$^{st}$, 2017.<br>2 (реферат) + 3 (зборник, интегрален труд) = 5 | 5 |
| 13. | Труд со оригинални научни резултати, презентиран (реферат) и објавен во зборник на апстракти од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br>Zoran Mihajlovski (2017). *Overprotection as Parental Style, Self-Esteem and Facebook Usage in Fifth-grade Pupils.* The 12$^{th}$ International Balkan Education and Science Congress: Education for Life, Work and Well-being. University of Stara Zagora, Faculty of Education. Nesebar (Bulgaria), September 28-30$^{th}$, 2017.<br>2 (реферат) + 3 (зборник, интегрален труд) = 5 | 5 |
| 14. | Труд со оригинални научни резултати, презентиран (реферат) и објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br>SlagjanaJakimovic, Zoran Mihajlovski (2017). *Do Future Teachers Demographic Characteristics Influence Their Attitudes about the Nature, Learning and Achievement in Mathematics?* The 12$^{th}$ International Balkan Education and Science Congress: Education for Live, Work and | 5 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | Well-being. University of Stara Zagora, Faculty of Education. Nesebar (Bulgaria), September 28-30th, 2017.<br>2 (реферат) + 3 (зборник, интегрален труд) = 5 | |
| 15. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно(со импакт-фактор) научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:<br>Zoran Mihajlovski (2017). *Musician from a Developmental Perspective.* Croatian Journal of Education (ISSN: 1848-5650). Vol. 19, Sp.Ed. No. 3/2017, pp.99-116.<br>8 (публикување) + 0,158 (импакт-фактор за 2017) = 8,158 | 8,158 |
| 16. | Труд со оригинални научни резултати, презентиран (реферат) и објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br>MetodiGlavche, SlagjanaJakimovik, Zoran Mihajlovski (2018). *Prospective Teachers' Demographic Characteristics and Their Beliefs about Their Preparedness to Teach Mathematics.* The 13th International Balkan Education and Science Congress: IBES 2018. Trakia University Faculty of Education. Edirne (Turkey), September 6-8th, 2018.<br>2 (реферат) + 3 (зборник, интегрален труд) = 5 | 5 |
| 17. | Труд со оригинални научни резултати, презентиран (реферат) на научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br>SlagjanaJakimovik, Vesna Nedanovska, Zoran Mihajlovski, PeceNedanovski (2019). *Picture Books in the Mathematical Classroom.* The 14th International Balkan Congress of education and science: Quality in Contemporary Educational Processes: Concepts, Strategies, Implementation, Evaluation. Pedagogic faculty "St. KlimentOhridski" – Skopje. Ohrid, September 7-9th, 2019.<br>2 (реферат) + 1 (зборник на апстракти) = 3 | 3 |
| 18. | Труд со оригинални научни резултати, презентиран (реферат) на научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br>AgronIljazi, Zoran Mihajlovski, ElizabetaBandilovska, LulzimAdemi, Emil Sulejmani (2019). *Colors as Value-Based Adjectives: Gender and Culture Perspectve.* The 14th International Balkan Congress of education and science: Quality in Contemporary Educational Processes: Concepts, Strategies, Implementation, Evaluation. Pedagogic faculty "St. KlimentOhridski" – Skopje. Ohrid, September 7-9th, 2019.<br>2 (реферат) + 1 (зборник на апстракти) = 3 | 3 |
| 19. | Труд со оригинални научни резултати, презентиран (реферат) на научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br>Nora Nimani Musa, Zoran Mihajlovski (2019). *Correlation between Elementary School Students' English Listening Skills and Their Attitudes, Interest and Motivation in Learning English.* The 14th International Balkan Congress of education and science: Quality in Contemporary Educational Processes: Concepts, Strategies, Implementation, Evaluation. Pedagogic faculty "St. KlimentOhridski" – Skopje. Ohrid, September 7-9th, 2019.<br>2 (реферат) + 1 (зборник на апстракти) = 3 | 3 |
| 20. | Стручен труд, презентиран (реферат) на научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br>AgronIljazi, Zoran Mihajlovski (2019). *Evaluation of Student's Knowledge and Achievement Level by Teacher Based on Bloom Taxonomy".* The 2nd International Scientific Conference. Faculty of Pedagogy, University of Tetovo. Tetovo, November 13-15th, 2019. | 2 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | **Вкупно** | **86,252** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Член на организациски одбор на меѓународен стручен собир: The 10th International Balkan Congress of education and science: Education and Globalization. Pedagogic faculty “St. KlimentOhridski” – Skopje. Ohrid, September 17-19th, 2015. | 1 |
| | - до три месеци - едномесечен престој при Европскиот универзитетски институт (European University Institute) во Фиренца, Италија (мај 2017 година);<br>- до три месеци – двонеделен престој на Правниот факултет на Универзитетот во Лувен, Белгија (јули 2018). | **2*0,5 =1** |
| | **Вкупно** | **11 поени** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **74,25 поени** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **104,13 поени** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **11 поени** |
| **Вкупно** | **189,38** |

**Членови на Комисијата,**

**Проф. д-р Сашо Георгиевски с.р.**
**Проф. д-р Татјана Петрушевска с.р.**
**Проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска с.р.**

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „СУДСКО ПРАВО “ ОД АВТОРИТЕ АКАДЕМИК ПРОФ. Д-Р ВЛАДО КАМБОВСКИ, ПРОФ. Д-Р БОБАН МИСОСКИ И ПРОФ. Д-Р ДИВНА ИЛИЌ ДИМОСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, бр. 02-123/8 од 3.2.2020, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Судско право“ од авторите: академик проф. д-р Владо Камбовски, проф. д-р Бобан Мисоски и проф. д-р Дивна Илиќ Димоски, наменет за студентите на Правниот факултет „Јустнијан Први“ во Скопје, за предметот Судско право, избрани се проф. д-р Љупчо Арнаудовски и проф. д-р Гордана Лажетиќ.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### V. ОПШТ ДЕЛ

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Судско право – второ изменето и дополнето издание |
| **Назив на предметната програма:** | Судско право |
| **Назив на студиската програма:** | Правни студии - втор циклус |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | **60 часа, 8 ЕКТС - кредити** |
| Предметот Судско право на Правниот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 5 неделно или вкупно 60 часови, број на ЕКТС-кредити 5 и се слуша во 8-миот семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | Второ издание (се разликува од претходното издание 30 %) |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 315 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 10 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи __/_ слики и _/__ табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Љупчо Арнаудовски с.р.**
**Проф. д-р Гордана Лажетиќ с.р.**

## VI. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ГОРДАНА ЛАЖЕТИЌ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Во првата глава од учебникот што носи наслов „Поим и предмет на судското право и науката за судско право“, се обработуваат општите проблеми што го воведуваат студентот во спецификите на материјата на судското право.<br>Во оваа глава е содржана теоретска експликација во однос на значењето на судското право како посебна научна дисциплина, како и предметот на судското право. Авторите на читателите им ја објаснуваат посебноста на судското право како научна дисциплина, притоа не пропуштајќи критички да се осврнат и кон теоретските стојалишта што го негираат субјективитетот на судското право како самостојна гранка на правото. Авторите истакнуваат дека при проучувањето на правните дисциплини не може да се заобиколи прашањето за нивната примена, односно наведуваат дека при проучувањето на позитивното право нужно е потребно да се согледа и улогата на судот, било тоа да е непосредно преку разгледувањето на правните гранки што го проучуваат постапувањето пред судот, било тоа да е посредно, односно преку проучувањето на правните гранки во чиј домен судот се јавува како последен механизам во случаите на исцрпување на предвидените правни механизми во рамките на другите субјекти или органи на управата што се проучуваат од страна на овие гранки на правото. Понатаму, во оваа глава авторите ги претставуваат и изворите на судското право пред сѐ, осврнувајќи се врз домашните и меѓународните позитивноправни извори со кои се уредуваат судовите и судската функција. Во последниот дел од оваа глава, авторите ги обработуваат начелата врз кои почива судското право, завршувајќи со констатацијата дека судското право претставува една млада, но самостојна научна дисциплина. Тие констатираат дека судското право ги исполнува сите услови за постоење на една наука, и тоа: самостоен предмет на проучување – систематско проучување на судот и неговата функција на пресудување и заштита на човековите слободи и права, а со тоа и остварување на правдата како врвен идеал кон кој се стреми секој правен систем; изградена методологија и посебни методи на истражување – преку догматско-правниот, социолошкиот, политолошкиот и методите на комуниколошките науки; и конечно, преку создавање на логичен и развиен категоријален |

| | |
|---|---|
| | систем на научни поими, меѓу кои се судот, судијата, судскиот систем, пресудувањето и донесувањето на судски одлуки.<br>2. Втората глава под едноставен наслов „Суд“ во себе ја инкорпорира генезата на судот како централна категорија во судското право. Така, во рамките на оваа глава, авторите најпрвин го прикажуваат судот во најстариот – античкиот период, за понатаму да продолжи со изнесување на основните карактеристики на судот како државен орган во рамките на римскиот период. Развитокот на судот во текот на средниот век е презентиран низ судските органи во текот на Отоманската Империја и, пред сè, на македонските народни судови и македонското обичајно право. Во рамките на оваа глава, авторите се занимаваат и со трансформацијата на судот по Француската буржоаска револуција во институција што е задолжена за заштита и остварување на основните човекови права и слободи, функција што во голема мера судот треба да ја има и во современите правни системи. Конечно, авторите во оваа глава се занимаваат и со современата поставеност на судот во рамките на правниот систем, пред сè разгледувајќи ја и улогата на судот како козаконодавец и остварувач на идејата за „исправно” право.<br>3. Третата глава насловена како „Судска власт и судска функција”, всушност, е делот во кој авторите го лоцираат судот како јавна служба на правдата, и ја допираат либерално демократската концепција за поделба на власта, при што го разгледуваат и односот помеѓу судот и останатите гранки на правниот систем.<br>Во рамките на оваа глава, авторите наведуваат дека, иако постои определен дуализам помеѓу поимите судска власт и судска функција, сепак потребно е во современите правни системи судската функција и судската власт сè повеќе да се приближат меѓу себе. Ова во насока дека иако судот претставува самостојна и независна власт во однос на законодавната и извршната власт, сепак судот претставува и врши и определена функција, а таа е примената на правото, такво какво што е. Токму затоа, судот мора да располага со инструменти за заштита на поединецот од законите со кои се засегаат и ограничуваат уставно загарантираните човекови слободи и права на поединецот, со што, всушност, судот во современите услови се трансформира во јавна служба на правдата. |

| | |
|---|---|
| | 4. Четвртата глава е посветена на судската заштита на човековите слободи и права, во којашто се наведува дека судот е институцијата задолжена за заштита на човековата слобода и на правата. Всушност, авторите во оваа прилика се определуваат за концепцијата на човековите права како природни права за чијашто заштита и нивно гарантирање се јавува судот преку својата функција за остварување на правата. Во рамките на оваа глава, авторите лоцираат и некои од основните т.н. современи права на човекот предвидени со Меѓународните стандарди, пред сè со Европската конвенција за основните човекови слободи и права, и тоа правото на правично судење, правото на независен и непристрасен суд, правото на избор на “природен” судија и правото на судење во разумен рок. Конечно, се осврнуваат и врз уставно-судската заштита на човековите слободи и права, правилно лоцирајќи ја дејноста на уставниот суд при заштитата на уставно загарантираните права како дел од судската функција на правораздавање.<br>5. Петтата глава насловена како „Судски систем” се занимава со организацијата на судовите во Република Северна Македонија. Воведот на оваа глава накратко се занимава со развитокот на судскиот систем на Македонија во рамките на поранешна СФРЈ, за понатаму да продолжи со детална експликација на организацијата, составот и надлежноста на судските институции во Република Северна Македонија, започнувајќи од највисокиот – Врховниот суд, па сè до првостепените судови – основните судови. Во рамките на оваа глава од учебникот, опфатени се и составот, надлежноста и организацијата на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Конечно, како неспорна целина од судскиот систем во рамките на оваа глава е обработено и финансирањето на судовите и административно-техничкото работење на судовите преку презентирањето на судскиот буџет и судската управа.<br>6. Изборот, разрешувањето, престанокот, дисциплинската одговорност на судиите, како и нивните права и имунитетот на судиите се сместени во рамките на шестата глава од учебникот насловена како „Судија”. Притоа, авторите во оваа глава не се задоволуваат само со едноставното определување на статусот на судиите, туку него го разгледуваат и на компаративно рамниште, при што наведуваат дали |

| | |
|---|---|
| | и во која мера овие меѓународни стандарди се имплементирани во националното законодавство. Од релевантните меѓународни механизми со кои се обезбедува непристрасниот и независен статус на носителите на судската функција посебно внимание им посветуваат на Основните начела на ООН за независноста на судството и Европската повелба за статусот на судиите.<br>7. Во седмата глава од овој учебник под наслов „Судење “, тргнувајќи од поимот на судење и судска постапка, во една интегрална форма се претставени начелата врз кои почива судењето како суштествен елемент на судската власт, делот во кој практично се остварува судската функција. Притоа, авторите сметајќи на доволната правна поткованост на читателите на кои што овој учебник и им е наменет – студентите на постдипломските студии на Правниот факултет, се занимаваат со една продлабочена анализа на мисловниот процес на судијата, така што тој во конкретниот случај е потребно да ја пронајде, а потоа и да ја примени општата и апстрактна правна норма. Односно, како што наведуваат авторите, судијата треба да е способен да ја применува премисата „дај ми факти ќе ти дадам право”, но не на каков било начин, туку единствено на начин што би довел до надминување на спорот и до прифаќање на решението од двете спротивставени страни. Концепирајќи ја оваа глава од трудот на овој начин, авторите, всушност, им помагаат и ги обучуваат читателите за во иднина при нивната професионална определба полесно и правилно да го применуваат стекнатото теоретско значење.<br>8. Тргнувајќи од констатацијата дека бројот на споровите што добиваат судска разрешница е рапидно зголемен во современото општество, авторите во рамките на осмата глава од овој учебник насловена како „Алтернативи на судот и судењето”, ги објаснуваат различните начини преку кои може да дојде до растоварување на судот од обемниот товар на предмети. Пред сè, во оваа глава се осврнуваат врз најчесто применуваните модели за забрзување на судските постапки или на моделите преку кои е овозможено скратување на судските постапки или нивно трансферирање на други органи. Авторите констатираат дека со примената на алтернативите на судењето не може да се замени судската функцијата, туку воведувањето на овие механизми и нивната адекватна примена може да резултира со намалување на товарот на предмети врз |

| | |
|---|---|
| | судовите, а со тоа и отворање на можноста за судовите своите ограничени ресурси да ги насочи и фокусира кон решавање на посложените спорови со што само се зголемува квалитетот на правораздавањето и остварувањето на правдата.<br>9. Последната глава од учебникот под наслов „Други институции во судскиот систем” е резервирана за останатите институции кои се од клучно значење за остварување на правосудната функција. Така, во оваа пригода, авторите се осврнуваат на надлежностите и организацијата на јавното обвинителство, јавното правобранителство, адвокатурата и нотаријатот во Република Северна Македонија. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Во целост |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема |
| **Оцена на ракописот:** | Второто изменето и дополнето издание на учебникот „Судско право“ излегува во вистинско време имајќи ги предвид измените во законските текстови од областа на правосудството по основ на идентификуваните стратешки цели содржани во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2022 година со Акциски план. Авторите со право наведуваат дека основни детерминанти на судските реформи и компаративно и кај нас е почитување, инкорпорирање и усогласување на домашното законодавство, постапување и одлучување, заштита и гаранции согласно со релевантните европски стандарди. Во учебникот соодветно се разработени принципите во однос на правото на независен и непристрасен суд и застапеностаа на монистичкиот систем во примената на меѓународните норми и стандарди како непосреден извор на судското право.<br>Со право, авторите укажуваат на фактот дека судот е моќен инструмент на правдата, тој го толкува и применува правото и на тој начин овозможува гарантирање на универзалните човекови вредности. Нагласувајќи дека судството може да ја оствари својата функција само со доследно почитување на начелото за поделба на власта, авторите наведуваат аргументирана експликација која наведува на заклучокот дека само во демократска правна држава граѓаните уживаат делотворна заштита преку поставеност на судството како самостојна и независна власт. Изразувајќи го својот став дека владеењето на правото е тесно поврзано со слободата на |

| | |
|---|---|
| | поединецот, авторите во учебникот разработуваат своевидна трипартитна структура поврзана со судството како една од трите власти, судиите како поединци носители на судската функција коишто преку правораздавањето во голема мера влијаат врз конкретните ставови и перцепциите за судството и судењето како процес на имплементација на материјални и процесни норми во конкретни случаи.<br>Особен придонес трудот дава во однос на аспектите поврзани со судската заштита на човековите слободи и права, осврнувајќи се врз природните права на човекот како основни државно-правни постулати, па преку обврската на државата да ги обезбеди основните слободи и права, сè до еднаквиот пристап пред судот и гаранциите што го чинат правото на правично судење, како и заштитата што ја нудат управните судови и Уставниот суд на РСМ.<br>Авторите посветуваат посебно внимание на статусот на судијата како персонификација на судската власт, преку детална елаборација на сите аспекти поврзани со изборот, имунитетот, мандатот, правата и обврските, но и основите за дисциплинска одговорност.<br>Особен придонес за читателот трудот дава во делот каде што се разработува толкувањето на нормите од страна на судијата. Според авторите, преку судските одлуки се одразува начинот на толкување на законските одредби, при што толкувањето се сфаќа како мисловен, спознаен и логички процес на утврдување на вистинското значење на нормата и сите нејзини елементи имајќи предвид дека утврдувањето на смислата на законот мора да поаѓа од дијалектичкото единство на правниот текст и неговата внатрешна содржина. Аргументирајќи ја смислата на општата теорија на диференцијација и консолидација, авторите укажуваат дека при донесување на одлуката, умешноста на судијата се огледа и во изборот што го направил помеѓу повеќе различните законски пропишани алтернативи, индивидуализирани според околностите на конкретниот случај.<br><br>Водејќи сметка за тенденциите за одбегнување на судската постапка и разрешување на настанатите повреди на правните норми на вонсудски начин, авторите должно внимание им посветуваат на алтернативните начини за разрешување на споровите, со што ги запознаваат читателите со предностите и ризиците од |

| | |
|---|---|
| | алтернативното/вонсудско постапување и одлучување, зголемената улога на оштетениот и спецификите на ресторативната правда.<br>Убедена дека понудената содржина ќе им овозможи на студентите на постдипломските студии успешно совладување на наставната програма, стекнување и продлабочување на знаењата од материјата обработена во учебникот, со огромно задоволство го препорачам издавањето на второто изменето и дополнето издание на учебникот „Судско право“. |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 315 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 10 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи _/__ слики и __/_ табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Судско право, примарно наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

Во Скопје, 24.2.2020 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Гордана Лажетиќ с.р.**

## IV. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ЉУПЧО АРНАУДОВСКИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Во првата глава од учебникот што носи наслов „Поим и предмет на судското право и науката за судско право“, се обработуваат општите проблеми што го воведуваат студентот во спецификите на материјата на судското право.<br>Во оваа глава е содржана теоретска експликација во однос на значењето на судското право како посебна научна дисциплина, како и предметот на судското право. Авторите на читателите им ја објаснуваат посебноста на судското право како научна дисциплина, притоа не пропуштајќи критички да се осврнат и кон теоретските стојалишта што го негираат субјективитетот на судското право како самостојна гранка на правото. Авторите истакнуваат дека при проучувањето на правните дисциплини не може да се заобиколи прашањето за нивната примена, односно наведуваат дека при проучувањето на позитивното право нужно е потребно да се согледа и улогата на судот, било тоа да е непосредно преку разгледувањето на правните гранки што го проучуваат постапувањето пред судот, било тоа да е посредно, односно преку проучувањето на правните гранки во чиј домен судот се јавува како последен механизам во случаите на исцрпување на предвидените правни механизми во рамките на другите субјекти или органи на управата што се проучуваат од страна на овие гранки на правото. Понатаму, во оваа глава авторите ги претставуваат и изворите на судското право пред сѐ, осврнувајќи се врз домашните и меѓународните позитивноправни извори со кои се уредуваат судовите и судската функција. Во последниот дел од оваа глава, авторите ги обработуваат начелата врз кои почива судското право, завршувајќи со констатацијата дека судското право претставува една млада, но самостојна научна дисциплина. Тие констатираат дека судското право ги исполнува сите услови за постоење на една наука, и тоа: самостоен предмет на проучување – систематско проучување на судот и неговата функција на пресудување и заштита на човековите слободи и права, а со тоа и остварување на правдата како врвен идеал кон кој се стреми секој правен систем; изградена методологија и посебни методи на истражување – преку догматско-правниот, социолошкиот, политолошкиот и методите на комуниколошките науки; и конечно, преку создавање на логичен и развиен категоријален систем на научни поими, меѓу кои се судот, судијата, |

| | |
|---|---|
| | судскиот систем, пресудувањето и донесувањето на судски одлуки.<br>2. Втората глава под едноставен наслов „Суд“ во себе ја инкорпорира генезата на судот како централна категорија во судското право. Така, во рамките на оваа глава, авторите најпрвин го прикажуваат судот во најстариот – античкиот период, за понатаму да продолжи со изнесување на основните карактеристики на судот како државен орган во рамките на римскиот период. Развитокот на судот во текот на средниот век е презентиран низ судските органи во текот на Отоманската Империја и, пред сѐ, на македонските народни судови и македонското обичајно право. Во рамките на оваа глава, авторите се занимаваат и со трансформацијата на судот по Француската буржоаска револуција во институција што е задолжена за заштита и остварување на основните човекови права и слободи, функција што во голема мера судот треба да ја има и во современите правни системи. Конечно, авторите во оваа глава се занимаваат и со современата поставеност на судот во рамките на правниот систем, пред сѐ разгледувајќи ја и улогата на судот како коазаконодавец и остварувач на идејата за „исправно” право.<br>3. Третата глава насловена како „Судска власт и судска функција”, всушност, е делот во кој авторите го лоцираат судот како јавна служба на правдата, и ја допираат либерално демократската концепција за поделба на власта, при што го разгледуваат и односот помеѓу судот и останатите гранки на правниот систем.<br>Во рамките на оваа глава, авторите наведуваат дека, иако постои определен дуализам помеѓу поимите судска власт и судска функција, сепак потребно е во современите правни системи судската функција и судската власт сѐ повеќе да се приближат меѓу себе. Ова во насока дека иако судот претставува самостојна и независна власт во однос на законодавната и извршната власт, сепак судот претставува и врши и определена функција, а таа е примената на правото, такво какво што е. Токму затоа, судот мора да располага со инструменти за заштита на поединецот од законите со кои се засегаат и ограничуваат уставно загарантираните човекови слободи и права на поединецот, со што, всушност, судот во современите услови се трансформира во јавна служба на правдата.<br>4. Четвртата глава е посветена на судската заштита на човековите слободи и права, во којашто |

| | |
|---|---|
| | се наведува дека судот е институцијата задолжена за заштита на човековата слобода и на правата. Всушност, авторите во оваа прилика се определуваат за концепцијата на човековите права како природни права за чијашто заштита и нивно гарантирање се јавува судот преку својата функција за остварување на правата. Во рамките на оваа глава, авторите лоцираат и некои од основните т.н. современи права на човекот предвидени со Меѓународните стандарди, пред сѐ со Европската конвенција за основните човекови слободи и права, и тоа правото на правично судење, правото на независен и непристрасен суд, правото на избор на “природен” судија и правото на судење во разумен рок. Конечно, се осврнуваат и врз уставно-судската заштита на човековите слободи и права, правилно лоцирајќи ја дејноста на уставниот суд при заштитата на уставно загарантираните права како дел од судската функција на правораздавање.<br>5. Петтата глава насловена како „Судски систем” се занимава со организацијата на судовите во Република Северна Македонија. Воведот на оваа глава накратко се занимава со развитокот на судскиот систем на Македонија во рамките на поранешна СФРЈ, за понатаму да продолжи со детална експликација на организацијата, составот и надлежноста на судските институции во Република Северна Македонија, започнувајќи од највисокиот – Врховниот суд, па сѐ до првостепените судови – основните судови. Во рамките на оваа глава од учебникот, опфатени се и составот, надлежноста и организацијата на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Конечно, како неспорна целина од судскиот систем во рамките на оваа глава е обработено и финансирањето на судовите и административно-техничкото работење на судовите преку презентирањето на судскиот буџет и судската управа.<br>6. Изборот, разрешувањето, престанокот, дисциплинската одговорност на судиите, како и нивните права и имунитетот на судиите се сместени во рамките на шестата глава од учебникот насловена како „Судија”. Притоа, авторите во оваа глава не се задоволуваат само со едноставното определување на статусот на судиите, туку него го разгледуваат и на компаративно рамниште, при што наведуваат дали и во која мера овие меѓународни стандарди се имплементирани во националното законодавство. Од релевантните меѓународни механизми со кои се обезбедува непристрасниот и независен статус на носителите на судската функција посебно внимание |

| | |
|---|---|
| | им посветуваат на Основните начела на ООН за независноста на судството и Европската повелба за статусот на судиите.<br>7. Во седмата глава од овој учебник под наслов „Судење “, тргнувајќи од поимот на судење и судска постапка, во една интегрална форма се претставени начелата врз кои почива судењето како суштествен елемент на судската власт, делот во кој практично се остварува судската функција. Притоа, авторите сметајќи на доволната правна поткованост на читателите на кои што овој учебник и им е наменет – студентите на постдипломските студии на Правниот факултет, се занимаваат со една продлабочена анализа на мисловниот процес на судијата, така што тој во конкретниот случај е потребно да ја пронајде, а потоа и да ја примени општата и апстрактна правна норма. Односно, како што наведуваат авторите, судијата треба да е способен да ја применува премисата „дај ми факти ќе ти дадам право”, но не на каков било начин, туку единствено на начин што би довел до надминување на спорот и до прифаќање на решението од двете спротивставени страни. Конципирајќи ја оваа глава од трудот на овој начин, авторите, всушност, им помагаат и ги обучуваат читателите за во иднина при нивната професионална определба полесно и правилно да го применуваат стекнатото теоретско значење.<br>8. Тргнувајќи од констатацијата дека бројот на споровите што добиваат судска разрешница е рапидно зголемен во современото општество, авторите во рамките на осмата глава од овој учебник насловена како „Алтернативи на судот и судењето”, ги објаснуваат различните начини преку кои може да дојде до растоварување на судот од обемниот товар на предмети. Пред сè, во оваа глава се осврнуваат врз најчесто применуваните модели за забрзување на судските постапки или на моделите преку кои е овозможено скратување на судските постапки или нивно трансферирање на други органи. Авторите констатираат дека со примената на алтернативите на судењето не може да се замени судската функцијата, туку воведувањето на овие механизми и нивната адекватна примена може да резултира со намалување на товарот на предмети врз судовите, а со тоа и отворање на можноста за судовите своите ограничени ресурси да ги насочи и фокусира кон решавање на посложените спорови со што само се зголемува квалитетот на правораздавањето и остварувањето на правдата. |

| | |
|---|---|
| | 9. Последната глава од учебникот под наслов „Други институции во судскиот систем” е резервирана за останатите институции кои се од клучно значење за остварување на правосудната функција. Така, во оваа пригода, авторите се осврнуваат на надлежностите и организацијата на јавното обвинителство, јавното правобранителство, адвокатурата и нотаријатот во Република Северна Македонија. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Во целост |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема |
| **Оцена на ракописот:** | Второто изменето и дополнето издание на учебникот „Судско право“ излегува во вистинско време имајќи ги предвид измените во законските текстови од областа на правосудството по основ на идентификуваните стратешки цели содржани во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2022 година со Акциски план. Авторите со право наведуваат дека основни детерминанти на судските реформи и компаративно и кај нас е почитување, инкорпорирање и усогласување на домашното законодавство, постапување и одлучување, заштита и гаранции согласно со релевантните европски стандарди. Во учебникот соодветно се разработени принципите во однос на правото на независен и непристрасен суд и застапеностаа на монистичкиот систем во примената на меѓународните норми и стандарди како непосреден извор на судското право.<br>Со право, авторите укажуваат на фактот дека судот е моќен инструмент на правдата, тој го толкува и применува правото и на тој начин овозможува гарантирање на универзалните човекови вредности. Нагласувајќи дека судството може да ја оствари својата функција само со доследно почитување на начелото за поделба на власта, авторите наведуваат аргументирана експликација која наведува на заклучокот дека само во демократска правна држава граѓаните уживаат делотворна заштита преку поставеност на судството како самостојна и независна власт. Изразувајќи го својот став дека владеењето на правото е тесно поврзано со слободата на поединецот, авторите во учебникот разработуваат своевидна трипартитна структура поврзана со судството како една од трите власти, судиите како поединци носители на судската функција коишто преку правораздавањето во голема мера влијаат врз конкретните ставови и перцепциите за судството и судењето како процес |

| | |
|---|---|
| | на имплементација на материјални и процесни норми во конкретни случаи.<br>Особен придонес трудот дава во однос на аспектите поврзани со судската заштита на човековите слободи и права, осврнувајќи се врз природните права на човекот како основни државно-правни постулати, па преку обврската на државата да ги обезбеди основните слободи и права, сѐ до еднаквиот пристап пред судот и гаранциите што го чинат правото на правично судење, како и заштитата што ја нудат управните судови и Уставниот суд на РСМ.<br>Авторите посветуваат посебно внимание на статусот на судијата како персонификација на судската власт, преку детална елаборација на сите аспекти поврзани со изборот, имунитетот, мандатот, правата и обврските, но и основите за дисциплинска одговорност.<br>Особен придонес за читателот трудот дава во делот каде што се разработува толкувањето на нормите од страна на судијата. Според авторите, преку судските одлуки се одразува начинот на толкување на законските одредби, при што толкувањето се сфаќа како мисловен, спознаен и логички процес на утврдување на вистинското значење на нормата и сите нејзини елементи имајќи предвид дека утврдувањето на смислата на законот мора да поаѓа од дијалектичкото единство на правниот текст и неговата внатрешна содржина. Аргументирајќи ја смислата на општата теорија на диференцијација и консолидација, авторите укажуваат дека при донесување на одлуката, умешноста на судијата се огледа и во изборот што го направил помеѓу повеќе различните законски пропишани алтернативи, индивидуализирани според околностите на конкретниот случај.<br><br>Водејќи сметка за тенденциите за одбегнување на судската постапка и разрешување на настанатите повреди на правните норми на вонсудски начин, авторите должно внимание им посветуваат на алтернативните начини за разрешување на споровите, со што ги запознаваат читателите со предностите и ризиците од алтернативното/вонсудско постапување и одлучување, зголемената улога на оштетениот и спецификите на ресторативната правда.<br>Убеден дека понудената содржина ќе им овозможи на студентите на постдипломските студии успешно совладување на наставната програма, стекнување и продлабочување на знаењата од материјата |

| | |
|---|---|
| | обработена во учебникот, со огромно задоволство го препорачам издавањето на второто изменето и дополнето издание на учебникот „Судско право“. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 315 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 10 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи _/__ слики и __/_ табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Судско право, примарно наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

Во Скопје, 24.2.2020 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Љупчо Арнаудовски с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
## „ ПРИВАТНОСТ И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА“
## ОД М-Р НОРА ОСМАНИ
## ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Кандидатката м-р **Нора Османи**, со докторантско досие бр. 100/67, на 13.2.2017 година, до Советот за трет циклус студии од областа на правните науки (насока: право на информатичка технологија) и до Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први “ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје поднесе пријава за изработка на докторска дисертација заверена под архивски број: 09-161/1.

Советот за докторски студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на редовната седница одржана на 23.2.2017 год., го предложи персоналниот состав на трочлената Комисија. По ова, Наставно-научниот совет, со Одлука бр. 02-224/37 од 24.2.2017 год., ја формираше **Комисијата за оцена на подобноста** на кандидката м-р Нора Османи, како и на пријавената тема за изработка на докторска дисертација со работен наслов: “Приватност и заштита на личните податоци во дигиталната ера”, во состав: проф. д-р Владо Бучковски [ментор], проф. д-р Гоце Наумовски и проф. д-р Драги Рашковски.

Комисијата во горенаведениот состав, во предвиденот рок, ја разгледа предметната пријава и, согласно со чл. 52 и чл. 53 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии – докторски студии на УКИМ (Унив. гласник 150/10), на Советот на трет циклус студии од областа на правните науки и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, му поднесе Извештај за подобност на кандидатот и на темата, кој е усвоен на седницата на ННС одржана на ден 8.11.2017, заверена под арх. број 03-1418/6.

По ова, Наставно-научниот совет, на седницата одржана на 3.2.2020 година, по предлог на Советот на докторски студии, со Одлука бр.02-123/45 формираше петчлена **Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација** на кандидатката м-р Нора Османи – и тоа во следниов состав: проф. д-р Владо Бучковски (ментор), проф. д-р Никола Тупанчески, проф. д-р Гоце Наумовски, проф. д-р Драги Рашковски и проф. д-р Берат Аќифи (вонреден професор, Правен факултет, Универзитет во Призрен).

Комисијата во наведениот состав - по примањето на потребниот број примероци доставени од страна на кандидатката преку архивата на Факултетот под бр. 09-32/1(09.01.2020) и по утврдувањето дека кандидатката претходно има објавено најмалку два меѓународни труда од областа - со внимание ја прегледа, ја прочита и ја оцени докторската дисертација, па согласно со чл. 61, ст.4 и чл. 64 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус докторски студии на УКИМ (2010), на Наставно-научниот совет на Правниот факултет ,,Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

## I
## АНАЛИЗА НА ТРУДОТ
(ПРИКАЗ НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА)

1. **Предметот** на ова доста интересно истражување од областа на правото на информатичка технологија е лоциран околу проблематиката на изнаоѓањето најсоодветни решенија од доменот на една исклучително сензитивна и суптилна материја која е многу актуелна во денешно време - чување на приватноста и заштита на личните податоци во информатичкото општество. Трудот претставува задлабочена анализа на правната форма и практичните импликации на приватноста и личните податоци во дигиталниот свет, вклучувајќи и дефиниции, елементи, стандарди и современи принципи за управување со безбедноста на информациите. Исто така се презентираат концептите за заштита на личните податоци и нивната примена во електронските комуникации, со цел да се докажат главните предизвици со кои приватноста на поединците се соочува во рамките на дигиталниот свет. Во исто време, се анализира законската регулатива на Европската Унија за заштита на личните податоци, која претставува главна легална основа за заштита од нелегални прибирања на лични податоци, и посебно внимание се посветува на чувствителните податоци, детската приватност на интернет, социјалните мрежи и медиуми, обработката на информациите во облак, итн.

2. Во поглед на **состојбата на подрачјето** во кое е работена дисертацијата, **научната и општествена оправданост на истражувањето** кандидатката ја наоѓа во потребата од истражувања од областа на правото на информатичката технологија, во конкретниот случај, заштитата на дигиталната приватност и лични податоци, кои во последниот век, како последица на брзиот развој на технологијата, станале еден од најголемите предизвици со кои сме соочени како корисници на информатичките и на комуникациските технологии (ИКТ) во секојдневната комуникација и работа. Воедно, кандидатката посебно го нотира фактот дека многу корисници не се свесни за трансферот на нивните лични информации при користење на интернет-услуги, па заради тоа информирањето на поединците е круцијално во постапките за заштита на својата приватност. Исто така, потенциран е и фактот дека компаниите стануваат сè поиновативни во прибирањето, складирањето и трансферот на личните податоци на граѓаните, па така, со исто темпо би требало да следат и регулативите кои ќе го штитат граѓанинот и неговото право на приватност во секој од чекорите на обработка на неговите податоци. Кандидатката спомнува дека законската рамка за зашита на личните податоци на поединците многу често не се спроведува и претставува неефикасно решение поради недостиг од јасно и универзално разбирање на самиот концепт на приватност и неефикасна имплементација на ова право. Оттука, кандидатката истакнува дека државите имаат обврска да создават соодветна правна инфраструктура, која ќе ја штити приватноста на граѓаните, вклучително и од самите органи на власта. Во таа смисла, кандидатката смета дека истражувањето ќе овозможи разбирање на основите принципи на правото на приватност во електронсиките комуникации и зголемување на свеста на општеството за големото влијание на развојот на технологијата во нашиот секојдневен живот, во однос на опасноста за злоуботреба на личните податоци на граѓаните и загрозување на нивната приватност при пристап на интернет-комуникации. На ваков начин, истражувањето претставува солидна основа за лоцирање на општествените проблеми поврзани со заштита на личните податоци и презентира

ефективни механизми кои можат позитивно да влијаат во заштитата на правото на приватност на граѓаните на Северна Македонија.

3. **Методолошката рамка** на трудот се состои од повеќе научни методи, комбинирани со примена на неколку комплементарни методолошки постапки. Во текот на
истражувањето и пишувањето на докторската дисертација се употребени општи, посебни
и специфични методски техники, тука првенствено вклучувајќи ги дескриптивниот метод и теоретската анализа. Со овие методи се утврдуваат основните карактеристики и обележја на појавите кои се предмет на истражување. Исто така се користи историскиот метод; методите на анализа и синтеза; методите на иднукција и дедукција; методите на генерализација и специјализација; методите на класификација и др. Употребата на сите наведени методи резултираше со опишување, анализа и објаснување на поимите кои се предмет на потесното истражување, како и сублимација на произлезените сознанија, од што може да се изведе соодветна научна предикција.

4. **Резултатите од истражувањето** се во корелација со претходно поставените работни хипотези на докторската дисертација. Трудот тргнува од претпоставката дека дека националната и меѓународната регулатива за заштита на личните податоци и приватност релативно успешно ги решава најчестите проблеми со кои се сочаат корисниците на информатичките и комуникациските технологии, меѓутоа не обезбедува соодветно решавање на потенцијалните ризици и прашања кои се резултат на брзиот технолошки развој.

5. **Од содржински аспект**, целата дисертација – со оглед на ограничениот расположлив простор - е поделена на три главни делови коишто, пак, понатаму се делат на глави. Главите се поделени на оддели нумерирани со арапски броеви, кои натаму се делат на точки и потточки

Првиот дел носи наслов *Заштита на личните податоци во електронските комуникации, терминологија и правна рамка* и е составена од четири глави. Првата глава се однесува на дефиниции и основни принципи за заштита на личните податоци во која акцентот се става на анализата на основните концепти и поими на приватност и заштита на лични информации, вклучувајќи и дефиниции, елементи, стандарди и современи принципи за управување со безбедноста на информациите. Истовремено се проучуваат основните начела за заштита на личните податоци. Втората глава се однесува на меѓународниот историјат на Европското законодавство за заштита на лични податоци, каде што се проучува правната рамка на Европската Унија за заштита на лични податоци и развојни аспекти на правото на приватност и заштита на лични податоци. Во третата глава се зборува за согласноста како правна основа за обработка на лични податоци. Тука се бројат условите кои треба да се исполнуваат за давање на легитимина согласност и можноста за повлекување на согласноста кога се исполнуваат одредени законски услови. Четвртата глава се однесува на родителската согласност за обработка на личните податоци на децата, како правна основа за обработка на лични податоци за малолетни лица.

Вториот дел носи наслов *Правата на субјектот на податоци и нивното спроведување* и е составен од три глави. Првата глава се однесува на основните права на субјектот на податоците кој целосно се однесува на правата на субјектот на податоците предвидени со закон. Втората глава се однесува на правото да бидеш заборавен како ново право во законската рамка за заштита на личните податоци на Европската Унија, предвидено со општата Регулатива за заштита на лични податоци, кој стапил во сила во мај 2018 година. Во оваа глава се дава дефиниција на правото да бидеш заборавен, се

зборува за потеклото на ова право, а особено внимание се посветува на случајот Гугл-Шпанија, според кој се правело судското признавање на правото да бидеш заборавен. Третата глава се однесува на правото на преносливост на податоци, како еден нов концепт во правната рамка на Еврпската Унија, кое им овозможува на корисниците на онлајн услугите да имаат поголема контрола врз своите лични информации.

Третиот дел носи наслов *Надзор како форма на социјална контрола* и е поделен на четири глави. Првата глава се однесува на надзорот во технолошкиот свет каде што се анализираат механизмите за надзор во 21-от век, односно различни современи технологии за следење на поединците како што се: CCTV камери, технологија за препознавање на лицето (биометрика), беспилотните летала, итн., и предизвиците што овие технологии ги нанесуваат врз приватноста на луѓето. Истовремено се истакнува дека во отсуство на релевантни законски правила во оваа област, компаниите кои ги користат овие технологии од една страна, и поединците загрижени за нивната приватност од друга страна, се во постојан конфликт. Втората глава се однесува на заканите за приватноста на поединците кои доаѓаат како резултат на технолошкиот развој и во овој дел се сугерираат некои нови регулаторни пристапи кои ќе ги штитат интересите на граѓаните и истовремено нема да ја задушат иновацијата. Третата глава се однесува на профилирањето како форма на автоматска обработка на лични податоци за маркетинг цели. Во оваа глава се анализираат техниките за профилирање, проблемите и импликациите за приватноста и безбедноста на поединците, а посебен осврт се става на профилирањето на однесувањето, кое е познато, исто така, како таргетирање при користење на електронски услуги. Четвртата глава се однесува на надзорот во ерата на социјалните медиуми и влијанието врз приватноста на поединците. Тука се истакнува дека социјаните мрежи претставуваат вистински ризик за загрозување на личната приватност, бидејќи често пати доаѓа до нелегално чување и прибирање на лични податоци.

Во заклучокот кандидатката го истакнува фактот дека приватноста на личните информации останува проблематичен концепт во правната литература и во практика, а развојот на технологијата може да носи нови предизвици, па заради тоа кандидатката сугерира дека правните инструменти и закони за заштита на лични податоци треба да се приспособат на актуелните социо-технолошки промени, бидејќи само така можат да бидат корисни и ефективни и да им даваат поголема контрола и безбедност на корисниците на електронските услуги.

Предложената библиографија од страна на кандидатката Нора Османи содржи повеќе од 200 референтни библиографски единици, што претставува одлична основа за изработка на ваква докторска дисертација.

## II
## ЗАКЛУЧОК
## (СО ПРЕДЛОГ И ОЦЕНКА НА ТРУДОТ)

1. ***Целта, значењето и очекуваниот придонес од оваа дисертација,*** сосема оправдано, се повеќедимензионални. Со оглед на специфичната област, се постигнаа очекувањата дека ова истражување даде мошне детална слика и јасно разбирање на концептот на дигитална приватност и заштита на лични податоци во електронските комуникации. Така, систематизацијата на сознанијата од обласста на информатичкото општество, кое е направено преку анализа на примарните извори, но и со компилација на достигнувањата на современата наука од оваа област, цениме дека ќе овозможи добивање прегледен увид во предметот на истражување – кој, пак, заради ограничениот дефицитарен број на стручниот кадар кој професионално се занимава со истражувања од оваа област, се надеваме дека ќе биде и тоа како корисен производ на македонската правна рамка за заштита на лични податоци, но и пошироко. Затоа, сметаме дека докторската дисертација има теоретско и практично значење:

- прво, добивање на нови сублимирани сознанија од некои аспекти на заштита на лични податоци – како досега недоволно истражена област, барем во нашите прилики – дадена во една детална, прецизна и аргументирана форма;
- второ, екстензивно и сеопфатно истражување на основните мерки и закони за чување на приватност во дигиталниот свет, каде што секој ден се појават нови форми и начини на злоупотреба и загрозување на приватноста на поединците на виртуелните интеракции;
- трето, круцијално анализирање на различни меѓународни прописи и стандарди, кои во иднина ќе овозможуваат дизајнирање на подобри програми и системи за чување на приватноста и личните податоци во текот на нивното обработување, ќе се обезбеди соодветна обработка на податоците на корисникот и ќе се имплементираат стандарди кои претставуваат барања за соодветни мерки и техники за заштита на податоците.

2. По разгледувањето и проучувањето на дисертацијата, Рецензентската комисија - врз основа на погоре изложеното - констатира дека овој сериозен научно истражувачки труд, според својата содржина, обем и приод кон прашањата кои претставуваат материја што се елаборира, ги поседува потребните атрибути и вредности на една сериозна докторска теза и како таков може и треба да биде предмет на јавна одбрана.

Имено, приложената докторска дисертација претставува нов и оригинален труд кој изобилува со голем број податоци кои се релевантни на пријавената тема на истражување. Во поглед на приложената богата библиографска граѓа, неоспорна е констатацијата дека м-р Нора Османи извршила едно мошне темелно истражување на правото за заштита на личните податоци во дигиталните комуникации.

Во поглед на зададената научна рамка и хипотеза на истражување, во текот на изработката на дисертацијата, сметаме дека нашата помлада колешка м-р Османи успешно ја изработила и одговорила на основната теза на докторската дисертација, со што дава значителен придонес во современата македонска правна рамка за заштита на личните информации во дигиталниот свет.

Во текот на обработката на трудот, Комисијата за оцена заклучи дека докторската дисертација одговара на основните методолошки поставки и барања кои се потребни за подготовка на еден ваков издржан и самостоен научен труд и сметаме дека со успешната изработка на конкретниов докторскиот труд м-р Османи

докажа дека е подготвена за повисоки академски предизвици, на кои не се сомневаме дека ќе одговори со целосна посветеност и елан.

Од овие причини, Комисијата го дава следново мислење: со задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“, по разгледувањето на овој Извештај и неговата оцена, да го усвои следниов **Заклучок со предлог** дека докторската дисертација ги исполнува законските услови за стекнување право на усна јавна одбрана и дека ННС треба да ја прифати позитивната оцена и, согласно со интерните подзаконски акти, да закаже одбрана на докторската дисертација на м-р Нора Османи под усвоен наслов: “Приватност и заштита на личните податоци во дигиталната ера”.

III

**СОСТАВ НА КОМИСИАТА ЗА ОЦЕНКА И ОДБРАНА**

**КОМИСИЈА ;**

**Проф. д-р Владо Бучковски (ментор)**
**Проф. д-р Никола Тупанчески**
**Проф. д-р Гоце Наумовски**
**Проф. д-р Драги Рашковски**
**Проф. д-р Берат Аќифи**

**Скопје, 5.2.2020**

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ МАТЕМАТИКА И ПРИМЕНЕТА МАТЕМАТИКА И МАТЕМАТИЧКО МОДЕЛИРАЊЕ НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет, Институт за математика, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 3.12.2019 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по сите предмети од наставно-научната област (дисциплина) математика и применета математика и математичко моделирање, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-2916/3, донесена на 26.12.2019 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: акад. Дончо Димовски, редовен професор во пензија на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Марија Оровчанец, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје и д-р Билјана Крстеска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по сите предмети од наставно-научните области математика и применета математика и математичко моделирање, во предвидениот рок се пријави д-р Анета Гацовска-Барандовска, доцент на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

### 13. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Анета Гацовска-Барандовска е родена на 30.10.1975 година, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје во 1994 година како првенец на својата генерација во СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин”. Со високо образование се стекнала на Природно-математичкиот факултет на Институтот за математика. Дипломирала на 7.11.2000 година, со просечен успех 9,73, насока: теориска математика.

Во учебната 2001/2002 се запишала на магистерски студии на насоката теориска математика, на Институтот за математика при Природно–математичкиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила во 2008 година, со просечен успех 10,00. На 18.12.2008 година го одбрани магистерскиот труд на тема: „Стохастички модели во неживотно осигурување“, стекнувајќи се со научен степен магистер на математички науки.

Докторска дисертација пријавила на 21.10.2011 година на Природно – математичкиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: „$k$ –ти екстремални процеси во управувањето со ризик” ја одбрани на 11.2.2015 година, под менторство на д.м.н. Елисавета Панчева , од Бугарската академија на науките, Софија, Република Бугарија. Со тоа се стекна со научниот степен доктор на математички науки.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Со одлука на Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје, на 4.6.2015 година е избрана во звањето доцент на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје во наставно-научната област применета математика. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1099 од 30.4.2015 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 784 од 31.8.2001 година, бр. 834 од 1.9.2003 година, бр. 901 од 14.7.2006 година, бр. 959 од 2.3.2009 година, бр. 1028 од 2.4.2012 година и бр. 1099 од 30.4.2015 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 14. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, кандидатката д-р Анета Гацовска-Барандовска, во извештајниот период изведувала настава на прв циклус студии по предметите: Математички модели во економијата, Актуарска математика, Случајни процеси, Временски серии и примена, Елементарна математика 1 и Програмски јазик за студентите од Институтот за математика, како и нумерички вежби по предметите: Векторска алгебра, Аналитичка геометрија, Финансиска математика 2, Елементарна математика 1, Елементарна математика 2, Математички модели во економијата, Актуарска математика, Случајни процеси и Временски серии и примена за студентите од Институтот за математика. Во рамките на вториот циклус студии на Институт за математика, д-р Анета Гацовска-Барандовска одржувала настава по предметите Основи на финансиска и актуарска математика, Математика на животно осигурување, Математика на неживотно осигурување и Модели во актуарска математика на насоките математичка статистика, актуарство и математички модели во економијата и применета математика.

Кандидатката била ментор на 19 дипломски трудови на студенти од Институтот за математика. Во извештајниот период, кандидатката учествувала и како член во комисија за одбрана на уште 13 дипломски и 7 магистерски трудови.

Во извештајниот период, кандидатката одржала предавања на 1 школа, 1 работилница и 1 манифестација и учествувала во работата на 2 семинара при што објавила 1 научно-популарна статија во стручно-методско списание. Во извештајниот период, кандидатката подготвила предавања за 6 предмети на прв и 4 предмети на втор циклус на студиите по математика.

Од наставно-образовната дејност, во извештајниот период д-р Анета Гацовска-Барандовска има освоено 133,56 поени (подетални информации се дадени во Образецот кон извештајот за избор – Анекс 2).

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Во извештајниот период, д-р Анета Гацовска-Барандовска има објавено вкупно 7 научни трудови, од кои 2 труда во меѓународно научно списание на трудови индексирани во најмалку една електронска база достапна на интернет, 4 труда во зборници од научни собири и 1 труд во зборник на трудови на високо-образовна институција. Кандидатката има објавено и 9 апстракти на меѓународни конференции.

Трудовите објавени во извештајниот период се наведени во Анекс 2, кој е составен дел на овој Извештај.

Д-р Анета Гацовска-Барандовска во извештајниот период одржала 1 пленарно предавање, 7 секциски предавања на меѓународни конференции и 1 секциско предавање на научно-стручен собир. Исто така, коавтор е на 2 усно презентирани труда на меѓународни конференции. Во извештајниот период, кандидатката рецензирала 14 научни/стручни трудови за зборници од меѓународни конференции и високо-образовни институции.

Исто така била учесник во 2 меѓународни и 3 национални научноистражувачки проекти.

Од научноистражувачката дејност, во извештајниот период д-р Анета Гацовска-Барандовска има освоено 81,3 поени (подетални информации се дадени во Образецот кон извештајот за избор – Анекс 2).

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Анета Гацовска-Барандовска е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Во периодот од 2015 до 2019 година учествувала во промотивните активности на Институтот за математика. Од 2015 до 2019 година била и член на комисиите за оценка на демонстрации во рамките на манифестацијата „Месец на наука“.

Кандидатот е член на Сојузот на математичари на Македонија (СММ) и во извештајниот период е избрана за благајник и претседател на комисијата за општински, регионални и државни натпревари по математика за учениците од средните училишта (2019 - ). Коавтор е на повеќе книги за натпревари во издание на СММ. Била член на комисиите за натпревари по математика за учениците од основно и средно образование во периодот 2015-2017 година.

Во извештајниот период, кандидатката била член во една комисија за избор во звање.

Во извештајниот период, кандидатката била уредник во 2 зборника на трудови од меѓународни конференции и член на уредувачки одбор на две стручни списанија за популаризација на математиката, „Сигма“ за учениците од средното образование и „Нумерус“ за учениците од основното образование, во периодот 2015-2017. Била член на 3 организациони одбори на меѓународни конгреси и конференции. Кандидатката е член и на Македонското актуарско здружение, како и член на управниот одбор на истото Здружение, во периодот 2015-2019.

Од стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, во извештајниот период д-р Анета Гацовска-Барандовска има освоено 53,2 поени (подетални информации се дадени во Образецот кон извештајот за избор – Анекс 2).

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатката д-р Анета Гацовска-Барандовска, во извештајниот период, има добиено позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Природно-математичкиот факултет.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Анета Гацовска-Барандовска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Анета Гацовска-Барандовска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор по група предмети од наставно-научните области: математика и применета математика и математичко моделирање.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Анета Гацовска-Барандовска да биде избрана во звањето вонреден професор по група предмети од наставно-научните области математика и применета математика и математичко моделирање.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Акад. Дончо Димовски, редовен професор на ПМФ, Скопје, (во пензија), с.р.**
**Проф. д-р Марија Оровчанец, редовен професор на ПМФ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Биљана Крстеска, редовен професор на ПМФ, Скопје, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 1**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** ***Анета Симеон Гацовска-Барандовска***
(име, татково име и презиме)

**Институција:** ***Природно – математички факултет/Институт за математика***
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** ***математика и применета математика и математичко моделирање***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: **9,73**<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: **10,00**<br>Просечниот успех изнесува **9,865** за интегрираните студии. | **да** |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: **математика и применета математика и математичко моделирање**, поле: **математика**, подрачје: **природно-математички науки**. | **да** |
| 3 | Објавени најмалку пет научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | **да** |
| 3.1 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSCiNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Matematik, Реферативный журнал „Математика” или друга база | **да** |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Pliska Studia Matematika<br>2. Назив на електронската база на списанија: Zentralblatt Fur Matematik<br>3. Наслов на трудот: *On limit laws for central order statistics under power normalization*<br>4. Година на објава: 2015 | |
| 3.2 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: Зборник на трудови од Меѓународна конференција за образованието по природни науки и математика<br>2. Назив на меѓународниот собир: Меѓународна конференција за образованието по природни науки и математика, 23-4.03.2018, ПМФ, Скопје<br>3. Имиња на земјите: Македонија, Словенија, Србија, Бугарија, Хрватска, Црна Гора, Албанија<br>4. Наслов на трудот: *Примената на математичките знаења и вештини во решавањето задачи – проблеми и предизвици*<br>5. Година на објава: 2018 | да |
| 3.3 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: Зборник на трудови од Меѓународна конференција за образованието по природни науки и математика<br>2. Назив на меѓународниот собир: Меѓународна конференција за образованието по природни науки и математика, 23-4.03.2018, ПМФ, Скопје<br>3. Имиња на земјите: Македонија, Словенија, Србија, Бугарија, Хрватска, Црна Гора, Албанија<br>4. Наслов на трудот: *Некои пропусти во образованието по математика во Македонија*<br>5. Година на објава: 2018 | да |
| 3.4 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: Зборник на трудови од Меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Назив на меѓународниот собир: Меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, 27-28.09.2019, ПМФ, Скопје<br>3. Имиња на земјите: Македонија, Србија, САД, Хрватска, Босна и Херцеговина, Бугарија, Словенија<br>4. Наслов на трудот: *Корелација на наставата по физика и наставата по математика преку решавање математичко-физички* проблеми<br>5. Година на објава: 2019 | |
| 3.5 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSCiNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Matematik, Реферативный журнал ,,Математика” или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Математички билтен (Mat. Bilten)<br>2. Назив на електронската база на списанија: MathSCiNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Matematik, Реферативный журнал ,,Математика” и Ebsco<br>3. Наслов на трудот: *Properties of the k-th upper order statistics process through an example*<br>4. Година на објава: 2019 | да |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање-доцент датум и број на Билтен: 4.6.2015, Билтен бр. 1099 од 30.4.2015 | |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

**Членови на Комисијата**

**Акад. Дончо Димовски, редовен професор на ПМФ, Скопје, (во пензија), претседател, с.р.**
**Проф. д-р Марија Оровчанец, редовен професор на ПМФ, Скопје, член, с.р.**
**Проф. д-р Биљана Крстеска, редовен професор на ПМФ, Скопје, член, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 2**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** ***Анета Симеон Гацовска - Барандовска***
(име, татково име и презиме)

**Институција:** ***Природно–математички факултет/Институт за математика***
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** ***математика и применета математика и математичко моделирање***

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| | **Зимски семестар 2015/2016 (вкупно 2 неделно)**<br>Математички модели во економијата (2+2) | 1,2 |
| | **Летен семестар 2015/2016 (вкупно 4 неделно)**<br>Актуарска математика (2+2)<br>Случајни процеси (2+2) | 2,4 |
| | **Зимски семестар 2016/2017 (вкупно 2 неделно)**<br>Математички модели во економијата (2+2) | 1,2 |
| | **Летен семестар 2016/2017 (вкупно 6 неделно)**<br>Актуарска математика (2+2)<br>Случајни процеси (2+2)<br>Временски серии и примена (2+0) | 3,6 |
| | **Зимски семестар 2017/2018 (вкупно 2 неделно)**<br>Математички модели во економијата (2+2) | 1,2 |
| | **Летен семестар 2017/2018 (вкупно 6 неделно)**<br>Актуарска математика (2+2)<br>Случајни процеси (2+2)<br>Временски серии и примена (2+0) | 3,6 |
| | **Зимски семестар 2018/2019 (вкупно 4 неделно)**<br>Математички модели во економијата (2+2)<br>Програмски јазик (2+0+2) | 2,4 |
| | **Летен семестар 2018/2019 (вкупно 6 неделно)**<br>Актуарска математика (2+2)<br>Случајни процеси (2+2)<br>Временски серии и примена (2+0) | 3,6 |
| | **Зимски семестар 2019/2020 (вкупно 7 неделно)**<br>Математички модели во економија (2+2)<br>Програмски јазик (2+0+2)<br>Елементарна математика 1 (3+3) | 4,2 |

| | | |
|---|---|---|
| **2** | **Одржување на настава од втор циклус студии** | |
| | **Зимски семестар 2015/2016, 2016/17, 2017/18, 2018/19, 2019/20 (вкупно 5 години, 4 часа неделно)**<br>Модели во актуарска математика (2+1+1)<br>Математика на неживотно осигурување (2+2) | 15 |
| | **Летен семестар 2015/2016, 2016/17, 2017/18, 2018/19 (вкупно 4 години, 4 часа неделно)**<br>Одбрани делови од финансиска и актуарска математика (2+2)<br>Математика на животно осигурување (2+2) | 12 |
| **3** | **Одржување на настава од прв циклус студии (нумерички и лабораториски вежби)** | |
| | **Летен семестар 2014/2015 (вкупно 10 неделно)**<br>Математички модели во економија (2+2)<br>Случајни процеси (2+2)<br>Аналитичка геометрија (3+3)<br>Елементарна математика 2 (3+3), групи НМ и МФ | 4,5 |
| | **Зимски семестар 2015/2016 (вкупно 10 неделно)**<br>Математички модели во економија (2+2)<br>Векторска алгебра (3+3)<br>Елементарна математика 1 (3+3), групи НМ, МФ и МИ<br>Финансиска математика (2+2) | 4,5 |
| | **Летен семестар 2015/2016 (вкупно 12 неделно)**<br>Актуарска математика (2+2)<br>Случајни процеси (2+2)<br>Аналитичка геометрија (3+3)<br>Елементарна математика 2 (3+3), групи НМ и МФ<br>Финансиска математика 2 (2+2) | 5,4 |
| | **Зимски семестар 2016/2017 (вкупно 8 неделно)**<br>Математички модели во економијата (2+2)<br>Векторска алгебра (3+3)<br>Елементарна математика 1 (3+3), групи НМ, МФ и МИ | 3,6 |
| | **Летен семестар 2016/2017 (вкупно 11 неделно)**<br>Актуарска математика (2+2)<br>Случајни процеси (2+2)<br>Аналитичка геометрија (3+3)<br>Елементарна математика 2 (3+3), група МФ<br>Финансиска математика 2 (2+1) | 4,95 |
| | **Зимски семестар 2017/2018 (вкупно 8 неделно)**<br>Математички модели во економијата (2+2)<br>Векторска алгебра (3+3)<br>Елементарна математика 1 (3+3), групи НМ, МФ и МИ | 3,6 |
| | **Летен семестар 2017/2018 (вкупно 11 неделно)**<br>Актуарска математика (2+2)<br>Случајни процеси (2+2)<br>Аналитичка геометрија (3+3)<br>Елементарна математика 2 (3+3), група МФ<br>Финансиска математика 2 (2+1) | 4,95 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Зимски семестар 2018/2019 (вкупно 10 неделно)**<br>Математички модели во економијата (2+2)<br>Програмски јазик (2+0+2)<br>Векторска алгебра (3+3)<br>Елементарна математика 1 (3+3), групи НМ, МФ и МИ | 4,5 |
| | **Летен семестар 2018/2019 (вкупно 11 неделно)**<br>Актуарска математика (2+2)<br>Случајни процеси (2+2)<br>Аналитичка геометрија (3+3)<br>Елементарна математика 2 (3+3), група МФ<br>Финансиска математика 2 (2+1) | 4,95 |
| | **Зимски семестар 2019/2020 (вкупно 10 неделно)**<br>Математички модели во економијата (2+2)<br>Програмски јазик (2+0+2)<br>Елементарна математика 1 (3+3)<br>Векторска алгебра (3+3) | 4,5 |
| **4** | **Одржување на настава од втор циклус студии (нумерички и лабораториски вежби)** | |
| | **Зимски семестар 2015/2016, 2016/17, 2017/18, 2018/19, 2019/20**<br>**(вкупно 5 години, 4 часа неделно)**<br>Модели во актуарска математика (2+1+1)<br>Математика на неживотно осигурување (2+2) | 9 |
| | **Летен семестар 2015/2016, 2016/17, 2017/18, 2018/19 (вкупно 4 години, 4 часа неделно)**<br>Одбрани делови од финансиска и актуарска математика (2+2)<br>Математика на животно осигурување (2+2) | 7,2 |
| **5** | **Консултации со студенти** | |
| | Консултации со студенти од 2014/2015 летен семестар, заклучно со 2019/2020 зимски семестар<br>Вкупен број на студенти =645(прв циклус) + 11 (втор циклус) | 1,312 |
| **6** | **Ментор на дипломска работа** | |
| | Ментор на 19 дипломски работи (Елена Стојковска јуни. 2016, Бојан Дамњановски јули.2016, Бранка Крајчевска декември.2016, Марија Зафирова март.2017, Ивана Јолеска јуни.2017, Катерина Јангеловска јуни.2017, Марија Илиевска јуни.2017, Андријана Поповска јуни.2017, Силвија Сарафимова октомври.2017, Винограда Лешоска декември.2017, Пеце Дунимаглоски јануар.2018, Мартина Арсовска април.2018, Стево Ѓоргиев јули.2018, Јована Дичевска септември.2018, Елена Стојкоска октомври.2018, Василка Настеска октомври.2018, Никола Анѓелески април.2019, Арбан Ињази јули.2019, Маја Танчевска октомври.2019 ) | 3,8 |
| **7** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | |
| | Член на комисија за одбрана на дипломска работа - 13 дипломски работи | 1,3 |
| **8** | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд** | |
| | Член на комисија за одбрана на магистерски труд – 7 магистерски труда | 2,1 |

| | | |
|---|---|---|
| **9** | **Подготовка на нов предмет (предавања и вежби)** | |
| | Математички модели во економијата (предавања), 2015/16<br>Актуарска математика (предавања + вежби), 2015/16<br>Случајни процеси (предавања + вежби), 2015/16<br>Временски серии и примена (предавања), 2016/17<br>Програмски јазик (предавања), 2018/19<br>Елементарна математика 1 (предавања), 2019/20 | 7 |
| **10** | **Настава во школи и работилници (учесник)** | |
| | Учество на научен/стручен собир: Национален семинар по стохастика, БАН, 22 – 24.6.2015, под раководство на д-р Guus Balkema, Департман за математика, Универзитет во Амстердам | 1 |
| | Учесник на Регионалниот семинар за солвентност и ризик и состанокот за регионален развој на актуарски асоцијации, 27–29.9.2015, Баку, Азербејџан | 1 |
| | Предавање на работилницата Математиката и предвидувањата, 11.05.2016, со наслов ,*Случајните процеси во неживотното осигурување,* ПМФ, Институт за математика | 1 |
| | Предавање на манифестацијата Месец на наука, 19.11.2017, со наслов ,*Математиката и економските функции*, ПМФ, Скопје | 1 |
| | Предавање на 42 Школа на млади физичари, 9 – 10.11.2018, со наслов ,*Интересни факти за бројот* π, ДФРМ, ПМФ, Скопје | 1 |
| **11** | **Научно-популарна и наставно-историска статија во стручно методско списание** | |
| | **Анета Гацовска-Барандовска**, Боце Митревски, *Интересни факти за бројот* π, Зборник на предавања од 42. Школа ,,Млади физичари“, ДФРМ, Скопје 2018 (стр. 12-19) | 1 |
| | **Вкупно** | **133,56** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSCiNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Matematik, Реферативный журнал ,,Математика” или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование[11]** | |
| | Pancheva E., **Gacovska-Barandovska A.**, *On limit laws for central order statistics under power normalization*, Pliska Stud. Math, **24**, p. 163 – 180, (2015) | 4,5 |
| | **Aneta Gacovska-Barandovska,** *Propreties of the k-th upper order statistics process through an example,* Mat.Bilten, **43** (LXIX) **2**, , p.61-72, (2019) | 5 |
| 2 | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји[9]** | |
| | **Гацовска-Барандовска А.**, *Примената на математичките знаења и вештини во решавањето задачи – проблеми и предизвици*, Зборник на трудови од Меѓународна конференција за образованието по природни науки и математика, Издавачи: Друштво на физичарите на Република Македонија, Арс ламина публикации, Скопје, Природно-математички факултет во Скопје стр. 106-113, (2018) | 5 |
| | Димовски Д., **Гацовска-Барандовска А.**, *Некои пропусти во образованието по математика во Македонија*, Зборник на трудови од Меѓународна конференција за образованието по природни науки и математика, Издавачи: Друштво на физичарите на Република Македонија, Арс Ламина публикации, Скопје, Природно-математички факултет во Скопје стр. 15-21, (2018) | 4,5 |
| | Митревски Б., **Гацовска-Барандовска А.**, *Корелација на наставата по физика и наставата по математика преку решавање математичко-физички* проблеми, Зборник на трудови од Меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, Издавачи: Друштво на физичарите на Република Македонија,Просветно Дело АД Скопје, Природно-математички факултет во Скопје стр. 112-123, (2019) | 4,5 |
| | Barandovski L., Mitrevski B., **Gacovska-Barandovska A.**, Huge step back in physics education in Macedonia, with the implemenatation of Cambridge International program pp. 59-70, Настава Физике 9, Зборник радова са Међународне конференције о настави физике и сродних наука, Издавач: Друштво физичара Србије, Београд, Србија (2019) | 4 |
| **3** | **Трудови објавени во зборници на трудови на високообразовна установа[9]** | |
| | **Гацовска-Барандовска А.**, *Случајните процеси во неживотното осигурување*, Математички омнибус,1, стр. 127-136, (2017) | 2 |
| **4** | **Рецензија на научен/стручен труд** | |
| | Вкупно 14 рецензии на научни/стручни трудови за зборници од меѓународни конференции и зборници на трудови на високо-образовни установи | 2,8 |
| **5** | **Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| | **Gacovska-Barandovska A.**, Research Approach in Mathematics Education in Macedonia – Do Students Gain Quality and Permanent Knowledge, Национален семинар за математическо образование, 29-30.11.2019, Софија, Бугарија | 2 |
| **6** | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **Gacovska – Barandovska A.**, Pancheva E., *An example on application of randomly indexed central order statistics*, VI-th Congress of the Mathematicians of Macedonia, 15 – 18.6.2016, Ohrid, Republic of Macedonia | 2 |
| | V. Miovska, **A. Gacovska – Barandovska**, *Most frequent errors an misconceptions of first year math students in high school problems,* VI-th Congress of the Mathematicians of Macedonia, 15 – 18.6.2016, Ohrid, Republic of Macedonia | 2 |
| | Mitrevski B., **Gacovska-Barandovska A.**, Barandovski L., Application of math knowledge in solving problems of geometrical optics, VI Congress of mathematicians of Macedonia, 15-18.6.2016, Ohrid, Republic of Macedonia | 2 |
| | **Gacovska – Barandovska A.**, Pancheva I.E., *Randomly indexed central ordered statistics through examples and applications,* XVII-th International Conference on Probability and Statistics, ISCPS 2016, 25.6 – 1.7.2016, Поморје, Република Бугарија | 2 |
| | **Гацовска-Барандовска А.**, *Примената на математичките знаења и вештини во решавањето задачи – проблеми и предизвици*, Меѓународна конференција за образованието по природни науки и математика, 23-24.3.2018, Природно-математички факултет, Скопје, Македонија | 2 |
| | **Gacovska-Barandovska A.**, Pancheva E., *Randomly indexed central order statistics with applications in reinsurance*, 31st International Congress of Actuaries, 4-8.6.2018, Berlin, Germany | 2 |
| | **Gacovska-Barandovska A.**, *Research approach in math teaching-arguments for and against*, International Scientific Conference – Research in Mathematics Education, 10-11.5.2019, Belgrade, Republic of Serbia | 2 |
| | **Гацовска-Барандовска А.**, Целакоска-Јорданова В., *Дефинициите на математичките поими како основа за усвојување нови знаења*, Меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, 27-28.9.2019, Природно-математички факултет, Скопје | 2 |
| | **Гацовска-Барандовска А.**, Митревски Б., Барандовски Л., *A bridge between mathematics and physics – case study on geometrical optics problems*, Међународна конференција о настави физике и сродних наука, 17-19.10.2019, Суботица, Република Србија | 2 |
| 7 | **Секциско предавање на научен/стручен собир** | |
| | **Гацовска-Барандовска А.**,*Веројатноста во основата на животното осигурување,* Прв семинар ,,Математика и примени“, 14.12.2016, ПМФ, Институт за математика | 1 |
| **8** | **Апстракти објавени во зборник на конференција**[1] | |
| | **Gacovska – Barandovska A.**, Pancheva E., *An example on application of randomly indexed central order statistics*, VI-th Congress of the Mathematicians of Macedonia, 15 – 18.6.2016, Ohrid, Republic of Macedonia | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | V. Miovska, **A. Gacovska – Barandovska,** *Most frequent errors an misconceptions of first year math students in high school problems,* VI-th Congress of the Mathematicians of Macedonia, 15 – 18.6.2016, Ohrid, Republic of Macedonia | 1 |
| | Mitrevski B., **Gacovska-Barandovska A.**, Barandovski L., Application of math knowledge in solving problems of geometrical optics, VI Congress of mathematicians of Macedonia, 15-18.6.2016, Ohrid, Republic of Macedonia | 1 |
| | **Gacovska – Barandovska A.**, Pancheva I.E., *Randomly indexed central ordered statistics through examples and applications,* XVII-th International Conference on Probability and Statistics, ISCPS 2016, 25.6– 1.7.2016, Поморје, Република Бугарија | 1 |
| | **Gacovska-Barandovska A.,** *Research approach in math teaching-arguments for and against*, International Scientific Conference – Research in Mathematics Education, 10-11.5.2019, Belgrade, Republic of Serbia | 1 |
| | **Gacovska-Barandovska A.,** Celakoska-Jordanova V., Celakoska E., *Evaluating the Results of Critical Thinkingon a Dot Product problem*, Eight International Conference „Modern trends in Science”, 26-30.6.2019, Blagoevgrad, Bulgaria | 1 |
| | **Гацовска-Барандовска А.,** Целакоска-Јорданова В., *Дефинициите на математичките поими како основа за усвојување нови знаења*, Меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, 27-28.9.2019, Природно-математички факултет, Скопје | 1 |
| | **Гацовска-Барандовска А.,** Целакоска-Јорданова В., Целакоска е., *Едукативните таксономии и наставата по математика*, Меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, 27-28.9.2019, Природно-математички факултет, Скопје | 1 |
| | **Гацовска-Барандовска А.**, Митревски Б., Барандовски Л., *A bridge between mathematics and physics – case study on geometrical optics problems*, Међународна конференција о настави физике и сродних наука, 17-19.10.2019, Суботица, Република Србија | 1 |
| **9** | **Учесник во меѓународни научни проекти** | |
| | Stochastic modeling and statistical learning: application and development, билатерален проект на МАНУ и БАН, под раководство на академик Дончо Димовски (МАНУ), проф. Жанета Попеска (ФИНКИ) и проф. Евгенија Стоименова (БАН), 2014 – 2016 | 5 |
| | Statistical modeling and statistical learning for биг data sets analysis, билатерален проект на МАНУ и БАН, под раководство на проф. Жанета Попеска и проф. Евгенија Стоименова, 2017 – 2020 | 5 |
| **10** | **Учесник во национален научен проект** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Тополошко-геометриски и алгебарско-комбинаторни проблеми со примена (МАНУ, раководител: проф. д-р Дончо Димовски), 2016-2018 | 3 |
| | Тополошко-геометриски и алгебарско-комбинаторни проблеми со примена (МАНУ, раководител: проф. д-р Дончо Димовски), 2019-2021 | 3 |
| | Популаризација на математиката, Институт за математика, ПМФ, Скопје, координатор: д-р Ирена Стојковска, 2018-2021 | 3 |
| | **Вкупно** | **81,3** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Книга од стручна област - ковтор** | |
| | Натпревари по математика за учениците од основното образование, 2014, група автори, СММ, 2016 | 7 |
| | Натпревари по математика за учениците од средното образование, 2014, група автори, СММ, 2016 | 7 |
| | Натпревари по математика за учениците од основното образование, 2015, група автори, СММ, 2016 | 7 |
| | Натпревари по математика за учениците од средното образование, 2015, група автори, СММ, 2016 | 7 |
| | Натпревари по математика за учениците од средното образование, 2016, група автори, СММ, 2016 | 7 |
| 2 | **Учество во работата на комисии за државни натпревари** | |
| | Член на Комисијата за спроведување на општински, регионални и државни натпревари по математика, за средно образование и за основно образование: 2015, 2016 и 2017 год. | 6 |
| 3 | **Учество во промотивни активности на факултетот** | |
| | Учество во промотивни активности на Факултетот (2015-2019) | 2,5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 4 | **Уредник на зборник на трудови на научен/стручен собир** | |
| | 1. Зборник на трудови од Меѓународна конференција за образованието по природни науки и математика, Издавачи: Друштво на физичарите на Република Македонија, Арс ламина АД Скопје, Природно-математички факултет во Скопје, 2018<br>2. Зборник на трудови од Меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, Издавачи: Друштво на физичарите на Република Македонија, Просветно дело АД Скопје, Природно-математички факултет - Скопје, 2019 | 2 |
| 5 | **Член на уредувачки одбор на стручно списание** | |
| | „Сигма“, популарно списание за учениците во средното образование -2015/16, 2016/17 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | „Нумерус“, популарно списание за учениците во основното образование -2015/16, 2016/17 | 1 |
| **6** | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | |
| | Член на организационен одбор на Шестиот конгрес на математичарите на Македонија, 15-18.6.2016, Охрид, Македонија | 1 |
| | Член на организационен одбор на Меѓународна конференција за образованието по природни науки и математика, 23-24.3.2018, Природно-математички факултет, Скопје, Македонија | 1 |
| | Член на организационен одбор на Меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, 27-28.9.2019, Природно-математички факултет, Скопје, Македонија | 1 |
| 7 | **Студиски престој во странство до 3 месеци** | |
| | 1. Институт за математика и информатика, БАН, Софија, Бугарија (22 – 24.6.2015).<br>2.Обединетиот институт за нуклеарни истражувања, Франкова лабораторија за физика на неутроните, Дубна, Русија (5-10.4.2017). | 1 |
| **8** | **Член на комисија за избор во звање** | |
| | Член на комисија за избор на д-р Слаѓана Миљковиќ во звањето насловен доцент на Институтот за математика. | 0,2 |
| **9** | **Член на управен одбор на здружение поврзано со струката** | |
| | Член на управен одбор на Македонското актуарско здружение, 2015 – 2019 год. | 1,5 |
| | **Вкупно** | **53,2** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **133,56** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **81,3** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **53,2** |
| **Вкупно** | **268,06** |

**Членови на Комисијата**

**Акад. Дончо Димовски, редовен професор на ПМФ, Скопје, (во пензија), претседател, с.р.**
**Проф. д-р Марија Оровчанец, редовен професор на ПМФ, Скопје, член, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Крстеска, редовен професор на ПМФ, Скопје, член, с.р.**

***Прилог бр. 5***

# П Р Е Г Л Е Д

**на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 06.02.2020 година.**

**1. Магистерски трудови**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Радмила Илиеска, дипломиран инженер по биологија | „ХИРОНОМИДНАТА ЛАРВЕНА ФАУНА (CHIRONOMIDAE, DIPTERA) ОД АКУМУЛАЦИЈАТА МАВРОВО“ | CHIRONOMID LARVAE FAUNA (CHIRONOMIDAE, DIPTERA) FROM THE MAVROVO RESERVOIR | д-р Стое Смиљков, редовен професор на ПМФ – Скопје | 02-2030/5 од 25.02.2020 |
| 2. | Јовица Тодоров, дипломиран инженер по хемија | „ЕЛЕКТРОХЕМИСКА ДЕТЕКЦИЈА НА ТРИАЦЕТОН ТРИПЕРОКСИД“ | ELECTROCHEMICAL DETECTION OF TRIACETONE TRIPEROXIDE | д-р Валентин Мирчески, редовен професор на ПМФ – Скопје | 02-57/3 од 25.02.2020 |
| 3. | Елена Балшиќевска, дипломиран инженер по хемија | „ОПТИМИЗАЦИЈА НА УСЛОВИТЕ ЗА ЕКСТРАКЦИЈА И АНАЛИЗА НА ПОЛИФЕНОЛНИ СОЕДИНЕНИЈА ЗАСТАПЕНИ КАЈ ПЛОДОВИ И СОКОВИ ОД *ARONIA MELANOCARPA*“ | OPTIMIZATION OF CONDITIONS FOR EXTRACTION AND ANALYSIS OF POLYPHENOLS IN BERRIES AND JUICES OF *Aronia melanocarpa* | д-р Јасмина Петреска Станоева, вонреден професор на ПМФ – Скопје | 02-95/3 од 25.02.2020 |

***Прилог бр. 5***

# П Р Е Г Л Е Д

## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во Скопје

### 1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Александар Јаневски | За **Застапеност на патогени бактерии, нивната антимикробна отпорност и потенцијални ризик фактори за појава на субклинички маститис на малите краварски фарми во Р.С.Македонија** | Prevalence of pathogenic bacteria, antimicrobial resistance and potential risk factors for the occurrence of subclinical mastitis in small scale dairy farms in R.of North Macedonia | Проф. д-р Дине Митров | 0202 – 153/14 од 13.02.2020 година |

# П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови (**февруари 2020**)

## 1. Проектен менаџмент

| Ред. бр. | Студент | Тема на македонски јазик | Тема на англиски јазик | Предложен ментор | Одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ангела Милевска | Систем за управување со енергија ISO 50001 –Имплементација, придобивки и практики | Energy management system ISO 50001– Implementation, benefit and practices | проф. д-р Атанас Илиев | 02-393/19 од 19.2.2020 |
| 2 | Теа Тевева | Примена на агилни софтверски проект менаџмент методологии во дигитален маркетинг | Application of agile software project management methodologies in digital marketing | проф. д-р Вангел Фуштиќ | 02-393/20 од 19.2.2020 |
| 3 | Сандра Петрушевска | Споредба на класични и агилни методологии на проектниот менаџмент и нивна примена во ИТ проекти | Comparison of Traditional vs. Agile Methodologies and their Implementation on IT Projects | проф. д-р Вангел Фуштиќ | 02-393/21 од 19.2.2020 |

## 2. Компјутерски мрежи - Интернет на нешта

| ред. бр. | Студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | Одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Кристијан Велјановски | Виртуелизација врз база на контејнери: кластерирање, конфигурација, управување и практична примена | Container-based virtualization: clustering, configuration, management and practical use cases | доц. д-р Даниел Денковски | 02-393/22 од 19.2.2020 |

## 3. Комуникациски и информациски технологии

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | Одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Кристина Георгиевска | Анализа на 5G мрежен слајсинг | Analysis of 5G network slicing | проф. д-р Тони Јаневски | 02-393/23 од 19.2.2020 |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ОБЛАСТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ПОЛИЊА ИНФОРМАТИКА И КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И ИНФОРМАТИКА И ОД НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОЛЕ МАТЕМАТИКА ОБЛАСТ 10900 МАТЕМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 28 јануари 2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика и од наставно-научното поле математика област 10900 математика и врз основа на Одлуката донесена на 6. седница на Наставно-научниот совет, одржана на 20.2.2020, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Верица Бакева Смиљкова, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (претседател), д-р Смиле Марковски, редовен професор во пензија на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (член) и д-р Магдалена Георгиева, редовен професор во пензија на Природно-математичкиот факултет при УКИМ (член).

Како членови на Рецензентската комисија, извршивме преглед на доставената документација и го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика и од наставно-научното поле математика област 10900 математика, позиција 2, во предвидениот рок се пријави само кандидатката Наташа Илиевска, доктор на информатички науки, доцент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

### 15. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Наташа Илиевска е родена на 26.5.1978 во Куманово. Основно и средно образование завршила во Скопје, со континуиран одличен успех. Во академската 1996/1997 година се запишала на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на Институтот за информатика, применета насока. Дипломирала на 15.10.2001 со просек 9,94 како најдобар дипломиран студент во генерацијата на Институтот за информатика при ПМФ во Скопје, притоа стекнувајќи се со звањето дипломиран инженер по информатика.

Во академската 2002/2003 година се запишала на постдипломски студии на Институтот за математика, теориска насока. Постдипломски студии ги завршила со просек 10,00, на 23.1.2009, со одбрана на магистерскиот труд „Кодови за откривање грешки и примена на квазигрупи за нивно дизајнирање”, под менторство на проф. д-р Смиле Марковски и коменторство на проф. д-р Верица Бакева. Со тоа се стекнала со звањето магистер на математички науки. Докторската дисертација „Прилог кон теоријата и примената на кодовите за корекција на грешки и концептот на крипткодирање”, под менторство на проф. д-р Данило Глигороски и коменторство на проф. д-р Верица Бакева, ја одбранила на 27.6.2015 на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, стекнувајќи се со звањето доктор на информатички науки.

Д-р Наташа Илиевска од 1.10.2001 до 30.1.2002 била ангажирана како демонстратор на Институтот за информатика (ИИ) на Природно-математичкиот

факултет (ПМФ) во Скопје. На 31.1.2002 била избрана за помлад асистент, а на 14.5.2009 за асистент на Заводот за теориски основи на информатиката, при ИИ на ПМФ во Скопје. Со основањето на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) во рамките на УКИМ во Скопје, од 15.9.2011 кандидатката продолжува да работи како асистент на овој Факултет. На 20.8.2015 е избрана во звањето доцент од областа на теориските основи на информатиката на ФИНКИ при УКИМ во Скопје.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 16. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Од изборот во звањето доцент, д-р Наташа Илиевска изведувала и изведува настава по следниве предмети на прв циклус студии: Дискретна математика 1, Дискретна математика 2, Дискретна математика и Веројатност и статистика. На сите овие предмети изведувала и аудиториски вежби, додека, пак, на предметите Дискретна математика 2 и Веројатност и статистика, покрај аудиториски, изведувала и лабораториски вежби. Исто така, д-р Наташа Илиевска изведувала и настава по предметите Веројатност и статистика и Теорија на кодирање на втор циклус студии.

Во извештајниот период, кандидатката учествувала во подготовката на предавањата и вежбите за предметот Дискретна математика.

Исто така, има учествувано во одржување и подготовка на материјали за подготвителна настава по математика за студентите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Притоа, во 2017 била нејзин координатор.

### Научноистражувачка дејност

Д-р Наташа Илиевска има објавено 17 трудови во меѓународни и домашни конференции и списанија. Трудовите до изборот за доцент се рецензирани во Билтен бр. 959 од 2.3.2009, Билтен бр. 1030 од 2.5.2012 и Билтен бр. 1104 од 15.7.2015 година. Во периодот од последниот избор во звањето доцент, до сега, кандидатката има објавено вкупно 9 научни труда од областите информатика и компјутерска техника и информатика и од областа математика, од кои 4 труда се објавени во меѓународни списанија, а 5 во зборници од меѓународни конференции. Притоа, на 8 од овие трудови кандидатката е самостоен автор. Во извештајниот период, д-р Наташа Илиевска има објавено и 3 апстракти и учествувала на 10 меѓународни конференции на кои презентирала 11 свои труда. Како член на програмските одбори на меѓународните конференции ICT и CIIT има рецензирано 10 научноистражувачки труда.

Во извештајниот период, објавени се следниве научни трудови:

[1] N. Ilievska, **Number of Errors that the Error-Detecting Code Surely Detects**, ICT Innovations 2017, Communications in Computer and Information Science vol. 778, Springer, 2017, pp. 219-228.

Едно од најбитните својства на секој код за откривање на грешки е бројот на грешки кои тој со сигурност ги открива. Во овој труд се разгледува код за откривање на грешки со рата 1/2, дефиниран со помош на линеарни квазигрупи од ред $2^q$ во кој секој редундантен симбол е определен со помош на два информациски симбола. Даден е математички доказ дека ако за кодирање се користи линеарна квазигрупа за која слободниот член е нулта матрица, анализираниот код е линеарен. Најдени се генерирачката и матрицата за проверка на парност, со чија помош понатаму е

определено Хаминговото растојание кога за кодирање се користи квазигрупа од ред 4 од класата од квазигрупи од ред 4 кои се најдобри за кодирање. Со тоа е определен и бројот на грешки кои што кодот со сигурност ги открива.

[2] N. Ilievska, **A Note On an Error-Detecting Code**, Proceedings of the 15th International Conference for Informatics and Information Technology, Mavrovo, R. Macedonia, 2018, pp. 53 – 57.

Во фокусот на овој труд е бројот на грешки кои што еден код за откривање грешки со сигурност ги открива. Определен е бројот на грешки кои кодот со сигурност ги открива кога за кодирање се користи секоја од квазигрупите од ред 4 од најдобрата класа на квазигрупи од ред 4 за овој код и изведен е заклучок за зависноста на овој број од изборот на квазигрупа од најдобрата класа.

[3] N. Ilievska, **Simulating the Error-Detecting Capability of the Error-Detecting Code**, Proceedings of the 41th International ICT Convention MIPRO CTI – Telecommunications & Information, Opatija, Croatia, 2018, pp. 528 – 533, **IEEE**.
doi: 10.23919/MIPRO.2018.8400091
https://ieeexplore.ieee.org/document/8400091

Во овој труд со користење на симулации анализирано е како редот на квазигрупата влијае на бројот на грешки кои кодот од трудот [1] со сигурност ги открива. За таа цел, за кодирање се користени квазигрупи од различен ред. Исто така, за да се заклучи како бројот на грешки кои кодот со сигурност ги открива зависи од должината на влезниот блок, т.е. од должината на кодниот збор, кодирани се влезни блокови со различна должина.

[4] N. Ilievska, **On the Error-Detection Properties of the Error-Detecting Code**, Proceedings of the 26th Telecommunications Forum - TELFOR 2018, Belgrade, Serbia, 2018, pp. 187-190, **IEEE**.
doi: 10.1109/TELFOR.2018.8612087
https://ieeexplore.ieee.org/document/8612087

Во трудот се проучуваат својствата на код за откривање на грешки со рата 1/2, во кој секој редундантен симбол е определен со помош на три информациски симбола. Разгледуван е случајот кога за кодирање се користи квазигрупа од класата на квазигрупи од ред 4 кои даваат најмала веројатност на неоткриени грешки за овој код.

[5] N. Ilievska, **Towards the number of errors that the code detects for sure**, Journal of Engineering Science and Technology Review, (во печат).

Во овој труд се разгледува еден код со фиксна должина на редундансата, кој е предложен во претходен труд на кандидатката. Анализиран е случајот кога за кодирање се користи квазигрупа од ред 16. Определен е бројот на грешки кои кодот со сигурност ги открива кога должината на редундансата е 8, 12 и 16 бита. Заклучено е како должината на редундансата влијае на бројот на грешки кои кодот со сигурност ги открива. Исто така, изведен е заклучок за најдобра должина на влезен блок и должина на редунданса.

[6] N. Ilievska, **Towards the Fixed Length Redundancy Code**, Proceedings of the 27th Telecommunications Forum - TELFOR 2019, Belgrade, Serbia, 2019, pp. 241-244, **IEEE**.
doi: 10.1109/TELFOR48224.2019.8971113
https://ieeexplore.ieee.org/document/8971113

Во овој труд се разгледува кодот со фиксна должина на редундансата, кога квазигрупа од ред 4 се користи за кодирање, а должината на редундансата е 8, 12 и 16 бита. Во секој од овие случаи, определен е бројот на грешки кои кодот со сигурност ги открива. Најдена е зависноста на бројот на грешки кои кодот со сигурност ги открива од

должината на редундансата и должината на влезниот блок. Определени се и некои својства на кодот.

[7] A. Miteski, S. Janeska Sarkanjac, N. Ilievska, S. Miteski, **A method for calculating the probability of ruin of an insurance company**, ROMAI Journal vol. 15, no.1, 2019 (во печат) (индексирано во **Mathematical Reviews**, **Zentralblatt MATH**,...).

Во трудот е дефиниран математички модел со кој приближно се определува веројатноста за пропаст на дадена осигурителна компанија. Докажано е дека со зголемување на бројот на продадени полиси, веројатноста за пропаст на осигурителната компанија се намалува, т.е. веројатноста дека компанијата ќе пропадне зависи обратнопропорционално од запишаната премија. Врз основа на моделот дефиниран во овој труд, осигурителната компанија може да ги проектира следните деловни активности и да управува со ризикот.

[8] N. Ilievska, **Modeling the Number of Errors That the Code Surely Detects**, International Scientific Journal „Mathematical Modeling“, III (4), 2019, pp. 117-120. PRINT ISSN 2535-0986, WEB ISSN 2603-2929

Во овој труд со помош на математичко моделирање и симулации, определена е способноста за откривање на грешки на кодот со фиксна должина на редундансата кога за кодирање се користи квазигрупа од ред 8, а должината на редундансата е 9, 12 и 15 бита.

[9] N. Ilievska, **On the Power to Detect Errors of one Error-Detecting Code,** International Scientific Journal „Security & Future“, III (4), 2019, pp. 170-173. PRINT ISSN 2535-0668, WEB ISSN 2535-082X

Направена е споредба на моќта на кодот со фиксна должина на редундансата да открива грешки во случаите кога за кодирање се користи квазигрупа од ред 4, ред 8 и ред 16 за три различни должини на редундансата. На крај е заклучено кој е најдобриот избор на параметри од аспект на способноста на кодот со сигурност да ја открие грешката при преносот.

Од изборот во звањето доцент до сега, д-р Наташа Илиевска била учесник во 10 национални научни проекти, при што на 5 од нив била раководител.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Наташа Илиевска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство.

Активно е вклучена во работата на некои стручни комисии при Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, и тоа во: Комисијата за упис на нови студенти во 2015 и 2018 година и Комисијата за самоевалуација во 2017 година. Учествувала во промотивни активности на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во рамки на Отворениот ден на Факултетот од 2016 до 2019 година.

Во 2018 година била претседател на програмски/организационен одбор на 15. Меѓународна конференција за информатика и информатички технологии CiiT 2018. Кандидатката е и уредник на зборникот на трудови од оваа конференција издаден од Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство.

Д-р Наташа Илиевска била член на програмскиот одбор на конференциите:

- ICT Innovations 2017, 2018, 2019;
- CiiT 2017, 2018, 2019.

Во изборниот период, д-р Наташа Илиевска учествувала во изготвување и пријавување на десет национални научни проекти (5 како раководител и 5 како учесник).

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Наташа Илиевска, во периодот од септември 2015 до сега, во сите извештаи од самоевалуацијата на Факултетот, од анонимно спроведените анкети на студентите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, има добиено позитивна оценка.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната, како и дејноста од поширок интерес на д-р Наташа Илиевска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Наташа Илиевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика и од наставно-научното поле математика област 10900 математика

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Наташа Илиевска да биде избрана во звањето **вонреден професор** во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика и од наставно-научното поле математика област 10900 математика.

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Верица Бакева Смиљкова, претседател с.р.**
**Проф. д-р Смиле Марковски, член с.р.**
**Проф. д-р Магдалена Георгиева, член с.р.**

## ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Наташа Борко Илиевска
**Институција:** Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје
**Научна област:** сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика и од наставно-научното поле математика област 10900 математика

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: **9,94**<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: **10,00** | **Да** |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: **теорија на кодирање и криптографија**, поле: **информатика**, подрачје: **природно-математички науки**. | **Да** |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | **Да** |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: **Journal of Engineering Science and Technology Review** | **Да** |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. Назив на електронската база на списанија: **Ebsco**<br>13. Наслов на трудот: **Towards the number of errors that the code detects for sure**<br>14. Година на објава: **2020** | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>3.5.1<br><br>1.Назив на зборникот: **Communications in Computer and Information Science Series (CCIS), Vol.778, Springer**<br>2.Назив на меѓународниот собир: **ICT-Innovations 2017**<br>3.Имиња на земјите: **Холандија, Америка, Словенија, Бугарија, Австрија, итн.**<br>4. Наслов на трудот: **Number of Errors that the Error-Detecting Code Surely Detects**<br>5. Година на објава: **2017**<br><br>3.5.2<br><br>1.Назив на зборникот: **Proceedings of 26th Telecommunications Forum (TELFOR), IEEE**<br>2.Назив на меѓународниот собир: **26th Telecommunications Forum (TELFOR), 2018**<br>3.Имиња на земјите: **Австрија, Данска, Чешка, Австралија, Романија, Словенија, САД, Кина, Германија, Србија, Велика Британија, итн.**<br>4. Наслов на трудот: **On the Error-Detection Properties of the Error-Detecting Code**<br>5. Година на објава: **2018**<br><br>3.5.3<br><br>1.Назив на зборникот: **Proceedings of the 41th International Convention MIPRO, IEEE**<br>2.Назив на меѓународниот собир: **41th International ICT Convention MIPRO - CTI 2018**<br>3.Имиња на земјите: **Австрија, Франција, Италија, Шпанија, Португалија, Данска, Финска, Чешка, Шведска, Австралија, Холандија, Швајцарија, Романија, Словенија, Полска, САД, Канада, Германија, Хрватска, Велика Британија, Словачка, итн.**<br>4. Наслов на трудот: **Simulating the Error-Detecting Capability of the Error-Detecting Code**<br>5. Година на објава: **2018**<br><br>3.5.4 | **Да** |

| | | |
|---|---|---|
| | 1.Назив на зборникот: **Proceedings of 27th Telecommunications Forum (TELFOR), IEEE**<br>2.Назив на меѓународниот собир: **27th Telecommunications Forum (TELFOR), 2019**<br>3.Имиња на земјите: **Австрија, Данска, Чешка, Австралија, Романија, Словенија, САД, Кина, Германија, Србија, Велика Британија, итн.**<br>4. Наслов на трудот: **Towards the Fixed Length Redundancy Code**<br>5. Година на објава: **2019** | |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, на<br>датум **20.8.2015**, по објава во Билтен број **1104** на **15.7.2015**. | **Да** |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | **Да** |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Верица Бакева Смиљкова, претседател с.р.**
**Проф. д-р Смиле Марковски, член с.р.**
**Проф. д-р Магдалена Георгиева, член с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 2**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Наташа Борко Илиевска

**Институција:** Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје

**Научна област:** сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика и од наставно-научното поле математика област 10900 математика

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**[1]

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на настава - прв циклус | 55,50 |
| 2 | Одржување на настава - втор циклус | 13,50 |
| 3 | Консултации на прв циклус | 12,26 |
| 4 | Консултации на втор циклус | 0,06 |
| 5 | Подготовка на нов предмет - предавања и вежби | 5,50 |
| 6 | Пакет материјали за одреден предмет | 1,00 |
| 7 | Предавач на школа за подготвителна настава по математика (5 пати) | 5,00 |
| 8 | Раководител на школа за подготвителна настава по математика (2017) | 1,50 |
| | **Вкупно** | **94,32** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**[2]

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Раководител на национален научен проект | 30,00 |
| 2 | Учесник во национален научен проект | 15,00 |
| 3 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји | 3,00 |
| 4 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири кадешто членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји | 15,00 |
| 5 | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание со меѓународен уредувачки одбор | 18,00 |

[1] Деталите се дадени во Прилог 1
[2] Деталите се дадени во Прилог 2

| | | |
|---|---|---|
| 6 | Дел од монографија објавен во странство | 6,00 |
| 7 | Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество | 20,00 |
| 8 | Секциски предавања на научен/стручен собир | 1,00 |
| 9 | Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција | 3,00 |
| 10 | Рецензија на научен/стручен труд (10 труда) | 2,00 |
| | **Вкупно** | **113,00** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**[3]

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Учество во промотивни активности на факултетот/институтот | 2,00 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Претседател на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир (CiiT 2018) | 1,00 |
| 2 | Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир (Loops'15, CiiT 2018) | 2,00 |
| 3 | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир | 3,00 |
| 4 | Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир | 1,50 |
| 5 | Член на факултетска комисија | 1,50 |
| 6 | Изготвување и пријавување на научен/образовен проект | 7,50 |
| | **Вкупно** | **18,50** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **94,32** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **113,00** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **18,50** |
| **Вкупно** | **225,82** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Верица Бакева Смиљкова, претседател с.р.**
**Проф. д-р Смиле Марковски, член с.р.**
**Проф. д-р Магдалена Георгиева, член с.р.**

[3]Деталите се дадени во Прилог 3

***Прилог 1***

**Наставно-образовна дејност**

Ангажираноста во наставниот процес по учебни години, семестри и предмети на д-р Наташа Илиевска во периодот од септември 2015 до јануари 2020 на ФИНКИ е дадена во следниве табели:

| **Одржување на настава - прв циклус** | | | | | | | | **ПОЕНИ** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Семестар** | **Предмет** | **Тип** | **Часови** | **Студенти** | **Вк. часови** | **Вк. студенти** | **Одржување настава** | **Консултации на прв циклус** |
| 2015/2016 | зимски | Дискретна математика 1 | П | 6 | 268 | 9 | 363 | 5,4 | 0,726 |
| | | Веројатност и статистика | П | 3 | 95 | | | | |
| | | Дискретна математика 1 | А | 3 | 134 | 6 | 324 | 2,7 | 0,648 |
| | | Веројатност и статистика | А | 2 | 95 | | | | |
| | | Веројатност и статистика | Л | 1 | 95 | | | | |
| 2015/201 | летен | Дискретна математика 2 | П | 3 | 133 | 3 | 133 | 1,8 | 0,266 |
| | | Дискретна математика 2 | А | 4 | 266 | 4 | 266 | 1,8 | 0,532 |
| 2016/2017 | зимски | Дискретна математика 1 | П | 6 | 300 | 9 | 394 | 5,4 | 0,788 |
| | | Веројатност и статистика | П | 3 | 94 | | | | |
| | | Дискретна математика 1 | А | 3 | 150 | 6 | 338 | 2,7 | 0,676 |
| | | Веројатност и статистика | А | 2 | 94 | | | | |
| | | Веројатност и статистика | Л | 1 | 94 | | | | |
| 2016/2017 | летен | Дискретна математика 2 | П | 6 | 282 | 6 | 282 | 3,6 | 0,564 |
| | | Дискретна математика 2 | А | 2 | 141 | 4 | 282 | 1,8 | 0,564 |
| | | Дискретна математика 2 | Л | 2 | 141 | | | | |
| 2017/2018 | зимски | Дискретна математика 1 | П | 9 | 447 | 12 | 579 | 7,2 | 1,158 |
| | | Веројатност и статистика | П | 3 | 132 | | | | |
| | | Веројатност и статистика | А | 2 | 132 | 3 | 264 | 1,35 | 0,528 |
| | | Веројатност и статистика | Л | 1 | 132 | | | | |
| 2017/2018 | летен | Дискретна математика 2 | П | 6 | 320 | 6 | 320 | 3,6 | 0,64 |
| | | Дискретна математика 2 | А | 2 | 160 | 3 | 320 | 1,35 | 0,64 |
| | | Дискретна математика 2 | Л | 1 | 160 | | | | |
| 2018 | зимс | Дискретна математика | П | 3 | 102 | 7 | 365 | 4,2 | 0,73 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Дискретна математика 1 | П | 1 | 143 | | | | |
| | | Веројатност и статистика | П | 3 | 120 | | | | |
| | | Дискретна математика | А | 3 | 102 | 6 | 342 | 2,7 | 0,684 |
| | | Веројатност и статистика | А | 2 | 120 | | | | |
| | | Веројатност и статистика | Л | 1 | 120 | | | | |
| 2018/2019 | летен | Дискретна математика | П | 3 | 97 | 6 | 392 | 3,6 | 0,784 |
| | | Дискретна математика 2 | П | 3 | 295 | | | | |
| | | Дискретна математика 2 | А | 2 | 295 | 3 | 590 | 1,35 | 1,18 |
| | | Дискретна математика 2 | Л | 1 | 295 | | | | |
| 2019/2020 | зимски | Дискретна математика | П | 3 | 179 | 6 | 311 | 3,6 | 0,622 |
| | | Веројатност и статистика | П | 3 | 132 | | | | |
| | | Веројатност и статистика | А | 2 | 132 | 3 | 264 | 1,35 | 0,528 |
| | | Веројатност и статистика | Л | 1 | 132 | | | | |
| | | | | | | | **ВКУПНО** | **55,5** | **12,258** |

| **Одржување на настава - втор циклус** | | | | | | | | **ПОЕНИ** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Семестар** | **Предмет** | **Тип** | **Часови** | **Студенти** | **Вк. часови** | **Вк. студенти** | **Одржување настава** | **Консултации на втор циклус** |
| 2015 / 2016 | з. | Веројатност и статистика | П | 2 | 12 | 2 | 12 | 1,5 | 0,024 |
| 2016 / 2017 | з. | Веројатност и статистика | П | 2 | 10 | 2 | 10 | 1,5 | 0,02 |
| 2017 / 2018 | з. | Веројатност и статистика | П | 5 | 3 | 5 | 3 | 3,75 | 0,006 |
| 2018 / 2019 | з. | Веројатност и статистика | П | 5 | 2 | 5 | 2 | 3,75 | 0,004 |
| 2018 / 2019 | з. | Теорија на кодирање | П | 2 | 1 | 2 | 1 | 1,5 | 0,002 |
| 2019 / 2020 | з. | Теорија на кодирање | П | 2 | 1 | 2 | 1 | 1,5 | 0,002 |
| | | | | | | | **ВКУПНО** | **13,5** | **0,058** |

| **Подготовка на нов предмет - предавања и вежби** | | **Тип** | **ПОЕНИ** |
|---|---|---|---|
| 1 | Дискретна математика 1 | П | 1 |
| 2 | Дискретна математика 2 | П | 1 |
| 3 | Дискретна математика | П | 1 |
| 4 | Веројатност и статистика | П | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 | Дискретна математика | В | 0,5 |
| 6 | Теорија на кодирање | П | 1 |
| | | **ВКУПНО** | **5,5** |

| Пакет материјали за одреден предмет | | ПОЕНИ |
|---|---|---|
| 1 | Дискретна математика | 1 |
| | **ВКУПНО** | **1** |

***Прилог 2***

## Научноистражувачка дејност

Научноистражувачката дејност на д-р Наташа Илиевска во периодот од септември 2015 до јануари 2020 е дадена во следниве табели:

**Раководител на национален научен проект**

| | Име на проектот | Финансиран од | Период на траење | ПОЕНИ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Моделирање и анализа на кодови за откривање на грешки - продолжение | ФИНКИ | 2015 - 2016 | 6 |
| 2 | Линеарни кодови за откривање на грешки | ФИНКИ | 2016 - 2017 | 6 |
| 3 | Способност за откривање на грешки на некои линеарни кодови за откривање на грешки | ФИНКИ | 2017 - 2018 | 6 |
| 4 | Точен пренос на податоци | ФИНКИ | 2018 - 2019 | 6 |
| 5 | Перформанси на некои кодови за откривање на грешки | ФИНКИ | 2019 - 2020 | 6 |
| | | | **ВКУПНО** | **30** |

**Учесник во национален научен проект**

| | Име на проектот | Финансиран од | Период на траење | ПОЕНИ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Примена на квазигрупи во дизајн на криптографски примитиви и кодови кои откриваат и поправаат грешки | ФИНКИ | 2015 - 2016 | 3 |
| 2 | Безбедносни аспекти на податочната комуникација | ФИНКИ | 2016 - 2017 | 3 |
| 3 | Податочна комуникација со примена на квазигрупи | ФИНКИ | 2017 - 2018 | 3 |
| 4 | Подобрувања во податочна комуникација | ФИНКИ | 2018 - 2019 | 3 |
| 5 | Анализа на нови методи за подобрување на безбедноста во податочната комуникација | ФИНКИ | 2019 - 2020 | 3 |
| | | | **ВКУПНО** | **15** |

**Апстракти објавени во зборник на конференција**

| Наслов | Настан | ПОЕНИ |
|---|---|---|
| N. Ilievska, D. Gligoroski, A model of error-detecting linear code with fixed length redundancy | International Mathematical Conference on Quasigroups and Loops LOOPS'15, 2015, Ohrid, R. Macedonia | 1 |
| N. Ilievska, D. Gligoroski, Impact of the quasigroup order on the probability of undetected errors on a model of error-detecting linear code | International Mathematical Conference on Quasigroups and Loops LOOPS'15, 2015, Ohrid, R. Macedonia | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| N. Ilievska, For Some Error-Detecting Linear Codes | National seminar of Coding theory “Professor Stefan Dodunekov”, Tryavna, Bulgaria, 2016 | 1 |
| | **ВКУПНО** | **3** |

**Секциски предавања на научен стручен собир со меѓународно учество**

| | Наслов | Настан | ПОЕНИ |
|---|---|---|---|
| 1 | A model of error-detecting linear code with fixed length redundancy (N. Ilievska, D. Gligoroski) | International Mathematical Conference on Quasigroups and Loops LOOPS'15, Ohrid, R. Macedonia, 2015 | 2 |
| 2 | Impact of the quasigroup order on the probability of undetected errors on a model of error-detecting linear code (N. Ilievska, D. Gligoroski) | International Mathematical Conference on Quasigroups and Loops LOOPS'15, Ohrid, R. Macedonia, 2015 | 2 |
| 3 | For Some Error-Detecting Linear Codes (N. Ilievska) | National seminar of Coding theory “Professor Stefan Dodunekov”, Tryavna, Bulgaria, 2016 | 2 |
| 4 | Number of Errors that the Error-Detecting Code Surely Detects (N. Ilievska) | ICT-Innovations 2017, Skopje, R. Macedonia, 2017 | 2 |
| 5 | Simulating the Error-Detecting Capability of the Error-Detecting Code (N. Ilievska) | 41th International ICT Convention MIPRO CTI – Telecommunications & Information, Opatija, Croatia, 2018 | 2 |
| 6 | On the Error-Detection Properties of the Error-Detecting Code (N. Ilievska) | 26th Telecommunications Forum - TELFOR 2018, Belgrade, Serbia, 2018 | 2 |
| 7 | Towards the number of errors that the code detects for sure (N. Ilievska) | Conference in Telecommunications, Informatics, Energy and Management TIEM 2019, Kavala, Greece, 2019 | 2 |
| 8 | Towards the Fixed Length Redundancy Code (N. Ilievska) | 27th Telecommunications Forum - TELFOR 2019, Belgrade, Serbia, 2019 | 2 |
| 9 | On the Power to Detect Errors of one Error-Detecting Code (N. Ilievska) | III International Scientific Conference Confsec 2019, Borovets, Bugaria, 2019 | 2 |
| 10 | Modeling the Number of Errors That the Code Surely Detects (N. Ilievska) | III International Scientific Conference Mathmodel 2019, Borovets, Bugaria, 2019 | 2 |
| | | **ВКУПНО** | **20** |

**Секциски предавања на научен стручен собир**

| | Наслов | Настан | ПОЕНИ |
|---|---|---|---|
| 1 | A Note On an Error-Detecting Code (N. Ilievska) | 15th International Conference for Informatics and Information Technology CiiT, Mavrovo, Macedonia, 2018 | 1 |
| | | **ВКУПНО** | **1** |

## Список на стручни и научни трудови и други публикации

| | Автор 1 | Автор 2 | Автор 3 | Автор 4+ | Наслов | Списание/Конференција/Монографија | Година | Конф. | Меѓунар.конференција | Меѓунар. Моног. | Списание | бр.авт. | Бодување | П. Конф. | П. Меѓ кон | П. Меѓ. Моно | П. Спис. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Natasha Ilievska | | | | Number of Errors that the Error-Detecting Code Surely Detects | Communications in Computer and Information Science Series (CCIS), Vol.778, ICT-Innovations 2017, Springer, pp. 219-228 | 2017 | | | 1 | | 1 | 100,00% | 0 | 0 | 6 | 0 |
| **2** | Natasha Ilievska | | | | Simulating the Error-Detecting Capability of the Error-Detecting Code | Proceedings of the 41th International ICT Convention MIPRO CTI – Telecommunications & Information, Opatija, Croatia, 2018, pp. 528 – 533. | 2018 | | 1 | | | 1 | 100,00% | 0 | 5 | 0 | 0 |
| **3** | Natasha Ilievska | | | | On the Error-Detection Properties of the Error-Detecting Code | Proceedings of the 26th Telecommunications Forum - TELFOR, Belgrade, Serbia, 2018, pp. 187-190. | 2018 | | 1 | | | 1 | 100,00% | 0 | 5 | 0 | 0 |
| **4** | Natasha Ilievska | | | | A Note On an Error-Detecting Code | Proceedings of the 15th International Conference for Informatics and Information Technology CIIT, Mavrovo, R. Macedonia, 2018, pp. 53 – 57. | 2018 | 1 | | | | 1 | 100,00% | 3 | 0 | 0 | 0 |
| **5** | Natasha Ilievska | | | | Towards the number of errors that the code detects for sure | Journal of Engineering Science and Technology Review, 2020 (in print) | 2020 | | | | 1 | 1 | 100,00% | 0 | 0 | 0 | 5 |
| **6** | Natasha Ilievska | | | | Towards the Fixed Length Redundancy Code | Proceedings of the 27th Telecommunications Forum - TELFOR 2019, Belgrade, Serbia, pp. 241-244. | 2019 | | 1 | | | 1 | 100,00% | 0 | 5 | 0 | 0 |
| **7** | Natasha Ilievska | | | | On the Power to Detect Errors of one Error-Detecting Code | International Scientific Journal Security & Future, III (4), 2019, pp. 170-173. | 2019 | | | | 1 | 1 | 100,00% | 0 | 0 | 0 | 5 |
| **8** | Natasha Ilievska | | | | Modeling the Number of Errors That the Code Surely Detects | International Scientific Journal Mathematical Modeling, III (4), 2019, pp. 117-120. | 2019 | | | | 1 | 1 | 100,00% | 0 | 0 | 0 | 5 |
| **9** | Andreja Miteski | Smilka Janeska Sarkanjac | Natasha Ilievska | Stefan Miteski | A method for calculating the probability of ruin of an insurance company | ROMAI JOURNAL, vol. 15, no. 1, 2019 (in print) | 2019 | | | | 1 | 4 | 60,00% | 0 | 0 | 0 | 3 |
| | | | | | | | | | | | | | | **3** | **15** | **6** | **18** |
| | | | | | | | | | | | | | | | | **ВКУПНО** | **42** |

***Прилог 3***

**Стручно-апликативна дејност**

Стручно-апликативната дејност на д-р Наташа Илиевска во периодот од септември 2015 до јануари 2020 е дадена во следниве табели:

**Изготвување и пријавување на научен/образовен проект**

| **Наслов** | **Повик** | **Тип** | **Улога** | **Поени** |
|---|---|---|---|---|
| Моделирање и анализа на кодови за откривање на грешки: продолжение | ФИНКИ 2015/16 | национа-лен | раководител | 1 |
| Примена на квазигрупи во дизајн на криптографски примитиви и кодови кои откриваат и поправаат грешки | ФИНКИ 2015/16 | национа-лен | учесник | 0,5 |
| Линеарни кодови за откривање на грешки | ФИНКИ 2016/17 | национа-лен | раководител | 1 |
| Безбедносни аспекти на податочната комуникација | ФИНКИ 2016/17 | национа-лен | учесник | 0,5 |
| Способност за откривање на грешки на некои линеарни кодови за откривање на грешки | ФИНКИ 2017/18 | национа-лен | раководител | 1 |
| Податочна комуникација со примена на квазигрупи | ФИНКИ 2017/18 | национа-лен | учесник | 0,5 |
| Точен пренос на податоци | ФИНКИ 2018/19 | национа-лен | раководител | 1 |
| Подобрувања во податочна комуникација | ФИНКИ 2018/19 | национа-лен | учесник | 0,5 |
| Перформанси на некои кодови за откривање на грешки | ФИНКИ 2019/20 | национа-лен | раководител | 1 |
| Анализа на нови методи за подобрување на безбедноста во податочната комуникација | ФИНКИ 2018/19 | национа-лен | учесник | 0,5 |

| | |
|---|---|
| **ВКУПНО** | **7,5** |

**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**

| | Собир | година | Поени |
|---|---|---|---|
| 1 | ICT Innovations | 2017 | 1 |
| 2 | ICT Innovations | 2018 | 1 |
| 3 | ICT Innovations | 2019 | 1 |
| | | **ВКУПНО** | **3** |

**Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир**

| | Собир | година | Поени |
|---|---|---|---|
| 1 | CiiT | 2017 | 0,5 |
| 2 | CiiT | 2018 | 0,5 |
| 3 | CiiT | 2019 | 0,5 |
| | | **ВКУПНО** | **1,5** |

**Член на факултетска комисија**

| | Комисија | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Комисија за уписи, 2015 | 0,5 |
| 2 | Комисија за уписи, 2018 | 0,5 |
| 3 | Комисија за самоевалуација | 0,5 |
| | **ВКУПНО** | **1,5** |

**Учество во промотивни активности на Факултетот**

| | Тип на активност | Учебна година | Поени |
|---|---|---|---|
| 1 | Отворен ден на ФИНКИ | 2016 | 0,5 |
| 2 | Отворен ден на ФИНКИ | 2017 | 0,5 |
| 3 | Отворен ден на ФИНКИ | 2018 | 0,5 |
| 4 | Отворен ден на ФИНКИ | 2019 | 0,5 |
| | | **ВКУПНО** | **2** |

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ОБЛАСТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОЛЕ ИНФОРМАТИКА И НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОЛЕ КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И ИНФОРМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за информатички науки компјутерско инженерство во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” од 28 јануари 2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет донесена на 20 февруари 2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Марјан Гушев, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”-Скопје, д-р Иван Чорбев, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”-Скопје и д-р Пеце Митревски, редовен професор на Факултетот за информатички и комуникациски технологии, Универзитет „Св. Климент Охридски”-Битола.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика, во предвидениот рок се пријави само кандидатот Гоце Арменски, доктор на информатички науки, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

### 17. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот вонр. проф. д-р Гоце Арменски е роден на 3 декември 1976 година, во Скопје, РС Македонија. Средно образование завршил во УСО „Раде Јовчевски – Корчагин” во Скопје во 1995 година. Со високо образование се стекнал на Електротехничкиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, во 2000 година. Дипломирал на 4 мај 2000 година, со просечен успех 9,36.

Кандидатот активно се служи со англискиот, српскиот и хрватскиот јазик.

Во учебната 2000/2001 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Институтот за информатика, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”. Студиите ги завршил на 10 декември 2003 година, со просечен успех 10,00. На 10 декември 2003 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Електронско тестирање*.

Докторска дисертација пријавил на 13 јули 2006 година на Институтот за информатика, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”. Дисертацијата на тема: *Сервис-ориентирана архитектура во е-тестирање* ја одбранил на 5 јули 2010 година, пред Комисија во состав: д-р Марјан Гушев, ред. проф. на ПМФ – Скопје, д-р Маргита Кон-Поповска, ред. проф. на ПМФ – Скопје, д-р Љупчо Антовски, доцент на ПМФ – Скопје, д-р Анастас Мишев, доцент на ПМФ – Скопје, д-р Пеце Митревски, вонр. проф. на Технички факултет – Битола. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област информатика.

На 1 март 2001 година е избран во звањето помлад асистент на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, во областа програмско инженерство.

На 27 февруари 2003 година е реизбран во звањето помлад асистент на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, во областа програмско инженерство.

На 30 септември 2004 година е избран во звањето асистент на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, во областа програмско инженерство.

На 28 јуни 2007 година е реизбран во звањето асистент на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, во областа програмско инженерство.

На 28 октомври 2010 година е избран во звањето доцент на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, во областа на информатиката – информатички технологии.

На 20 август 2015 година е избран во звањето вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, во областа на информатиката и компјутерското инженерство.

Во моментот е вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1102 од 15 јуни 2015 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 820 од 31 јануари 2003 година, Билтен бр. 857 од 15 септември 2004 година, Билтен бр. 918 од 27 април 2007 година, Билтен бр. 993 од 1 октомври 2010 година и Билтен бр. 1102 од 15 јуни 2015 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 18. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, кандидатот д-р Гоце Арменски изведува настава и вежби на прв циклус студии на сите студиски програми на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и настава на втор циклус студии на студиските програми Софтверско инженерство, Кодирање и криптографија и Компјутерски науки на истиот Факултет.

На прв циклус студии изведува настава по следниве предмети: Интернет програмирање, Напреден веб дизајн, Дизајн на образовен софтвер, Интернет технологии, Основи на веб дизајн и Учење на далечина.

На втор циклус студии изведува настава по следниве предмети: Интероперабилност, портабилност и федерација на скалабилни веб сервиси, Напредни ИКТ иновации и претприемништво, е-Бизнис и Креирање на дигитални едукативни содржини.

Кандидатот бил ментор на 11 дипломски трудови.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена/или одбрана на 22 дипломски и 3 магистерски труда и на 3 докторски дисертации.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Гоце Арменски има објавено 63 трудови во меѓународни научни списанија, меѓународни научни публикации и во зборници од научни собири. Трудовите до изборот за доцент се рецензирани во Билтен бр. 993 од 1 октомври 2010 година, додека трудовите до изборот за вонреден професор се рецензирани во Билтен бр. 1102 од 15 јуни 2015 година. Во периодот од последниот избор во звањето вонреден професор, до сега, кандидатот има објавено вкупно 11 научни трудови од областите од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика, од кои 3 труда во меѓународни научни списанија и 8 труда во меѓународни научни публикации.

Д-р Гоце Арменски бил раководител на 5 национални проекти, а учествувал и како член во 8 научни проекти.

Кандидатот има одржано 4 секциски предавања на научен/стручен собир и учествувано на 3 научни/стручни собири со реферат.

Кандидатот е ментор на 1 магистерски труд.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Гоце Арменски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Врши стручна и експертска дејност на национални и меѓународни проекти финансирани од Европската Унија, УСАИД, ОБСЕ, Меѓународната фондација за избори – IFES и други меѓународни институции.

Кандидатот д-р Гоце Арменски остварил експертски активности учествувајќи во 16 меѓународни развојни проекти, учествувал во дизајн и изработка на 13 информациски системи, како и во развој на 4 нови софтверски пакети.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство:

- Комисија за самоевалуација на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, насока: компјутерска евалуација, 2017;
- Наставна комисија за кратки стручни студии, 2016;
- Комисија за упис на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, 2015/2016.

Д-р Гоце Арменски е член на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, како и на Дигиталниот форум за информатичко комуникациски технологии – државно стручно и советодавно тело од областа на информатичкото општество.

Бил член на 3 рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно звање.

Во изборниот период, д-р Гоце Арменски учествувал во изготвување и пријавување на 6 научни/образовни национални проекти.

Кандидатот учествувал во програмски одбор на 11 меѓународни научни собири.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Гоце Арменски, во периодот од август 2015 до сега, во сите извештаи од самоевалуацијата на Факултетот, од анонимно спроведените анкети на студентите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, има добиено позитивна оценка.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Гоце Арменски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Гоце Арменски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, д-р Гоце Арменски да биде избран во звањето редовен професор во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марјан Гушев с.р.**
**Проф. д-р Иван Чорбев с.р.**
**Проф. д-р Пеце Митревски с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**

Гоце Славе Арменски

**Институција:**

Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство-Скопје

**Научна област:**

сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,36<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,0 | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика. | да |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>**3.1.1.**<br>1. Назив на научното списание: International Journal of Distance Education Technologies (IJDET)<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Наслов на трудот: Technologies for Interactive Learning and Assessment Content Development<br>4. Година на објава: 2016<br>doi:10.4018/IJDET.2016010102<br><br>**3.1.2.**<br>1. Назив на научното списание: International Archives Of Medicine<br>2. Назив на електронската база на списанија: EBSCO (STM SOURCE)<br>3. Наслов на трудот: Implementation of Experiential Learning in Pathology: Impact of Hipon Project Concept and Attainment<br>4. Година на објава: 2015<br>doi:10.3823/1810 | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: PEDAGOGICAL MAGAZINE (Science magazine for education issues)<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупно членови 17, Албанија 2, Босна и Херцеговина 1, Бугарија 1, САД 2, Турција 1, Хрватска 3, Србија 1, Р. С. Македонија 6<br>3. Наслов на трудот: Блумова дигитална таксономија<br>4. Година на објава: 2018 | да |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>**3.5.1.**<br>1. Назив на зборникот: INTED2020 Proceedings<br>2. Назив на меѓународниот собир: 14th annual International Technology, Education and Development Conference<br>3. Имиња на земјите: Шведска, Франција, Бразил, Италија, САД, Португалија, Јапонија, Шпанија, Хрватска, Обединети Арапски Емирати, Русија, Германија, Финска, Сингапур, Грција, Обединето Кралство, Гана, Норвешка, Полска, Малта, Ирска, Малезија, Чешка, Литванија Канада, Нов Зеланд, Полска<br>4. Наслов на трудот: Transition from Web Forms to .NET MVC - experience in Internet Technology course<br>5. Година на објава: 2020 | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | **3.5.2.**<br>1. Назив на зборникот: Proceedings of the 14th international balkan congress for education and science<br>2. Назив на меѓународниот собир: 14th international balkan congress for education and science<br>3. Имиња на земјите: Хрватска, Бугарија, Турција, Р. С. Македонија<br>4. Наслов на трудот: A comprehensive study of question answering systems<br>5. Година на објава: 2019<br><br>**3.5.3.**<br>1. Назив на зборникот: Proceedings of the ENTRENOVA - ENTerprise REsearch InNOVAtion Conference (2019)<br>2. Назив на меѓународниот собир: The 5th ENTerprise REsearch InNOVAtion Conference – ENTRENOVA 201<br>3. Имиња на земјите: Хрватска, Црна Гора, Словенија, Обединето Кралство, Франција, Обединети Арапски Емирати, Босна и Херцеговина, Чешка, Р. С. Македонија, Чиле, Индија, САД, Унгарија, Кина, Данска, Португалија<br>4. Наслов на трудот: Devising UIF Model in Designing Usable User Interface Impacted from Shorter-Time-To-Market Phenomena<br>5. Година на објава: 2019<br>http://dx.doi.org/10.2139/ssrn.3489990<br><br>**3.5.4.**<br>1. Назив на зборникот: Proceedings of the 13th International Balkan Education and Science Congress<br>2. Назив на меѓународниот собир: 13th International Balkan Education and Science Congress<br>3. Имиња на земјите: Турција, Р. С. Македонија, Бугарија, Хрватска,<br>4. Наслов на трудот: Analyzing multiple-choice questions validity<br>5. Година на објава: 2018<br><br>**3.5.5.**<br>1. Назив на зборникот: 41st International Convention on Information and Communication Technology, Electronics and Microelectronics (MIPRO) : proceedings<br>2. Назив на меѓународниот собир: 41st International Convention on Information and Communication Technology, Electronics and Microelectronics (MIPRO)<br>3. Имиња на земјите: Хрватска, Австрија, Словенија, Босна и Херцеговина, Полска, Фрнација, Шпанија, Италија, Холандија, Р. С. Македонија, Обединето Кралство, Естонија, Словачка, Финска, Швајцарија, Бугарија, Германија, Шведска, Данска, Чешка, Србија, САД, Австралија, Унгарија, Португалија, | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 4. Наслов на трудот: Interoperability of ECG standards<br>5. Година на објава: 2018<br>doi: 10.23919/MIPRO.2018.8400061<br><br>**3.5.6.**<br>1. Назив на зборникот: Proceedings of 2017 IEEE Global Engineering Education Conference (EDUCON)<br>2. Назив на меѓународниот собир: IEEE Global Engineering Education Conference (EDUCON) 2017<br>3. Имиња на земјите: Норвешка, САД, Грција, Обединети Арапски Емирати, Германија, Шпанија, Австралија, Тунис, Кипар, Швајцарија, Хрватска, Мексико, Австрија, Ирска, Турција, Малезија, Обединето Кралство, Јапонија, Данска, Катар, Португалија, Холандија, Сингапур, Франција, Романија, Словенија<br>4. Наслов на трудот: Creation of educational games — Project based learning in e-Learning systems course<br>5. Година на објава: 2017<br>doi: 10.1109/EDUCON.2017.7943012<br><br>**3.5.7.**<br>1. Назив на зборникот: Conference Proseedings of the 3th International Conference — Education across Borders, Education and Research across Time and Space<br>2. Назив на меѓународниот собир: The 3th International Conference — Education across Borders, Education and Research across Time and Space<br>3. Имиња на земјите: Р. С. Македонија, Албанија, Полска, Србија, Бугарија,<br>4. Наслов на трудот: Implementing a recommendation system in an e-commerce web portal<br>5. Година на објава: 2016<br><br>**3.5.8.**<br>1. Назив на зборникот: IEEE EUROCON 2015 - International Conference on Computer as a Tool (EUROCON) Proceedings<br>2. Назив на меѓународниот собир: IEEE EUROCON 2015 - International Conference on Computer as a Tool<br>3. Имиња на земјите: Израел, Шпанија, Белгија, Нигерија, Италија, Србија, Естонија, Австралија, Индија, Босна и Херцеговина, Германија, Португалија, Лотванија, Иран, Јужно Афричка Република, Турција, Р. С. Македонија, Малта, Колумбија, Романија, Хрватска, Обединето Кралство, Холандија, Ирска, Словачка, Србија, Унгарија, Саудиска Арабија, Бразил, Кипар, Данска, Црна Гора, Латвија, САД, Шведска, Египет, Русија, Украина, Полска, Бугарија, Азербејџан, Чешка, Обединети Арапски Емирати, Тајван, Франција | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 4. Наслов на трудот: Scalable system for e-orders as a service in cloud<br>5. Година на објава: 2015<br>doi: 10.1109/EUROCON.2015.7313733 | |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, Билтен: бр. 1102 од 15 јуни 2015 година | да |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат засновани работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Републиа Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марјан Гушев с.р**
**Проф. д-р Иван Чорбев с.р.**
**Проф. д-р Пеце Митревски с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Гоце, Славе Арменски**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство-Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика**

### НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава - прв циклус | 40,95 |
| 2. | Одржување на настава - втор циклус | 15 |
| 3. | Настава во школи и работилници (3*1) | 3 |
| 4. | Консултации со студенти - прв циклус | 7,548 |
| 5. | Консултации со студенти - втор циклус | 0,154 |
| 6. | Подготовка на нов предмет – предавања | 4 |
| 7. | Ментор на дипломска работа (11*0.2) | 2,2 |
| 8. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (3*0,5 + 3*0,5) | 3 |
| 9. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (3*0,3 + 3*0,3) | 1,8 |
| 10. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (22*0,1) | 2.2 |
| | **Вкупно** | **79,852** |

### НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на магистерски труд (1*2,0) | 2 |
| 2. | Раководител на национален научен проект (5*6,0) | 30 |
| 3. | Учесник во национален научен проект (8*3,0) | 24 |
Повеќе детали за научноистражувачката дејност на д-р Анастазија Киркова-Наскова може да се видат во прилогот кон овој Реферат (Образец 2).

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Анастазија Киркова-Наскова активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Во 2018 била ангажирана како координатор во подготовката на елаборат за нови студиски програми за прв циклус (додипломски) универзитетски студии на Катедрата за англиски јазик и книжевност. Истата година била ангажирана и како координатор во подготовката на елаборат за нови студиски програми за втор циклус (постдипломски) универзитетски студии Наука за јазик.

Кандидатката остварила стручно усовршување во странство со студиски престој на Универзитет во Лисабон, Португалија, како визитинг професор преку програмата за мобилност на наставен кадар Erasmus+ во периодот од 2 до 7.5.2016 г.

Како експерт од областа на фонетиката и фонологијата на англискиот јазик, д-р Анастазија Киркова-Наскова остварила бројни експертски активности. Таа е коавтор на првото издание од 2015 г. и на второто издание од 2017 г. на *Правописот на македонскиот јазик* во издание на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и Култура АД (автор е на делот *Англиски јазик* во поглавјето X. Транскрипција и транслитерација на туѓите имиња). Овој труд го сметаме за особено важен бидејќи во него јасно се зацртани принципите кои треба да се запазат при пренесување на англиските гласови во македонскиот јазик. Д-р Анастазија Киркова-Наскова работела и како стручен редактор за фонетска и јазична редакција на англиски јазик на речникот *Англиско-македонски илустративен речник „Учиме англиски: Моите први зборови и слики“* (5то издание) од 2018 г. во издание на Просветно дело. Исто така, кандидатката како лектор на англискиот јазик работела на *Книгата на апстракти за меѓународната конференција 6th International Conference on English Pronunciation: Issues and Practices (EPIP 6)* и *Книгата на апстракти за меѓународната научна конференција English Studies at the Interface of Disciplines (ESIDRP 2016)*.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Како позначајна активност го издвојуваме нејзиното членство во Редакцискиот одбор на меѓународното научно списание *Современа филологија* (*Journal of Contemporary Philology*), при што во текот на мандатот од 2017 до 2019 врши функција на секретар и помага во основањето на списанието.

Во периодот 2017-2019 година, таа ја извршува функцијата раководител на Наставно-научниот колегиум – наука за јазик (втор циклус студии) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје.

Во изборниот период, д-р Анастазија Киркова-Наскова учествувала во изготвување на севкупната документација и пријавување на меѓународен научен проект на конкурс објавен од

Министерството за образование и наука на Р Северна Македонија (код на проектот: WTZ Project No. 01/2018, билатерална соработка со Универзитетот во Салцбург, Р Австрија).

Организациските квалитети на д-р Анастазија Киркова-Наскова се истакнуваат преку организирањето на неколку меѓународни конференции на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје: во улога на претседател на организациониот одбор на меѓународната научна конференција *6th International Conference on English Pronunciation: Issues and Practices – EPIP 6* (17-18 мај 2019), и во улога на член на организациониот одбор на меѓународните научни конференции *English Studies at the Interface of Disciplines – ESIDRP 2019* (21-23 март 2019), *ELTAM - MaWSIG - FlF conference event: All teachers are materials writers* (30 септември 2019) и *English Studies at the Interface of Disciplines –ESIDRP 2016* (11-13 март 2016).

Д-р Анастазија Киркова-Наскова активно е вклучена во работата на неколку факултетски комисии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, поконкретно: член на Комисијата за пресметување на надоместок за одржување часови и испити над обем во период од 2016 – 2019, член на Комисијата за прегледување тендерска документација во период од 2016 – 2017, и претседател на Техничката комисија за пресметување на просекот и изготвување на ранг - листите на пријавените кандидати за упис во прва година во уч. 2017/2018 и во уч. 2015/2016. Исто така, од 2018 година д-р Анастазија Киркова-Наскова е испитувач при спроведување на испити за познавање на јазик и испити за одредување на јазично ниво според ЗЕРР при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Од 2009 година, таа соработува со Британскиот совет и е лиценциран испитувач за усниот дел од стандардизираните испити за познавање на англискиот јазик при Универзитетот во Кембриџ (анг.: UCLES ESOL Oral examiner FCE/B2 level).

Кандидатката работи и како ментор за изведување на наставата по предметот Англиски јазик во струка 1 на прв циклус студии на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ (уч. 2019/2020, уч. 2018/2019, уч. 2017/2018 и уч. 2016/2017) и по предметот Англиски јазик на студиските програми: Медицински сестри/техничари, Дипломиран физиотерапевт, Радиолошки технолог и Логопед на прв циклус студии на Медицинскиот факултет (уч. 2018/2019).

Во изборниот период, д-р Анастазија Киркова-Наскова изготвува распоред на часови за Катедрата за англиски јазик и книжевност.

Повеќе детали за стручно-применувачката дејност и дејностите од поширок интерес на д-р Анастазија Киркова-Наскова може да се видат во прилогот кон овој Реферат (Образец 2).

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Анастазија Киркова-Наскова.

Според изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Анастазија Киркова-Наскова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научните области англистика (Граматика на англискиот јазик – Морфологија 1 и 2) и фонетика и фонологија (Граматика на англискиот јазик – Фонетика и фонологија 1 и 2).

Комисијата особено позитивно го вреднува педагошкото и научното делување како и исклучителната професионална етика на д-р Анастазија Киркова-Наскова во севкупниот ангажман кон активностите на Катедрата за англиски јазик и книжевност. Треба да се истакне нејзината посветеност и студиозност во реализацијата на наставата, високото ниво на стручна подготвеност и стремеж за постигнување високи стандарди во професијата. Како истражувач, таа поседува извонредни аналитички способности за што сведочат бројните научни трудови. Д-р Анастазија Киркова-Наскова континуирано постигнува одлични резултати и е ценет соработник во меѓународни научноистражувачки проекти со што придонесува за афирмацијата на Филолошкиот факултет.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески во Скопје“, д-р Анастазија Киркова-Наскова да биде избрана во звањето вонреден професор во научните области англистика (Граматика на англискиот јазик – Морфологија 1 и 2) и фонетика и фонологија (Граматика на англискиот јазик – Фонетика и фонологија 1 и 2).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марија Јанева-Михајловска,**
**редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Елени Бужаровска,**
**редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Јованка Лазаревска-Станчевска,**
**редовен професор, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Анастазија Љубомир Киркова-Наскова**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **АНГЛИСТИКА (Граматика на англискиот јазик – Морфологија 1 и 2) и ФОНЕТИКА И ФОНОЛОГИЈА (Граматика на англискиот јазик – Фонетика и фонологија 1 и 2)**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: __________<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: __________<br>Просечниот успех изнесува _________ за интегрираните студии. | / |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област:<br>област: Англистика (Граматика на англискиот јазик – Морфологија 1 и 2) и Фонетика и фонологија (Граматика на англискиот јазик – Фонетика и фонологија 1 и 2), поле: наука за јазик, подрачје: хуманистички науки | да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: __________<br>2. Назив на електронската база на списанија: __________<br>15. Наслов на трудот: ____________ | / |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 16. Година на објава: ______________ | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1.Назив на научното списание: Journal of Contemporary Philology<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји):<br>- вкупен број членови: 18<br>- број и припадност по земји: Русија (2), Иран (1), Белгија (1), Данска (1), Романија (1), САД (1), Шпанија (1), Франција (1), Полска (2), Хрватска (1), Канада (1), Македонија (2), Германија (1), Србија (1), Италија (1)<br>3. Наслов на трудот: Зборoредот во простата реченица: инверзија на субјект и предикат<br>4. Година на објава: 2019<br>1.Назив на научното списание: Journal of Contemporary Philology<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји):<br>- вкупен број членови: 18<br>- број и припадност по земји: Русија (2), Иран (1), Белгија (1), Данска (1), Романија (1), САД (1), Шпанија (1), Франција (1), Полска (2), Хрватска (1), Канада (1), Македонија (2), Германија (1), Србија (1), Италија (1)<br>3. Наслов на трудот: Инструкција за подобрување на изговорот на странски јазик<br>4. Година на објава: 2019<br><br>1.Назив на научното списание: Palimpsest<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји):<br>- вкупен број членови: 30<br>- број и припадност по земји: САД (1), Македонија (2), Русија (2), Романија (2), Хрватска (2), Унгарија (2), Турција (2), Бугарија (2), Индија (2), Босна и Херцеговина (2), Словенија (2), Велика Британија (2), Србија (2), Швајцарија (1), Франција (1), Италија (1), Германија (1)<br>3. Наслов на трудот: Изучување изговор на странски јазик: теориски преглед<br>4. Година на објава: 2019 | да |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1.Назив на научното списание: Journal for Foreign Languages<br>2.Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Словенија<br>3. Наслов на трудот: Second language pronunciation: a summary of teaching techniques | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 4. Година на објава: 2019 | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: _________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_________<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: _____________ | / |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1.Назив на зборникот: Investigating English Pronunciation: Trends and Directions<br>2.Назив на меѓународниот собир:<br>3rd International Conference on English Pronunciation: Issues and Practices (EPIP3), University of Murcia, Murcia, Spain. May 8–10th, 2013.<br>3.Имиња на земјите: Австралија, Франција, Брунеи, Шпанија, Јапонија<br>4. Наслов на трудот: The English pronunciation teaching in Europe survey: Factors inside and outside the classroom.<br>5. Година на објава: 2015 | да |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>1. Наслов на преведеното капитално дело: _______<br>2. Година на објава __________<br>3. Издавач, место на издавање и година _______________ | / |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: 15.5.2015 г., Билтен бр. 1100. | да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат засновран работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**Членови на Комисијата**

Проф. д-р Марија Јанева-Михајловска, претседател, с.р.
Проф. д-р Елени Бужаровска, член, с.р.
Проф. д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, член, с.р.

**ОБРАЗЕЦ 2**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Анастазија Љубомир Киркова-Наскова**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:**
**АНГЛИСТИКА (Граматика на англискиот јазик – Морфологија 1 и 2) и ФОНЕТИКА И ФОНОЛОГИЈА (Граматика на англискиот јазик – Фонетика и фонологија 1 и 2)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување настава од прв циклус студии** | |
| | **2019/2020, зимски семестар**<br>Морфологија 1 (2+2)<br>4 x 15 x 0,04 = 2,4<br>Фонетика и фонологија 1 (2+6)<br>8 x 15 x 0,04 = 4,8 | 7,2 |
| | **2018/2019, летен семестар**<br>Морфологија 1 (2+2)<br>4 x 15 x 0,04 = 2,4<br>Фонетика и фонологија 1 (2+6)<br>8 x 15 x 0,04 = 4,8 | 7,2 |
| | **2018/2019, зимски семестар**<br>Морфологија 1 (2+2)<br>4 x 15 x 0,04 = 2,4<br>Фонетика и фонологија 1 (2+6)<br>8 x 15 x 0,04 = 4,8 | 7,2 |
| | **2017/2018, летен семестар**<br>Фонетика и фонологија 2 (2+6)<br>8 x 15 x 0,04 = 4,8 | 4,8 |
| | **2017/2018, зимски семестар**<br>Фонетика и фонологија 1 (2+6)<br>8 x 15 x 0,04 = 4,8 | 4,8 |
| | **2016/2017, летен семестар**<br>Фонетика и фонологија 2 (2+6)<br>8 x 15 x 0,04 = 4,8 | 4,8 |
| | **2016/2017, зимски семестар**<br>Фонетика и фонологија 1 (2+6)<br>8 x 15 x 0,04 = 4,8 | 4,8 |
| | **2015/2016, летен семестар**<br>Фонетика и фонологија 2 (2+6)<br>8 x 15 x 0,04 = 4,8 | 4,8 |
| | **2015/2016, зимски семестар** | 4,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Фонетика и фонологија 1 (2+6)<br>8 x 15 x 0,04 = 4,8 | |
| **2.** | **Настава во школи и работилници** | |
| | учесник во работилницата (Re)searching classroom episodes to stay professionally alert: Exercises in systematic informed reflective practice (workshop), Blaže Koneski Faculty of Philology, Skopje, Republic of Macedonia. June 28-30th, 2017. | 1 |
| **3.** | **Подготовка на нов предмет** | |
| | **2018/2019, зимски семестар**<br>Морфологија 1 (предавања и вежби) | 1,5<br>(1+0,5) |
| | **2018/2019, летен семестар**<br>Морфологија 2 (предавања и вежби) | 1,5<br>(1+0,5) |
| | **2015/2016, зимски семестар**<br>Фонетика и фонологија 1 (предавања и вежби) | 1,5<br>(1+0,5) |
| | **2015/2016, летен семестар**<br>Фонетика и фонологија 2 (предавања и вежби) | 1,5<br>(1+0,5) |
| **4.** | **Консултации со студенти** | |
| | **2019/2020, зимски семестар**:<br>- Морфологија 1 (120 студенти)<br>- Фонетика и Фонологија 1 (180 студенти )<br>Вкупно: 300 x 0,002 = 0,6 | 0,6 |
| | **2018/2019, летен семестар**:<br>- Морфологија 2 (174 студенти)<br>- Фонетика и фонологија 2 (204 студенти)<br>Вкупно: 378 x 0,002 = 0,756 | 0,76 |
| | **2018/2019, зимски семестар**:<br>- Морфологија 1 (116 студенти)<br>- Фонетика и фонологија 1 (158 студенти)<br>Вкупно: 274 x 0,002 = 0,548 | 0,55 |
| | **2017/2018, летен семестар**:<br>- Фонетика и фонологија 2 (205 студенти)<br>Вкупно: 205 x 0,002 = 0,41 | 0,41 |
| | **2017/2018, зимски семестар**:<br>- Фонетика и фонологија 1 (185 студенти)<br>Вкупно: 185 x 0,002 = 0,37 | 0,37 |
| | **2016/2017, летен семестар**:<br>- Фонетика и фонологија 2 (162 студенти)<br>Вкупно: 162 x 0,002 = 0,324 | 0,32 |
| | **2016/2017, зимски семестар**:<br>- Фонетика и фонологија 1 (183 студенти)<br>Вкупно: 183 x 0,002 = 0,366 | 0,37 |
| | **2015/2016, летен семестар**:<br>- Фонетика и фонологија 2 (136 студенти)<br>Вкупно 136 x 0,002 = 0,272 | 0,27 |
| | **2015/2016, зимски семестар**:<br>- Фонетика и фонологија 1 (140 студенти)<br>Вкупно: 140 x 0,002 = 0,28 | 0,28 |
| **5.** | **Ментор на дипломска работа** | |
| | Кандидати: Верче Спасиќ (2019), Ивана Домазетовска (2018), Ангела Момировска (2017), Моника Даниловска (2017), Мимоза Целевска (2016)<br>Вкупно: 5 x 0,2 = 1 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| **6.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторски труд** | |
| | кандидат: Анета Наумоска (2018)<br>Вкупно: 1 x 0,7 = 0,7 | 0,7 |
| **7.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд** | |
| | Кандидати: Павлина Коталеска (2019), Елена Марковска (2017), Бети Силјаноска-Дрнков (2017)<br>Вкупно: 3 x 0,3 = 0,3 | 0,9 |
| **8.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | |
| | Кандидати: Александра Маневска (2019), Михајло Ковачевиќ (2018), Верица Аврамоска (2017), Горан Симоновски (2017), Тијана Поповиќ (2017), Викторија Кедиоска (2017), Петра Мишевска (2016), Драгана Петрушевска (2016), Марија Костовска (2015), Вера Тошевска (2015)<br>Вкупно: 10 x 0,1 = 1 | 1 |
| **9.** | **Интерна скрипта од предавања и вежби** | |
| | Скрипта за предметот Граматика на современиот англиски јазик - Фонетика и фонологија 1 (предавања и вежби)<br>Kirkova-Naskova, A. *English Phonetics and Phonology 1: Materials Pack.* | 7 (4+3) |
| | Скрипта за предметот Граматика на современиот англиски јазик - Фонетика и фонологија 2 (предавања и вежби)<br>Kirkova-Naskova, A. *English Phonetics and Phonology 2: Materials Pack.* | 7 (4+3) |
| **10** | **Пакет материјали за одреден предмет** | |
| | Пакет материјали за дополнителна перцептивна обука за предметот Граматика на современиот англиски јазик - Фонетика и фонологија 1 | 1 |
| | **Вкупно** | **79,93** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Раководител на меѓународен научен проект** | |
| | **Инструкција за ефективно процесирање на јазични структури при изучување на англискиот јазик како трет странски јазик: разлики помеѓу двојазични говорители кои подеднакво ги владеат двата јазика и двојазични говорители кои нееднакво ги владеат двата јазика (наслов на англ.: Processing Instruction for L3 English: Differences between balanced and unbalanced bilinguals?)**<br><br>Код: WTZ Project No. 01/2018<br>Интернетска страница: https://pibilinguals.wixsite.com/pibil3<br>Програма: меѓународен билатерален научен проект<br>Финансирање: проектот е финансиски поддржан од Министерството за образование и наука на Р Северна Македонија и од Министерството за образование, наука и истражување на Р Австрија | 9 |

| | | |
|---|---|---|
| | Учесници: Универзитетот во Салцбург, Р Австрија и Филолошкиот факултет „Блаже Конески“- Скопје, Р Северна Македонија<br>Улога во проектот: главен истражувач / раководител<br>Скратен назив: PI-BI-L3<br>Времетраење на проектот: 24 месеци (јули 2018 – јуни 2020) | |
| **2.** | **Учесник во меѓународен научен проект** | |
| | **ICLE *(International Corpus of Learner English)* Project**<br>Учесници: Центарот за англиска корпусна лингвистика на Католичкиот универзитет во Лувен, Белгија и Филолошкиот факултет „Блаже Конески“- Скопје, Р Македонија<br>Улога во проектот: истражувач / член на македонскиот тим<br>Времетраење на проектот: 2016 – 2017 | 5 |
| **3.** | **Учесник во национален научен проект** | |
| | **Предлог-систем за континуиран професионален развој на наставниот кадар по англиски јазик**<br>Учесници: Министерство за образование и наука на Р Северна Македонија, Биро за развој на образование, Британски совет<br>Период: 2015<br>Улога во проектот: член на работна група | 3 |
| | **Проект за обновување на Правописот на македонскиот јазик**<br>Учесници: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“– Скопје, Р. Македонија<br>Период: 2015<br>Улога во проектот: автор на делот за транскрипција од англиски на македонски јазик | 3 |
| **4.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | |
| | **Бужаровска, Е., Митковска, Л. и Киркова-Наскова, А.** (2019). Зборoредот во простата реченица: инверзија на субјект и предикат. *Journal of Contemporary Philology*, **2**(2): 7–25. https://journals.ukim.mk/index.php/jcp/article/view/965 | 4 (80% од 5 бода) |
| | **Киркова-Наскова, А.** (2019). Изучување изговор на странски јазик: теориски преглед. *Palimpsest*, **4**(8): 159–172. http://js.ugd.edu.mk/index.php/PAL/article/view/3364/3054 | 5 |
| | **Киркова-Наскова, А.** (2019). Инструкција за подобрување на изговорот на странски јазик. *Journal of Contemporary Philology*, **2**(1): 80–101. https://journals.ukim.mk/index.php/jcp/article/view/184 | 5 |
| **5.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската унија и/или ОЕЦД** | |
| | **Kirkova-Naskova, A.** (2019). Second language pronunciation: a summary of teaching techniques. *Journal for Foreign Languages*, **11**: 119–136. https://revije.ff.uni-lj.si/Vestnik/article/view/9010 | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| **6.** | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | |
| | **Henderson, A., Curnick, L., Frost, D., Kautszch, A., Kirkova-Naskova, A, Levey, D., Tergujeff, E., and Waniek-Klimczak, E.** (2015). The English pronunciation teaching in Europe survey: Factors inside and outside the classroom. In Mompean, J. A., and Fouz-Gonzales, J. (Eds.) *Investigating English Pronunciation: Trends and Directions*. (pp. 260-291). London: PalgraveMacmillan. | 3 (60% од 5 бода) |
| **7.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание** | |
| | **Henderson, A., Curnick, L., Frost, D., Kautszch, A., Kirkova-Naskova, A, Levey, D., Tergujeff, E., and Waniek-Klimczak, E.** (2015). Pronunciation in an EFL setting: What's going on inside and around European classrooms?, *Speak Out!*, **52**, 49-58. | 1,8 (60% од 3 бода) |
| **8.** | **Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. установа** | |
| | **Киркова-Наскова, А.** (2019). Шеста меѓународна научна конференција за изговор на англискиот јазик: состојби и практики. Во: *Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“*, кн. 45, стр. 243–246. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“. | 2 |
| | **Киркова-Наскова, А.** (2015–2016). Перцепција на говор кај изучувачи на странски јазик: преглед на теориските модели. Во: *Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“*, кн. 41–42, стр. 43–64. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“. | 2 |
| **9.** | **Рецензија на научен стручен труд** | |
| | Во научното списание *Journal of Second Language Pronunciation* (https://benjamins.com/catalog/jslp), рецензија за трудот: The impact of a foreign accent on the productive intelligibility of EFL learners: Relative or absolute? | 0,2 |
| | Во научното списание *AFinLA-e: Studies in Applied Linguistics* (https://journal.fi/afinla/issue/view/5195), рецензија за трудот: The effects of some listener background factors and task type that contribute to the degree of perceived accent in L2 Finnish | 0,2 |
| | Во научното списание *New Horizons in English Studies* (https://journals.umcs.pl/nh/issue/view/388/showToc), рецензија за трудот: On reduction in English: What the English don't say | 0,2 |
| | Во Зборник на трудови од меѓународната конференција *English Studies at the Interface of Disciplines – ESIDRP 2016*, рецензија за трудот: English prepositions and conjunctions with different pronunciation variants: How do Macedonian learners deal with them? | 0,2 |
| | Во Зборник на трудови од меѓународната конференција *English Studies at the Interface of Disciplines – ESIDRP 2019*, рецензија за трудот: English absolute participle clauses and their Macedonian equivalents | 0,2 |
| | Во Зборник на трудови од меѓународната конференција *English Studies at the Interface of Disciplines – ESIDRP 2019*, рецензија за трудот: Semantic number and its markedness in English | 0,2 |
| **10.** | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| | Учество со реферат на меѓународните научни конференции: | 12 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 2019 | 45th Austrian Linguistic Conference (ÖLT 2019), University of Salzburg, Austria, December 6-7th, 2019.<br>Presentation title:<br>“Perceptual training and its effects on L2 vowel production: a classroom-based study” | (12 x 1 = 12) |
| | 2019 | 6th International Conference on English Pronunciation: Issues and Practices (EPIP 6), University of Skopje, Republic of North Macedonia. May 17-18th, 2019.<br>Presentation title:<br>“Critical listening and type of corrective feedback in a large-group classroom: Students’ preferences and views” | |
| | 2019 | English Studies at the Interface of Disciplines (ESIDRP 2019), University of Skopje, Republic of North Macedonia. March 21st-23rd, 2019.<br>Presentation title (together with Angela Momirovska):<br>“Алис or Елис? Transphonemization of /æ/ by Macedonian learners of English: Preliminary results” | |
| | 2018 | Pronunciation in Second Language Learning and Teaching (PSLLT 2018), Iowa State University, Ames, Iowa, USA. September 6-8th, 2018.<br>Presentation title:<br>“Learner views on the efficiency of perceptual activities: Insights from a classroom-based study” | |
| | 2018 | 4th Belgrade International meeting of English Phoneticians (BIMEP 2018), University of Belgrade, Serbia. March 30th-31st, 2018.<br>Presentation title:<br>“The effects of a classroom-based perceptual training on the perception and production of L2 Vowels” | |
| | 2017 | 11th International Conference on Native and Non-native Accents of English – Accents 2017: Accents in Use, University of Łódź, Poland. November 30th-December 2nd, 2017.<br>Presentation title:<br>“Investigating critical listening in the classroom: focus on types of analysis and feedback” | |
| | 2017 | ELTAM - MaWSIG - FlF conference event: All teachers are materials writers, University of Skopje, Republic of Macedonia. September 30th, 2017.<br>Presentation title:<br>“Developing phonological awareness activities for improving pronunciation” | |
| | 2016 | 10th International Conference on Native and Non-native Accents of English – Accents 2016: Accents in Context, University of Łódź, Poland. December 1st-3rd, 2016.<br>Presentation title:<br>“Enhancing L2 sound perception and phonological awareness: learner views about a classroom-based training” | |

| | | |
|---|---|---|
| | 2016 9th ELTAM - IATEFL - TESOL International Biannual Conference, Struga, Republic of Macedonia. October 14-16th, 2016.<br>Presentation title:<br>“Research-based pronunciation instruction: current insights and application”<br><br>2016 New Sounds, University of Aarhus, Denmark. June 10-12th, 2016.<br>Presentation title:<br>“Extreme perceptual instruction improves L2 production but not L2 perception: Evidence from a classroom-based study”<br><br>2016 English Studies at the Interface of Disciplines (ESIDRP 2016), University of Skopje, Republic of Macedonia. March 11-13th, 2016.<br>Presentation title:<br>“Focus on critical listening as a pronunciation teaching technique”<br><br>2015 9th International Conference on Native and Non-native Accents of English – Accents 2015: Accents in (inter) Action, University of Łódź, Poland. December 3rd-5th, 2015.<br>Presentation title:<br>“The implicit influence of L2 speech perception on L2 speech production” | |
| **11.** | **Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција** | |
| | 2019 45th Austrian Linguistic Conference (ÖLT 2019), University of Salzburg, Austria, December 6-7th, 2019.<br>Presentation title:<br>“Perceptual training and its effects on L2 vowel production: a classroom-based study”<br><br>2019 6th International Conference on English Pronunciation: Issues and Practices (EPIP 6), University of Skopje, Republic of North Macedonia. May 17-18th, 2019.<br>Presentation title:<br>“Critical listening and type of corrective feedback in a large-group classroom: Students’ preferences and views”<br><br>2019 English Studies at the Interface of Disciplines (ESIDRP 2019), University of Skopje, Republic of North Macedonia. March 21st-23rd, 2019.<br>Presentation title (together with Angela Momirovska):<br>“Алис or Елис? Transphonemization of /æ/ by Macedonian learners of English: Preliminary results”<br><br>2018 Pronunciation in Second Language Learning and Teaching (PSLLT 2018), Iowa State University, Ames, Iowa, USA. September 6-8th, 2018.<br>Presentation title: | 10 (10 x 1 = 10) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | “Learner views on the efficiency of perceptual activities: Insights from a classroom-based study” | |
| | 2018 | 4th Belgrade International meeting of English Phoneticians (BIMEP 2018), University of Belgrade, Serbia. March 30th-31st, 2018.<br>Presentation title:<br>“The effects of a classroom-based perceptual training on the perception and production of L2 Vowels” | |
| | 2017 | 11th International Conference on Native and Non-native Accents of English – Accents 2017: Accents in Use, University of Łódź, Poland. November 30th-December 2nd, 2017.<br>Presentation title:<br>“Investigating critical listening in the classroom: focus on types of analysis and feedback” | |
| | 2016 | 10th International Conference on Native and Non-native Accents of English – Accents 2016: Accents in Context, University of Łódź, Poland. December 1st-3rd, 2011.<br>Presentation title:<br>“Enhancing L2 sound perception and phonological awareness: learner views about a classroom-based training” | |
| | 2016 | New Sounds, University of Aarhus, Denmark. June 10-12th, 2016.<br>Presentation title:<br>“Extreme perceptual instruction improves L2 production but not L2 perception: Evidence from a classroom-based study” | |
| | 2016 | English Studies at the Interface of Disciplines (ESIDRP 2016), University of Skopje, Republic of Macedonia. March 11-13th, 2016.<br>Presentation title:<br>“Focus on critical listening as a pronunciation teaching technique” | |
| | 2015 | 9th International Conference on Native and Non-native Accents of English – Accents 2015: Accents in (inter) Action, University of Łódź, Poland. December 3rd-5th, 2015.<br>Presentation title:<br>“The implicit influence of L2 speech perception on L2 speech production” | |
| | **Вкупно** | | **71** |

## СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Книга од стручна област (коавтор)** | |
| | **Киркова-Наскова, А.** (2017). Англиски јазик. Во: *Правопис на македонскиот јазик (второ издание),* стр. 179-190. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и Култура АД. | 7 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Киркова-Наскова, А.** (2015). Англиски јазик. Во: *Правопис на македонскиот јазик,* стр. 179-190. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“. | |
| **2.** | **Координатор во подготовката на елаборат на нова студиска програма** | |
| | Студиски програми за додипломски студии (акредитација 2018) | 1 |
| | Студиски програми за постдипломски студии (акредитација 2018) | 1 |
| **3.** | **Лекторирање на трудови на англиски јазик** | |
| | Лектура на англиски јазик на Книгата на апстракти за меѓународната конференција 6th International Conference on English Pronunciation: Issues and Practices (EPIP 6) | 0,25 |
| | Лектура на англиски јазик на Книгата на апстракти за меѓународната научна конференција English Studies at the Interface of Disciplines (ESIDRP 2016) | 0,25 |
| **4.** | **Стручна редакција на трудови на англиски јазик** | |
| | Стручна редакција на англиски јазик (фонетска и јазична) на речникот: *Англиско-македонски илустративен речник „Учиме англиски: Моите први зборови и слики“* (5то издание). 2018. Скопје: Просветно дело. | 0,25 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| **5.** | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание** | |
| | Член на Редакцискиот одбор на *Современа филологија* (*Journal of Contemporary Philology*), меѓународно научно списание на Филолошкиот факултет „Блаже Конески”, Скопје (мандат: 2017-2019) | 1 |
| **6.** | **Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | |
| | Претседател на организационен одбор на меѓународната научна конференција 6th International Conference on English Pronunciation: Issues and Practices (EPIP 6), University of Skopje, Republic of North Macedonia. May 17-18th, 2019. | 2 |
| **7.** | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | |
| | Член на организционен одбор на следниве меѓународни научни конференции:<br><br>English Studies at the Interface of Disciplines (ESIDRP 2019), University of Skopje, Republic of North Macedonia. March 21st-23th, 2019.<br><br>ELTAM - MaWSIG - FlF conference event: All teachers are materials writers, University of Skopje, Republic of Macedonia. September 30th, 2017.<br><br>English Studies at the Interface of Disciplines (ESIDRP 2016), University of Skopje, Republic of Macedonia. March 11-13th, 2016. | 3 |
| **8.** | **Студиски престој во странство (до три месеци)** | |
| | Визитинг професор на Универзитет во Лисабон, Португалија, 2-7.05.2016 г. | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Erasmus+ програма за мобилност на наставен кадар | |
| **9.** | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект (носител)** | |
| | Подготовка на севкупна документација за пријавување на научен меѓународен проект:<br><br>**Инструкција за ефективно процесирање на јазични структури при изучување на англискиот јазик како трет странски јазик: разлики помеѓу двојазични говорители кои подеднакво ги владеат двата јазика и двојазични говорители кои нееднакво ги владеат двата јазика (наслов на англ.: Processing Instruction for L3 English: Differences between balanced and unbalanced bilinguals?)**<br>Код: WTZ Project No. 01/2018<br>Интернетска страница: https://pibilinguals.wixsite.com/pibil3<br>Програма: меѓународен билатерален научен проект<br>Финансирање: проектот е финансиски поддржан од Министерството за образование и наука на Р Северна Македонија и од Министерството за образование, наука и истражување на Р Австрија<br>Учесници: Универзитетот во Салцбург, Р Австрија и Филолошкиот факултет „Блаже Конески“- Скопје, Р Северна Македонија<br>Улога во проектот: главен истражувач / раководител<br>Скратен назив: PI-BI-L3<br>Времетраење на проектот: 24 месеци (јули 2018 – јуни 2020) | 2 |
| **10.** | **Член на факултетска комисија** | |
| | Член на Комисија за пресметување на надоместок за одржување часови и испити над обем (период: 2016 – 2019) | 0,5 |
| | Член на Комисија за прегледување тендерска документација (еден мандат: 2016 – 2017) | 0,5 |
| | Претседател на Техничката комисија за пресметување на просекот и изготвување на ранг листите на пријавените кандидати за упис во прва година во уч. 2017/2018 | 0,5 |
| | Претседател на Техничката комисија за пресметување на просекот и изготвување на ранг - листите на пријавените кандидати за упис во прва година во уч. 2015/2016 | 0,5 |
| **11.** | **Раководител на постдипломски или докторски студии** | |
| | Раководител на Наставно-научниот колегиум – наука за јазик (магистерски студии) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески”, Скопје (мандат: 2017-2019) | 2 |
| **12.** | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| | UCLES ESOL Oral examiner FCE/B2 level<br>лиценциран испитувач за усниот дел од стандардизираните испити за познавање на англискиот јазик при Универзитетот во Кембриџ (од 2009 - ) | 1 |
| | **Вкупно** | **22,25** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 79,93 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 71 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | / |
| СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 22,25 |
| **Вкупно** | **173,18** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Марија Јанева-Михајловска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Елени Бужаровска, член, с.р.**
**Проф. д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОВОШТАРСКАТА ЛЕКСИКА НА АЛБАНСКИТЕ ГОВОРИ ВО МАКЕДОНИЈА“, ОД М-Р ХАНА ДАРЛИШТА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, донесена на седницата одржана на 18. 12. 2019 година избрани сме за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација под наслов **ОВОШТАРСКАТА ЛЕКСИКА НА АЛБАНСКИТЕ ГОВОРИ ВО МАКЕДОНИЈА**, поднесена од м-р Хана Дарлишта. По извршениот преглед на доставениот ракопис, со задоволство го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација **Овоштарската лексика на албанските говори во Македонија** изработена од м-р Хана Дарлишта, опфаќа 222 страници текст, напишан со фондот Georgia, со големина на знаците 12 и стандарден проред од 1,5. Трудот се состои од седум глави. Кон трудот е приложена нужната научна апаратура конкретизирана во завршните делови: Заклучок, Индекс на зборови, Кратенки и Користена литература.

Во воведниот дел (6-9), кандидатката м-р Х. Дарлишта ги објаснува мотивите за изработка на една ваква тема, односно обработка на еднолексичко - семантичко поле или област како мошне интересна и досега недоволно проучена и истражувана материја. Општо земено, овоштарската лексика на албанските говори во Македонија претставува дел од материјалната, духовната и социјалната култура на албанското население во Република Северна Македонија, и поради својата природа, таа е подложена на различни етнокултурни и јазични влијанија. Дијалектната лексика од областа на семантичкото поле *овоштарство* претставува вистински предизвик за еден лингвист – лексиколог како што е кандидатката м-р Хана Дарлишта. Изнесувајќи ги целите, методологијата и структурата на дисертацијата, авторката ги презентира реализираните теоретски и теренски истражувања, како и благодарноста кон одредени институции и поединци кои помогнале во реализацијата на трудот.

Уште во првиот дел на дисертацијата, **Рамки на истражувањето** (10-13), кандидатката м-р Хана Дарлишта мошне сериозно и објективно пристапила кон прашањата што се тесно поврзани со дијалектната лексика од областа на овоштарството на албанските говори во Македонија. Оттука, таа ја истакнува и улогата и значењето на лексичките единици, кои претставуваат составен дел од општонародната лексика, односно од основниот лексички фонд на албанскиот јазик. Главната цел и предмет на нејзиното истражување претставува ексцерпцијата, ареалната дистрибуција, распространетоста и употребата на овоштарската лексика во албанските дијалекти и говори. Јазичниот и лексичкиот материјал е добро претставен, обработуван и селектиран. Опфатени се најглавните пунктови на изворите од кадешто е собиран, осврнувајќи се на семантичката мотивираност на овоштарската лексика, фонетско-фонолошките, зборообразувачките и лексичко-семантичките разновидности. Сиот јазичен и лексички материјал што го обработува кандидатката ѝ дава за право да посвети внимание и на етимологијата на лексемите, содржинската структура на зборовите, заемките, полисемијата, синонимијата, фраземите, фигуративноста и сл. При ексцерпијата и обработката на лексичкиот материјал, авторката ги применува аналитичкиот и споредбениот метод, со цел да даде посеопфатен семантички опис на лексемите од областа на овоштарството, користејќи ги толковните, двојазичните,

повеќејазичните и терминолошките речници на албанскиот и македонскиот стандарден јазик.

Во втората глава, под наслов **Зборот и терминот** (14-21), авторката Х. Дарлишта ги посочува основните карактеристики на поимите збор и термин, нивните сличности и разлики во рамките на јазичниот систем. Анализата на одделни лексички единици покажува дека, зборот, кога се употребува како општа лексема, поседува особености за градење на парадигматски односи, особено во полисемантичката и зборообразувачката анализа. Во продолжение, авторката посочува и некои теоретски прашања во врска со концептот на *структурата на зборот*, фокусирајќи се на нивниот детален семантички и лексички пристап, полисемијата, зборообразувањето, етимологијата и др.

Значаен дел од докторскиот труд на м-р Хана Дарлишта претставува третото поглавје под наслов Анализа на овоштарството и неговата терминологија од ботанички и јазичен аспект (22-33). Во анализата, кандидатката м-р Хана Дарлишта тргнува од значењето на конкретната лексика и врз диференцијалниот знак ги регистрира и ги опишува основните термини на овошните растенија. Понатамошната анализа се одвива во рамките на секоја од дадените семантички групи и подгрупи, осврнувајќи се на семантичките особености. При тоа, авторката го разгледува составот и класификацијата на овоштарството, ставајќи посебен акцент на дивите и култивираните овошки. Во таа насока, авторката ги проследува и семантичките промени, кои довеле до стеснување или проширување на значењето, потеклото, распространетоста и нивната примена во кулинарската номенклатура и сл.

Во четвртото поглавје, Именување во овоштарството (36-43), авторката се задржува на ова тематско подрачје, кое предизвикува посебен проблем од нормативен карактер. Со оглед на карактерот на лексемите, нивната широка употреба и директната зависност од многу вонјазични и јазични фактори, пред специјалистите за албански јазик се јавуваат определен број на проблеми, постари и понови, кои бараат решение. На овие предизвици, свој коментар или понудено решение ни нуди м-р Хана Дарлишта. Така, таа се задржува на неколку вакви прашања. Едно од нив е и прашањето за именувањето на овошјето *arrë/kaçkë (орев).*

Најобемниот и најважниот дел од докторската дисертација на м-р Хана Дарлишта претставува петтото поглавје, под наслов Претставување на лексичките единици преку семантичка анализа (44-18). Како дел од општиот лексички фонд на албанскиот јазик, авторката истакнува дека овоштарската лексика на албанските говори во Македонија изобилува со мошне богат и интересен јазичен материјал. Сиот јазичен материјал е подреден и класифициран по азбучен редослед, придружени со латински извори и референции од речници (толковни, терминолошки, етимолошки) објавени на на албански, македонски, српски, турски јазик и сл. Во продолжение, кандидатката истакнува дека овоштарската лексика претставува значајна гранка на агрокултурата, која одиграла мошне важна улога во духовното, социјалното, материјалното и културното богатство на албанското население во Македонија. Во овој дел, авторката посебно се задржува на именувањето и значењето на лексемите и врз диференцијалниот признак ги класифицира во семантички полиња. Како дел од општиот лексички фонд, важно е да се спомне приодот при опишувањето на лексичките единици, по однос на потеклото, адаптацијата на туѓите зборови, способноста за деривација, семантичките промени итн. Во исто време треба да кажеме дека сиот лексички материјал, претставува комплексен и сложен материјал што не е едноставно да се организира, со сите парадигматски (со)односи во кои влегува ваквиот тип на лексика. Така, според содржината на лексемите се изделуваат: а) зборови од општата дијалектна лексика на албанските говори: *arrë / kaçkë (орев), arrishtë, arrë buke, dardhë, mollë* (с. 48, 49) и б) позајмени лексеми од балканските јазици на пр.: *qershi(цреша)* од лат., *urmë, mushmullë, liman (урма, мушмула, лимун)* од тур. *borovnicë, kapinkë, jagotkë / боровница, капина, јаготка)* од слов. јазиции др.

Во шестото поглавје Сумарен преглед врз овоштарската лексика во албанските говори во Македонија (186-198), авторката ги сумира резултатите од целокупната работа, со посебен акцент на лексичко-семантичката анализа и етимологијата на лексичките единици од областа на овоштарството. Во овој дел, авторката дава свој придонес и за употрбата и застапеноста  на овоштарската лексика од словенско и несловенско потекло. Бидејќи дијалектот како специфичен код е поотворен кон туѓите влијанија во двата слоја се мошне присутни и претставуваат интересна тема на која кандидатката посветува посебно внимание. Во тој контекст, авторката м-р Хана Дарлишта, меѓу другото, дава и класификација на лексемите со индоевропско потекло, потоа влијанијата на балканските јазици, како од старогрчкиот *qershia, pjepën, mollë*,  од латинскиот *pjeshkë, gështenjë, ulli,* од јужнословенските јазици *vishnjë, borovnicë, petrovkë, goricë*, од старомедитеранскиот *shegë,* потоа зборови со географска мотивација *hamburg, korith, magarka, stambollkë, tirankë.* Авторката прави обид да даде свој придонес и во областа на етимологијата на одделни лексички единици во албанскиот јазик, како, на пример, за кајсијата, мушмулата, праската, црешата, дињата и др.

Од полисемантички аспект, авторката овоштарската лексика ја дели во две групи лексеми: лексеми со *сиромашна семантичка структура* (kokos, kivi, boronicë /кокос, киви,боровница) и лексеми со *развиена семантичка структура (dardha, hardhia, rrushi, qershia / круша, лоза, грозје, цреша*). Исто така, авторката го истакнува фактот дека албанската дијалектна лексика од областа на културните растенија, особено од овоштарството, се карактеризира со голема зборообразувачка разновидност и разнообразност (деривација, сложенки, конверзија, членување и сл.).

На крајот од трудот, во седмата глава под наслов |Прилог се опфатени: Речник, Заклучок, Индекс на зборови и Библиографија. Големиот број на цитирани дела, терминолошки речници трудови и со придружената стручно-научна референција покажува дека м-р Хана Дарлишта е добро упатена во проблематиката која е кредмет на лингвистичка анализа. Таа солидно ги користи сите извори во збогатувањето на темата од потесната специјалност и умее правилно да ги искористи изворите и податоците што ги имала  на располагање.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на анализата на докторската дисертација под наслов ОВОШТАРСКАТА ЛЕКСИКА НА АЛБАНСКИТЕ ГОВОРИ ВО МАКЕДОНИЈА, од м-р Хана Дарлишта, може да се заклучи дека таа ги постигнала поставените задачи и цели. Покажала широко познавање од областа на лексикологијата и дијалектологијата на албанскиот јазик, со посебен осврт кон овоштарската лексика на албанските говори. Истражувањето што го спровела кандидатката м-р Хана Дарлишта покажува дека таа мошне солидно ги анализирала лексичките единици од овоштарската лексика на албанските говори во Македонија, споредувајќи ги со научно-стручните називи (од латинскиот) и со другите балкански јазици, пред се со македонскиот. Во дисертацијата се обработени над 150 лексеми од овоштарската лексика - област многу важна за дијалектната лексика на албанскиот јазик. Сиот лексички корпус од овоштарската област претставува големо јазично богатство, пред се за албанските народни говори. Ова ја налага и потребата за изработка на еден овоштарски речник за поширока примена и употреба во општеството. Резултатите од истражувањето се научно поткрепени и издржани и се пошироко елаборирани. Со задоволство можеме да констатираме дека вака поставената сложена и тешка задача, м-р Хана Дарлишта успешно ја решила. Резултатите од трудот недвосмислено го покажуваат тоа.

Тргнувајќи од гореизнесените констатации, Рецензентската комисија има посебна чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да ја прифати докторската дисертација под наслов ОВОШТАРСКАТА ЛЕКСИКА НА АЛБАНСКИТЕ ГОВОРИ ВО МАКЕДОНИЈА и кандидатката м-р Хана Дарлишта да ја допушти на јавна одбрана.

Скопје, 12.1.2020 год.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Димитар Пандев, претседател на Комисијата, с.р.**
**Проф. д-р Агим Пољоска, (ментор) член, с.р.**
**Проф. д-р Аслан Хамити, член, с.р.**
**Проф. д-р Слободанка Колемишевска, член, с.р.**
**Проф. д-р Ајтен Ќамили, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ИДЕНТИТЕТОТ И ЕГЗИЛОТ ВО ДЕЛАТА НА ЛУАН СТАРОВА ОД М-Р СЕЈХАН МУРТЕЗАН ИБРАХИМИ ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, четириесеттата редовна седница, одржана на 22.1.2020 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Сејхан Муртезан Ибрахими со наслов „Транформации на идентитетот и егзилот во делата на Луан Старова“, во состав: проф. д-р Маја Бојаџиевска (претседател), проф. д-р Славица Србиновска (ментор), проф. д-р Мирлинда Крифца (член), проф. д-р Елизабета Шелева (член) и доц. д-р Осман Емин (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Сејхан Муртезан Ибрахими, со наслов „Трансформација на идентитетот и егзилот во делата на Луан Старова“, содржи 189 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman 12, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 97 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во пет глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатот укажува дека со истражувањето кое е засновано на примена на компаратистички и културолошки пристап ги актуализира прашањата на идентитетот, динамичките процеси на трансформација на идентитетот и околностите во кои се случува егзилот, прашањата за тоа што тој процес значи за индивидуата и за колективот, сферите на приватниот и јавниот простор на егзистенција, како и прашањата за последиците низ чија призма се толкува книжевноста преокупирана со овие прашања во делата на Луан Старова и на Неџати Цуманли.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена „Теоретска рамка. Теоријата за трансформација на идентитетот“. Во неа се анализирани теориите за врската меѓу потеклото на терминот идентитет сфатен како постојаност на личноста или нештото со состав од одлики кои низ времето опстануваат, односно тој се однесува на еднаквост, изедначување, идентичност, но и на признавање на некој или нешто според она што тој го претставува. Паралелно со овие тези, кандидатката ги актуализира и тезите на Пол Гилрој за отсуството на избор по однос на прашањата за идентитетот, укажува на врската на категоријата со историјата, со јазикот, со културата. Паралено со ова, се актуализираат прашањата за комплексната мрежа од односи, од вкрстувања и се прават преиспитувања на низа тези поврзани со т.н. феномени на „обединетите хоризонти“, потоа феномен на „заедниците кои не се разбираат“ расправани во студиите за културата и идентитетите на Чарлс Тејлор за мултикултурализмот, но и на Дејвид Скот. Со толкувањата на Д.Скот се изведуваат претпоставки за тоа дека „идентитетот е процес, а не е фиксна точка,“ односно дека тој е амбивалентен феномен. Врската на идентитетот и другоста, потоа прашањата за тоа „кои сме“ и „каде сме“ упатуваат на степените на „создавање“ низ кои индивидуата стекнува различни квалификации, а со тоа доживува и трансформации во еманципирањето на нејзината индивидуалност. Во овој дел, кандидатката ги преиспитува и ги актуализира прашањата за миграцијата која, според сфаќањата на Сезен Унлу, Танер Кизилхан е

анализирана како феномен кој подразбира „дистанца“ или „оддалечување“ поврзано со разликите во идеите или вредностите во средината кон која се движиме или каде се населуваме. Миграцијата и движењето под присила или самоволно ги актуализира прашањата за адаптација во различни социјални, психолошки, економски околности кои се дел од процесот на трансформацијата и идентификувањето кое е во фаза на градење, односно во фаза на динамичка реализација и промени. Во контекст на миграциите како исконска појава, како историски феномен, кандидатката го одделува значењето на „егзилот како вид на мигрирање наспроти волјата на личноста или групите во општеството“ во околности на физички и психолошки тешкотии. Во составот на овој дел се развива идејата врзана за концепцијата на „пишување надвор од нацијата“ на Азаде Сејхан, но и на постапките специфични за авторите како Луан Старова и Неџати Цуманли кои живеат меѓу „јазиците, културите, верите и нациите.“ Тезите врз основа на кои категоријата на „идентитетот“ се поврзува со категоријата на „егзилот“ како вид на миграција под присила во овој труд се поврзува и со феноменот на „репрезентацијата“, во која учеството на другиот и на конструкцијата на сликата стануваат клучни постапки. Во основа, сепак станува збор за идентитетот како категорија врз чие обликување влијаат низа фактори, а тоа произведува сознанија дека таа е зависна од односи, релации, промени и периодични заокружувања. Паралелно со наведените категории, кандидатката во овој дел го актуализира значењето на поимот „култура“, упатувајќи на сложеноста на неговото дефинирање. Според Вилјамс, се укажува на потребата „човечкото битие да се извлече од природните влијанија“, а при тоа да создаде сопствено засолниште. Човекот, кој е повеќеслојно битие или постоење настанато и развиено со учество на множество од јазици, нации, раси, професионални, генерациски или родови определби, колку е покомплексен, толку е побогат. Историјата или улогата на минатото, кандидатката ја доведува во врска со идентификацијата, како што впрочем тоа го прави и во однос со поимот култура. Во делот за културата, таа упатува на низата од верувања, обичаи, закони, етички кодекси, вештини или навики кои го определуваат самиот поим. Посочувајќи го значењето на книжевноста како репрезентација на тековите на историјата, но и на културните промени преку примена на постапки на нарација се укажува на специфичноста на ситуацијата во рамките на која разликите меѓу нараторите или разликите на временски ситуираните „јас“ во текстовите се вклопуваат во создавањето на делото кое е продукт на меморијата, делумно е продукт на фактите, но во неговата креација клучна улога има и личната перспектива применета во продукција на книжевното дело. Во овој дел, кандидатката ги развива и тезите за метафикцијата, имено со повикување на конструктивните аспекти на романот кој се потпира на текстовите кои мож да бидат историографски, филозофски, но и текстови во кои се гледа цела една историја од постапки на продукција на романите кои се разоткриваат како нестабилна, амбивалентна, полифона, дијалошки обликувана структура која е илузија, „како да“ реалност или фикција. Во овој дел од истражувањето се изложуваат низа дефиниции поврзани со поимањето на идеологијата како сфера која ги проблематизира материјалните, историските и социјалните процеси и при тоа се надоврзува на културата, на историјата и на книжевноста, особено на романот со намера да го објасни контекстот на негово обликување и толкување. Со преиспитување на постапките на компаративните проучувања во сферата на книжевноста, но и меѓу културите, кандидатката го определува подрачјето во рамките на кое делото на Луан Старова и на Неџати Цуманли се интерпретира во однос со културите, меѓупросторите создадени од повеќе јазици и култури, но и во однос со историјата, општествените и идеолошките контексти, но и во однос со историјата од книжевните постапки со кои се актуализира прашањето на идентитетот, на промените, на причините и последиците за промена, на прашањата за реализација на текст во кој се активни автобиографските аспекти и фикцијата. На крајот, самиот интерпретативен процес е во суштина зависен од кој трага по смислата на нарацијата чија клучна преокупација се приказните за ликови кои минуваат низ фази на себеосвестување и самоанализа. Комплексната теоретска содржина на првиот дел во кој се анализираат концепциите за компаративната книжевност, идеологијата, историјата и трансформацијата на идентитетот, егзилот во книжевните дела и во културите се потпира на становиштата на Тери Иглтон, на Сузан Басет, на Хуго Дајсерик, Роберт Венинер, Х.Ремак, М. Бахтин. Во овој дел, кандидатката го истражува вмрежувањето на митот и романот, на сагата и романот и со тоа навлегува во анализа на структурата на текстовите кои се продукт на нарација изведена со примена на сложени

постапки и изградени како повеќеслојни дела. Тие колку што рефлектираат аспекти на спознавање на настанокот и на потеклото како што тоа е актулизирано во праисконските времиња во митот, толку во аналогија со уснокнижевниот вид сага остваруваат вкрстување остварувајќи романескна нарација која ги антиципирала двата модела, оној на митската приказна и оној на сагата преку разобличување на патешествието на ликовите исполнето со конфликти, страдања и немири, колку внатрешни, толку и надворешни, без намера секогаш да проговори само за нивните херојства, туку да проговори и за ситуациите на разделувања од домот и за заминувањата.

**Вората глава** насловена „Романите во творештвото на Луан Старова“ е интерпретација на трансформациите на идентитетот во делата во кои авторот ги обелоденува феномените на современоста чија суштествена карактеристика станува припадноста на повеќе светови или припадноста на „плурален свет“ што е продукт на низа настани од минатото. Во овој дел се толкува романот *Атеистичкиот музеј* (1997), во кој е содржано прашањето за тоа што за еден човек значи заминувањето од родниот крај под определени историски, општествени околности, но во исто време и сложеноста на доживувањата поврзани со посетата на некогаш напуштеното, но изменето место под дејство на идеологијата, во конкретниов случај станува збор за влијанието на сталинизмот во албанската општествена стварност и долгите децении на формирање на свеста на луѓето под дејството на оваа идеологија. Романот упатува на неколку значајни состојби на доживување на куќата која била напуштена еднаш во 1919 г. од таткото, потоа во 1940 г. од мајката, а на крај таа кога во 1943 г. била повторно напуштена од синот, од самиот автор, од Луан Старова кој во двата дела од книгата ќе ги опфати во најголема мерка проблемите на идентификација посветени на таткото по чија смрт, синот ја посетува Албанија во 1979 г., но посетата е под силно дејство на траумата проживеана преку животната приказна на неговото семејство, особено на таткото окарактеризирана со неговото континуирано истражување на регистрите од Отоманската Империја во архивите во Битола, каде што непрестано трагал по откривање на тајни врзани за потеклото, за раѓањата, но и за умирањата на населението за низ таа потрага да ја изгради колку семејната слика, толку и големата слика за Балканот и за она што на патешествието на историјата, при селидбите на луѓето и при градењето на новите домови се вградувало од сеќавањето за старите места и од носталгијата по нив. Тоа во голема мера ја дефинира и постапката на нарација на романот, во кој личната перспектива се разобличува како зависна призма на презентација од доживувањата кои не зависат само од современоста, туку се длабоко нурнати во минатото, иако станува збор за наратор кој настојува да се разбере промените и да се приспособи на новите околности и средини. Клучен аспект на толкувањето кое колку што го опфаќа моментот на разделба, смртта на таткото во романот А*теистички музеј*, толку го актуализира проблемот на мигрирање на семејството кое било присилено на откажување од духовниот живот изразен преку религијата, а подреден на притисокот на комунистичката, сталинистичката идеологија или убедување. Паралелно со епизодата на посета на земјата во која бил роден, Старова раскажува за разочарувањето и празнината доживеана на местото на куќата од каде заминале, а опкружен со луѓе подготвени за следење, надзирање и контролирање на посетителите. Во замена за траумата преживеана со принудното заминување од родното место, и покрај можноста во осумдесеттите да ја посети Албанија, авторот низ сентименталните превирања кои го обземаат значајно место дава на предметите кои биле пренесени при преселбата, а тоа се книгите од библиотеката на неговиот татко. Улогата на книгите, на „татковата библиотека“ како своевиден лавиринт од текстови е во однос со серијата епизоди кои го тематизираат заминувањето од Поградец, но и други напластени настани на патувања на други места и долги престои надвор од земјата, а поврзани со животот на таткото, тоа се преселби некогаш поврзани со неговото образование, едукација, но други преселби се резултат на притисок и се поврзуваат со неговите убедувања. Нарацијата низ меморијата на синот за заминувањата и враќањата на таткото од различен вид, се развива во приказна за разнобразни индивидуални и колективни искуства на мигрирање на Балканот. Обземеноста со идејата за тоа дека враќањето не значи дека нештата се онакви какви ги помниме во нашата глава или онакви какви што нѝ ги претставувале, ја наведува кандидатката да го актуализира значењето на времето, а со него и на историјата од настани, да го актуализира прашањето за промената на идеолошките и општествените околности, староста и умирањето на членови од семејството, запирањето на гласовите кои се пренесуваат меѓу роднините од двете страни на границата, од една стана од Македонија кон Албанија и обратно, како и уништувањето на можноста меѓусебно да се

„гледаат“ луѓето од исто семејство како блиски, а со тоа и значењето на неуморното дејство на сознанието дека „враќањата“ се невозможни токму заради промените настанати колку со течењето на времето, толку и со освестувањето на себството обликувано кај секој член различно од она што го носел како спомен од минатото. Во романот *Тврдина од пепел* (2002), кандидатката го проблематизира прашањето на идентитетот преку преиспитувањата на реалноста врзана за професијата на таткото на авторот. Преиспитувањата на архивските материјали е предмет на преокупација на таткото, тоа е во исто време вредност која е аналогна на запишаната меморија која ги преиспитува вредносни системи, како во доменот на правото, така и во доменот на историјата, особено по однос на прашањето забележани во архивските белешки или регистри врз основа на кои таткото смета дека ќе досегне длабоко во  минатото, во периодот на премин од владеењето на Отоманската Империја до период на формирање на нови држави на Балканот, а со тоа и на воведување на поинакви идеологии, правни и други системи на живеење. Значајна во целокупната носталгична атмосфера со која е исполнета нарацијата оптоварена од староста, сеќавањата, но и промените на различни територии за различни цели е библиотеката на таткото исполнета со книги со различно потекло, свети книги, енциклопедии, но и друга литература која претставува текстуална трага од минатото. Самите наслови кои ја сублимираат поентата на секој од романите на Старова, кандидатката ја сведува на толкување на смислата која колку го актуализира прашањето на поништените духовни  аспекти на идентитетот кои се поврзани со поништување на религијата во времето на сталинистичкиот режим во Албанија, па затоа музејот е „атеистички“, толку го отвора и прашањето за архивските содржини низ кои преку сопствените сеќавања, Старова се обидува да чекори по трагата на напорите на таткото и неговата посветеност на архивските документи со цел да открива тајни, мистерија на  идентитети, колку за сопствените роднини, толку и за епохата на распаѓање на Отоманската Империја,  но и за времето на модерна Турција на  М.К.Ататурк. Со осврт врз улогата на библиотеката, на книгите кои таткото на Старова ги пренесува во Македонија, авторот во романот *Тврдина од пепел* го фокусира својот интерес врз она што документите од минатото ќе го пренесат врз следните генерации и со тоа ќе поттикнат потрага која колку што проговара за текот на времето, толку е говор за луѓето и нивните животи, но во исто време е и обид за преиспитување на нивните некогашни позиции, нивната егзитенција и одликите низ кои го обликувале својот животен пат, имено се еманципирале како индивидуи, а имињата им биле забележани во архивите. Сепак, овие белешки содржат низа податоци за причините за конфликт или немир, за разлика во убедувања, неразбирања, но и согласувања. Во овој дел, кандидатката ја вградува и нарацијата низ спомени врзана за ликот на мајката, нејзината приказна, Старова низ селективни епизоди од животот на  оваа жена раскажува во романот *Ервехе* (2005). Во овој текст, нараторот го опфаќа периодот на распаѓањето на Отоманската Империја, го имплицира прашањето за раѓањето на нациите, за различните религии, но и за миграциите на неговата мајка, од подрачјето на границата меѓу Грција и Албанија каде што е родена до патувањата во Солун, времињата на владеење на Италија и на фашизмот, епизоди од нејзиниот живот кои имале значење според тоа колку таа се чувствувала прифатена и признаена, колку од својот сопруг, толку и од децата, но и од нејзините роднини кои се грижеле за неа како за дете без родители. Меѓу предметите кои за неа имале особено значење, нараторот го споменува списанието со модни дизајни кое ја предизвикувало кај неа возбудата поврзана со патувањето  во Италија со сопругот во 1939 г.,    потоа нејзиното запознавање со градот Солун и културата на Грците при посетата на градот со нејзината тетка. Во кругот на семејството улогата на мајката, односно на жената, кандидатката ја истакнува со целокупната клучна позиција која таа ја добива во смисла на личност што доминира врз основа на своите исклучителни можности за едукација, особено оние кои се поврзуваат со моќта да научи повеќе јазици, да апсорбира во сопствениот идентитет повеќе културолошки искуства кои му даваат на ликот не само значајно место, туку го поставуваат во позиција на оној што ги поседува клучевите на местата на живеење кои само меморијата ги зачувала, а за кои нараторот настојува да открие какво значење добиваат и по однос на семејството, така и по однос на нејзиниот личен идентитет.

**Третиот дел** под наслов „Еднонасочно патување или враќање дома“ е заклучниот дел од овој дел од тезата посветен на романот *Патот на јагулите*  и на толкување на значењето дека патувањата под присила завршуваат секогаш како „еднонасочни патувања“ со спознанија кои укажуваат на тоа дека „домот“ од спомените и оној од реалноста никогаш нема да се совпаднат,

како што е особено тешко личното оптоварување на индивидуата која ако остане во изолација е осудена да пропаѓа, наспроти онаа индивидуа која има моќ да се носи со товарот на траумата и настојува да направи адаптација и гради свој дом во новата средина, особено ако тој дом станува литературата во која преиспитувањата и совпаѓањата на спомените со реалноста добивaaат на значење и го ослободуваат нараторот од тагата и меланхолијата на копнежот кој никогаш не згаснува. Метафората за „патот на јагулите“(како и метафората за „тврдината““, но и за „„музејот““) е составен дел од интерпретацијата за егзилот, за нужноста да се отпатува, за одлуките да се остане во близина на езерото на чиј брег е градот од каде започнала преселбата, за двоумењата и амбивалентноста која секој мигрант ја носи во себе, како и нужноста од дијалог низ кој се чини дека единствено може да ги залечува раните поврзани со домот, оној напуштениот, оној кој наликува на привремен хабитат, но и оној кон кој може да се тежнее како цел на идно патување и идна миграција. Во составот на овој дел се актуализира и исклучителниот сооднос меѓу историските настани како резултат на кои се случуваат повлекувањата на границите во просторот, а во суштина тие секогаш оставаат траги врз идентитетот на оној кој останува на едната и на другата страна од тие повлечени линии на разделување на луѓето, на семејствата, на отсуството на чисти државни структури без мултикултурни и мултиконфесионални димензии во себе, затоа што луѓето се носат со своето минато, својата сегашност и трајно копнеат за стабилизирање на сопствениот идентитет кој е секогаш слоевит и исполнет со јазици и културни наследства, особено во семејства како она за кое во својата Б*алканска сага* чиј дел е и романот *Граници* (2017), раскажува Луна Старова.

Во **четвртиот дел** од тезата под наслов „Творештвото на Неџати Цуманли“ се интерпретира делото на овој автор (1921-2001), кој во компаративната анализа на кандидатката се вградува во трудот како творец во чие разнообразно творештво песни, раскази, есеи, драми, сценарија и романи, на начин сличен на кој Луан Старова се носи со сопственото прашање на егзилот и трансформациите по однос на прашањата за еманципација и идентификација мигрира низ ралични искуства на адаптација во култури со повеќеслојни етнички, религиозни, професионални, јазични и други аспекти, така и тој ги преживува сите рани од траумата произлезена од присилните околности на напуштање на домот во Флорина, Грција и преселување во Измир, потоа доброволните миграции во Истанбул, па во Анкара, во Израел, во Париз и повторно во Истанбул. Расказите под наслов *Македонија 1900* се толкуваат како литература која го актуализира прашањето на *разликите*, но и на *конфликтите* произлезени од националистичките тенденции во првите децении на дваесеттиот век. Она што доминира во нив е трансформацијата која се случува во световите на ликовите претставени во единаесет раскази од кои само четири имаат доверлив и објективен наратор кој раскажува во трето лице, а сите останати седум раскази се изведени со нарација во прво лице. Претставувањето/репрезентацијата се концентрира повторно врз фигурата на таткото на Неџати Цуманли, на неговите роднини, на мајката, вујкото, но и на другите членови на семејството. Тоа во голема мера ја актуализира семејната драма среде историски околности на војни, распаѓање на Отоманската Империја, но и создавање на нации и држави кои влијаат врз градењето на дистанца меѓу луѓето чиј живот во минатото бил опредлен со наклонетост, блискост и прифаќање на другоста. Романот *Последниот бег на Балканот* е во суштина трагична приказна за неуморното напрегање на еден лик наклонет кон идеја која е историски надмината, а тоа е идејата за обновување на владеењето кое би го одржало единството на Македонија, но во исто време и би го вратило владеењето на империјата која е веќе распаднатa, имено веќе не е империја.

Луан Старова и Неџати Цуманли се автори чие творештво изобилува со автобиографски елементи кои заради селективниот и личен пристап на авторите се структурира како низа од епизоди во кои може да се согледаат семејните саги на луѓето принудени на егзил, трауматизирани од преселбите и војните, од промената на вредносните системи што суштествено влијаат врз нивното идентификување како луѓе со т.н. хибридни или како што Старова ги именува „„релативни идентитети““ кои се откриваат низ дискурсите на нивните книжевни наративи. Компаративната анализа на кандидатката смета на интертекстуално вкрстување на книжевниот, на фикционалниот селективен пристап при нарацијата и на улогата на фактите претставувани под влијание на трауматичното сеќавање на настаните во романите *Тврдина од пепел* од Луан Старова и *Последниот бег на Балканот* од Неџати Цуманли. Од друга страна, кандидатката

укажува на хибридноста на жанровите кадешто фикцијата и мемоарите наследени од претходните поколенија стануваат составен дел од новообликуваната содржина како во делата на Л.Старова, така и во реалистичките раскази *Македонија 1900* и *Последниот бег на Балканот* од Неџати Цуманли. Авторите со концентрација врз временската димензија го реализираат сопственото дело користејќи ги перспективите на сегашноста и онаа на неповратното минато. Просторот претставен преку ановите, џамиите, воените штабови, кафеаните, ресторантите и некои други места врзани за секојдневното живеење се составен дел од делото на Неџати Цуманли, како што се тоа архивот, домот и библиотеката, градовите Скопје, Охрид и Битола во делата на Луан Старова. Овие дела во својата суштина поврзани со прашањата за трансформациите на идентитетите, потоа со егзилот поврзан со границите, како и со ликовите од семејството се раскази или романи, книжевни дела во кои темата се црпи од минатото и живо се потега пред нашите очи со постапките на репрезентацијата или нарацијата која се потпира на регистри, белешки и архивски материјали.

Во **заклучните согледувања**, кандидатката заокружува состав од сознанија за значењето на „миграцијата“ поврзана праисконски со историјата на човековата цивилизација, потоа прашањата кои го актуализираат економскиот, психолошкиот и социолошкиот аспект на живеењето кое се остварува под присилно или според избор изведено преселување, минување на граници, промена и трансформации на идентитетот во различни култури и промена на општествени вредносни системи. Идеологијата, како состав од убедувања кои влијаат врз животите на луѓето, игра клучна улога во поттикнување на движењата, на преселувањата кои како последица го имаат тешкиот товар поврзан со напуштањето на домот и адаптацијата кон „новата“/„различната“средина во која нужно се обликува „различен“ идентитет и се засновува домот често прифаќан како привремено живеалиште и исполнет со меланхолија и копнеж по старото, напуштеното, примарното место на живеење, најчесто поврзано со раѓањето.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Истражувањето е засновано врз толкувања на идентитетот по општествените патеки на размена и дијалог како специфична практика која подразбира создавање на *врска* помеѓу индивидуите и колективните групи. По однос на прашањата за *определувањето на идентитетот* и неговото претставување, истражувањето во докторската теза се соочува и со проблемот на *трансформации* согласно со општествените контексти кои ја попречуваат или ја поттикнуваат размената и дијалогот. Исто така, истражувањето дава преиспитувања на тезите за тоа дали размената зависи од нормите на препознавање и позитивните практики на мерење и создавање на сличност и истоветност. Тоа, исто така, ги проблематизира феномените какви што се постоењата на т.н. “communities of dissensus” (заедници кои меѓусебно не се разбираат), според Дејвид Скот, настојувајќи да ги поттикне можностите отсуството на меѓусебното разбирање да биде совладано преку алтернативни пристапи, преку книжевни наративи, како што тоа ќе го покаже толкувањето, но и актуелноста на овој феномен во творештвото на Луан Старова. Идентитетот не се поистоветува со избор, во определувањето на овој поим голема улога играат наследените ресурси (историјата, јазикот и културата), а не нашиот индивидуален избор. Егзилот, пак, во современата култура постојано го актуализира феноменот на легитимација. Ние секогаш користиме дискурзивна конструкција која гласи “No one is illegal” кога говориме за авторитетите на определена територија кои настојуваат да ги идентификуваат емигрантите и да ги сместат во просторите во кои тие се нужно обележани со припадноста кон друга нација и култура од онаа што ја има моќта да идентификува и да легитимира постоења и присуства, а тоа се авторитетите на државата во која емигрантот се доселува. Луан Старова припаѓа на старо албанско семејство, тој пишува на албански јазик (мајчин јазик, албанската култура е дел од неговата традиција и потекло), на македонски јазик (таа е дел од неговото образование и култура, земјата во која живее и работи, таму кадешто ги создава сопствените дела) и француски јазик (станува збор за јазик на неговата професија, тој е професор по француска книжевност и култура). Тој во неговото книжевно дело, но и во животот ја застапува тезата за динамичноста кога

станува збор за определување на секој идентитет, за неговата повеќеслојност, односно тој вели дека неговиот идентитет е резултат на повеќе интерактивни компоненти. Во докторската дисертација се изведува истражување кое го проширува полето на интерпретации и рецепции на делото на Луан Старова и во исто време претставува континуитет во интерсот на критиката во Македонија и надвор од неа за делото на Луан Старова. Во конретнава докторска теза се изведува толкување кое има оригинален пристап со акцентирање на нараторот и ликовите во нивните опкружувања, култури со примена на интердисциплинарен пристап кој се ориентира кон анализа колку на формалните, толку и на антрополошките, социолошките и филозофските аспекти на темата. Истражувањето во докторската теза е засновано на толкување на потрагата по идентитетот и егзилот во просторна, временска смисла, но и духовно по однос на внатрешните преживувања на припадноста и еманципацијата на индивидуата. Предмет на истражување се колку романите на Луан Старова, толку и нивната интертекстуална вмреженост со неговата автобиографија што ги условува постапките на репрезентација кои се истражуваат во различни контексти, како, на пример, историскиот, антрополошкиот, филозофскиот аспект на идентитетот и постоењето, а особено она постоење кое се карактеризира со живеење во зоната *помеѓу културите*. Тоа значи дека ова истражување во голема мера ја преиспитува традицијата, но и индивидуалните претставувања на она што е составен дел од меморијата за искуствата на самиот автор и начинот на кој може да се разбере таквото дело при рецепцијата од современа гледна точка. Во таа смисла, истражувањето го интерпретира „идентитетот“ на индивидуата низ призмата на посочувањето и претставувањето на семејството, возраста, професијата, религијата, нацијата, но и промените предизвикани од миграциите меѓу културите. Прифаќањето на идентитетот е општествен процес, тој вклучува односи на интерпретација, на очекувања, но и препознавања во односите со другите низ призмата на книжевното искажување, професијата, јазикот, возраста, нацијата, родот, статусот или класата. Тоа е значаен поим и по однос на прашањето за себедефинирање, еманципација на индивидуата, но и на групите. Оваа истражување е дистинктивно и поради самиот пристап. Трансформација на идентитетот, егзилот и останатите поими, кои се дел од овој опсег, ќе бидат истражувани низ научната рамка на книжевните критичари: Михаил Бахтин, Азаде Сејхан, Гурсел Ајтач, Ч.Тејлор, Пол Гилрој, Стјуард Хол и др. Тоа го прави ова истражување релевантно и уникатно.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Истражувањето е значаен придонес во сферата на компаративните и културолошки толкувања. Претходници во ова истражување, меѓутоа со сосема различен пристап се критичките осврти само врз делото на Луан Старова направени од страна на Мариа Куглерова од Полска, таа, освен димензијата на критички пристап во нејзините осврти ја нагласува улогата на делото на Старова како своевидна „реконструкција на балканската свест,“ од страна на Фатмир Сулејмани од Македонија, кој во својата докторска дисертација настојува да изведе „херменевтичко читање на балканската сага“ на Луан Старова низ призмата на состав од рецепции и реакции, фрагменти од критички студии за неговите романи и преписка со „замислениот/реалниот“ читател Ени Лебовиц. Во контекстот на оваа докторска дисертација се проучуваат со компарација делата на Луан Старова и на писателот Неџати Џуманли, при тоа се применува интердисциплинарен пристап кој го актуализира феноменот „егзил“ во корелација со последиците произлезени од културите и историјата, а определени како „трансформации на идентитетот“. „Балканската сага,“ според оваа докторска дисертација, и делата „Македонија 1900“ и „Последниот бег на Балканот“ се дел од истражувања кои го прошируваат полето на интерпретации и рецепции на делото на Луан Старова.

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

Оваа докторска дисертација е истражување определено со целта да се анализираат елементите на егзилот и трансформацијата на идентитетот во делата на Луан Старова и Неџати Џуманли и тие да бидат протолкувани низ призмата на теоријата на Азаде Сејхан, според која идентитетот на индивидуата е флуидна категорија, која се приспособува и трансформира во зависност од културниот и

општествениот контекст. Од друга страна, во истражувањето се актуализира и компаратистичкиот и културолошкиот пристап на Гурсел Ајтач, кој во своите теоретски толкувања го преиспитува поврзувањето меѓу книжевноста, теоријата на идентитетот и теоријата на културата. Херкул Милас ги актуализира прашањата за односот меѓу „себството“ или „јас“ и *„другиот“,* исто како што и Михаил Бакхин дава методолошки алатки за толкување на романот низ призма на категориите „дијалогичност“, „туѓ говор“, „авторски говор“, „полифонија.“ Исто така, во докторската дисертација се настојува да се спознае како авторот на рафиниран начин го претставува феноменот на егзилот и начинот на кој индивидуата го гради својот идентитет минувајќи или живеејќи во различни културни контексти. Наодите од ова истражување резултираат со сознанија поврзани со начинот на разликување и разбирање на создавањето и трансформирањето на идентитети на луѓето кои се населени на Балканот и кои во различни историски контексти биле принудени на егзил, а кои преку хибридните жанри во книжевноста, мемоарите, романите, автобиографиите, историјата, но и автофикцијата се искажуваат промислувајќи го себството и односот кон културите на другите. Ова истражување во докторската дисертација се засновува врз теоријата дека идентитетот не е стабилна категорија, тој е зависен од односот кон *другиот* и од разбирањето и комуникацијата која може да ја оствари преку дијалогот со *другиот*, а егзилот има значително влијание во процесот на трансформирање и временски и културолошки ограничено стабилизирање и определувањето на идентитетот. Како посебни теории врз кои се толкуваат романите се одделуваат следниве научни категории: идентитетот како нестабилна, динамична категорија, како феномен кој упатува на зависност од односот кон *другиот*, но и од разбирањето и комуникацијата. Овој поим стекнува специфично значење тогаш кога е каузално поврзан со егзилот. Специфичните теории за динамика во временска, просторна или историска и културолошка смисла при определувањето на идентитетот се исто така, клучен дел од методолошкиот пристап и ефекти, потоа значењето на заемна поврзаност и зависност на идентификацијата од односот кон *другиот*; исто така овозможување на услови и простор за дијалог, комуникација и разбирање. Егзилот е каузално вграден во разбирањето на трансформацијата, на идентитетот, тој е сфатен на рамниште на духовни доживувања на опкружувањето, тој е поврзан со излолацијата, но и со потребата за градење на однос со другите, исто како што е надорешно детерминирана појава, односно тоа е феномен кој е зависен од временски и просторни координати на учество на индивидуата во приватната и во колективната историја на различни култури кои во слоеви се напластуваат во текот на живеењето на индивидуата и колективот. Трансформацијата на идентитетот е феномен кој упатува на постоење на потреба за идентификување и еманципација на индивидуата, меѓутоа таа се нарушува под притисок на низа внатрешни, но, пред сè, надворешни околности, преселби, војни, професионални предизвици, статусни положби, односно социјални околности и друго.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Преку ова истражување се дава соодветен одговор на прашањето на идентитетот и неговата трансформација во контекст на Балканот и неговата историја проектирана во микросветот на семејството на Луан Старова, како што тој самиот ги именува сопствените романи, мемоарски дела и автобиографски нарации. Наодите од оваа истражување претставуваат основа за идни истражувања на овие прашања, и тоа не само од книжевна перспектива, туку и од историска, социјална, антрополошка, филозофска перспектива. Истражувањето се реализира во доменот на книжевноста, поткрепено со современи, теоретски, компаративно-историски методи кои ги актуализираат прашањата за постоењето меѓу културите и дескриптивни методи на наратологијата во анализа на книжевните текстови. Со дескриптивниот метод и сите негови модалитети ќе се врши идентификување, анализирање, синтетизирање, компарирање и генерализирање на текстовите. Со инкорпорирање на поими кои го тематизираат значењето на категориите: идентитети, култура, трансформации на идентитетите, егзил

и книжевност создавана надвор од нацијата, се практикува проширување на дескриптивната теориска анализа со концепциите за кои темелно говорат Азаде Сејхан, Сејла Бенхабиб, Светлана Бојм и други книжевно-културолошки ориентирани теоретичари во современата компаратистика и културолошки студии. Во рамки на методолошкиот пристап, докторската дисертација се потпира на категориите како што се *потрага* и *соочување* поврзани со т.н. „неизвесен“/„неопределен“ идентитет. На тој начин, трудот вградува иновативна визија по однос на индивидуалното градење и еманципација; по однос на прашањата за разбирање на другиот од што зависи чинот на идентификација и промена на идентитетот заснована врз неговите претставувања во книжевноста. Оваа докторска дисертација инсистира на истражување на трансформациите во корелација со историјата и со нарацијата во романот, мемоарите или автофикционалните дела. Докторската студија изведува паралелно споредување на рамниште на нарацијата меѓу делата на Луан Старова, ги проблематизира жанровските одлики на наративните текстови како што се романот, мемоарите и автобиографијата, но таа дава толкувања изведени по линија на идентитетските прашања и егзилот со компарирање на творештвото на авторот со истражување на аспектите на егзилот и трансформација на идентитетот во книжевниот опус на Неџати Џумали („Последниот бег на Балканот“; “Acı Tütün“/ „ Македонија 1900“).

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Сејхан Муртезан Ибрахими, со наслов ,,Трансформаја на идентитетот и егзилот во делата на Луан Старова“, претставува истражување во подрачјето на хуманистичките дисциплини, конкретно во компаративната книжевност и културолошките студии. Изработката на темата на оваа докторска дисертација се елементите на трансформација на идентитетот, егзилот и останатите процеси истражувани и анализирани низ научната рамка на книжевно-теоретскиот и критички состав од поими на теоријата и компаративните интерпретации на Азаде Сејхан која го воведува поимот „пишување надвор од нацијата.“ Факт е дека во досегашните студии посветени на интерпретација на делата на Луан Старова се направени истражувања на неговиот опус, меѓутоа овој труд се концентрира врз длабинско толкување на симболиката и семантиката на егзилот, идентитетот и неговата трансформација користејќи ја гореспоменатата перспектива. Врз основа на составот од централните одредници, како што се: идентитет, трансформација и егзил, изведено истражување кое има остварено научна релевантност. Истражувањето потврдува дека идентитетот во општествените патеки на размена и дијалог како специфична практика создава *врска* помеѓу индивидуите и колективните групи, односно дека *определувањето на идентитетот* и неговото претставување се соочува и со проблемот на *трансформации* согласно со општествените контексти кои ја попречуваат или ја поттикнуваат размената и дијалогот. Исто така, истражувањето дава примери врз истражуваната литература за тоа како размената/дијалогот на идентитетите зависи од нормите на препознавање и позитивните практики на мерење и создавање на сличност и истоветност. Истражувањето, исто така, потврдува дека „заедници кои меѓусебно не се разбираат“, според Дејвид Скот, можат да бидат совладани преку алтернативни пристапи, преку книжевни наративи, како што тоа се потврдува во толкувањето на горенаведените дела.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Сејхан Муртезан Ибрахими, со наслов ,,Трансформација на идентитетот и егзилот во делата на Луан Старова “, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд. Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1] Зеќирија Ибрахими - Сејхан Муртезан Ибрахими: ***„Cengiz Aytmatov’un Ebedî Gelin Romanından Yola Çıkarak, Eserlerindeki Kimlik, Popüler Kültür Ve***

***Medya Özgürlüğü***", дел објавен во книгата **Bozkırın Uyanışı Cengiz Aytmatov,**Kaf Yayınları – Анкара, 2019.
[2] Сејхан Муртезан Ибрахими: ***„Идентитетот и искушенијата на идентификацијата во романот Атеистички музеј и Патот на Јагулите“,*** Humanities - Knowledge International Journal Scientific papers Vol. 31.6 – Budva, Institute of Knowledge Management – Skopje, 2019.
[3]Сејхан Муртезан Ибрахими: ***RomanlardaHibritKimlikveKurguHatıraBağı: KuzeyMakedonya Roman TürüÖrneği,***дел објавена во книгата**Yitik Hafızanın Peşinde – Üsküp Konuşmaları**, Pruva Yayınları - Анкара, 2019.
[4]Сејхан Муртезан Ибрахими: „**Sultan II. Abdülhamit Dönemi Hikayecilerinden Manastırlı Mehmet Emin'n *Hazan Adlı Eseri Üzerine Bir Değerlendirme“,*** International Scientific Research Congress – Georgia, Gümüşhane University Publication, 2019.
[5] Сејхан Муртезан Ибрахими: ***„Влијанието на културата во формирањето на идентитетот“,*** Humanities - Knowledge International Journal Scientific papers Vol. 35.6 – Bansko, Institute of Knowledge Management – Skopje, 2019.
[6] Сејхан Муртезан Ибрахими: ***„Yahya Kemal Beyatlı'nın Eserlerinden Hareketle Balkanlarda Göç Olgusu“,*** Uluslararası Yahya Kemal Sempozyumu, Kültür Yayınları: İstanbul, 2018.
[7]Сејхан Муртезан Ибрахими: ***„Modern Makedonya Türk Edebiyatında Yunus Emre ve Tasavvuf Etkisi“,*** III. Uluslararası Aksaray Sempozyumu, Aksaray Üniversitesi Yayınları–Аксарај, Турција, 2018.
[8]Сејхан Муртезан Ибрахими: ***„The Place And Significance Of Ottoman Judicial Records In The Novels Of Luan Starova As Representative Of Macedoninan Literature“,***CITATION: Proceedings of ICES 2018 – 1st International Congress on New Horizons in Education and Social Sciences, April 9-11, 2018- Istanbul, Turkey, DOI: 10.21733/ibad.4235.
[9] Сејхан Муртезан Ибрахими:***„Novel and Short stories in Macedonian Turkish Literature“,*** Literature, Music and Art - Knowledge International Journal Scientific papers Vol. 20.6 – Bansko, Institute of Knowledge Management – Skopje, 2017.
[10]Сејхан Муртезан Ибрахими: ***„Azade Seyhan'ın Ulusun Dışından Yazmak Kitabının Terilerine Göre Ervehe Romanının İncelenmesi“,***Gazi Üniversitesi Yayınarı – Анкара, 2017.
[11]Сејхан Муртезан Ибрахими: ***„İsmail Kadare'nin Kuşatma ve Luan Starova'nın Kül Kalesi Romanlarında Kimlik Sorunu“,*** First Mediterian Conference of Social Sicence, Dobra Knjıga, Sarajevo, 2017.
[12]Сејхан Муртезан Ибрахими: ***„Hikmet Dergisinde Edebiyat, Dil ve Kültür Konuları„***, **Geçmişten Günümüze Balkanlarda Türkçenin Süreli Yayınlardaki Yeri ve Önemi Tebliğ Kitabı**, CPU printing, Босна и Херцеговина, 2017.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придоне

си на кандидатката м-р Сејхан Муртезан Ибрахими се дека докторската теза под наслов „Трансформација на идентитетот и егзилот во делата на Луан Старова“ претставува оригинален научен труд. Подрачјето на примена и ограничувањата на овој докторски труд е споредувањето на литературата и нејзиното толкување врз основа на концепцијата и поимите култура, дијалог, идентитет, другост, трансформација на идентитет и егзил. Во докторски труд, темелен врз основа на систематски пристап, се остварува толкувањето на книжевноста кое се потпира врз историјата, теоријата на книжевноста, херменевтиката и културолошките студии. Рецензентската комисија позитивно ја оценува докторската теза и цени дека по својот пристап, начинот на изработка и резултатите, трудот ги исполнува формалните и суштински норми на исклучително квалитетно истражување презентирано во рамките на приложениот текст. Можните понатамошни истражувања се состојат во тоа што докторската теза како оригинален придонес во научноистражувачката дејност од областа на културолошките и компаративните истражувања изведена низ една современа перспектива на категориите репрезентација, култура, роман, идентитет и егзил обезбедува примена на овој пристап и врз делата на многу современи автори со оглед на фактот дека егзилот и миграцијата се суштински проблем на современото општество.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ да ја прифати позитивната оценка, да го усвои извештајот на докторската теза со наслов **Трансформација на идентитетот и егзилот во делата на Луан Старова** на м-р Сејхан Муртезан Ибрахими и да ѝ одобри јавно да ја реализира одбраната на докторската теза.

Скопје, 19.2.2020

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р** Маја Бојаџиевска**, претседател с.р.**
**Проф. д-р Славица Србиновска, ментор с.р.**
**Проф. д-р Мирлинда Крифца, член с.р.**
**Проф. д-р Елизабета Шелева, член с.р.**
**Доц. д-р, Осман Емин, член с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## за оценка на докторската дисертација „Дејноста на албанските клубови во Косовскиот и Битолскиот вилает (крајот на XIX - почеток на XX век)“ од кандидатот м-р. Ардиан Лимани, пријвена на Институтот за национална историја во Скопје

Врз основа на одлуката број 10-476/4 од 30.12. 2019 година, донесена на седницата на Научниот совет на Институтот за национална историја одржана на 25.12.2019 година, со која сме избрани за членови во Комисијата за оцена на докторската дисертација **Дејноста на албанските клубови во Косовскиот и Битолскиот вилает (крајот на XIX - почеток на XX век)** од кандидатот м-р Ардиан Лимани, до Научниот совет на ИНИ и до Советот на студиската програма Културна историја на Македонија го доставуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација „Дејноста на албанските клубови во Косовскиот и Битолскиот вилает (крајот на XIX - почеток на XX век)“, од кандидатот м-р Адриан Лимани, обработува еден од најзначајните периоди поврзан со просветните и културните активности на Албанците на Балканскиот Полуостров. Тоа бил бурен период на драматични политички настани, кога веќе создадените балкански држави се обидувале да зајакнат и да го прошират нивнито влијание и надвор од нивните тогашни граници. Од друга страна, Османлиската Империја ги живеела своите последни години, кога, посебно по Балканските војни (1912-13), веќе се случиле големи промени на политичката карта на Балканот.

Споменатата дисертација се состои од: Вовед, четири глави, Заклучок, Прилози и Библиографија.

Во првата глава под наслов *Политичко-општествената и културна ситуација во Османлиската Империја,* кандидатот ја разгледува состојбата во која се наоѓала Османлиската Империја кон крајот на XIX и почетокот на XX, кога таа била исправена пред големи предизвици. Тоа било време во кое империјата се обидувала да ги следи промените што се случувале во развиенот свет, поради што посебно внимание е посветено на нејзината положба во контекст на меѓународните односи и на засилените дипломатски активности на европските држави, кои имале свои различни интереси во целата ситуација. Посебен акцент, секако, се дава и на процесите внатре во самата држава, особено на нејзините балкански територии, затоа што тоа е период во кој балканските народи биле во процес на стекнување на автономен статус или независни држави. Востанијата на овие народи често биле поддржани од европските сили кои имале пресудно влијание во основањето на новите држави како Србија, Грција, Бугарија, Црна Гора. Реализирањето на таквите стремежи било помогнато и од активности на бројни други институции, како што биле училиштата, печатот, дипломатските претставништва, но и од вооружените формации кога имало простор за такво дејствување.

Следствено на таквите настани, и кај албанскиот народ националното движење зело поголем замав и станало поактивно. Разгледувањето на ова движење кандидатот го започнува во втората глава од дисертацијата, која носи наслов А*лбанските друштва и клубови и нивната дејснот.* Според м-р Лимани, албанското политичко и културно движење се одвивало паралелно со движењата на другите балкански народи со кои биле

соседи. Тоа било сложено движење поради многу причини. Албанците припаѓале на различни религии, а до 1908 г. тие сè уште немале унифицирана азбука, што ја кочело издавачката дејноост, немале современи училишта, ниту пак други културни институции. Високата Порта не сакала Албанците муслимани да се одвојат од нејзиното влијание, бидејќи тие сочинувале важен дел и од нејзиниот административен и воен кадар. Со оглед на фактот што Албанците живееле во различни места на империјата, меѓу нив биле присутни различни идеи и информации за тоа што се случувало во регионот и во светот, а секако постоеле и различни верски перспективи. Сепак, следејќи ги настани во соседните земји, албанските интелектуалци презеле активности за да се подобри нивната положба и да ги заштитат своите интереси. Тие активности кандидатот ги разгледува преку активностите на Албанците, пред сè, во емиграција кон крајот на XIX век. Во оваа глава се разгледува дејноста на албанските друштва формирани во: Истанбул, Романија и Бугарија, како и нивните печатени гласила преку кои тие ги ширеле своите идеи. Во посебна подглава се анализира основањето на албанските клубови и нивната културна и образовна дејност во различни градови кои припаѓале на Косовскиот и Битолскиот вилает, како и улогата на овие клубови и нивното значење за конечното формулирање и прифаќање на албанската азбука. Кандидатот потенцира дека како регионални клубови посебно значење добиле само три клуба: Битолскиот, Солунскиот и Истанбулскиот, додека водечката улога во движењето ја презел Битолскиот клуб.

Во третата глава под наслов *Патот на отворањето на албански училишта,* м-р Ардиан Лимани ги разгледува активностите и напорите на Албанците за отворање на училишта во рамките на османлиската држава на албански јазик, потоа развојот на образованието на мајчин јазик, како и формирањето на првите позначајни образовни институции на албански јазик како што било Елбасанското општо училиште. Притоа, кандидатот посебно внимание посветува на образовниот процес и работата на училиштата по 1908 г., односно по Младотурската револуција, кога се случило и засилувањето на издавачката дејност и масовизирање на патриотските активности. Имено, по 1908 г., целокупната дејност на албанските друштва која дотогаш дејствувала надвор од границите на империјата, се преселила внатре во нејзините граници, во различни градови. По Младотурската револуција, движењето за културен развој и за отворање на албански училишта станало помасовно, при што биле одржувани конгреси, се отворале културни клубови, училишта и сл. Тука настанала и големата разлика во дејствувањето на културен план. Порано тоа го правеле друштвата со издавање на печатени дела далеку од местата каде што живееле Албанците, а со основањето на клубовите дејноста, освен со издавачката дејност, се проширила и со други активности, како на пример со отворање на училишта на албански јазик каде што се користеле издадените материјали. Новоотворените училишта можеле да ги посетуваат Албанците од сите вери, а за нивно одржување локалните власти вовеле нови даноци. И муслиманското свештенство, исто така, се обидувало да го користи мајчиниот јазик и посетувале вечерните часови за албански јазик.

Четвртата и последната глава, *Развојот на печатот на албански јазик,* е посветена на развојот на печатарската дејност на албански јазик во одредени градови во Косовскиот и во Битолскиот вилает. Притоа, докторандот м-р Ардиан Лимани откако дава краток историјат на албанскиот печат, посветува посебно внимание на неколку весници кои излегувале во вилаетските центри Скопје и Битола, во периодот од 1909 до 1912 г. Темите кои биле обработувани во овие весници биле, пред сè, од политички и културно-општествен карактер, при што биле пропагирани образовните и националните идеи, историјата, јазичните проблематики, борбата против туѓата пропаганда на штета

на Албанците, политичкиот став кон османлиската власт, ставот на власта кон востанијата на Албанците, ставот кон експанзионистичке политики на соседните држави, колонијалната политика на Големите сили кон териториите на империјата, идеите за автономија и национална зависност и сл. Весниците, исто така, поттикнувале кампањи и акции во корист на националното движење со цел отворање на албански училишта и проширување на национално образование и ги повикувале сонародниците да формираат национални клубови за секој град и село за да најдат учители и да се отвораат училишта со албанска азбука.

Докторската дисертација завршува со Заклучок, во кој на сублимиран начин се изнесени главните поенти и резултати од истражувањето, потоа следува делот Прилози каде што кандидатот приложува факсимили од неколку важни документи поврзани со обработената тема, кои се преведени на македонски јазик, а на крајот е дадена Библиографијата во која се наведени литературата и архивските фондови користени во изработката на дисертацијата.

Кандидатот м-р Ардиан Лимани во докторската дисертација „Дејноста на албанските клубови во Косовскиот и Битолскиот вилает (крајот на XIX - почеток на XX век)“ прави успешен обид да ги поврзе меѓусебно сите чинители кои учествувале и имале влијание во појавата, развојот и активностите на културните клубови кај Албанците во соодветниот период. Тој воспоставува врска меѓу разни настани и личности кои имале пресудно значење во формирање развојот на споменатите клубови, а тоа овозможува да се разбере и нивното меѓусебно влијание и важноста во албанското национално движење. Притоа, во исто време се следат и политичкиот, општествениот и културниот контекст во османлиската држава во чии рамки дејствувале овие клубови, како и меѓународните услови во кои се случувале националното албанско движење. На тој начин, докторската дисертација овозможува да се добие една целосна и конкретна слика за темата која е зададена во нејзиниот наслов.

Тоа е овозможено и од фактот што м-р Ардиан Лимани користи богата литература, релевантна за истражуваната тема, консултирана и користена во НУБ „Св. Климент Охридски“ во Скопје, во Библиотеката на Институтот за национална историја, во Библиотеката на Институтот за духовно културно наследство на Албанците, како и книги од лични библиотеки. Исто така, тука е богатата архивски документација и периодика, кои кандидатот ги истражувал во Централниот државен архив во Тирана и Државниот архив на Република Македонија, како и во НУБ „Св. Климент Охридски“.

Како заклучок може да се констатира дека докторската дисертација „Дејноста на албанските клубови во Косовскиот и Битолскиот вилает (крајот на XIX - почеток на XX век)“ од кандидатот м-р Ардиан Лимани, претставува заокружена истражувачка целина, со јасен и концизен јазичен израз која ги задоволува принципите и основите на истражувачката и научната методологија.

Имајќи го предвид горенаведеното, имаме чест на Советот на Институтот за национална историја да му предложиме да одобри јавна одбрана на докторскта дисертација „Дејноста на албанските клубови во Косовскиот и Битолскиот вилает (крајот на XIX - почеток на XX век)“ од кандидатот м-р Ардиан Лимани.

Скопје, 29. 1. 2020

**Комисија**
**Проф. д-р Драги Ѓоргиев с.р.**
**Проф д-р Силвана Сидоровска-Чуповска с.р.**
**Проф д-р Александар Трајановски с.р.**
**Проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска с.р.**
**Проф. д-р Тодор Чепреганов с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ ЗА РАБОТНОТО МЕСТО: ИСТРАЖУВАЧ НА ВОКАЛНО-ИНСТРУМЕНТАЛНАТА НАРОДНА МУЗИКА ВО ИНСТИТУТОТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Лајм“ од 17.1.2020 година, за избор во сите научни звања за работното место истражувач на вокално-инструменталната народна музика, и врз основа на Одлуката на Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, бр. 02-31, донесена на 28.1.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Драган Даутовски, професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје, д-р Лозанка Пејчева, професор на Институтот за етнологија и фолклористика со етнографски музеј во Софија, Бугарија и д-р Зоранчо Малинов, професор на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор во сите научни звања за работното место истражувач на вокално-инструменталната народна музика, во предвидениот рок се пријави д-р Велика Стојкова Серафимовска.

**21. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката д-р Велика Стојкова Серафимовска е родена на 18.4.1973 година, во Скопје. Средно образование завршила во Средното медицинско училиште „Д-р Панче Караѓозов“ во Скопје. Со високо образование се стекнала на УКИМ - Факултет за музичка уметност во Скопје, Отсек за музичка теорија и педагогија, Катедра за етномузикологија, на 15.10.1997 година. Дипломирала на 15.10.1997 година, со просечен успех 9,60.

Кандидатката активно се служи со англискиот, а пасивно се служи со германскиот и рускиот јазик. Владее со познавање на работа со компјутери во MC Office - програмите.

Во учебната 1999/2000 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Универзитетот за уметности, Факултет за музичка уметност, Отсек за музикологија и етномузикологија во Белград, Србија. Студиите ги завршила на 30.4.2006 година, со просечен успех 10,00. На 30.4.2006 година го одбранила магистерскиот труд на тема: Функционалноста и естетиката во македонското обредно пеење и се стекнала со научниот степен магистер по етномузикологија.

Докторска дисертација пријавила на 22.9.2009 година на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје. Дисертацијата на тема: „Македонската вокална музичка традиција во процесот на општествената транзиција (од ’80-тите години на минатиот век до денес)“ ја одбранила на 20.11.2014 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Родна Величковска, проф. д-р Зоранчо Малинов, проф. д-р Ганка Цветанова, проф. д-р Лозанка Пејчева и проф. д-р Илчо Јованов. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област фолклористика.

На 22.5.2015 година е избрана во звањето научен соработник во научната област фолклористика на работното место истражувач на вокално-инструменталната народна музика.

Во моментот е научен соработник во научната област фолклористика, на работното место истражувач на вокално-инструменталната народна музика. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1099 од 30.4.2015 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1099, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**22. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за музичка уметност - Скопје, во периодот од учебната 2015/2016 до учебната 2018/2019 година, кандидатката д-р Велика Стојкова Серафимовска изведува предавања на прв циклус студии при Факултетот за музичка уметност - Скопје, УКИМ, по предметите: Светски музички фолклор и Традиционално пеење.

Во рамките на студиите од втор и трет циклус при Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, кандидатката учествувала како член во комисија за оцена и одбрана на една докторска дисертација и еден магистерски труд.

**<u>Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност</u>**

Д-р Велика Стојкова Серафимовска има објавено вкупно 15 научни трудови од етномузиколошката област, од кои еден научен труд како дел од монографија, два труда со оригинални резултати објавени во научно стручно списание, еден научен труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научни/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор, седум научни труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборници на трудови од научни/стручни собири со меѓународен уредувачки одбор, два труда во стручни/научно-популарни списанија и два труда во зборници од научни собири. Д-р Велика Стојкова Серафимовска има остварено 16 пленарни предавања и седум секциски предавања на научни/стручни собири со меѓународно учество и две предавања на национални научни/стручни собири.

Кандидатката учествувала во два меѓународни и еден национален научен проект. Како поканет предавач учествувала на 50. и 51. Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Називите на трудовите, проектите и сл. се наведени во табелата во Анекс 2 (член 3 и член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Велика Стојкова Серафимовска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Интернационалниот совет за традиционална музика. Како претстедател на единствената Студиска група за музиката и танцот на југоисточна Европа од 2008 до 2020, врши стручна дејност во координација на Студиската група и организирање на стручните собири и публикации.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес, при што се истакнуваат активностите во дејноста на заштитата на нематеријалното културно наследство на национално и на меѓународно ниво. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи за заштита на нематеријалното културно наследство при Министерството за култура на Република Македонија. Од 2013 до 2017 година е национален координатор за Македонија во Регионалниот центар на УНЕСКО за нематеријалното културно наследство во Софија, Бугарија, а учествува и во изготвувањето

на мултинационалната апликација за впишување на „Културните практики поврзани со прославувањето на 1 Март - Мартинки“ во која учествуваа Македонија, Бугарија, Романија и Молдавија и изготвувањето на мултинационалната апликација за впишување на „Пролетните прославувања - Хирделез“ во која учествуваа Македонија и Турција. Автор и ко-автор е на Елаборатите за валоризација на: „Традиција и култура на правење ајвар во Република Македонија“, „Влашкото пеење во Република Македонија“ и „Песни со извикување во македонскиот музички фолклор“ како нематеријално културно наследство во Република Македонија при Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје. Член е и во комисиите за валоризација пријави од областа на нематеријалното културно наследство при Министерството за култура на Република Македонија. Од 2015 до 2018 е член на Националниот совет за културно наследство на Република Македонија.

Кадидатката активно учествувала на три УНЕСКО-ви обуки во Софија (2017 и 2018) и во Пловдив (2019) за заштита и зачувување на нематеријалното културно наследство организирани од страна на УНЕСКО-виот регионален центар за зачувување на нематеријалното културно наследство на југоисточна Европа во Софија и УНЕСКО-вата канцеларија за нематеријално културно наследство во Париз. Со овие обуки кандидатката се стекнала со сертификат за официјален УНЕСКО-ов лиценциран експерт и обучувач за заштита на нематеријалното културно наследство. Како експерт учествува како предавач на повеќе национални обуки за заштита на културното наследство.

Кандидатката е член на уредувачкиот одбор на меѓународното научно списание Musicologist, International Journal of Music Studies, Trabzon University State Conservatory и е член на научниот одбор на Третиот меѓународен симпозиум за истражување на музиката и танцот во организација на Државниот конзерваториум при Универзитетот во Трабзон, Турција, во 2018 година.

Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот, се наведени во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува научноистражувачката, наставно-научната и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Велика Стојкова Серафимовска од нејзиниот последен избор.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека д-р Велика Стојкова Серафимовска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за научноистражувачката дејност, Правилникот за начинот и постапката за избор во повискоко научно звање (Сл. весник на РМ бр. 82/2009), Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, 31 декември 2013 год.), како и Правилникот за утврдување на дополнителните критериуми за избор во повисоко научно звање и за предремен избор во научно звање во ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето виш научен соработник на работното место истражувач на вокално-инструменталната народна музика.

Врз основа на податоците, приложени во Анекс 2, кандидатката д-р Велика Стојкова Серафимовска остварила 29,1 поен од наставно-научната дејност, 119,6 поени од научноистражувачката дејност и 35,4 поени од стручно-апликативната дејност, или вкупно 184,1 поени, што е повеќе од двојно од предвидениот услов за избор во

предвиденото звање. Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Советот на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, д-р Велика Стојкова Серафимовска да биде избрана во звањето **виш научен соработник** во научната област фолклористика на работното место истражувач на вокално-инструменталната народна музика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Драган Даутовски с.р.**
**Проф. д-р Лозанка Пејчева с.р.**
**Проф. д-р Зоранчо Малинов с.р.**

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Д-р Велика Стојан Стојкова Серафимовска
(име, татково име и презиме)
**Институција:** Институт за фолклор „Марко Цепенков” - Скопје
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** фолклористика, етномузикологија

**Табела 1.**

| **Ред. број** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ: | |
| 1 | Настава во прв циклус студии по предметот „Светски музички фолклор“ во учебната 2015/2016, два семестри (2 часа x 30 недели x 0,04) | 2,4 |
| 2 | Настава во прв циклус студии по предметот „Светски музички фолклор“ во учебната 2016/2017, два семестри (4 часа x 30 недели x 0,04) | 4,8 |
| 3 | Настава во прв циклус студии по предметот „Светски музички фолклор“ во учебната 2017/2018, два семестри (4 часа x 30 недели x 0,04) | 4,8 |
| 4 | Настава во прв циклус студии по предметот „Светски музички фолклор“ во учебната 2018/2019, два семестри (4 часа x 30 недели x 0,04) | 4,8 |
| 5 | Настава во прв циклус студии по предметот „Традиционално пеење“ во учебната 2015/2016, два семестри (3 часа x 30 недели x 0,04) | 3,6 |
| 6 | Настава во прв циклус студии по предметот „Традиционално пеење“ во учебната 2016/2017, два семестри (3 часа x 30 недели x 0,04) | 3,6 |
| 7 | Настава во прв циклус студии по предметот „Традиционално пеење“ во учебната 2017/2018, два семестри (3 часа x 30 недели x 0,04) | 3,6 |
| 8 | Член на комисија за оцена и одбрана на докторска дисертација на кандидатот Беким Рамадани при Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ | 1 |
| 9 | Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд на кандидатката Мелита Ивановска при Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ | 0,5 |
| | **Вкупно:** | 29,1 |
| | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ: | |
| 1 | учесник во национален научен проект:<br>1. “Идентификација и класификација на архивскиот материјал во ЈНУ Институт за фолклор Марко Цепенков - Скопје”, Министерство за култура на РМ (2014-15)<br>1*3 | 3 |
| 2 | учесник во меѓународни научни проекти:<br>1. “Современи проекции на културните традиции во европска перспектива: етнолошки, фолклористички и етномузиколошки аспекти”, МАНУ и БАН (2014-15)<br>2. ERASMUS+ Project on “Network of UNESCO Recognized Values” Transnational project meetings, Joint staff training event. Project partners: Latvia, Estonia, Republic of Macedonia and Georgia (2018 - 2020). 2*5 | 10 |
| 3 | дел од моногафија: | |

| Ред. број | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ: | Поени |
|---|---|---|
| | 1. Зоранчо Малинов, Велика Стојкова-Серафимовска. 2018. Ѓурѓовден кај Македонците. Ѓурѓовден во Република Македонија. Институт за Фолклор „Марко Цепенков“ Скопје, Посебни изданија, Книга 84. стр. 13-43. (4*0,9=3,6) 1*3,6 | 3,6 |
| 4 | <u>трудови со оригинални научни резултати, објавени во научни/стручни списанија со меѓународна редакција:</u><br>1. Velika Stojkova Serafimovska. 2016. The reflection of social transition in traditional music – case study of Republic of Macedonia. Bulgarian Musicology 3/2016. Bulgarian academy of science, Institute of Art. Sofia. ISSN 0204-823X<br>2. Marijana Markovikj, Eleonora Serafimovska, Ganka Cvetanova, Velika Stojkova Serafimovska. 2019. “The Role of Macedonian Folk Songs Featured in Macedonian Films in Amplifying the Emotions”. editor Abdullah Akat. Musicologist, International Journal of Music Studies. Vol: 3 Issue: 1 June 2019. Trabzon University State Conservatory, 103 - 125. e-ISSN: 2618-5652 (4*0,6=2,4)<br>3. Велика Стојкова Серафимовска. 2016. Сцената како нов културен простор за трансмисија и транзиција на традиционалната музика. Македонски фолклор Год. XXXVIII, број 71. Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје. стр. 263-275. ISSN 0542-2108<br>4. Велика Стојкова Серафимовска. 2015. За промените во традиционалната музика. Македонски фолклор Год. XXXVII, број 70. Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје. стр. 95-105. ISSN 0542-2108<br>3*4+2,4 | 14,4 |
| 5 | <u>труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно Научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:</u><br>1. Velika Stojkova Serafimovska, Dave Wilson, Ivona Opetcheska Tatarchevska. 2016. *Safeguarding Intangible Cultural Heritage in the Republic of Macedonia*. Yearbook for Traditional Music Vol. 48. ed. Kati Szego, Timothy Rice, Razia Sultanova. International Council for Traditional Music. Ljubljana. pg. 1-25. ISSN 0740-1558. ISSN 2304-3857 **H Index** 7 (6+7иф.*0,8=10,4) | 10,4 |
| 6 | <u>трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:</u><br>1. Velika Stojkova Serafimovska, Zorancho Malinov. 2018. “Spring Celebration Gjurgjovden/Hidrellez in the Republic of Macedonia - a Case Study of an Intangible Cultural Element that Unites Communities with Different Ethnic and Religious Background”. in *The Feast of Saint George*. Ed. Gordana Blagojević. Serbian Ethnological and Anthropological Society: Institute of Ethnography, Serbian Academy of Sciences and Arts. pg. 157-174. ISBN 978-86-912633-4-8. (3*0,9=2,7)<br>2. Velika Stojkova Serafimovska. 2018. “Folk festivals and their cultural, social and political contexts in the Republic of Macedonia”. in *The Cultural Development of Folk Dance Festivals and the Sutainibility of Tradition*. ed. Mehmet Ocal Ozbilgin and Liz Melish. Ege University State Turkish Music Conservatory. Izmir, Turkey. ISBN: 978-605-338-238-6. pg. (127-137)<br>3. Велика, Стојкова Серафимовска. 2017. „Фестивализација и поставување на фолклорот на сцена – компарација помеѓу Македонија и Бугарија“. во *Проекции на културните традиции: България и Македония*. Уредници Лозанка Пейчева и Григор Хар. Григоров. Институт за етнология и фолклористика с Етнографски музей – БАН. Издателство на БАН „Проф. Марин Дринов“ – София. ISBN: 978-954-322-884-3. стр. 195-207.<br>4. Velika Stojkova Serafimovska. 2018. “Rituals and context – changes and continuity in two winter rituals in the Republic of Macedonia”. in *Music and* | |

| Ред. број | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ: | Поени |
|---|---|---|
| | *Dance in Southeastern Europe: Myth, Ritual, Post-1989, Audiovisual Ethnographies. Fifth Symposium of the ICTM Study Group on Music and Dance in Southeastern Europe. Blagoevgrad, 2016.* Ed. Vlaeva, Ivanka; Mellish, Liz; Peycheva, Lozanka; Green, Nick; Dimov, Ventsislav. Blagoevgrad, Bulgaria: University Publishing House “Neofit Rilski”. pg.108 – 116.<br>5. Velika Stojkova Serafimovska, Ivona Opetčeska Tatarčevska. 2018. “Ambiguity in the system of safeguarding intangible cultural heritage in the Republic of Macedonia”. *Intangible Cultural Heritage: Safeguarding Experiences in Central and Eastern European Countries and China*. The 10th Anniversary of the Entry into Force of the 2003 Convention through the Prism of Sustainable Development. Ed.Hanna Schreiber. National Heritage Board of Poland. pg. 184-198. ISBN 978-83-63260-95-8 (3*0,9=2,7)<br>6. Velika Stojkova Serafimovska. 2018. “Discontinuation in transmission – threats and questions. The case study of Glasoechko singing in the Republic of Macedonia”. *Intangible Cultural Heritage: Safeguarding Experiences in Central and Eastern European Countries and China*. The 10th Anniversary of the Entry into Force of the 2003 Convention through the Prism of Sustainable Development. Ed.Hanna Schreiber. National Heritage Board of Poland. pg. 422-434. ISBN 978-83-63260-95-8<br>7. Velika Stojkova Serafimovska. 2016. *The role of professionals in building the music repertoire in the State Ensemble of folk dances and songs of Macedonia – Tanec.* International Council for Traditional Music, STG on Music and Dance in Southeastern Europe. Symposium 4, Petnica. ed, Liz Mellish, Nick Green, Mirjana Zakic. Faculty of Music Art. Belgrade. pg.241-249. ISBN 978-86-88619-71-4<br>(5*3+2*2,7=20,4) | 20,4 |
| 7 | <u>Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од научно-стручен собир</u>:<br>1. Велика Стојкова Серафимовска, Ивона Опетческа Татарчевска. 2018. “Заштитата на нематеријалното културно наследство на Ромите во Република Македонија”. *Ѓурѓовден / Ерделези и традиционалната култура на Ромите во Македонија и на Балканот.* Прилози од Меѓународниот научен симпозиум по повод 50- годишниот јубилеј од истражувањата на Елси Иванчиќ Дунин на Ромите во Македонија, април, Скопје, 2018. Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје. стр. 24-38. (2*0,9=1,8)<br>2. Велика Стојкова Серафимовска. 2017. *Користењето на традиционалната музика како симбол на националниот идентитет во Република Македонија. З*борник на трудови од научната манифестација „Струшка музичка есен 2016. СОКОМ. (1,8+2=3,8) | 3,8 |
| 8 | <u>Учество на меѓународен научен собир со реферат</u>:<br>1. Меѓународна научна конференција “Образованието во сферата на нематеријалното културно наследство“ во организација на Националната Академија на Уметности на Украина, Регионалниот Центар за Заштита на Нематеријалното културно наследство за Југоисточна Европа во Софија, Центарот за развој на Демократија преку култура - Киев и Националниот центар на занаети и народни уметности на Украина. Реферат на тема: *„Формалното и неформалното образование за нематеријалното културно наследство во Македонија“*. Киев, Украина 27-29 ноември, 2019. | |

| Ред. број | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ: | Поени |
|---|---|---|
| | 2. Меѓународен научен симпозиум по повод 50-годишниот јубилеј од истражувањата на Елси Иванчиќ Дунин на Ромите во Македонија на тема „Ѓурѓовден / Ерделези и традиционалната култура на Ромите во Македонија и на Балканот“. Организатор - Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје. Велика Стојкова Серафимовска, Ивона Опетческа Татарчевска. "*Заштитата на нематеријалното културно наследство на Ромите во Република Македонија*". 10 – 12 април, 2018, Скопје;<br>3. Sixth symposium of the ICTM Study Group on Music and Dance in Southeastern Europe 15 – 21 April, 2018, Sinj, Croatia. Organized by the Institute for Ethnology and Folklore Research – Zagreb and ICTM National Committee of Croatia. Velika Stojkova Serafimovska. "From love song to song of conflict – contextual music migration".<br>4. Second Symposium of the ICTM Study Group on Musics of the Slavic World. Organized by ICTM National Committee of Macedonia and Faculty of Music Art – Skopje, UKIM. 22 – 24 September, 2018. Skopje, Republic of Macedonia. VelikaStojkova Serafimovska. "*Singing terminology of the Balkans – between the scholars and the folklore*".<br>5. 3rd International Music and Dance Studies Symposium. Trabzon University State Conservatory. 17 - 20 October, 2018. Trabzon, Turkey. Velika Stojkova Serafimovska. "From Local Song to Folk Hymn - Migrations Through Time, Space and Context".<br>6. Меѓународна конференција „The Cultural Development of Folk Dance Festivals & the Sustainability of Tradition“ на тема „*Folk festivals and their cultural, social and political contexts in the Republic of Macedonia*“ која се одржа во Измир, Турција, од 6 до 11 октомври, 2017<br>7. Симпозиум на ИСТМ Студиската група за музика и танц во југоисточна Европа, од 2 до 8 мај, 2016 година во Благоевград, Бугарија, со тема: "*Rituals and context – changes and continuity in two winter rituals in Republic of Macedonia*", научниот Панел на тема: "*Comparative studies of contemporary ritual practices in traditional music and dance: Macedonian and Croatian perspectives*".<br>8. 21-ви Меѓународен симпозиум за турска култура на Балканот во рамките на 25-от Меѓународен фестивал пролетни веселби ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ. Тема на реферат: „*Нематеријалното културно наследство на Турците во Република Македонија*“ - 9 мај, 2016 година, Скопје.<br>9. Меѓународна научна конференција во организација на МАНУ и БАН на тема: "Современи проекции на културните традиции во европска перспектива: етнолошки, фолклористичка и етномузиколошки“ со реферат на тема: „*Фестивализација и поставување на фолклорот на сцена – компарација помеѓу Македонија и Бугарија*“. Мај, 2016, Скопје, Р. Македонија.<br>10. 1st China – Central and Eastern European Countries Expert-Level Forum on the Safeguarding of Intangible Cultural Heritage, 12-14.10.2016, Kraków, Poland, International Cultural Centre со реферат на тема: Ambiguity in the System for the Safeguarding of Intangible Cultural Heritage in the Republic of Macedonia.<br>11. 1st China – Central and Eastern European Countries Expert-Level Forum on the Safeguarding of Intangible Cultural Heritage, 12-14.10.2016, Kraków, Poland, International Cultural Centre со реферат на тема: *Discontinuation in transmission*<br>12. Меѓународен научен симпозиум во рамките на манифестацијата „Струшка музичка есен `2016“ со тема: „Користењето на традиционалната | |

| Ред. број | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ: | Поени |
|---|---|---|
| | музика како симбол на идентитетот во Република Македонија“ 2-5 септември, 2016.<br>13. 1st Symposium of the ICTM Study Group on Musics of the Slavic World, 14 – 16 октомври, 2016, Љубљана, Словенија. Реферат на тема: “*Macedonian traditional music and its contextual changes in the 21st century”.*<br>14. Меѓународна научна конференција „Традиција и современост во Македонија и Србија“, во организација на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, 25 ноември, 2016, Скопје, Р. Македонија. Реферат на тема: „*Музика, културна меморија и политички идентитет*“.<br>15. 6-та Интернационална музиколошка конференција на регионалната асоцијација за изучување на музиката на Балканот, во рамките на единствената светска организација I.M.S. (International Musicology Society), на тема: „Greater Europe and the Activity of the IMS Regional Association for the Study of Music in the Balkans“ со реферат на тема „*The reflection of social transition in traditional music - case study of Republic of Macedonia*“. септември, 2015. Софија, Бугарија.<br>16. Меѓународна конференција Cultural Heritage, Media and Turism, Institute for Socio-Cultural Anthropology of Macedonia and MIRAS- Social Organization in Support of Studying of Cultural Heritage, Baku, Azerbaijan, January, 2015. Ohrid, Macedonia. Реферат на тема: “*Protection of Intangible Cultural heritage on multinational level – the case of St. George/Hidrelez multinational nomination for UNESCO ICH Representative List*“<br>17. XX Меѓународен симпозиум за Балкански фолклор „Фолклористика: предизвици и перспективи“, ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје, на тема: „Од лирска песна до песна на конфликт - контекстуални музички миграции“. Скопје, 22-23 ноември, 2019.<br>18. XIX Меѓународен симпозиум за балкански фолклор **„**Традиција и современост во фолклорот на балканските народи**“,** Инсититут за фолклор „Марко Цепенков“ Скопје. Наслов на труд: Велика Стојкова Серафимовска (Македонија) – *Нематеријално културно наследство и/или идентитет – што заштитуваме?!* Скопје, 24 и 25 ноември 2017.<br>19. Учество на 44-та Светска конференција на ICTM на панел сесија на тема: *ICTM and Macedonia – influences, reflections and perspective*. World Academy of Music, Limerick, Ireland. July, 2017.<br>20. 43-та Светска конференција на ИСТМ на панел сесија на тема: Мултиперспективни научни пристапи кон музиката и танцот: Случајот на нематеријалното културно наследство во Република Македонија (Multiperspectival Scholarly Approaches To Music and Dance: A Case Study Of Intangible Cultural Heritage In The Republic Of Macedonia) со сопствен реферат „ *ICH Or Identity–What Are We Safeguarding*?„, јули, 2015. Astana, Kazakhstan.<br>21. International Conference on Turkey and the Balkans, на тема: *The influence of the Turkish culture in the Macedonian music (Влијанието на турската култура врз македонската народна музика)*, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, 20 May 2015.<br>22. XVIII Меѓународен симпозиум за балкански фолклор, „Теорија и емпирија: „Институционализирана фолклористика и етнологија во Македонија и на Балканот„ со тема: „*Сцената како нов културен простор за трансмисија и транзиција на традиционалната музика*“, Скопје, Р. Македонија, 20-21 ноември, 2015;<br>23. 43-та Светска конференција на ИСТМ на панел сесија на тема: ICTM and UNESCO: Briefing an ICTM Quadrennial Report to UNESCO on Activities | |

| Ред. број | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ: | Поени |
|---|---|---|
| | Related to Safeguarding Intangible Cultural Heritage, and Discussion on Further Prospects, Naila Ceribašić (HR), Chair, Panellists: Sanubar Baghirova (AZ), Velika Stojkova Serafimovska (MK), Tan Sooi Beng (MY), Stephen Wild (AU), Wim van Zanten (NL). јули, 2015. Astana, Kazakhstan.<br>24. Јубилејно 60-то издание на музичко-научната манифестација „Струшка музичка есен“ во организација на СОКОМ, со сопствен реферат на тема: *Придонесот на манифестацијата „Струшка музичка есен“ во развојот на македонската етномузикологија,* Струга, 4-6 септември, 2015;<br>25. Научен собир на тема: „Едукација, традиција, современост“ по повод 65 години УКИМ, Факултет за музичка уметност - Скопје. Презентација на тема: *„Македонската вокална музичка традиција во современи контексти*“. Скопје, 5.12.2016 25*2 | 50 |
| 9 | апстракт објавен во зборник на конференција:<br>1. Зборник на абстракти од 44-та Светска конференција на ICTM на панел сесија на тема: ICTM and Macedonia – influences, reflections and perspective. World Academy of Music, Limerick, Ireland. July, 2017.<br>2. Зборник на абстракти од 43-та Светска конференција на ИСТМ на панел сесија на тема: Мултиперспективни научни пристапи кон музиката и танцот: Случајот на нематеријалното културно наследство во Република Македонија (Multiperspectival Scholarly Approaches To Music and Dance: A Case Study Of Intangible Cultural Heritage In The Republic Of Macedonia) со сопствен реферат „ ICH Or Identity––What Are We Safeguarding?„, јули, 2015. Astana, Kazakhstan. 2*1 | 2 |
| 10 | одржано предавање по покана на универзитет<br>1. Предавач на курс за „Македонски музички фолклор“ на LI Летна школа на Меѓународен семинар по Македонски јазик, литератураид и култура, Охрид 16.06-1.07.2018, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје<br>2. Предавач на курс за „Македонски музички фолклор“ на LI Летна школа на Меѓународен семинар по Македонски јазик, литература и култура, Охрид 16.06-1.07.2017, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје<br>2*1 | 2 |
| | **Вкупно:** | 119,6 |
| | **ВКУПНО:** | **148,7** |

**Табела 2.**

| Ред. број | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | национален координатор за одредена стручна област<br>1. Национален координатор за Македонија во Регионалниот центар на УНЕСКО за нематеријалното културно наследство во Софија, Бугарија (2013 - 2017)<br>2. Национален координатор - Претседател на ICTM National Committee for Macedonia (2012 - ) 2*3 | 6 |
| 2 | член на уредувачки одбор на научно списание и зборник на трудови со меѓународна редакција<br>1. Член на уредувачкиот одбор на меѓународното научно списание Musicologist, International Journal of Music Studies. Trabzon University State Conservatory. Trabzon, Turkey. (2017 - ) 1*2 | 2 |
| 3 | член на уредувачки одбор на научно списание и зборник на трудови | |

| Ред. број | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ: | Поени |
|---|---|---|
| | 1. Член на уредувачниот одбор на зборникот на трудови: *Ѓурѓовден / Ерделези и традиционалната култура на Ромите во Македонија и на Балканот.* Прилози од Меѓународниот научен симпозиум по повод 50-годишниот јубилеј од истражувањата на Елси Иванчиќ Дунин на Ромите во Македонија, април, Скопје, 2018. Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје. 1*1 | 1 |
| 4 | члентство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувач. дејност<br>1. Претседател на ICTM Study Group on Music and Dance in SEE 2016 – 2020. 1*4 | 4 |
| 5 | член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир<br>1. Член на: Scientific Committee of the 3rd International Music and Dance Studies Symposium, Trabzon University State Conservatory 17 - 20 October, 2018 at KTU Prof. Dr. Osman Turan Culture and Congress Centre in Trabzon, Turkey.<br>2. Член на организацискиот одбор на меѓународен научен симпозиум по повод 50- годишниот јубилеј од истражувањата на Елси Иванчиќ Дунин на Ромите во Македонија на тема „Ѓурѓовден / Ерделези и традиционалната култура на Ромите во Македонија и на Балканот“. Организатор - Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје. 10 – 12 април, 2018, Скопје. 2*1 | 2 |
| 6 | изготовка на меѓународен елаборат за валоризација на нематеријално културно наследство :<br>1. Мултинационална апликација за впишување на „Културните практики поврзани со прославувањето на 1 Март - Мартинки“ во која учествуваа Македонија, Бугарија, Романија и Молдавија. (2015-2016)<br>2. Мултинационална апликација за впишување на „Пролетните прославувања - Хирделез“ во која учествуваа Македонија и Турција. (2015-2016) 2*1,5 | 3 |
| 7 | изготовка на елаборат за валоризација на нематеријално културно наследство :<br>1. Елаборат за валоризација на „Традиција и култура на правење Ајвар во Република Македонија“ како нематеријално културно наследство во Република Македонија при Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје. (2017)<br>2. Елаборат за валоризација на „Влашкото пеење во Република Македонија“ како нематеријално културно наследство во Република Македонија. (ко-авторство со Клеанти Ановска) при Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје. (2018) (1*0,9)<br>3. Елаборат за валоризација на „Песни со извикувањево македонскиот музички фолклор“ како нематеријално културно наследство во Република Македонија при Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје. (2015) 1* 0,9+2*1 | 2,9 |
| 8 | учество на летни школи/семинари<br>1. UNESCO training of trainers workshop for Experts in The Safeguarding of Intangible Cultural Heritage, ICH and Sustainable Development, organized by Regional Centre for the Safeguarding of Intangible Cultural Heritage in South- | |

| Ред. број | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ: | Поени |
|---|---|---|
| | Eastern Europe in Sofia, (October, Plovdiv, 2019) Third Training of UNESCO ICH Facilitators network. Здобиено звање: *UNESCO Facilitator for the Convention on Safeguarding Intangible Cultural Heritage*<br>2. Workshop on “Supporting policy development in the field of intangible cultural heritage. Training for the facilitators from Europe”, 17 to 20 September 2018 in Sofia, Bulgaria. UNESCO Regional Bureau for Science and Culture in Europe in Venice and the Regional Centre for the Safeguarding of the Intangible Cultural Heritage in South-Eastern Europe in Sofia. Second Training of UNESCO ICH Facilitators network. Здобиено звање: *UNESCO Facilitator for the Convention on Safeguarding Intangible Cultural Heritage*<br>3. Workshop *“Training of trainers workshop for the European branch of the global facilitators’ network”*, 18 - 22 September, 2017, Sofia. Organized by UNESCO Regional Bureau for Science and Culture in Europe in Venice and the Regional Centre for the Safeguarding of the Intangible Cultural Heritage in South-Eastern Europe in Sofia. Здобиено звање: *UNESCO Facilitator for the Convention on Safeguarding Intangible Cultural Heritage* 3*2 | 6 |
| 9 | <u>учество во комисии и тела на државни и други органи:</u><br>1. Член во комисија за валоризација на пријави од областа на нематеријалното културно наследство, Министерство за култура, 2016<br>2. Член во комисија за валоризација на пријави од областа на нематеријалното културно наследство, Министерство за култура, 2018<br>3. Член на Совет и стручна жири комисија на „7-от Фестивал на народна култура – Пображење“, Вевчани, 17 – 21 август, 2017 3*1 | 3 |
| 10 | <u>авторство на одредници во енциклопедија</u><br>World encyclopedia of Ethnomusicology SAGE, NY, USA, 2014 10*0,05 | 0,5 |
| 11 | <u>учество во комисии и тела на државни и други органи</u><br>1. Член на Националниот совет за културно наследство (2014-2018) 1*1 | 1 |
| 12 | <u>предавање на институции од јавен интерес, културно-информат. центри</u><br>1. Реализирано предавање и обука на еднодневниот Семинар за имплементација на УНЕСКО-вата конвенција за нематеријално културно наследство (Париз, 2003) на регионално ниво, одржана во Штип, на 23 март, 2017 година во организација на ИСТМ Националниот Комитет за Македонија.<br>2. Реализирано предавање и обука на еднодневниот Семинар за имплементација на УНЕСКО-вата конвенција за нематеријално културно наследство (Париз, 2003) на регионално ниво, одржана во Ресен, на 20 декември, 2017 година во организација на ИСТМ Националниот Комитет за Македонија.<br>3. Реализирано предавање на Регионалната средба на тема „Балканското културно наследство како платформа на одржлив културен развој во регионот на југоисточна Европа“ под покровителство на УНЕСКО кој се одржа во Музеј на Македонија од 18 до 21 октомври, 2017 година во Скопје.<br>4. Учество на меѓународна трибина „УНЕСКО елемент: Пролетни веселби Хирделез - вчера, денес, утре“ во организација на 28-ми Меѓународен фестивал пролетни веселби на тема: „Хидрелез во системот на заштита на нематеријалното културно наследство во Република Македонија“. 5 мај, 2019.<br>5. Предавање во рамките на обуката „Музејски приказни“ на тема: „Улогата на музеите во заштитата и промоцијата на нематеријалното културно наследство“ под покровителство на Програмата за партиципација на УНЕСКО. Скопје, 24 - 26 ноември, 2019. 5*0,5 | 2,5 |
| 13 | <u>учество во подготовка на музејска поставка/изложба</u> | |

| Ред. број | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ: | Поени |
|---|---|---|
| | 1. Член на тимот на подготовка и реализација на проектот: Изложба на 50 - годишниот јубилеј од истражувањата на Елси Иванчиќ Дунин на Ромите во Македонија, 10 април, Скопје, 2018, Музеј на Македонија 1*0,5 | 0,5 |
| 14 | 1. Член на комисија за самоевалуација на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје<br>2. Член на пописна комисија на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје за 2017 година 2*0,5 | 1 |
| | **ВКУПНО:** | 35,4 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ:** | **148,7** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **35,4** |
| **ВКУПНО:** | **184,1** |

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА**

**Проф. д-р Драган Даутовски с.р.**
**Проф. д-р Лозанка Пејчева с.р.**
**Проф. д-р Зоранчо Малинов с.р.**